**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

**ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ**

**НАСОКА: ИСТОРИЈА И АРХИВИСТИКА**

**МОДУЛ: ИСТОРИЈА НА НАЈНОВИОТ ВЕК**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**ТЕМА:**

# АВНОЈ И КОНСТИТУИРАЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА 1943-1946 (ПОЛИТИЧКИ КОНЦЕПТ И ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ)

**МЕНТОР:**

**ПРОФ. Д-Р БОРЧЕ ИЛИЕВСКИ**

**ИЗРАБОТИЛ:**

**АНГЕЛЧЕ КОЦЕВ**

**БР. НА ИНДЕКС: 4960/16**

**СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ 2020 ГОДИНА**

**СОДРЖИНА:**


- Вовед.................................................................................................... 4

1. Кралството СХС/Југославија.............................................................. 8
   1.1. Државно-правен и општествен развој на Кралството СХС/Југославија........................................................................ 8
   1.2. КПЈ во меѓувоениот период.................................................... 18
2. Столбовите на федеративна Југославија........................................... 24
   2.1. Народноослободителната борба............................................. 24
   2.2. Прво заседание на АВНОЈ...................................................... 38
   2.3. Консолидација на народноослободителното движење пред одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ............. 44
3. Второто заседание на АВНОЈ............................................................ 51
   3.1. Подготовки за свикување на заседанието.............................. 51
   3.2. Почеток на заседанието.......................................................... 55
   3.3. Решенија донесени на Второто заседание на АВНОЈ........... 59
   3.4. Реакции на решенијата донесени на заседанието................. 67
4. Консолидација на комунистичката власт во Југославија................ 72
   4.1. Политичката концепција и стратегија на КПЈ....................... 79
   4.2. Односите меѓу НКОЈ и југословенската влада во егзил........ 87
   4.3. Привремена влада на ДФЈ........................................................ 105
      4.3.1. Народен фронт на Југославија.................................. 114
      4.3.2. Третото заседание на АВНОЈ.................................... 117
      4.3.3. Привремено народно собрание на ДФЈ..................... 121
      4.3.4. Подготовка на изборите за Уставотворно собрание. 129
      4.3.5. Конституирање на Уставотворното собрание........... 134
      4.3.6. Уставот на ФНРЈ од 31 јануари 1946 година.............. 138
   4.4. Народното собрание на ФНРЈ и Првата влада на ФНРЈ......... 144
   4.5. Консолидација на југословенската федерација....................... 147
   4.6. Југославија во меѓународните односи и околности................ 162
   4.7. Продолжување на борбата против воено-политичките

противници и идеолошки неистомисленици .......................... 179
5. Економската ситуација во Југославија и промените во имотно-сопственичките односи.......................................................... 200
➢ Заклучок............................................................................................ 214
➢ Список на кратенки........................................................................ 227
➢ Користена литература..................................................................... 231

- **Вовед:**

За историјата на социјалистичка Југославија, особено за процесот околу нејзиното конституирање, за улогата на Народноослободителната борба (НОБ) и за значењето на Антифашистичкото собрание за народно ослободување на Југославија (АВНОЈ), доста големо внимание е посветено во историската наука, при што до сега се публикувани енормен број научни трудови на оваа тематика и проблематика.

Оваа доста комплексна, но интересна, проблематика, која се одвивала во доста сензитивен, хаотичен и револуционерен период од историјата, претставува многу важен момент од историјата на југословенските нации и народи кога започнува нова фаза од нивната историја, поточно момент во којшто ќе се формира нова југословенска држава, овојпат со федеративно и социјалистичко уредување, држава која ќе има доста значајна улога во рамките на Студената војна, како во источниот блок, така и во Европа и светот воопшто. Поголемиот дел од процесот на конституирање на федеративна Југославија се случува во периодот на Втората светска војна, меѓутоа истиот дефинитивно ќе се заокружи по нејзиното завршување. Всушност, главен акцент во овој магистерски труд е ставен на настаните, процесите и појавите што се случувале на југословенска територија во овој период, за подетално осознавање на суштината, причините и факторите кој ќе придонесат за создавањето на една нова државна творба со федеративно и социјалистичко уредување и последиците од тоа. Детално ќе се анализираат целите и амбициите на југословенските комунисти и останати активни групи во тамошниот политички живот во Југославија и нивната улога во целиот овој процес околу формирањето на новата држава. Притоа, нема да биде изоставена и улогата на југословенската влада во егзил, како и на граѓанските политичари, опозиционери на југословенските комунисти.

При изработката на овој научно-истражувачки труд применети се повеќе методи. Притоа, методолошката рамка е определена строго придржувајќи се до научниот метод при создавање на научно-истражувачко дело, односно до современите методолошки начела во историската наука. При истражувањето и обработката на магистерската теза се применети следните научно-истражувач-

ки методи, и тоа: аналитички метод, критичкиот метод, методот на синтеза, индуктивен метод, дедуктивен метод, дескриптивен метод, компаративен метод, синхрониот метод, системско-структурален метод.

Предмет на истражување во овој магистерски труд е процесот на создавање на федеративната југословенска држава, улогата и значењето на решенијата донесени на заседанијата на АВНОЈ, како и неговата понатамошна работа, улогата и значењето на НОБ, како и политичкиот концепт и стратегијата на КПЈ во процесот на конституирање на новата југословенска држава и нејзиното државно уредување, како и големите амбиции, намери, цели и постапки на тамошното југословенско комунистичко раководство. Потесна и подробна анализа ќе биде направена од периодот кога се вршеле подготовките за свикување на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, кои се поклопуваат со почетоците во создавањето на првите земски собранија на југословенските народи, кон крајот на летото и почетокот на есента 1943 година, сè до конституирањето на усвојувањето на првиот Устав на ФНРЈ на 31 јануари 1946 година, односно конституирањето на Првата влада на ФНРЈ на 1 февруари 1946 година. Најнапред, ќе посветам внимание во давање општа слика за состојбата во првата југословенска држава во меѓувоениот период, особено неговиот државно-правец развој и распадот на државата, потоа општа слика за КПЈ и југословенските комунисти во рамките на Кралството СХС/Кралството Југославија. Понатаму, секако, ќе се даде општа слика и за почетокот, текот и развојот на Народноос-лободителната борба и Првото заседание на АВНОЈ, особено за нивната улога и значење во процесот на конституирање на втората југословенска држава.

Процесот на конституирање на федеративна и социјалистичка Југославија може да се проучува од повеќе аспекти, и тоа: политички, правен, особено од уставна природа, воен, економски, дипломатски, социјален, културен, па дури и од црковен аспект. Сите овие споменати аспекти се од круцијално и критичко значење за сеопфатно расветлување, анализа и реконструкција на целиот процес и тамошната ситуација, како на општо југословенско ниво, така и одделно на секоја земја, но секако, голем акцент, како што кажува и самиот поднаслов, ќе биде ставено на политичкиот концепт и стратегија на југословенските комунисти и државното уредување на новата државна творба.

Главната тематика и проблематика кои се предмет на истражување, обработување, проучување и анализирање во овој научно-истражувачки труд се од голем интерес и значење особено за бившите југословенски нации и народи, конституенти на федеративна Југославија, како и на националните малцинства коишто живееле во нејзе. Покрај тоа, процесот околу конституирањето на федеративна Југославија претставува и важен дел од историјата на Балканскиот Полуостров, како и од европската и светската историја, како и доста важен дел од периодот на Втората светска војна. Оваа проблематика, исто така, претставува важен дел од историјата на македонскиот народ, кој, исто како и словенечкиот и хрватскиот народ, токму во овој период ќе стекне своја национална држава, која станала конститутивна единица во рамките на новоформираната федеративна Југославија. Создавањето на сопствена национална држава на македонскиот народ претставувал судбоносен момент во кој истиот успеал да ја реализира својата одамна доста посакувана цел. Сепак, и покрај тоа, македонскиот народ со своите барања нема да запре овде, туку ќе се залага и за интегрално решавање на македонското прашање за обединување на целата етнографска територија на Македонија, но без успех. Имено, формирањето на новата државна творба оставило неизбришлива трага од историјата на југословенските нации и народи.

Со проблематиката околу процесот за создавање на федеративна Југославија се занимавале и се занимаваат пред сè научници-истражувачи од поранешните југословенски држави. Меѓутоа, истата тематика и проблематика ја обработуваат и проучуваат и голем број на странски научници-истражувачи. Нивните трудови целосно или делумно обработуваат поединечни тематики и проблематики опфатени во концептот на овој магистерскиот труд.

За процесот околу создавањето на федеративната југословенска држава најголем дел од податоците црпиме од историските извори, како и од постарата и поновата стручна научна литература. Врз база на податоците од историските извори и стручната литература ќе се обидеме да го расветлиме и реконструираме процесот на конституирањето на федеративна Југославија.

Со примена на современите научно-истражувачки методи и со исцрпна анализа и толкување на податоците од изворниот материјал и од постарата и

поновата научна литература, обработена е од денешна перспектива целосна реконструкција на ситуацијата и настаните, улогата на личностите во партијата во целиот овој процес и расветлување на некои прашања од општествена, политичка, правна, воена, идеолошка, социјална, економска, дипломатска и културна природа.

На крајот од магистерскиот труд, во посебен дел дадено е дополнително објаснување на сите скратеници забележани во рамките на истиот, со цел поцелосно разбирање на тематиката обработена во самиот труд.

# КРАЛСТВОТО СХС/КРАЛСТВОТО ЈУГОСЛАВИЈА

## Државно-правен и општествен развој на Кралството СХС/Кралството Југославија

По извесно двоумење, како и под притисок од развојот на настаните, Централниот одбор на Народното собрание на Словенците, Хрватите и Србите на 24 ноември 1918 година донел одлука за обединување со Кралството Србија и испратил делегација во Белград. Народното собрание на Србите, Хрватите, Буњевците, Словаците и Русите и останатите народи од Банат, Бачка и Барања донело решение за приклучување на Војводина кон Кралството Србија на 25 ноември 1918 година. Големото народно собрание на српскиот народ во Црна Гора на 26 ноември 1918 година во Подгорица донело решение за обединување на Црна Гора со Кралството Србија. По усогласувањето на ставовите меѓу делегацијата на Народното собрание на Словенците, Хрватите и Србите и претставниците на српската влада околу привременото уредување на државата до усвојувањето на уставот, дошло до официјално формирање на Кралството СХС.

На 1 декември 1918 година официјално било основано Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, попознато како Кралство СХС. Основањето свечено било прогласено од страна на принцот-регент Александар Караѓорѓевиќ во Белград. Прокламацијата на Кралството СХС како своевиден конститутивен акт претставувала база на државно-правниот провизориум во новоформираната држава од обединувањето до усвојувањето на првиот устав. Новата држава меѓународно-правно била призната на Париската мировна конференција со актот од Версајскиот договор од 28 јуни 1919 година. Бил задржан континуитетот во надворешната политика на Кралството Србија.

Кралството СХС, според природата на власта, претставувало авторитарна монархија, а de facto функционирало како проширена Србија, бидејќиројалистичката династија Караѓорѓевиќ била српска, а Срби се наоѓале и на раководните позиции во најважните државни установи: владата и војската. Во новата

држава de jure и de facto Србите имале доминантна улога, а пак незадоволството од ваквата српска доминација најсилно се манифестирало во Хрватска. Во суштина, српско-хрватското несогласување во голем степен негативно влијаело врз парламентарниот живот во државата. Исто така, *„апсолутистичкиот карактер на власта на државен план се изразувал во централизмот, а на национален – во унитаризмот, во интегралното југословенство“*.[1]

Голема карактеристика на новата држава била исклучителната хетерогеност. Според пописот на население од 1921 година, државата броела 11.984.919 жители.[2] Етничките и верските разлики ја продлабочувале нетрпеливоста во државата, при што се создавала атмосфера на тензичност. Во продлабочувањето на спротивностите голема улога и влијание имало и посебното историско искуство на секој народ и малцинство. Поради сето тоа, *„било тешко да се постигне кохезија до степен на единствен ентитет“*.[3] Имено, на така поставениот терен, *„централизмот и апсолутизмот се јавувале како алтернатива“*, бидејќи појавените фрустрации создавале страв од анархија.[4]

Во периодот од формирањето на Кралството СХС на 1 декември 1918 година до усвојувањето на првиот Устав на 28 јуни 1921 година, највисоката власт во државата ја поседувале кралот, односно принцот-регент Александар Караѓорѓевиќ, и Привремено народно собрание. Првата влада на Кралството СХС била формирана на 20 декември 1918 година, на чело со премиерот Стојан Протиќ. Привременото народно собрание за првпат се состанало на 1 март 1919 година.

*Уставот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците* бил донесен на 28 јуни 1921 година. По датумот на неговото усвојување уште е и наречен *Видовденски устав*. Уставотворното собрание го изгласало Уставот со просто мнозинство од 223 гласа, против биле 35 пратеници, а 158 пратеници биле отсутни.[5] При усвојувањето на Уставот постоела длабока поделеност меѓу поли-

---

[1] Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 7.
[2] *Ibid*, 8.
[3] Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 29.
[4] Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 8.
[5] Притоа, најсилна група во Уставотворното собрание што гласале за усвојување на Видовденскиот устав биле демократите со 89 пратеници. По нив следувале радикалите со 87 пратеници, Југословенската муслиманска организација со 23 пратеници, турскиот џемиет со 11 пратеници

тичките партии во поглед на прашањето околу формата на власта и државното уредување. Уставот ја дефинирал државата како уставна, парламентарна и наследна монархија. Официјален јазик во државата бил: српско-хрватско-словенечкиот јазик. Според името на државата, нејзините надворешни белези и називот на официјалниот јазик дошло до израз сфаќањето за троимен народ.

Иако Уставот од 1921 година утврдувал поделба на власта, кралот сепак учествувал во сите три форми на власт и поседувал неограничена моќ. Видовденскиот устав пропишувал централистичко уредување. Уставните решенија му давале предност на кралот пред народното претставништво. Парламентаризмот претставувал само декор во државата, бидејќи кралот *„лично бил склон кон диктатура, но таа била иманентна состојба во државата“*.[6]

Видовденскиот устав во суштина ја продлабочил кризата во општествено-политичките односи во државата. *„Парламентаризмот се компромитирал и ја загубил довербата“*.[7] Аферите биле честа појава во политичкиот живот во државата, проследени притоа исто така често пати и без утврдување на виновникот и негово соочување пред суд, односно без никакви последици за одговорност. Особено тензични биле односите меѓу српските и хрватските политичари.

Административниот централизам произлегувал од националниот унитаризам, односно од сфаќањето за народно единство. Државата во административен поглед била поделена на области, окрузи, срезови и општини. Кралството СХС било поделено на 33 области според географско, социјално, економско, етничко и историско начело.

На 20 јуни 1928 година бил извршен атентат во Народното собрание на Кралството СХС врз пратениците на ХСС, Иван Пернар, Ѓуро Басаричек, Иван Гранѓа, Стјепан Радиќ и Павле Радиќ, од страна на пратеникот на Народната радикална партија, Пуниша Рачиќ. Двајца пратеници на ХСС, Павле Радиќ и Ѓуро Басаричек, биле убиени на самото место, додека останатите тројца биле ранети. Лидерот на ХСС, Стјепан Радиќ, бил тешко ранет, па како последица од здобиените рани починал на 8 август 1928 година. Атентатот во Народното соб-

и две помали партии со вкупно 13 пратеници. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2009, 280).

[6] Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 9.

[7] *Ibid*, 11.

рание на Кралството СХС довел до парализа на политичкиот живот во државата. Кризата во државата кулминирала, а јавноста била шокирана од грозниот настан. Претседателот на југословенската влада, Велимир Вукиќевиќ, поднел оставка од својата позиција, и нов југословенски премиер станал лидерот на Словенечката народна партија, Антон Корошец, кој бил единствен премиер во првата југословенска држава кој не бил Србин.

Набрзо југословенскиот крал Александар I Караѓорѓевиќ, *„без колебање, од задкулисна диктатура преминал на отворен апсолутизам“*.[8] На 6 јануари 1929 година бил изведен државен удар од страна на кралот. Тој го укинал Видовденскиот устав, го распуштил Народното собрание и започнал личен монархо-диктаторски режим, познат во историјата како период на *„Шестојануарска диктатура“*, која претставувала своевиден одговор на тензичните односи меѓу Србите и Хрватите. На 3 октомври Кралството на СХС било преименувано во Кралство Југославија. Истовремено била воведена и нова административна поделба на бановини, срезови и општини, при што биле формирани 9 бановини: Дравска, Савска, Врбаска, Приморска, Дринска, Зетска, Дунавска, Моравска и Вардарска бановина. Во бановината како самоуправен административен орган постоеле бановинско собрание и бановински одбор. Ројалистичката диктатура имала за цел *„да го обедини народот и државата и да создаде единствен југословенски национален идентитет“*.[9]

Владата притоа усвоила неколку закони кои ги замениле правните норми од укинатиот устав. Со *Законот за кралската власт и врховната државна управа* Кралството СХС било дефинирано како наследна монархија; кралот бил прогласен за носител на целокупната власт во земјата; и дека кралот ги именувал претседателот и члановите на министерскиот совет кои работеле под негово овластување. Тој издавал и прогласувал закони со укази кои претходно ги потпишувале премиерот, ресорниот министер и министерот за правда. Судската власт била спроведувана во името на кралот.

Со *Законот за заштита на јавната безбедност и поредокот во државата* бил суспендиран јавниот и политичкиот живот, а било забрането дејству-

---

[8] Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 11.
[9] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 145.

вање на здруженија и политички партии со верски или племенски карактер. Понатаму, се забранувало публикување на весници и трудови доколку тие содржеле навреди кон владетелот и неговата фамилија, доколку се предизвикувала омраза против држава како целина, како и доколку се повикувале граѓаните на промена на државните закони со примена на сила. По усвојувањето на овие правни акти, била загрозена безбедноста на опозициските партии во државата. Истовремено, најголема поддршка од страна на кралот уживала Југословенската национална партија, која функционирала како режимска партија. Меѓутоа, истовремено се засилил сепаратизмот во Хрватска, Македонија и Црна Гора, додека, пак, иредентистичките тенденции се засилиле на Косово и Метохија.

Кралот донел нов Устав со којшто повторно го замаскирал својот апсолутизам. На 3 септември 1931 година бил донесен нов *Устав на Кралството Југославија*, познат како Октроиран или Септемвриски устав. Со Уставот биле потврдени националниот унитаризам и централизам. Според Уставот, кралот претставувал симбол и олицетворение на народното единство и државната целина. Државата била дефинирана како наследна и уставна монархија. Со Уставот било оневозможено обновување на политичките партии. Било воведено дводомно Народно претставништво, составено од Сенат и Народно собрание. Кралот со воведувањето на Сенатот обезбедил контрола врз законите. Законодавната власт ја извршувале кралот и Народното претставништво. Кралот ја изведувал извршната власт преку министрите. Кралот ги именувал и разрешувал премиерот и останатите членови на владата која му била лојална нему, а не на парламентот. Членот 116 од Уставот, наречен *„Мал устав“*, му обезбедувал право на кралот во вонредни ситуации да презема мерки вон уставните и законски начела, но со дополнителна потврда на истите од народното претставништво.

На 9 октомври 1934 година бил убиен југословенскиот крал Александар I Караѓорѓевиќ во Марсеј, Франција. Организатори на атентатот биле ВМРО и усташкото движење. По неговата смрт, било формирано регентство, на чие чело се наоѓал кнезот-намесник Павле Караѓорѓевиќ. Тој го именувал Милан Стојадиновиќ за претседател на југословенската влада. За време на мандатот на Стојадиновиќ, државата доаѓала во допир со фашистичките движења и влијанија, што предизвикувало незадоволство кај Велика Британија.

Во триесеттите години југословенските лидери биле притиснати од општествените и економските последици на големата депресија и од дипломатските тешкотии поради новата меѓународна констелација на односи настанати по подемот на нацистичка Германија, но и од развојот на фашизмот воопшто.

Кралството Југославија спаѓало во категоријата меѓу најнеразвиените држави во Европа. Државата се карактеризирала со слабо развиена индустрија, трговија и сообраќај. Индустријализацијата имала бавен раст, бидејќи државата немала утврдена политика за индустриски развој. Во индустриски поглед државата можела да се подели на индустриски развиен север и северозапад, а неразвиен југ и југоисток. Извозниот сектор во главно бил во посед на странски капитал. Аграрот претставувал доминантна дејност. Континуирано, со развојот на аграрот, растел и бројот на селското население: од околу 9.200.000 селани во 1921 година, на околу 11.500.000 селани во 1938 година.[10] Голем дел од селското население било доста сиромашно.

На 11 декември 1938 година биле одржани последните избори за народни пратеници во Народното собрание на Кралството Југославија. Главниот политички натпревар го воделе Југословенската радикална заедница, на чело со Милан Стојадиновиќ, и Блокот на национална спогодба, на чело со Влатко Мачек. Технички незначително победила Југословенската радикална заедница на Милан Стојадиновиќ, поради тоа неговата позиција била доста ослабната.

Македонскиот народ во Кралството СХС/Кралството Југославија бил национално угнетен, подложен на асимилација, социјално обесправен и економски исцрпен.[11]

Во февруари 1939 година Милан Стојадиновиќ бил отстранет од позицијата претседател на југословенската влада.[12] Кнезот Павле за нов југословенски премиер го именувал Драгиша Цветковиќ и го задолжил да пронајде начин да

---

[10] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 100.

[11] Повеќе информации за историјата на македонскиот народ во периодот меѓу двете светски војни види: *Историја на македонскиот народ*, Михаило Апостолски, Данчо Зографски, Александар Стојановски и Глигор Тодоровски, Скопје: Институт за национална историја, 1972, 235-298;

[12] Притоа, падот на владата на Милан Стојадиновиќ предизвикало сомневање и недоверба кај официјален Берлин околу надворешно-политичките позиции на Кралството Југославија, па тоа во голем степен претставувало причина за подоцнежното инсистирање на германските дипломати за истото да пристапи кон Тројниот пакт. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 338).

ја смири хрватската опозиција, што всушност посакувале и западните сили со цел стабилизација на земјата. Во атмосфера на сè поголема тензичност на европскиот континент, југословенската централна власт постигнала договор со Хрватите, со кој Хрватите добиле значително поголема локална самоуправа. На 26 август 1939 година бил потпишан договор помеѓу Драгиша Цветковиќ и Влатко Мачек, со кој т.н. *„хрватско прашање“* било решено со формирање на автономна Бановина Хрватска, на чело со самостојна хрватска управа предводена од банот Иван Шубашиќ.[13] Територијата на Бановина Хрватска ги опфаќала Хрватска, Славонија (без делови од Источен Срем), Далмација и делови во Босна и Херцеговина каде католичките Хрвати биле предоминантно население во однос на православните Срби. Под контрола на ХСС била регионалната и локалната администрација во Бановина Хрватска. Меѓутоа, *„слабоста на тој проект била територијалната поделба на Босна и Херцеговина, не земајќи го, при разграничувањето, во предвид муслиманското население во одделни котари“*.[14] Истовремено, Влатко Мачек станал потпретседател во државниот кабинет на премиерот Драгиша Цветковиќ.

На 25 март 1941 година југословенската влада во Виена се приклучила кон Тројниот пакт. Меѓутоа, со пристапот на Југославија во Тројниот пакт, таа била единствено политички и економски врзана за него, бидејќи државата немала никакви воени обврски.[15] Јавното мнение особено во Србија било против таквиот чекор на југословенската влада за приклучување на земјата кон Тројниот пакт, при што пресудна улога во креирањето на мнението имале меморијата и последиците од Првата светска војна. На 25 март 1941 година во Белград започнал бунт на народот. На 27 март 1941 година бил изведен државен удар од група авијатичарски офицери, потпомогнати од Велика Британија[16], при што биле соборени кнезот Павле и коалиционата влада на Драгиша Цветковиќ и Влатко Мачек. Петар II Караѓорѓевиќ дошол на престолот, кој потоа воздухо-

[13] Под контрола на самостојната хрватска управа во Бановина Хрватска биле сите области на јавната управа, освен војската, надворешните работи и заедничките финансии. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 76).
[14] Vladimir Đuro-Degan, „Pravni aspekti i političke posljedice rimskih ugovora od 18. svibnja 1941.“, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 45, 2/2008*, 265-278.
[15] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 335.
[16] Британската тајна служба била вмешана во подготовките на државниот удар во Кралството Југославија. Преку британското воздухопловно аташе биле воспоставени врските со оние српски генерали кои подолго време чекале погоден момент да го соборат кнезот Павле од престолот во Југославија. (*Ibid*, 336).

пловниот генерал Душан Симовиќ го именувал за нов претседател на југословенската влада, додека Влатко Мачек останал потпретседател на владата.[17] Притоа, било поништено и решението за приклучување на Кралството Југославија кон Тројниот пакт. Истиот ден, паролите *„Подобро војна, отколку пакт"* и *„Подобро гроб, отколку роб"* се истакнувале меѓу народните маси во центарот на Белград.[18] Многу Срби со воодушевување го прифатиле превратот, но не само поради надворешно-политичките импликации, туку затоа што овој чин го интерпретирале како голем чекор којшто ќе овозможи раскинување на договорот со Хрватите од 1939 година.

По превратот во државата, Хитлер веднаш на 27 март 1941 година издал наредба за напад на Кралството Југославија.[19] Германија на 6 април 1941 година го нападнала Кралството Југославија. По германската агресија, југословенската влада на чело со кралот Петар II Караѓорѓевиќ побегнала во Лондон, Велика Британија, добивајќи притоа статус на сојузничка влада во егзил. Југословенските воени сили биле немоќни да се спротивстават на германскиот напад, па на 17 април 1941 година капитулирале.[20] Помеѓу 200.000 и 375.000 војници паднале во италијанско и германско заробеништво.[21]

По капитулацијата, според договор меѓу силите на Оската, дел од територијата на Југославија, била директно поделена меѓу државите-членки на Оската и нивните сателити, а дел од југословенската територија бил инкорпориран во посебни окупациски зони, односно југословенската територија била распарчена на *„шаролик мозаик од анектирани, окупирани и привидно суверени подрачја"*.[22] Распарчувањето на југословенската територија било спроведено на

---

[17] Министерот за надворешни работи на Германија, Јоаким фон Рибентроп, преку свој доверлив човек го советувал Влатко Мачек да не соработува со новата југословенска влада, меѓутоа, по извесно колебање, тој донел одлука за влегување во новиот државен кабинет. Притоа, водачот на ХСС се надевал дека со таквиот негов чекор би можел да спречи почеток на војна, меѓутоа за спречување на војна веќе било предоцна. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 337).
[18] *Ibid*, 335.
[19] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revoluija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Firerova odluka o uništenju Jugoslavije kao države, 27. mart 1941., Beograd, 1983, 15-16.
[20] Во името на Врховната команда на војската на Кралството Југославија капитулацијата во Белград ја потпишале министерот за надворешни работи во владата на Цветковиќ и Мачек, Александар Цинцар-Марковиќ, и дивизискиот генерал Радивоје Јанковиќ. (*Ibid*, Odredbe o izvršenju primirja između Nemačke i jugoslovenske oružane sile, 17. april 1941., Beograd, 1983, 18-19). Повеќе податоци за крахот на Кралството Југославија види: Velimir Terzić, *Slom Kraljevine Jugoslavije 1941: Uzroci i posledice poraza*, Beograd, 1982.
[21] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 338.
[22] *Ibid*.

следниот начин: Германија ги анектирала северниот и источниот дел на Словенија[23]; Италија ги анектирала јужна Словенија, Далмација, други делови од хрватскиот брег, сите јадрански острови и Бока Которска, додека ја окупирала Црна Гора; Кралството Албанија, како сателит на Италија, ги добило Метохија, поголемиот дел од Косово, делови од Црна Гора со градот Улцињ, Санџак и дел од западна Македонија; Унгарија ги добила Барања, Бачка, Прекумурје и Меѓумурје; Бугарија ги добила поголемиот дел од Македонија, дел од Косово и југоисточна Србија со врањскиот и пиротскиот округ;[24] НДХ, како италијанско-германски кондоминиум, воспоставила власт во неприсоединетите делови на Хрватска и во Босна и Херцеговина; додека остатокот од Србија, заедно со Банат, биле ставени под воена управа на нацистичка Германија[25].

Поради тоа што германскиот окупационен апарат во Србија квантитативно не бил доволен за спроведување на неопходните административни мерки, биле ангажирани домашни српски сили. На 20 април 1941 година била формирана Комесарска управа во окупирана Србија на чело со Милан Аќимовиќ, која сепак не се покажала многу ефикасна. Поради тоа, на 29 август 1941 година била формирана Влада на национален спас на чело со генералот Милан Недиќ. Меѓутоа, *„новата Влада de facto не добила некои поголеми овластувања од оние кои ги имала досегашната Комесарска управа“*.[26] Владата на национален спас се потпирала на жандармеријата[27], на Српската доброволечка војска[28] под водство на Димитрије Љотиќ, и на четниците под водство на Коста Пеќанец

[23] Во административен поглед словенечките делови анектирани од нацистичка Германија биле поделени меѓу покраините Штаерска и Корушка. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, „Predbježne smjernice za razdiobu Jugoslavije“, 12. april 1941., Beograd, 1983, 16-17).

[24] Повеќе податоци за присуството, улогата и однесувањето на бугарската војска во Југославија во периодот од 1941 до 1945 година види: Boro Mitrovski, Venceslav Glišić i Tomo Ristovski, *Bugarska vojska u Jugoslaviji 1941-1945*, Beograd, 1971.

[25] Германското окупационо подрачје во Србија опфаќало околу 51.000 km$^2$ со 3.800.000 жители, од кои повеќе од 90% биле Срби, а околу 87% биле селани. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 340).

[26] *Ibid*, 342. Владата на национален спас на генералот Милан Недиќ била формирана со одобрување од германската команда, но не со согласност од врховното раководство на Третиот рајх: Адолф Хитлер, Врховната команда и Министерството за надворешни работи. На тој начин, владата на Недиќ никогаш не била призната и *„останала, фактички, на ниво на комесарска управа, што значително ги ограни-чувало нејзините компетенции“*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 111).

[27] Жандармеријата во 1942 година била унапредена во Српска државна стража. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 344).

[28] На 1 декември 1943 година Српската доброволечка војска добила повисок ранг кога бил формиран Српскиот доброволечки корпус, врз основа на одобрение на германската команда за југоисток. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 112).

кои оперирале на југот на Србија.[29] Една од главните задачи и цели на Владата на Недиќ била уништување на партизанското движење во Југославија. Генералот Недиќ станал симбол на српскиот колаборационизам.

[29] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 344.

## КПЈ во меѓувоениот период

По завршувањето на Првата светска војна и формирањето на Кралството СХС, инспирирани од Октомвриската револуција и болшевичката стратегија за почеток на светска револуција, во новоформираната држава се појавила идеја за обединување на социјалдемократските партии. Идејата потекнувала од Социјалдемократската партија на Србија и Социјалдемократската партија на Босна и Херцеговина, на кои им се придружиле левата група од Социјалдемократската партија на Хрватска и Славонија и социјалдемократските организации и групи од Далмација, Војводина, Македонија и Црна Гора.

Од 20 до 23 април 1919 година во Белград бил одржан Конгресот на обединување на работничките партии, во присуство на 432 делегати, на кој била основана Социјалистичката работничка партија на Југославија (комунисти).[30] За главен секретар на СРПЈ(к) на првиот (основачки) конгрес бил избран српскиот математичар Филип Филиповиќ. Партијата пристапила кон Третата интернационала, односно Коминтерна.

Со пристапувањето кон Коминтерната, СРПЈ(к) ја прифатила програмата за насилно рушење на буржоаскиот поредок во Југославија, вклучувајќи се притоа во остварувањето на светската пролетерска револуција која според програмата на Коминтерната била на дневен ред. Во тамошниот период комунистите, светски и југословенски, го сметале крахот на капитализмот за голем спектакуларен чин. СРПЈ(к) организирала манифестации на незадоволство кои наишле на одзив кај народните маси.

На локалните избори во март и август 1920 година СРПЈ(к) остварила голем успех, така што победила во многу големи градови, како на пример: Белград, Загреб, Осијек, Скопје, Ниш и други. Меѓутоа, дошло до суспензии на локалната управа со цел да се спречи доаѓање на комунисти на чело на локалната власт.

[30] Повеќе детали за КПЈ во меѓувоениот период види: Morača Pero, Bilandžić Dušan i Stojanović Stanislav, *Istorija Saveza komunista Jugoslavije: kratak pregled*, Beograd, 1977, 13-95.

Во периодот од 20 до 25 јуни 1920 година бил одржан Вториот конгрес на СРПЈ(к) во Вуковар. Во тој момент партијата броела 65.000 членови.[31] На конгресот партијата била преименувана во Комунистичка партија на Југославија. Конгресот во Вуковар, всушност, го означил раскинот со социјалдемократијата.

На првите избори во Кралството СХС за Уставотворно собрание во ноември 1920 година, КПЈ, како третопласирана партија, добила околу 200.000 гласови, односно ја добила поддршката од 12,5% од електоратот.[32] КПЈ освоила 59 од вкупно 419 мандати во Уставотворното собрание на Кралството СХС. На тој начин, се зголемил антимонархискиот блок составен од федералисти и републиканци.

Југословенскиот крал Александар I Караѓорѓевиќ се борел против комунизмот и имал намера целосно да го искорени од Југославија.[33] Поради страв од евентуален комунистички преврат во државата, на 29 декември 1920 година била усвоена *„Обзнана"*, со која биле забранети комунистичката пропаганда, организација и печат. На таквата одлука комунистите реагирале со примена на црвен терор, односно со организирање атентати врз државни официјални лица. На 2 август 1921 година бил усвоен *Законот за заштита на јавната безбедност и поредок во државата*, со кој Народното собрание на Кралството СХС ги суспендирало комунистичките мандати. КПЈ преминала со своите дејствија во илегала и започнала со примена на нова стратегија со создавање на двојно раководство: Заменски извршен комитет во Кралството СХС и Задграничен комитет во Виена. Во јули 1922 година во Виена била одржана Првата земска конференција на КПЈ. Во историјата на КПЈ започнал период на фракциски борби, при што интервенирала и Коминтерната.

Немасовноста на КПЈ во меѓувоениот период во рамките на Кралството СХС/Кралството Југославија била продукт на следните причини: жестокоста на режимот, примената на полициска сила, илегалноста на партијата, малубројно-

---

[31] Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 17.

[32] Притоа, на територијата на Македонија КПЈ освоила 33%, а во Црна Гора – 36%. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 156).

[33] За кралот Александар I Караѓорѓевиќ, КПЈ била *„пред сé, експозитура на болшевизмот, кој го уништил руското царизам, средиштето на православните Словени и историскиот сојузник на српскиот народ"*. (Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 17).

ста или речиси непостоењето на издигнат пролетаријат и друго. КПЈ до средината на триесеттите години на XX век тешко се снаоѓала во општествено-политичките противречности во Југославија.

Иако била во илегала, КПЈ сепак имала голем број на симпатизери. Голем број луѓе се приклучувале во КПЈ главно поради големата сиромаштија што ја предизвикала кризата во капиталистичкиот поредок, особено во периодот на големата депресија, бидејќи привлечни и биле реформите што таа ги ветувала меѓу народните маси. Многу работници пристапувале кон КПЈ. Комунистичките идеи во голем степен ги ширела и младата генерација селски учители кои образование стекнале во големите градови. Интелектуалците воочиле во комунизмот најрешителен противник на фашизмот. КПЈ ги ширела своите ставови и тези преку културните здруженија, книжевните друштва и спортски клубови. Подоцна, КПЈ во голем степен се инфилтрирала на Правниот факултет во Белград. Притоа, стекнувала голема поддршка кај студентите кои започнале илегално да се организираат. Меѓутоа, поради нејзината илегалност, со идеите на партијата не бил запознат голем дел од народните маси, особено селското население.[34] Членови на КПЈ биле изложени на перманентна репресија и терор од страна на власта. Притоа, активна улога покажувале одредени партиски членови и групи. Меѓутоа, партијата тешко се регенерирале по честите и тешките провали на нејзините членови, главно во градовите. Во селата КПЈ немала голема активност, па поради тоа не покажала и забележителни резултати. Комунистите особено биле бројни во големите градови, особено во Загреб и Белград. Особена поддршка комунистите уживале во Хрватска.

Третата земска конференција на КПЈ била одржана во Белград во почетокот на февруари 1924 година. Конференцијата била одбележана со решителна победа на левата фракција над десната, како и со тоа што партијата програмски го утврдила својот став во врска со националното прашање со усвојување на Резолуција, при што го прокламирала правото на секоја нација *„за слободно отцепување и создавање на своја посебна држава, или (во случај на некое од*

---

34 Затоа, како што тврди професорката Виолета Ачкоска, дека *„се апсурдни некои антимакедонски тези дека македонската нација е коминтерновска или комунистичка творба“*. (Виолета Ачкоска, Лекции од историјата на современата македонска држава 1944-1991, Скопје, 2015, 15).

*малцинствата) приклучување кон својата национална држава“*.[35] КПЈ притоа претпочитала *„доброволно федеративно (сојузно) државно обединување, како најсоодветна форма за економски и културен развој како на целината, така и на одделни делови“*.[36] КПЈ ги признала македонскиот и црногорскиот народ како посебни народи. Во 1935 година, пак, поради опасност од фашистичка агресија, КПЈ се вратила на својот поранешен став околу потребата за зачувување на Југославија и притоа се изјасниле истата да биде сојузна држава на рамноправни народи, според советски пример.

По атентатот во Народното собрание на Кралството СХС на 20 јуни 1928 година врз пратениците на ХСС, КПЈ учествувала и делумно ги предводела масовните протести во Хрватска.

Во октомври 1928 година бил одржан Четвртиот конгрес на КПЈ во Дрезден. На Конгресот во Дрезден била прифатена левичарската линија на Коминтерната за повик на востание и револуционерна борба и партијата оценила дека комунистите требало да застанал на чело на вооружената борба на потчинетите нации. Конгресот во Дрезден, исто така, го означил крајот на старите фракции во КПЈ. Во партиското раководство повеќе не се наоѓале Сима Марковиќ и Ѓуро Цвииќ, а пак новото раководство во целина се состоело од обучени активисти на Коминтерната. Во новото раководство на КПЈ се наоѓале: Ѓуро Ѓаковиќ, Жика Пецарски и Ѓуро Салај. Набрзо Сима Марковиќ бил исклучен од КПЈ.

По воспоставувањето на диктатурата на кралот Александар I Караѓорѓевиќ на 6 јануари 1929 година, КПЈ повикувала на вооружена борба и рушење на апсолутизмот.[37] Меѓутоа, југословенските комунисти биле потчинети под страшен терор, така што дури биле убиени десетици членови на КПЈ, меѓу кои и организацискиот секретар на партијата, Ѓуро Ѓаковиќ.

Во декември 1934 година Јосип Броз – Тито бил кооптиран во ЦК на КПЈ, за време на Четвртата земска конференција во Љубљана. Веднаш бил испратен на обука во СССР. Во 1937 година бил именуван за генерален секретар

---

35 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 57.
36 *Ibid.*
37 Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 18.

на КПЈ.[38] Под раководство на Тито била извршена реорганизација во раководството на партијата, што дополнително ја зацврстила истата и ја претворила во силна кадровска партија од ленинистички тип, односно бил довршен процесот на болшевизација на КПЈ. Во меѓувреме, во т.н. Сталинови чистки настрадале пет дотогашни генерални секретари на КПЈ, и тоа: Филип Филиповиќ, Сима Марковиќ, Ѓуро Цвииќ, Јован Малишиќ и Милан Горкиќ.

Во 1935 година Коминтерната прокламирала политика на народен фронт со цел во иднина овозможување на формирање сојуз меѓу комунистите, социјалдемократите, либералите и други антифашистички партии и организации.

Во 1937 година биле основана Комунистичката партија на Хрватска и Комунистичката партија на Словенија. Наредната година КПХ одбила да учествува на последните избори за народни пратеници во Народното собрание на Кралството Југославија, преку легалната Партија на работничката класа, основана од КПЈ, и избрала да ја поддржи листата на кандидати на Блокот на национална спогодба, предводена од Влатко Мачек. Според Јосип Броз – Тито, одлуката да се поддржи коалицијата на чело со Мачек на изборите била *„индикација дека хрватското партиско раководство 'потпадна под буржоаско-националистичко влијание, јавајќи на опашот од ХСП, и на тој начин работеше во полза на непријателите на работничката класа'"*.[39]

Идејата за организирање на Југославија врз федеративен принцип била актуелна во меѓувоениот период, исто така, но *„не постоел генерален договор околу тоа како една ваква федерација би требало да биде организирана"*.[40]

КПЈ, во предвечерието на Втората светска војна, настојувала да ги придобие сите незадоволни слоеви на општеството врз широка народнофронтовска основа и била единствен политички субјект во Кралството Југославија кој нудел национална рамноправност и социјална правда, под девизата: *„леб, правда и слобода"*.[41] Во периодот од 1938 до 1940 година забележителна е поинтензив-

[38] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 157.
[39] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 75.
[40] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 373.
[41] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 12.

на акција на некои партиски организации.[42] Пред почетокот на војната членството на КПЈ броело околу 12.000 членови.[43]

По започнувањето на Втората светска војна, КПЈ издала проглас во која војната ја оценила како империјалистичка и потенцирала дека *„народите од Југославија немаат удел во војната“*.[44]

Во периодот од 19 до 23 октомври 1940 година во Загреб, под длабока илегалност, била одржана Петтата земска конференција на КПЈ. На конференцијата, покрај останатото, бил формулиран комплетниот партиски став во однос на националното прашање, при што се поставувала една од најважните задачи: борба за национална рамноправност на сите покорени народи и сите национални малцинства во Југославија. Конференцијата претставувала кулминација на стратегиската победа на Јосип Броз – Тито во рамките на КПЈ.[45] Ваквата определба на комунистите била силен мотивирачки фактор за учество на национално обесправените југословенски народи во антифашистичката НОБ.[46]

КПЈ во 1941 година сосема конкретно застанала зад принципот на неделивост на Југославија и не ја признала нејзината поделба со окупацијата.[47]

---

[42] Во прилог на таквата активнот е и одржувањето на Покраинската конференција на КПЈ за Македонија во септември 1940 година, во која значајна улога имал секретарот на ПК на КП за Македонија – Методија Шаторов – Шарло. На конференцијата од страна на учесниците бил потенциран фактот дека во блиска иднина претстоеле *„нови борби“* и дека за успешно водење на таа борба првостепена задача било *„создавање челичен сојуз на работниците, селаните, интелигенцијата и целиот македонски народ против српските империјалисти и поробители“*. Значајно место во дискусиите на конференцијата зазело прашањето за земјата, односно барањето за ревизија на аграрната реформа, заедно со тоа колонистите да ја напуштат Македонија. Со Резолуцијата на Петтата земска конференција на КПЈ, пак, *„иако не бил прифатен ставот за целосно иселување на колонистите од Македонија“*, било поставено *„протерување на сите оние колонисти кои служеле за угнетување на македонскиот народ“*. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава 1944-1991*, Скопје, 2015, 12-14).

[43] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 101.

[44] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 77. Меѓутоа, раководството на КПХ се спротивставиле на ставот на ЦК на КПЈ и ги поддржале *„дефанзивните (прозападни) позиции на Мачек, српските независни демократи и другите буржоаски партии“*. Поради тоа, Јосип Броз – Тито ги отстранил секретарот на КПХ, Јосип Крах, и двајца други хрватски комунистички првенци од ЦК на КПХ. (Ibid, 75-76).

[45] *Ibid*, 77.

[46] Вклучувајќи го и македонскиот народ. Имено, во Резолуцијата на Петтата земска конференција на КПЈ, покрај останатото, биле поставени *„борбата за рамноправност и самоопределување на македонскиот народ, против српските угнетувачи и против претензиите на ‘бугарските и италијанските империјалисти’“*. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 14).

[47] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 290. Истиот овој став бил потврден и на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце во

## СТОЛБОВИТЕ НА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

### Народноослободителната борба

Во почетокот отпорот против окупаторите и нивните соработници во голем степен бил спонтан. Отпорот против германскиот окупатор во Србија го започнале четниците под водство на полковникот Драгољуб Михајловиќ[48], кои им биле лојални на кралот и југословенската влада во егзил. Припадниците на ЈВуО немале план за кревање масовно востание против окупаторите, туку нивната стратегија во почетокот била да им го одвлечат вниманието на Германците со судири и саботажи, без притоа ризикување на непотребни жртви, особено меѓу цивилното население. Четниците очекувале сигнал од југословенската влада во егзил и од сојузниците за кревање востание во Југославија во погоден момент, по евентуален пресврт на фронтовската линија и офанзива на сојузниците. Таквиот нивен пристап се совпаднал со британските очекувања. ЈВуО се сметала за *„единствен легитимен претставник на движењето на отпорот во земјата“*.[49] Четниците тежнееле за реставрација на поранешниот југословенски режим, *„за создавање на голема Југославија и во нејзе ‘етнички чиста голема Србија’ во границите на Србија (со Македонија и Косово), Црна Гора, Босна и Херцеговина, Срем, Банат и Бачка“*.[50]

Цивилното население во Југославија било изложено на сурови репресалии од страна на германскиот окупатор.[51] Во НДХ, пак, за *„прв пат во истори-*

---

првата точка во *Одлуката за изградба на Југославија на федеративен принцип*. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 211).

48 Драгољуб Михајловиќ на 11 јануари 1942 година бил именуван за министер на војската, морнарицата и воздухопловните сили, а неколку дена подоцна, на 19 јануари 1942 година бил унапреден во дивизиски генерал. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. век*, Београд, 2008, 360).

49 Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 116.

50 Исто така, *„четири најважни поими во четничката идеологија“* претставувале: *„Голема Србија“*, *„српска хегемонија на Балканот“*, *„српски препород“* и *„одмазда“*. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 351-352).

51 На пример, на 16 септември 1941 година, шефот на Врховната команда на Вермахтот, генералот-фелдмаршал Кајтел, ја издал злогласната Казнена наредба бр. 888 *„за еден од заседа убиен германски војник да се убијат 50-100 цивили“*. Во Казнената наредба, пак, од 10 ок-

*јата Србите станале жртви на геноцид"*, односно бил спроведен антисрпски терор од страна на усташите.[52]

Јосип Броз – Тито уште од почетокот на окупацијата се залагал за примена на вооружен отпор со кревање на масовно востание, при што *„не отстапи пред човечките загуби и беше помалку склон од неговите другари да верува дека Русите ќе пристигнат до Новата година"*.[53] Истовремено, Тито се стремел *„кон промоција на револуционерно преземање на власта во Југославија"*.[54] Раководството на КПЈ *„окупацијата на земјата ја доживеало како 'револуционерна перспектива'"*.[55] По германскиот напад на СССР на 22 јуни 1941 година, официјална Москва ги повикала *„сите напредни сили во 'ослободителна борба против германските угнетувачи' и на 'поддршка на праведната борба на советскиот народ'"*.[56] Југословенските комунисти веднаш го организирале партизанското движење на отпорот, коешто било под нивна контрола.[57] На 27 јуни 1941 година во Белград, на седницата на Политбирото на ЦК на КПЈ, бил формиран Главниот штаб на народноослободителните партизански одреди на Југославија.[58] На 4 јули 1941 година Тито повикал на општо востание.[59]

---

томври 1941 година, генералот Франц Беме наложил при спроведувањето на одмаздата начелно да се примени наведената квота од 1:100 за еден убиен и 1:50 за еден ранет германски војник или фолксдојчер. Истовремено, *„наложил во сите воени места во Србија со молњевити акции дека треба како заложници да се уапсат 'сите комунисти', 'сите Евреи', како и одреден број национално и демократски настроени жители"*. Потоа следеле масовни и сурови ликвидации. На пример, на 21 октомври 1941 година во Крагуевац од страна на единиците на Вермахтот биле стрелани околу 2.300 цивили, меѓу нив и ученици и професори од месната гимназија, како и Евреи, во знак на одмазда за извесен партизански напад врз една германска дивизија во непосредната околина, иако германската среска команда истакнала дека не се случил таков настан. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 358-359).

[52] Паралелно со масовно протерување на српско население од границите на НДХ, имало и масовно убивање на Срби на лице место или во многубројните концентрациони логори, како на пример: Ѓаково, Лобор, Долен Михољац, Јастребарско, Хрватска Дубица, Сисак, Славонска Пожега, Госпиќ, Јасеновац и така натаму. (*Ibid*, 346-348).

[53] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 5. Имено, сосема спротивно на концептот на Драгољуб Михајловиќ, *„комунистичкиот отпор ... мерките на одмазда на окупаторот не ги прифатил само како неизбежно зло, туку во нив вишол и можност за радикализација на населението. Како условите за живот и репресалиите станувале неподносливи, толку на функционерите на КПЈ им било полесно да го поттикнат незадоволството кај населението"*. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 355).

[54] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 6.

[55] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 116.

[56] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 354.

[57] Повеќе информации за НОВЈ од 1941 до 1945 година види: Nikola Anić, Sekula Joksimović i Mirko Gutić, *Narodnooslobodilačka vojska Jugoslavije*, Beograd, 1982.

[58] Подоцна, на 26 септември 1941 година, на советувањето во Столице, ГШ на народноослободителните партизански одреди на Југославија бил преименуван во Врховен штаб на истите. Малку подоцна, пак, во јануари 1942 година истиот бил преименуван во ВШ на Народноослободителната партизански и доброволечка војска на Југославија. Од ноември 1942 година, пак, добил

Набрзо партизанското движење било омасовено, особено во западна Србија. Кон крајот на летото и почетокот на есента 1941 година, бројот на партизани во Србија се искачил на 15.000 лица.[60] Партизанските одреди во голем дел се состоеле од припадници на градскиот пролетаријат, членови или симпатизери на КПЈ.[61]

КПЈ, која била богата со илегално и конспиративно искуство, се определила за одржување на Југославија и за нејзино социјалистичко и федеративно уредување, како и за признавање и рамноправност на сите југословенски народи. Поради таквата идеолошка и политичка поставеност на КПЈ, бил неизбежен нејзиниот судир со четничкото движење на Драгољуб Михајловиќ. Имено, четниците имале пасивна улога во текот на војната, додека партизаните се залагале за активен отпор. Четничкото движење се залагало за заштита на државните интереси, додека целта на југословенските комунисти била преземање на власта во Југославија.[62] Искуството на одредени членови на КПЈ од Шпанската граѓанска војна, исто така, имало големо значење во нивната улога во текот на војната во Југославија. Предноста на КПЈ била и во тоа што голем број на луѓе не ја познавале нејзината вистинска природа, како и нејзините вистински намери и цели, меѓутоа бидејќи комунистичката демагогија била привлечна кај народните маси. Народот бил повикуван во борба под паролата *„Смрт на фашизмот“*. Во текот на граѓанската војна, *„идеолошкиот раскол бил најдлабок: во меѓусебните обвиненијаројалистите станале ‘домашни предавници, слуги на окупаторот и големосрпски фашисти’, а партизаните ‘предавници на српството, усташки злотвори и комунистички безумници’“*.[63]

Симболите усвоени од партизанското движење манифестирале флагрантна револуционерна порака за мобилизација на народот во борбата против оку-

---

повторно ново име и тоа ВШ на НОВ и ПОЈ, односно Врховен штаб на Народноослободителната војска и партизански одреди на Југославија. На 1 март 1945 година, пред крајот на војната, ВШ на НОВ и ПОЈ бил реорганизиран во Генералштаб на Југословенската армија.

[59] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 183.

[60] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 354.

[61] Меѓутоа, *„спротивно на револуционерната идеологија, индустрискиот пролетаријат не ја поддржувал премногу КПЈ бидејќи за време на окупацијата бил подобро платен од било кога претходно“*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 122).

[62] На 7 декември 1941 година комунистичкото раководство констатирало дека *„оружената борба против окупаторот прерасна во ‘класна војна меѓу работните слоеви и буржоазијата’, и тоа поради контраофанзивата на Црвената армија кај Москва“*. (*Ibid*, 117).

[63] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 117.

паторот и неговите соработници, Тито *„отворено ја прифати иконографијата на меѓународниот комунизам“*.[64] Имено, на состанокот во Столице, Србија, на 26 и 27 септември 1941 година, Партизанската виша управа ја усвоила црвената петокрака ѕвезда како партизански амблем и стегната тупаница како нивен поздрав. На 21 декември 1941 година, на роденденот на Сталин, била формирана Првата пролетерска ударна народноослободителна бригада во селото Рудо, источна Босна, на која Тито и *„даде црвено знаме кое во средината имаше вцртана црвена ѕвезда петокрака“*.[65] Првата пролетерска бригада броела 1.200 војници и била првата поголема офанзивна општојугословенска борбена единица, која дејствувала во повеќе области.[66] Истовремено, во Југославија се воздигнувал култот на Сталин од страна на групата на Јосип Броз – Тито, при што меѓу партизаните се воспевале Тито и Сталин. Бил создаден впечаток *„дека Сталин е единствениот антифашистички водач, а Тито – неговиот југословенски толкувач“*.[67] Исто така, било посветено големо внимание околу употребата на терминологијата, па наместо *„социјалистичка револуција“* или *„комунистичка револуција“*, иако уште тогаш била јасна намерата и целта на раководството на КПЈ, сепак се прибегнало кон употреба на називот *„Народноослободителна борба“*, заради сензитивноста и околностите. Додека НОВ го добила своето име со цел да се отфрли постоењето на етнички идентитет на движењето.

Меѓутоа, постоела соработка меѓу партизанското и четничкото движење краток период во летото 1941 година против усташите и силите на Вермахтот.

Во септември 1941 година бил ослободен градот Ужице, западна Србија.[68] Партизаните доста профитирале од оваа успешна акција, особено поради тоа што се здобиле со голема количина на оружје, бидејќи фабриката за оружје во градот биле неоштетена.[69] Потоа, ВШ на партизанските единици и ЦК КПЈ би-

---

[64] Истовремено, Советите користеле традиционални симболи како најдобро средство за реализирање на истата цел. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 7).
[65] *Ibid*, 82.
[66] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 183.
[67] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 82.
[68] Во есента 1941 година под контрола на партизанското движење се наоѓале: повеќе области во Црна Гора, во западна, јужна и источна Србија, во Лика, Банија, во Банија и Кордун, како и во Босанска Краина и во Херцеговина. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 185).
[69] Повеќе податоци за т.н. Ужичка Република види: Venceslav Glišić, *Užička Republika*, Beograd, 1986.

ле преместени во ослободениот град. Партизаните во Ужице ја прогласиле т.н. Ужичка република. Кон крајот на септември и почетокот на октомври 1941 година речиси цела Србија западно од линијата Белград – Краљево била под контрола на партизаните.[70] Во ноември 1941 година Михајловиќ наредил напад на ВШ на партизанското движење во Ужице, кој завршил фатално за четниците.

Во есента 1941 година се влошувале условите за востаниците во Србија во ослободената територија по т.н. прва германска офанзива. Новонастанатите услови ја продлабочиле тензичноста меѓу партизанското и четничкото движење, па било потребно стабилизирање на новонастанатата ситуација. Секретарот на КПЈ и командант на партизанските одреди на Југославија, Јосип Броз – Тито, не сакал да се стави во ситуација да преземе заедничка акција со ЈВуО на генералот Михајловиќ, без притоа да постигне солиден договор, со цел да обезбеди терен за реализирање на замисленатa комунистичка револуција во Југославија. Во есента 1941 година биле остварени две средби меѓу Тито и Михајловиќ. Првиот состанок бил одржан во Струганик, Србија, на 19 септември 1941 година, на кој не дошло до договор меѓу двете страни. На 27 октомври 1941 година на состанокот во селото Браиќи, во близина на Равна Гора, Србија, се продлабочиле разликите и несогласувањата меѓу претставниците на двете движења на отпорот.[71] Обидите за спогодба меѓу двете движења на отпорот се покажале безуспешни, иако двете страни се согласиле по некои прашања.[72] *„Помеѓу ʻофан-*

---

[70] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 354.

[71] На состанокот во селото Браиќи, веројатно најпрво се дискутирало за четири предлози, по два од двете страни, и тоа: од партизанска страна, застапувана од командантот Тито, продолжување на заедничката вооружена борба против окупаторите без оглед на последиците и поставување на Михајловиќ за началник на ВШ на партизанските единици; додека четничката страна, застапувана од генералот Михајловиќ, потчинување на партизанските одреди под команда на Михајловиќ и ограничување на оној тип на акции кои ги заговарале четниците. Всушност, настанал проблем околу стратегијата на изведувањето на востанието и околу прашањето за доминација меѓу двете страни во таков случај. На тој начин, четниците, под водство на генералот Драгољуб Михајловиќ, не ги прифатиле четирите најважни точки од дванаесетте точки предложени од страна на секретарот на КПЈ и командант на партизанските одреди, Јосип Броз – Тито на 20 октомври 1941 година, една седмица пред одржувањето на состанокот во Браиќи: станувало збор за точките: 1, 2, 6 и 7. Исто така, два дена пред одржувањето на состанокот, во штабот на Михајловиќ пристигнал капетанот Худсон. Тито и неговите соработници инсистирале и тој да присуствува на состанокот, на што Михајловиќ се противел. Меѓутоа, Михајловиќ го известил капетанот Худсон околу неговата намера да ги нападне партизаните. (Jozo Tomasevich, *Četnici u Drugom svjetskom ratu*, Zagreb, 1979, 140).

[72] Имено, Јосип Броз – Тито и Драгољуб Михајловиќ се договориле околу следните прашања: двете групи да продолжат со мобилизацијата на луѓе на ист начин како претходно; силите да останат на своите тогашни позиции и во иднина да избегнуваат меѓусебни судири; за поделба на воениот плен; транспортот на единиците и опремата во слободната територија да биде овозможен за двете групи; создавање на мешовити судови за судење на крадците и народните не-

*зивната тактика' на комунистите (отпор по секоја цена) и 'дефанзивната тактика' на Михајловиќ (заштита на српскиот народ) исто така мал бил можниот компромис, како и помеѓу револуцијата и реставрацијата, републиката и монархијата, федерализмот и унитаризмот".*[73] Бидејќи немало договор за уредување на државата по војната, започнала истовремено и меѓусебна внатрешна борба за моќ, при што кај четниците борбата против окупаторот и неговите соработници била потисната во втор план. Притоа, колку *„Тито поофанзивно настапувал против окупационите сили, Михајловиќ се држел сé подефанзивно. Со тоа колаборацијата придобила сé поголеми изгледи".*[74] Четниците, исто така, не одговориле адекватно на комунистичката пропаганда.

Меѓутоа, четниците во Браиќи отишле со прикриени намери. Еден ден по состанокот во селото Браиќи, четниците побарале германска воена помош, во вид на оружје и опрема, против партизаните.[75] Михајловиќ му понудил соработка на Вермахтот, но генералот Франц Беме одбил.[76]

Од ноември 1941 година партизанското и четничкото движење биле во меѓусебен вооружен конфликт. Тито се обидувал да ги извести Советите во врска со тајниот заговор на четниците со окупаторите и побарал советска воена помош во Југославија.[77]

Кон крајот на ноември и почетокот на декември 1941 година партизанските единици биле потиснати од страна на заедничката германско-четничка офанзива. На 29 ноември 1941 година германските сили го зазеле градот Ужице. Наредниот ден, 30 ноември 1941 година кај Петровац дошло до судир меѓу партизаните и четниците. *„Тоа бил почеток на граѓанската војна која од самиот почеток имала, како своја идеолошка, така и етничка компонента.*[78]

пријатели; оружјето, и извесен дел пари, кои се наоѓале во Ужице, да им се предаде на четниците. (Jozo Tomasevich, *Četnici u Drugom svjetskom ratu*, Zagreb, 1979, 140).

[73] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 353.

[74] *Ibid*, 360.

[75] Jozo Tomasevich, *Četnici u Drugom svjetskom ratu*, Zagreb, 1979, 140-141.

[76] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 186.

[77] Исто така, Тито упатил молби до официјална Москва *„да ги објавуваат акциите на партизаните" и изразил жалење за „недоволното разбирање на Советите"*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 10).

[78] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. веку*, Београд, 2008, 359-360.

Со падот на т.н. Ужичка република, отпорот на партизанското движење во западна Србија и Шумадија доживеал крах.[79] По оваа катастрофална епизода, партизаните заминале под италијанската окупациона зона Санџак, а потоа во источна Босна.[80] По овој настан, активниот отпор се префрлил во Босна и Херцеговина и Црна Гора. Во овој момент, според раководството на КПЈ, војната влегла во *„втора пролетерска етапа“*, односно војната против силите на Оската била од второстепено значење *„во споредба со задачата за класна борба против домашната контрареволуција, која би довела до преземање на сета власт од комунистите“*.[81]

Потоа настапил *„периодот на левичарски грешки“* или *„црвениот терор од 1941-1942 година“*, кога строго се применувала левичарската линија на Политбирото на КПЈ. Оваа пракса траела до пролетта 1942 година.[82] Спроведувањето на тој концепт *„ја ослаби контролната база на Политбирото до степен на колапс“*.[83] Ефектите од левичарскиот концепт на Политбирото на КПЈ во најсилен степен биле почувствувани во источна Херцеговина и Црна Гора, а во помал степен во Војводина и Словенија. Во овој период лојалноста кон КПЈ *„беше мерена по острината кон ‘петтата колона’ и ‘класниот непријател’“*, што се карактеризирало со палење на *„непријателските“* села и конфискација на *„непријателскиот“* имот.[84] Таквите сурови мерки ги потикнувале селаните, кои не биле кулаци или соработници на окупаторот, да се приклучуваат во редовите на ЈВуО во Црна Гора и источна Босна, со цел да се борат против партизаните. Притоа, четничките единици и окупаторските единици им нанеле неколку порази на партизаните во пролетта 1942 година. Во периодот од 10 јуни до 15 јули 1942 година, партизаните доживеале пораз од страна на германските и усташките единици во битката на Козара, северозападна Босна.

---

[79] Овој пораз на партизанските единици во голем степен *„произлезе од левичарската политика на Тито во ослободената територија ... каде што социјалниот радикализам на комунистите им одеше во прилог на четниците. Српските селани ... беа привлечени од четничките слогани ‘бидејќи (во нив) има можност за заштита на нивниот имот’“*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 81).

[80] Во тој момент партизанското движење броело околу 80.000 мажи и жени, во однос на околу половина милион окупаторски војници и 120.000 војници на НДХ и режимот на Недиќ. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 186).

[81] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 81 - 82.

[82] *Ibid*, 82.

[83] Најголеми виновници за т.н. *„левичарски грешки“* биле Милован Ѓилас во Црна Гора и Борис Кидрич во Словенија, коишто сепак поминале без казна. (*Ibid*, 82-83).

[84] *Ibid*, 82.

Меѓутоа, на маршот низ етнички мешовитите места, сè повеќе очајни луѓе се приклучувале кон НОД. Кон крајот на 1942 година, Јосип Броз – Тито објавил една статија во врска со националното прашање во Југославија и притоа дал ветување дека НОБ и националното прашање биле нераздвојно врзани и дека ослободувањето на Југославија истовремено значело и ослободување на секој народ.[85]

На 4 ноември 1942 година партизаните го освоиле Бихаќ, кој порано бил бастион на усташкото движење. На тој начин, сред НДХ, во западна Босна, Далмација и Лика *„настанала голема поврзана територија од околу два милиони жители“*, позната под називот *„Бихаќка република“*.[86]

Политичкиот концепт и идеја што ги застапувале југословенските комунисти и активноста на партизанското движење на отпорот на самиот терен им обезбедиле голема предност во однос на останатите движења на отпорот. Исто така, најголемиот дел од учесниците на НОБ се бореле за национална слобода и социјална правда, а не за воспоставување на комунизам или социјализам.[87] Меѓутоа, политичката програма на Политбирото на КПЈ не се применувала во сите делови на Југославија со ист интензитет, бидејќи раководствата во самите национални партии не поседувале дисциплина во следењето на линијата на раководството на КПЈ. Таква била ситуацијата со Македонците, кои поради автономната политика на секретарот на ПК КП за Македонија, Методија Шаторов – Шарло, пристапиле кон БРП, како и со Албанците на Косово и Метохија. Но, големо влијание програмата на Политбирото на КПЈ добивала особено поради широкиот Народен фронт.[88]

Германското раководство на 20 јануари 1943 година ја започнало *„Операцијата Вајс“*, со која имало намера, во спрега со италијанските и хрватските

[85] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 188.
[86] *Ibid*.
[87] Посебно таков бил случајот со учеството на македонскиот народ во НОБ. Поради зацртаната цел за ослободување на Македонија и на македонскиот народ, неговото обединување и државотворно конституирање во текот на НОБ во Македонија се негуваат илинденските традиции. За повеќе информации околу учеството на македонскиот народ во НОБ види: Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 12-25.
[88] Во почетокот, Народниот фронт главно се развивал во северозападниот дел на Југославија. Во април 1941 година, по иницијатива на комунистите, во Словенија бил формиран Ослободителниот фронт, како привидна коалиција на четири групи, и тоа: Комунистичката партија, христијанските социјалисти, левичарските Соколи и група независни левичарски интелектуалци. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 83).

единици, да ги уништи партизаните во јужна Хрватска и западна Босна. НОД, исто така, започнало офанзива, со цел да ја осуети *„Операцијата Вајс“*. Тоа успеало да се пробие низ италијанските позиции до реката Неретва, каде месец дена се воделе борби меѓу партизанските единици, на една страна, и германските, италијанските, хрватските и четничките единици, на друга страна. Италијанските и четничките единици претрпеле тежок пораз во битката кај Неретва, така што Михајловиќ од овој пораз *„никогаш повеќе нема да се опорави“*.[89] Кон средината на мај 1943 година започнала германско-италијанската *„Операција Шварц“* против НОД. Во мај и јуни 1943 година се одиграла битката кај Сутјеска, во која партизаните повторно успеале да се пробијат и да преминат во источна Босна и западна Србија. Под голем германски притисок, италијанските единици ја прекинале соработката со четниците. По битките кај Неретва и Сутјеска, како и по разоружувањето на голем дел од четничките сили, *„одлуката во југословенската граѓанска војна конечно паднала – во корист на Тито“*.[90]

Со капитулацијата на Италија во септември 1943 година партизаните се стекнале со енормен профит. Тие запleниле големо количество на оружје и муниција во областите кои претходно се наоѓале под италијанска окупација. Хрватските и словенечките партизани, повикувајќи се на 14-те точки на Вудро Вилсон и на правото на самоопределување, прогласиле обединување на Истра и Далмација со Хрватска.[91] Четниците, пак, исчекувајќи инвазија на западните сојузници, по капитулацијата на Италија, стапиле во соработка со нацистичка Германија.

Од есента 1943 година сојузничкиот фронт се приближил до границите на Југославија. Бил разбиен митот за ЈВуО како предводник на антифашистичкиот отпор. Западните сојузници заземале прагматична воено-политичка ориентација, па поради тоа што воочиле во НОВЈ значителна воена сила која успешно се спротивставувала на силите на Оската, почнале да ја сметаат за сериозен партнер и притоа започнале со укажување на нејзина поддршка и помош. Улогата на западните сојузници со поддршката што и ја давале на НОВЈ, сега непосредно можеле да ја увидат народните маси во Југославија, факт што секако имал големо влијание за зголемување на приврзаниците и поддршка на

[89] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 362.
[90] *Ibid.*
[91] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 221.

НОВЈ и внатре во Југославија. Во втората половина на 1943 година започнал да пристигнува континуиран дотур на оружје и опрема, диктиран од сојузничката медитеранска стратегија.

Од средината на мај 1943 година во ВШ на НОВЈ се наоѓала Британска воена мисија, чии *„извештаи до Черчил имале одредено дејство“*.[92]

На Техеранската конференција, одржана од 28 ноември до 1 декември 1943 година, големите сојузнички сили формално ја признале НОВЈ како рамноправен член на антифашистичката коалиција, така што било предвидено *„партизаните“* во Југославија да се потпомогнат *„до најголема можна мера со провијант и опрема, како и операциите на командосите“*.[93] Ова, de jure значело признавање на НОД и посредно напуштање на ЈВуО. Меѓутоа, исто така, било донесена одлука Југославија да остане вон зоната на дејство на големите сојузнички сили. Потоа, врз основа на согласноста од британскиот премиер Винстон Черчил и советскиот лидер Јосиф Сталин на конференцијата во Техеран, била испратена во ВШ на НОВ и ПОЈ, советска воена мисија на чело со генералот Николај Васиљевич Корњеев, чиишто членови на 23 февруари 1944 година се спуштиле кај Босански Петровац.[94] Веднаш по пристигнувањето на советската мисија, ВШ на НОВ и ПОЈ донел одлука за испраќање на своја мисија во Москва, под името: *„Воена мисија на Националниот комитет“*.[95]

Во мај 1944 година Вермахтот ја започнал својата последна седма офанзива, наречена *„Коњички скок“*, која имала за цел заробување на Тито. На 25 мај 1944 година германските воени единици го уништиле штабот на НКОЈ кај Дрвар, Босна, при што врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито одвај се спасил. Тито, со британска помош, се префрлил на јадранскиот остров Вис, кој бил под британска авијациска заштита.

---

[92] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 362-363.
[93] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 198.
[94] Јосип Броз - Тито наспроти одржувањето на конференцијата на министрите за надворешни работи во Москва во есента 1943 година побарал и СССР да испрати своја воена мисија кај ВШ на НОВ и ПОЈ, како што тоа претходно го сторила Велика Британија. (*Ibid*, 198-199).
[95] Мисија на ВШ на НОВ и ПОЈ пристигнала во Москва на 12 април 1944 година преку Каиро и Техеран. Во составот на мисијата биле: Милован Ѓилас, Велимир Терзиќ, Велимир Стојниќ и други. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 47).

До летото 1944 година партизаните станале доминантна сила во Босна, Херцеговина, Црна Гора и во Словенија. Во Хрватска влијанието на НДХ опаѓало, додека во областите кои повеќе не се наоѓале под нејзина контрола, партизаните станале најмоќна групација. Партизаните на Косово речиси немале никаква поддршка. Имено, мнозинското албанско население сакало да ги задржи воените граници според кои Косово било дел од Албанија. На територијата на Србија, особено во селските области, во овој период доминантна сила сѐ уште биле четниците. Поддршката на партизанското движење и КПЈ во Србија била најслаба, бидејќи српското јавно мислење мислело дека кај КПЈ и партизанското движење поседувале хрватски националистички аспирации и поради тоа стравувале од исчезнување на српството во федеративна Југославија.[96]

Кон крајот септември 1944 година, како помош на НОВ и ПОЈ, во Југославија пристигнале советските единици на Третиот украински фронт, под водство на маршалот Фјодор Иванов Толбухин, и единиците на Отечествениот фронт на Бугарија[97], при што веднаш започнале со *Белградската операција*, што резултирала со ослободување на Белград на 20 октомври 1944 година.[98] Набрзо потоа Тито, како врховен командант на НОВ и ПОЈ, му се обратил на народот од кралската палата. По ослободувањето на Белград, започнала последната фаза во ослободувањето на Југославија. По овој настан, престанал и герилскиот начин на војување на единиците на НОВЈ. Исто така, НОВЈ обезбедил нова стратешка и економска база за понатамошно водење на војната за ослободување на земјата. Истовремено, обезбедил нов извор за мобилизација на борци.[99] Во Белград биле планирани завршните операции на НОВЈ за ослобо-

[96] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 109.

[97] Британците биле особено гневни кога дознале за одлуката на врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито, за инкорпорација на единиците на Отечествениот фронт на Бугарија, во операциите за ослободување на Србија. (*Ibid*, 14).

[98] По повод ослободувањето на Белград, на 21 октомври 1944 година кралот Петар II Караѓорѓевиќ во Лондон одржал говор во кој особено ја глорификувал борбата на НОВЈ и Црвената армија и улогата на Јосип Броз – Тито и Јосиф Сталин. Меѓутоа, неговиот говор *„до крај поразно делувал на остатоците од старите граѓански сили, оставени на цедило дури и од својот суверен"*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Govor Petra II povodom oslobođenja Beograda, 21. oktobar 1944., Beograd, 1983, 642-643).

[99] Од ослободувањето на Белград до мај 1945 година биле мобилизирани 250.000 лица. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 334).

дување на Југославија, кој се усогласувале со армиите на западните сојузници во Италија и советската армија во Унгарија.[100]

По ослободувањето на Белград, Вермахтот и неговите сојузници започнале да се повлекуваат. Германските единици, во услови на повлекување, систематски ги уништувале инфраструктурата, претпријатијата и погоните во земјата, правејќи огромни материјални штети со големи последици.

Особено по ослободувањето на Белград, паралелно со повлекувањето на германските единици, српските четници, како и хрватските и словенечките домобрани, започнале да се повлекуваат. Овие групации очекувале за време на посетата во Белград кон крајот на февруари 1945 година на врховниот сојузнички командант на Средоземјето, британскиот фелдмаршал Харолд Александер, да изврши притисок врз југословенското раководство, слично на она во Грција, *„занемарувајќи во својата безизгледна ситуација сосема поразличен однос на сили во Грција и Југославија и меѓународната положба на нова Југославија“*.[101] Кон крајот на војната угледот на КПЈ и партизанското движење доживеал голем пораст, особено во моментите кога било јасно дека силите на Оската ќе доживеат дефинитивен пораз во војната.

Силните офанзиви конечно и донеле победа на НОВЈ. Во средината на октомври 1944 година започнале воените дејствија за конечно ослободување на Македонија.[102] Тогаш, ГШ и единиците на НОВ и ПОМ влегле во составот на југословенската војска и официјално се нарекувале НОВЈ.[103] Кон крајот на 1944 година биле ослободени Црна Гора, вардарскиот дел на Македонија и Косово. На 19 ноември 1944 година, со протерувањето на окупаторските и колаборационистичките сили од Гостивар и Тетово, ДФМ била целосно ослободена. Потоа се пристапило кон ослободување на Косово.

Пролетта 1945 година, балистите на Косово и Метохија, во ситуација на немање можност за организирање на масовен отпор против НОВЈ, прибегнале кон примена на индивидуален терор, при што на 13 март 1945 година бил убиен

---

[100] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 337.
[101] *Ibid*, 338.
[102] *Историја на македонскиот народ*, ИНИ, Скопје, 2008, 292.
[103] *Ibid*, 291.

секретарот на ОК на КПЈ за Косово и Метохија, Миладин Поповиќ.[104] Балистите сметале дека со убиството на видниот комунист *„ќе ја обезглават партиската организација на Косово и Метохија“*.[105]

Во периодот од 1943 до 1945 година во составот на НОВЈ се наоѓале и странски единици (чети, баталјони, бригади и дивизии), и тоа: советски, бугарски, италијански, австриски, француски, меѓународни единици и една полска чета.[106]

На 6 април 1945 година партизаните влегле во Сараево. На 14 април 1945 година бил пробиен Сремскиот фронт, кој бил создаден во октомври 1944 година.[107] При пробивањето на Сремскиот фронт биле ослободени, покрај останатите населеници места, и градовите Винковци, Осијек, Вуковар, Валпово и Жупања.[108] Околу 30.000 југословенски борци загинале при борбите на Сремскиот фронт.[109] На 8 мај 1945 година бил ослободен Загреб. На 12 мај 1945 година единиците на ЈА им нанеле тежок пораз на четниците на Сутјеска кај Зеленгора, кои полни два месеци се повлекувале од реонот на Бања Лука, Добој и Дервента кон источна Босна, со намера да ја преминат реката Дрина и да навлезат во Србија, каде требало да се крене востание против *„комунистите“*. Меѓутоа, четничкиот водач Михајловиќ успеал да побегне.[110]

На 15 мај 1945 година биле елиминирани последните непријателски сили во Југославија и дошло до целосно ослободување на Југославија. Имено, со брз и енергичен пробив кон горниот тек на реката Драва, единиците на ЈА го пресекле повлекувањето на германските, усташките и четничките групи, ги оп-

---

[104] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Depeša CK KPJ Oblasnom komitetu KPJ za Kosmet, 14. mart 1945., Beograd, 1983, 735-736.
[105] По убиството на Миладин Поповиќ во март 1945 година, ЦК КПЈ за секретар на ОК на КПЈ за Косово и Метохија го именувал Ѓорѓије Пајковиќ. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 735).
[106] Nikola Anić, Sekula Joksimović i Mirko Gutić, *Narodnooslobodilačke vojske Jugoslavije*, Beograd, 1982, 496.
[107] Повеќе детали за ситуацијата на Сремскиот фронт види: Љубивоје Пајовић, Душан Узелац и Милован Џелебџић, *Сремски фронт 1944-1945*, Београд, 1979.
[108] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Pohvala vrhovnog komandanta jedinicama JA koje su učestvovale u proboju Sremskog fronta, 14. april 1945., Beograd, 1983, 666.
[109] Наводно, поради неискуството на единиците за водење на фронтални борби и воопшто на целото неискуство на новомобилизираните припадници на армијата. (*Ibid*).
[110] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Pohvala vrhovnog komandanta jedinicama JA koje su učestvovale u proboju Sremskog fronta, 14. april 1945., Beograd, 1983, 668.

колиле на подрачјето помеѓу Словењ Градец, Гуштањ, Плиберк[111] и Дравоград, па по тридневни жестоки борби ги принудиле на капитулација. Биле ликвидирани сите оние кои пружале дополнителен отпор на единиците на ЈА. Исто така, биле заробени над 20.000 усташи, како и голем број на четници. Биле принудени на капитулација последните остатоци на германската балканска групација под водство на фелдмаршалот Лер и биле заробени над 10.000 Германци. Во завршната борба за ослободување на Југославија загинале повеќе од 5.000 противници на единиците на ЈА, а притоа биле ослободени од 8.000 лица кои претходно биле заробени од овие групи.[112]

Против партизанското движење и југословенските комунисти во текот на војната не бил создаден единствен фронт, што претставувало значително олеснување на нивната позиција во реализирањето на замислените цели.

По ослободувањето на Југославија, воените дејствија биле заменети со атмосфера на уште позасилена политичка тензичност, односно со приврштување на круцијалната политичка борба меѓу КПЈ и силите на стариот поредок околу државната власт и нејзиното државно и општествено уредување до изборите за Уставотворно собрание и неговото конституирање.

[111] Попознат според германскиот назив Блајбург.
[112] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Izveštaj Generalštaba Jugoslovenske armije, 15. maj 1945., Beograd, 1983, 668.

## Прво заседание на АВНОЈ

На 12 ноември 1941 година Јосип Броз - Тито ја информирал Коминтерната околу планот за формирање на Национален комитет за ослободување на Југославија.[113] Како одговор на неговата телеграма, истиот месец Коминтерната го советувала ЦК на КПЈ, на следниот начин: Националниот комитет за ослободување на Југославија да биде само политички орган на партизанското движење, но никако да не добие карактер на влада, со цел да не дојде до парализам на влади, односно да не се спротивставува на југословенската влада во егзил; во дадениот момент да не се поставува прашањето за аболиција на монархијата; и да не се истакнува парола за република. Исто така, во телеграмата од Коминтерната до ЦК на КПЈ било нагласено дека *„прашањето за режимот во Југославија ... ќе се решава по поразот на италијанско-германската коалиција и по ослободување на земјата од окупаторот“*.[114] Советите, исто така, го блокирале обидот на секретарот на КПЈ, Јосип Броз – Тито да биде претседател на АВНОЈ, со цел таквиот чин да не биде протолкуван од страна на западните сојузници како обид за извршување на комунистичка револуција во Југославија.

Првото, а воедно и основачко заседание на АВНОЈ било одржано на 26 и 27 ноември 1942 година во Бихаќ, западна Босна. На заседанието присуствувале 54 од избраните 78 делегати.[115]

---

[113] Тито во телеграмата до Коминтерната напишал: *„Ние сега формираме нешто како влада, а ќе се нарекува: Национален комитет за ослободување на Југославија. Во Комитетот ќе бидат застапени сите националности на Југославија и разни поранешни партии. Претседател на Комитетот ќе биде д-р Иван Рибар...“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Telegram Tita – Kominterni, 12. Novembar 1942., Beograd, 1983, 260).

[114] *Ibid*, Telegram Kominterne povodom Prvog zasedanja AVNOJ-a – CK KPJ, novembar 1942., 262.

[115] Избрани делегати на Првото заседание на АВНОЈ во Бихаќ биле: Јосип Броз – Тито, д-р Владимир Бакариќ, Миле Балабан, Шиме Бален, Видо Бариќ, Милан Беловуковиќ, Симо Бјелајац, Душан Брстина, Стојан Церовиќ, Ѓуро Чагоровиќ, Родољуб Чолаковиќ, Владимир Дедијер, Милоје Добрашиновиќ, Јурица Драушник, Рато Дугоњиќ, Тоне Фајфар, Војин Гајиќ, Манојле Гариќ, д-р Павле Грегориќ, Никола Груловиќ, Андрија Хебранг, Авдо Хумо, д-р Младен Ивековиќ, Душан Ивовиќ, Осман Карабеговиќ, Јевстатије Караматијевиќ, Едвард Кардељ, Борис Кидрич, Бориша Ковачевиќ, Петар Комнениќ, Едвард Коцбек, Миро Крстајиќ, Вицко Крстуловиќ, Павао Крце, Маријан Лекиќ, Франц Лескошек, Франце Лубеј, Божо Љумовиќ, Блажо Марковиќ, Веселин Маслеша, Радован Мијушковиќ, д-р Сима Милошевиќ, Иван Милутиновиќ, Јосо Мир-

Првата свечена седница на народните претставници за основање на АВНОЈ започнала на 26 ноември 1942 година во 18:00 часот, со која претседавале Станко Опачиќ-Ќаница и д-р Иван Рибар. Пред почетокот на седницата хорот на театарот *„Народно ослободување"* ја пеел *„новата народна химна 'Хеј Словени'"*. Свечената седница била закажана со следниот дневен ред: избор на почесно претседателство[116], избор на работно претседателство[117], избор на два записничара[118] и избор на Верификационен одбор[119]; поздравен говор на Врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито[120]; поздравен говор на претставник на ЦК на КПЈ[121]; поздравен говор на претставник на СКОЈ[122]; поздравен говор на претставник од АФЖ[123]; поздравен говор на претставник на шта-

---

ковиќ, д-р Гојко Николиш, Срѓан Новаковиќ, Станко Опачиќ, Омер Осмиќ, Ѓоко Павиќевиќ, Марко Павиќевиќ, Ристан Павловиќ, Ката Пејновиќ, Ристо Перовиќ, Миле Перуничиќ, Среќко Петровиќ, Моша Пијаде, Нурија Поздерац, Јован Поповиќ, Коча Поповиќ, инж. Милентије Поповиќ, Ѓуро Пуцар, д-р Иван Рибар, Јосип Рус, Брано Савиќ, д-р Павле Савиќ, Јагош Симоновиќ, Никола Срдиќ, Петар Стамболиќ, Лука Стевиќ, Флоријан Сучиќ, Ѓуро Тиљак, Светозар Веиновиќ, Мирко Вешовиќ, Јосип Видмар, Тодор Вујасиновиќ, Владимир Зечевиќ, Бранко Златариќ и Жарко Зрењанин. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 123-124).

[116] Во почесното претседателство на АВНОЈ биле избрани: Претседателот на Врховниот совет на СССР, Михаил Иванович Калинин; Комесарот за народна одбрана на СССР, Јосиф Висарионович Сталин; Народниот комесар за надворешни работи на СССР, Вјачеслав Молотов; Претседателот на САД, Франклин Рузвелт; Претседателот на владата на Велика Британија, Винстон Черчил; организаторот на *„херојската одбрана"* на Сталинград, маршалот Тимошенко; Врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито; ЦК на КПЈ; ВШ на НОВ и ПОЈ; ГШ на НОВ и ПО на Хрватска; ГШ на НОВ и ПО на Србија; ГШ на НОВ и ПО на Босна и Херцеговина; ГШ на НОВ и ПО на Црна Гора; ИО на Ослободителниот фронт на Словенија; и штабот на Првиот босански корпус при НОВ и ПОЈ. (*Ibid*, 18).

[117] За членови на работното претседателство на АВНОЈ биле избрани: д-р Иван Рибар, Нурија Поздерац, Моша Пијаде, Павао Крце, Ката Пејновиќ и прота Јевстатие Караматијевиќ. (*Ibid*).

[118] За записничари на АВНОЈ биле избрани инжинерот Милентие Поповиќ од Белград и новинарот Шиме Бален од Загреб. (*Ibid*, 19).

[119] За членови на Верификациониот одбор на АВНОЈ биле избрани: Влада Зечевиќ, д-р Владимир Бакариќ и Ѓуро Пуцар. (*Ibid*, 22).

[120] Во своето излагање на свечената седница на Првото заседание на АВНОЈ во Бихаќ, Врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито, соопштил: *„ ... денес имаме можност овде да се состанеме, да создадеме еден орган, едно тело кое заедно со Врховниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија, заедно со народноослободителните одбори, ќе ја поддржува нашата борба, ќе ја организира позадината, ќе ја организира нашата политички и економски уништена земја ..."*. Понатаму, посебно истакнал: *„Ние немаме можност да создадеме една легална влада, бидејќи тоа сé уште меѓународните односи и услови не ни го дозволуваат. Но, ние имаме право на едно – а тоа е: во овие тешки околности да создадеме едно политичко тело, еден политички орган кој ќе го собери нашиот народ и ќе го поведи, заедно со нашата херојска војска, во понатамошните борби кои стојат пред нас, а кои ќе бидат многу тешки. Ние немаме никаква власт на нашата територија, освен нашите народноослободителни одбори, кој самиот народ ги создал"*. (*Ibid*, 23).

[121] Како претставник на ЦК на КПЈ за говор на свечената седница на заседанието на АВНОЈ во Бихаќ се јавил Сретен Жујовиќ – Црни. Целиот негов говор види: *Ibid*, 25-26.

[122] Како претставник на СКОЈ за говор се јавил Иво Лола Рибар. Целиот негов говор на свечената седница на заседанието на АВНОЈ во Бихаќ види: *Ibid*, 26-27.

[123] Како претставник на АФЖ за говор на АВНОЈ во Бихаќ се јавила Спасенија Цана Бабовиќ. Нејзиниот говор види: *Ibid*, 27-28.

бот на Првиот босански корпус НОВ и ПОЈ[124]; поздравен говор на претседателот на НОО на градот Бихаќ[125]; и читање на поздравните телеграми[126].

Подоцна бил утврден дневниот ред за првата работна седница на заседанието на АВНОЈ во Бихаќ, одржана наредниот ден, 27 ноември 1942 година. Дневниот ред се состоел од: Извештај на Верификациониот одбор[127]; Реферат на Веселин Маслеша – НОБ и основањето на АВНОЈ[128]; Реферат на Моша Пијаде – Организација на АВНОЈ[129]; Дискусија за рефератите[130]; Донесување на резолуција; Избор на ИО на АВНОЈ; и на крај, прашања и предлози. Вториот ден од заседанието на АВНОЈ во Бихаќ, односно првата редовна седница на АВНОЈ започнала утрото во 9 часот на 27 ноември 1942 година. За време на седницата пристигнала вест дека партизаните го ослободиле градот Јајце.[131]

Потоа, делегатите на АВНОЈ усвоиле *Резолуција за основањето на Антифашистичкото собрание за народно ослободување на Југославија*, што претходно ја прочитал Моша Пијаде.[132]

Најпрво, во Резолуцијата било константирано следното: априлскиот крах на Кралството Југославија било непосредна последица од ненародната политика и низата предавства во воените и политичките раководства во поранешна Југославија; дека ѕверствата на четниците на Драгољуб Михајловиќ не биле по-

[124] Како претставник на Првиот босански корпус при НОВ и ПОЈ се јавил политичкиот комесар на корпусот, Осман Карабеговиќ. Целиот негов говор на заседанието на АВНОЈ во Бихаќ види: Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 28-29.
[125] Целиот негов говор види: *Ibid*, 29.
[126] Поздравни телеграми биле упатени до: претседателот на Врховниот совет на СССР, Михаил Иванович Калињин; комесарот на народната одбрана на СССР, Јосиф Висарионович Сталин; комесарот за надворешни работи на СССР, Вјачеслав Молотов; претседателот на САД, Франклин Рузвелт; премиерот на Велика Британија, Винстон Черчил; до ВШ на НОВ и ПОЈ; и ЦК на КПЈ. За целосните текстови на упатените поздравни телеграми види: *Ibid*, 30-32.
[127] Повеќе информации од извештајот на Верификациониот одбор на АВНОЈ на првото заседание во Бихаќ види: *Ibid*, 34.
[128] Целиот реферат *„Народноослободителната борба и основањето на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија“* на Веселин Маслеша види: *Ibid*, 34-38.
[129] Моша Пијаде, меѓу другото, во својот реферат истакнал: *„Во текот на народното востание народот сам, од потребите на борбата, создал народноослободителни одбори како органи на својата власт. Тие одбори нужно ги замениле сите органи на старата власт“*. Понатаму, Пијаде детално ги анализирал најважните одредби од Резолуцијата за организација на АВНОЈ и ИО, а потоа работите кои претстоеле пред ИО и неговите отсеци. Притоа, се задржал на содржината на работата на НОО во областа на стопанството и финансиите. (*Ibid*, 38-39).
[130] Во дискусијата околу рефератите на Веселин Маслеша и Моша Пијаде со свое излагање се јавиле: Павао Крце, Радован Мијушковиќ, Божо Љумовиќ, Лука Стевиќ, Вицко Крстуловиќ, Јагош Симоновиќ, Стојан Церовиќ, Владимир Дедијер, Шиме Бален, Војин Гајиќ, Станко Опачиќ Ќаница, д-р Сима Милошевиќ, Миле Перуничиќ и Рато Дугоњиќ. (*Ibid*, 40-57).
[131] *Ibid*, 48.
[132] *Ibid*, 58-64.

малку свирепи и помалку масовни од ѕверствата на окупаторот, усташите и приврзаниците на Милан Недиќ; дека бегството на југословенската влада значело срамно напуштање и изневерување на народот во најтешките моменти; дека голем дел од офицерите, општинскиот и државниот апарат на поранешната југословенска држава се ставил во служба на окупаторот; дека единствено КПЈ му останала верна на народот и ги повикувала сите народи на заедничка вооружана борба против окупаторот; и така натаму.[133]

Според првата точка од Резолуцијата, било нагласено дека НОВЈ со своите победи се издигнала во фактор од меѓународно значење. Притоа, било изразено признавање и поддршка до НОВЈ како *„единствен израз и орудие“* на НОБ, *„како единствена здрава и единствена вистинска народна сила способна таа борба да ја доведе до победничкиот крај“*. Додека, пак, Драгољуб Михајловиќ бил обележан како предавник.[134]

Била поздравена борбата на единиците на СССР, САД, Велика Британија, како и на француските единици во Африка, *„гледајќи во тие големи демократски народи свои сојузници во борбата за уништување на фашистичката чума“*.[135]

Била поздравена нотата на советската влада за одговорноста на силите на Оската и нивните соработници и помагачи за злосторствата кои ги извршиле во окупираните држави во Европа. Притоа, било обвинето четничкото движење, предводено од Драгољуб Михајловиќ, за извршување злосторства врз Србите, Хрватите и муслиманите, и било напоменато дека југословенската влада во егзил носела полна одговорност за истите злосторства бидејќи го поддржувала четничкото движење, па поради тоа АВНОЈ изразувал протест до истата.[136]

Понатаму, било нагласено дека НОО израснале во органи на народно-демократската власт и претставувале нужност на единството на позадината и фронтот.[137]

---

[133] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 58-59.
[134] *Ibid*, 59-60.
[135] *Ibid*, 60.
[136] *Ibid,* 60-61.
[137] *Ibid*, 61-62.

АВНОЈ на своето прво заседание во Бихаќ бил конституиран како *„највисок политички израз на создаденото цврсто единство на народите на Југославија, ... како тело кое уште повеќе ќе се развие и ќе ги обедини напорите на народноослободителните одбори и сите други народни масовни антифашистички организации во ослободените и во сѐ уште неослободените делови“*.[138]

АВНОЈ и ИО на АВНОЈ, покрај ВШ на НОВ и ПОЈ, како врховно воено раководство на НОБ, се наоѓале на чело на НОБ како нејзино политичко претставништво.[139]

Основната задача на АВНОЈ била ослободување на сите југословенски народи и создавање на услови за нивна слобода и рамноправност во *„ослободената братска заедница, која никој нема да може да ја уништи бидејќи ќе се искова во оганот на заедничката борба“*.[140]

Понатаму, за време на првата редовна седница на Првото заседание на АВНОЈ во Бихаќ била усвоена *Резолуцијата за организација на АВНОЈ*.

АВНОЈ бил конституиран како општонародно и општопартиско политичко претставништво на НОБ во Југославија. АВНОЈ го сочинувале претставници на сите народи и сите политички партии и групи кои активно учествувале во НОБ против окупаторите и нивните домашни соработници и помагачи. АВНОЈ од својата средина бирал претседател, три потпретседатели и ИО за водење на редовните работи. Президиумот на АВНОЈ раководел со Собранието, ги свикува неговите седници и седници на ИО, го подготвува дневниот ред за седниците, претседава со нив и ја координира работата на одделните отсеци на ИО. Президиумот го застапувал Собранието во јавноста. ИО се делел на отсеци, со цел водење на тековните работи, неопходни за извршување на задачите на НОБ. ИО на АВНОЈ работел според решенијата и упатствата на пленарните седници на Собранието, на кое му одговара за својата работа, му поднесува извештаи за истата, како и свои одлуки за дополнително одобрување. ИО на свои-

---

[138] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 62-63.
[139] *Ibid*, 63.
[140] *Ibid*, 63.

те седници ги разгледува работите на одделните отсеци кои ги спроведуваат неговите одлуки.[141]

Била дадена иницијатива за формирање на највисоки политички претставништва на југословенските народи[142] и проширување на бројот на народни претставници.

АВНОЈ во Прогласот до југословенските народи повикувал на воено дејствување и го промовирал начелото на федерализам, со цел да се здобие со поширока општествена потпора.[143]

Потоа бил извршен избор на ИО на АВНОЈ: д-р Иван Рибар, претседател; д-р Павле Савиќ и Нурија Поздерац, потпретседатели[144]; Миле Перуничиќ, Иван Милутиновиќ, д-р Сима Милошевиќ, Влада Зечевиќ, д-р Младен Ивековиќ и Веселин Маслеша.[145]

АВНОЈ бил организиран како еднодомно собрание составена од национални делегации. АВНОЈ претставувал посебно *„револуционерно собрание на федерацијата"*. На заседанието на АВНОЈ во Бихаќ било направено разграничување помеѓу воените и политичките работи во НОБ.

[141] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 64.
[142] Всушност, се мисли на народноослободителни одбори и земски антифашистички собранија.
[143] *Ibid*, 65-69.
[144] Местото за третиот потпретседател на ИО на АВНОЈ било резервирано за претставник од Словенија. (*Ibid*, 69). Подоцна, за трет потпретседател на ИО на АВНОЈ од Словенија бил избран Едвард Коцбек. (*Ibid*, 121).
[145] *Ibid*, 69-70. Притоа, Миле Перуничиќ бил определен за внатрешни работи; Иван Милутиновиќ за економски работи; д-р Сима Милошевиќ за здравствени работи; Влада Зечевиќ за верски прашања; д-р Младен Ивековиќ за социјални прашања; и Веселин Маслеша за пропаганда. (*Ibid*, 121).

## Консолидација на народноослободителното движење во периодот пред одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ

Југословенсите комунисти и партизани во областите што ги имале под своја контрола настојувале да покажат умешност во раководењето со локалната самоуправа. Тие имале потреба и голема полза од создавање на ефикасна организација. Организацијата на партизанското движење се протегала и дејствувала на разни нивоа.

На локално ниво, НОД во ослободените области дејствувало преку НОО. Во овие области партизанската организација се обидувала да го нормализира општествениот живот колку што дозволувале тамошните услови и околности. НОО организирале настава во училиштата, собирале данок од населението, организирале поштенска служба, настојувале да го осовременат земјоделството и така натаму. Партизаните истовремено ги уништувале локалните полициски архиви, а многу селани во овие НОО стекнале доверба во комунистите.

На регионално ниво биле формирани земски антифашистички народноослободителни собранија. Тие се создавале постепено, во зависност од тамошните околности и услови во секој регион одделно. Меѓутоа, во текот на војната, *„нивната надлежност не се совпаѓала секогаш со внатрешните граници кои подоцна ќе бидат обележани во Југославија“*.[146] Всушност, *„создавањето на антифашистички собранија во југословенските земји значело нов чекор во федеративната институционализација на Југославија“*.[147] Во спроведувањето на иницијативата за формирање на највисоки политички претставништва на југословенските народи, предложена на Првото заседание на АВНОЈ во Бихаќ, во периодот до одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, не биле постигнати значителни резултати, најмногу поради непријателските напади на слободната територија.

---

[146] Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 32-33.
[147] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, 325.

Во рамките на овие иницијативи, предложена на заседанието во Бихаќ, дошло до формирање на Покраински НОО за Далмација, во Ливно, на 28 и 29 јануари 1943 година.[148] На 1 март 1943 година, делегатите на АВНОЈ од Хрватска во Лика формирале Иницијативен одбор на ЗАВНОХ. На 14 јуни 1943 година на Плитвичките Езера, при неговото конституирање, ЗАВНОХ бил прогласен за највисоко политичко претставништво на НОБ во Хрватска.[149] На 20 септември ЗАВНОХ донел одлука за приклучување на Истра, Риека, Задар, анектираните делови на Хрватското приморје, Горски Котар, Далмација и сите јадрански острови, вклучувајќи ги Ластово, Црес, Лошињ и други хрватски области, кои биле под италијанска окупација, кон Хрватска, додека на италијанското малцинство во овие области *„му се гарантира автономија“*.[150] На 26 септември 1943 година привремениот покраински извршен НОО за Истра издал проглас по повод приклучувањето на Истра кон Хрватска, со кој го поздравувале овој чин.[151] Од 12 до 15 октомври 1943 година во селото Плашки, Лика, било одржано Второто заседание на ЗАВНОХ, на коешто *„формалната природа на ЗАВНОХ не била изменета“*.[152] Кон крајот на 1943 година темелите на ЗАВНОХ ги сочинувала мрежа од 4.600 народноослободителни одбори.[153]

На 16 септември 1943 година, ИООФ на словенскиот народ го присоединил Словенечкото приморје кон федерална Словенија.[154] Кочевскиот збор, одржан во периодот од 1 до 3 октомври 1943 година, ги поставил основите на новата словенечка државност во составот на Југославија. На Кочевскиот збор, словенечкиот НОО станал највисок орган на власт во Словенија, односно под своја

---

[148] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, U Livnu formiran Oblasni Narodnooslobodilački odbor za Dalmaciju, 28. ili 29. januar 1943, Beograd, 1983, 400-402.

[149] Ibid, Rezolucija Prvog zasjedanja ZAVNOH-a, 14. jun 1943., 403-406.

[150] Ibid, Odluka ZAVNOH-a o priključenju Istre, Rijeke, Zadra i ostalih od Italije okupiranih krajeva Hrvatskoj, 20. september 1943., 418. Јосип Броз – Тито ги критикувал Хрватите за *„присвојување на суверенитетот што ѝприпаѓа само на Југославија“*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 95).

[151] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Proglas Privremenog pokrajinskog izvršnog narodnooslobodilačkog odbora Istre povod priklučenja Istre Hrvatskoj, 26. Septembar 1943., Beograd, 1983, 418-419.

[152] Раслојувањето во ХСС заземало сè поголем замав. Имено, на Второто заседанието на ЗАВНОХ во Плашки учествувале 34 бивши членови на ХСС. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, 325).

[153] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 282.

[154] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odlok o organizaciji javne uprave na primorskem ozemlju, 16. septembar 1943., Beograd, 1983, 412.

контрола ја зел законодавната и извршната власт во Словенија. Кочевскиот збор избрал Извршен одбор на ОФ, како извршен орган на Пленумот на СНОО, Претседателството на СНОО, и на делегатите од Словенија за АВНОЈ.[155] Во Резолуцијата, Кочевскиот збор го признал АВНОЈ како единствено претставништво на Југославија, а на југословенската влада во егзил и го одземал правото да го претставува словенечкиот народ.[156]

На 15 и 16 ноември 1943 година во Колашин било одржано основачкото собрание на ЗАВНО на Црна Гора и Бока.[157]

Статусот на Босна и Херцеговина бил најнесигурен до 1943 година, така што *„извесно време се сметаше за потенцијален автономен партнер на Србија или Хрватска"*.[158] На 12 октомври 1943 година била одржана првата обласна конференција на НОО за Босанска краина.[159] Положбата на Босна и Херцеговина како рамноправна федерална единица во рамките на идната југословенска држава била потврдена на основачкото заседание на ЗАВНОБиХ во Мркоњиќ Град на 25 ноември 1943 година, непосредно пред одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце. Во Босна и Херцеговина не постоело јасно мнозинство на одреден етникум, па поради тоа босанските комунисти решиле дека Босна и Херцеговина не била ниту српска, ниту муслиманска, ниту хрватска, туку истовремено била српска, муслиманска и хрватска.[160] Всушност, со приклучувањето на Босна и Херцеговина како федерална единица во составот на федеративна Југославија бил направен исклучок од националната структура на југословенската федерација.

За време на окупацијата, македонскиот народ бил изложен на нови поделби, денационализација и економска експлоатација. Со учеството во НОБ, македонскиот народ требало самостојно, со сопствени сили, *„да си го извојува*

---

[155] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Objava o zasedanju zbora predstavnika slovenskog naroda, 7. oktobar 1943., Beograd, 1983, 412-414.
[156] *Ibid*, Resolucija sprejeta na zboru odposlancev slovenskega naroda, 3. oktobar 1943., 415-417.
[157] *Ibid*, Rezolucija osnivačke skupštine Zemaljskog antifašističkog vijeća narodnog oslobođenja Crne Gore i Boke, 15-16. novembar 1943., 428-430.
[158] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 105.
[159] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Rezolucija prve oblasne konferencije NOO-a Bosanske krajine, 12. oktobar 1943., Beograd, 1983, 423-424.
[160] Ibid, Rezolucija Zemaljskog antifašističkog vijeća narodnog oslobođenja Bosne i Hercegovine, 26-27. novembar 1943., 432-435.

*правото на самоопределување во духот на Атлантската повелба "*.[161] ПК на КП за Македонија во почетокот на јануари 1943 година донел одлука за почеток на подготовки за основање на АСНОМ, кои биле забрзани со создавањето на слободна територија во западна Македонија по капитулацијата на Италија. Во февруари 1943 година, под директива на врховниот командант на НОВ и ПОЈ – Јосип Броз – Тито, Светозар Вукмановиќ – Темпо, како делегат со *„вонредни овластувања"* во Скопје ја формирал Комунистичката партија на Македонија и *„прогласил самостојност на КПМ во составот на КПЈ"*.[162] Со тоа била продолжена реорганизацијата на КПЈ на национална основа, *„со што 'власта' на центарот на револуцијата 'се пренесува на поединечен член, за одредено време и со утврдени задачи'"*.[163] На 19 март 1943 година на состанокот на КПМ во Тетово бил избран ЦК на КПМ, на чело со Лазар Колишевски, кој во тој период се наоѓал во затвор во Бугарија. Манифестот кој ГШ на НОБ и ПОМ го издал во октомври 1943 година во селото Црвена Вода бил програмски документ, претставувал антиципација на решенијата на АВНОЈ, во кого биле изнесени основните цели на оружената борба на македонскиот народ за национално, социјално, економско и културно ослободување, а пак, идниот државно-правен статус на Македонија се гледал во составот на Југославија.[164] За реализација на реше-

---

[161] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 16.

[162] Ibid, 17-18.

[163] Исто така, Светозар Вукмановиќ – Темпо сметал дека целта со формирањето на КПМ била *„да им се олесни на македонските комунисти собирањето на народот во борба за ослободување на Македонија ... Меѓутоа, тоа никако не би смеело да доведе до одвојување на таа борба од онаа која ја водат останатите народи на Југославија..."*. (Ibid, 18).

[164] Slobodan Nešović i Branko Petranović, AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945, Manifest Glavnog štaba NOV Makedonije, oktobar 1943., Beograd, 1983, 424-427. Ваквите програмски цели послужиле како повод за приговор на членовите на АНОК во почетокот на декември, кој сметал дека врзувањето на Македонија за Југославија значело откажување од обединувањето на Македонија. АНОК притоа поставил барање за поврзување на НОД од Вардарска Македонија со партизанските движења во егејскиот и пиринскиот дел на Македонија. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава 1944-1991*, Скопје, 2015, 22). На 20 декември 1943 година, Кузман Јосифовски – Питу го известил ЦК КПМ по повод приговорот на Манифестот на ГШ на НОВ и ПОМ од страна на членовите на АНОК, каде што кажува дека, според негова проценка, *„луѓето од АНОК, како и оние кои се повикани за АСНО на Македонија, уште целосно не ја сфатиле НОБ и затоа прашањето за Македонија го поставуваат тесно националистички, а само на збор 'општо-балканско'"*. Понатаму, тој наведува неколку причини поради кои дошло до тоа, односно причини кои влијаеле во формирањето на таквиот нивен став, и тоа: *„поради нашата слабост, поради недоволното политичко и организационо влијание на антифашистичките елементи во позадина"*; поради тоа што *„сите тие луѓе се во мнозинство интелектуалци од градски средини, кои најмалку го почувствувале окупаторот ... и затоа и денес не го сфаќаат моментот за реализирање на нашите цели во општата секојдневна борба ... туку македонското прашање го поставуваат апстрактно"*; и поради тоа што *„тие луѓе се движат во чаршијата и меѓу интелигенцијата и, се разбира, тие го трпат и примаат влијанието и гледиштето на чаршијата. А бидејќи*

нијата од Второто заседание на АВНОЈ во Македонија, во првата половина на ноември 1943 година, на слободната територија во западна Македонија бил формиран Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ.[165] ИО прераснал во привремено политичко претставничко тело на НОБ и највисок орган *„на државата што се создаваше“*, а меѓу другото, и вршел интензивни подготовки околу одржувањето на Првото заседание на АСНОМ.[166]

Со обновата на ПК на КПЈ за Војводина,[167] со создавањето на војводинските бригади и со формирањето на покраинскиот ГШ на НОВ и ПО за Војводина,[168] била извршена регионална воено-политичка институционализација, која била заснована врз идејата за целосна Војводина. Изјаснувајќи се за цела Војводина, раководството на КПЈ, истовремено, се противело на решавањето на прашањето околу западен Срем во текот на војната, со цел да не се оспорувал или отежнувал процесот на политичкото определување за НОД во Србија и Хрватска со отворањето на прашањето околу Војводина и со оживувањето на ста-

---

*нашето влијание беше слабо, истите, не сакајќи го примиле ставот на Ванчо Михајлов и на други предавници и слуги на окупаторот“*. Поради овие причини, меѓу овие членови се појавил *„неизживеан национален автономизам“* во *„најјасно светло“*. Според него, *„тој шовинизам е толку застапен, што денес е штетен и опасен за НОБ“*. Меѓутоа, Кузман Јосифовски нагласува дека *„со сигурност можам да тврдам, бидејќи се уверив, дека таа појава била само кај ограничен број интелектуалци, луѓе од чаршијата, од градската средина, и тоа само во Скопје. Инаку, во оние места каде Манифестот е растурен – масите го примија со воодушевување“*. На крајот, потенцира дека решенијата донесени на Второто заседание на АВНОЈ претставуваат *„јасен фактор и потврда на правилноста на линијата на Манифестот во денешната етапа на НО борба“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Izveštaj Kuzmana Josifovskog CK KPM povodom prigovora na Manifest Glavnog štaba NOV i PO Makedonije, 20 decebdar 1943., Beograd, 1983, 585-586).

165 Во почетокот ИО за свикување на АСНОМ го сочинувале: Методија Андонов – Ченто, како претседател; Страхил Гигов, како секретар; Михајло Апостолски, Цветко Узуновски – Абас, Борко Темелковски и Венко Марковски, како членови. На 30 април 1944 година, ИО за свикување на АСНОМ бил проширен на 22 члена. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава 1944-1991*, Скопје, 2015, 22).

166 На тој начин, ИО ја презел улогата на АНОК, кој претходно ја координирал работата на НОО *„како први никулци на новата власт“* и вршел подготовки за свикување на АСНОМ. АНОК бил формиран во есента 1943 година, од страна на видни македонски претставници, учесници во антифашистичкото движење во Македонија. АНОК вршел функција на највисоко тело на НОФ во Македонија и *„играл улога на највисок НОО“*. Во декември 1943 година АНОК бил распуштен. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 22).

167 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Pismo Pokrajinskog komiteta KPJ za Vojvodinu Centralnom komitetu KPJ o obnovi Pokrajinskog komiteta i razgraničenju između Hrvatske i Vojvodine, 27. jun 1943., Beograd, 1983, 407.

168 Кон крајот јуни 1943 година во источна Босна бил одржан состанок на Оперативниот штаб за Војводина со ВШ на НОВ и ПОЈ на чело со Јосип Броз – Тито, на кој била донесена одлука за преименување на Оперативниот штаб во ГШ на НОВ и ПО за Војводина. (*Ibid*).

рите спорови околу нејзе.[169] ПК на КПЈ за Војводина, на иницијатива на Светозар Марковиќ и Бранко Бајиќ, решил во октомври 1942 година да формира Покраински НОО за Војводина, но до тоа не дошло поради теророт во Бачка и големите жртви на покраинската партиска организација.[170] Со воспоставувањето на врската меѓу Бачка и Срем, односно со обединувањето на НОД на целата територија на Војводина, биле создадени услови за формирање на највисок орган на власт во Војводина. Во летото 1943 година бил формиран Иницијативен покраински народноослободителен одбор[171], кој од ноември 1943 година се јавувал како Покраински НОО на Војводина.[172]

Наспроти одржувањето на заседанието во Јајце, на 20 ноември 1943 година бил основан ЗАВНОС, односно Земско антифашистичко собрание на народно ослободување на Санџак.[173] ЗАВНОС бил основан како отстапка за муслиманите, *„кои сочинуваа 43,09 проценти од населението во регионот и главно беа антипартизански настроени“*.[174]

Во меѓувреме се одвивале подготовки за формирање на ЗАВНО на Србија, но поради тешките услови во Србија, која германската команда ја означувала како *„клуч на Балканот“*, не дошло до негово формирање.[175] На тој начин, српскиот народ не се изјаснил за својот статус во рамките на идната југословенска држава пред Второто заседание на АВНОЈ, како што тоа го сториле останатите конститутивни народи на новата федеративна југословенска држава.

---

[169] На пример, околу прашањето за припадноста на Војводина: дали таа е српска или хрватска област. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolcija 1941-1945*, Beograd, 1988, 283).

[170] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, 326.

[171] Први членови на Иницијативниот покраински народноослободителен одбор на Војводина биле: Никола Груловиќ, Јован Поповиќ, д-р Славко Кузмановиќ и Лука Мркшиќ. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 601).

[172] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, 326.

[173] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Rezolucija o organizaciji Zemaljskog antifašističkog vijeća narodnog oslobođenja Sandžaka, novembar 1943., Beograd, 1983, 431-432.

[174] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 100.

[175] Германската команда и препишувала големо геостратешко значење на Србија поради можноста за продор на јужниот советски фронт, близината на нејзините сателитски држави, како и поради значењето на долината на реката Морава. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 287).

Политбирото на ЦК на КПЈ наспроти заседанието во Јајце бил против промена на границите на Југославија во полза на Албанија.[176] Косовското раководство било свесно дека албанските маси се наоѓале вон НОБ и дека било потребно да се преземат мерки за нивно активирање.[177] Притисок врз косовското раководство вршела и КПА, на чело со Енвер Хоџа, како и Бали Комбтари, Легалитет и други движења, кај кого доминирала националната албанска идеологија со манифестирање на идејата за *„Голема Албанија“*.[178] Од 3 до 5 ноември 1943 година на Шар Планина било одржано покраинско советување на КП за Косово и Дукаѓин[179] на кое било донесено одлука за формирање на заеднички НОО за цело Косово и Дукаѓин.[180]

Стравувајќи од евентуални реакции на западните сојузници, советскиот лидер Сталин ги советувал југословенските комунисти да не се *„расфрлаат“* со долгорочни социјалистички цели и целосно да се посветат на борбата против силите на Оската, што на многумина им ја олеснила соработката со комунистите.[181] Тито ја прифатил директивата на Сталин, *„иако со тешко срце“*.[182]

---

[176] Имено, Миладин Поповиќ и одредени албански комунисти правеле аналогија на прашањето околу Косово и Метохија со прашањата околу Истра и Словенечкото приморје, иако станувало збор за две сосема различни ситуации, бидејќи Косово и Метохија било во составот на Кралството Југославија, а Истра и Словенечкото приморје биле во составот на Италија по завршувањето на Првата светска војна. Исто така, Италија била поразена држава на страна на силите на Оската, додека Албанија била *„жртва на фашистичка агресија“*. По капитулацијата на Италија во септември 1943 година, во Истра избило востание. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945,* Beograd, 1988, 289-290).
[177] Ibid.
[178] Ibid, 290.
[179] Дукаѓин бил назив за Метохија. ЦК КПЈ бил против промената на називот за Метохија во Дукаѓин, бидејќи областите под тоа име ги преминувале југословенските граници. (Ibid, 297).
[180] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Šesto novembarsko pokrajinsko savetovanje Komunističke partije za Kosovo i Dukađin na Šar-Planini, 3, 4. i 5. novembar 1943., Beograd, 1983, 602.
[181] Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 32.
[182] *Ibid.*

# ВТОРОТО ЗАСЕДАНИЕ НА АВНОЈ

## Подготовки за свикување на заседанието

Раководството на НОД на Југославија работело на подготовките за свикување на Второто заседание на АВНОЈ уште во почетокот на септември 1943 година, констатирајќи дека созреале условите за создавање на *„авторитативно политичко тело“*, кое би ги искажало своите ставови за монархијата, кралот и југословенската влада во егзил.[183]

Тоа се одвивало во моментите на успесите на НОВ и ПОЈ во Југославија и на сојузничките победи над силите на Оската. Првите иницијативи за свикување на Второто заседание на АВНОЈ временски се поклопуваат со напредувањето на Црвената армија на Источниот фронт, како и со капитулацијата на Италија на запад. Паралелно со тоа, Британците ја промениле својата политика во Југославија и прекинале во извесен степен да се мешаат во југословенските внатрешни работи, иако не ги напуштале кралот и монархијата.

Секретарот на КПЈ, Јосип Броз - Тито, информиран за конференцијата на министрите за надворешни работи на СССР, Велика Британија и САД во Москва во октомври 1943 година, со полномоштво на АВНОЈ, ЗАВНОХ, СНОО и ВШ на НОВ и ПОЈ, ја информирал официјална Москва дека: не ги признавале југословенската влада во егзил и кралот, бидејќи го поддржувале *„соработникот на окупаторот“* Драгољуб Михајловиќ, па поради тоа тие *„ја сносат целата одговорност за тоа предавство над народите на Југославија“*; дека нема да дозволат нивно враќање во Југославија, *„бидејќи тоа би значело граѓанска војна“*; дека *„огромното мнозинство од народот“* сакало демократска република, базирана на народноослободителни одбори; како и дека *„единствена законска власт на народот во сегашно време се народноослободителните*

[183] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, kn. II, Narodnooslobodilački rat i revolucija*, Beograd, 1988, 280.

*одбори на чело со антифашистичките собранија“*.[184] Меѓутоа, официјална Москва не била известена околу подготовките за Второто заседание на АВНОЈ, *„зашто бевме уверени дека Сталин ќе биде против тоа заседание“*.[185]

Раководството на НОД очигледно решило за водење политика на *„свршен чин“*, притоа јавно конфронтирајќи се со југословенската влада во егзил, одземајќи го формално нејзиното легитимистичкото својство.

Прогласот на ЦК на КПЈ по повод годишнината од Октомвриската револуција недвосмислено ставил до знаење дека народите на Југославија не признавале југословенската влада во егзил и некои други *„револуционерни клики“* да говорат во нивно име и дека АВНОЈ бил единствен нивни претставник.[186]

Штерју Атанасов по пристигнувањето во Југославија му пренел порака на Георги Димитров дека на идното заседание на АВНОЈ ќе било разгледано прашањето за создавање на јужнословенска федерација.[187]

На проширената седница на Политбирото на ЦК на КПЈ во Јајце од 16 до 18 октомври 1943 година било дискутирано и донесено одлуки околу организацијата на *„народната власт“*. Имено, било решено на претстојното заседание на АВНОЈ да биде предложено формирање на НКОЈ, кој би ги имал сите прерогативи на една влада, и кој во својата декларација требало да ја истакне како програмска девизата: *„Федерација на Јужни Словени“*,[188] како и посебно да им се обрати на грчкиот и на албанскиот народ; околу прашањето за монархијата, да се изјасни против враќањето на кралот во земјата додека народот, преку сво-

---

[184] На крајот од депешата било нагласено дека таква изјава ќе им биде пренесена на британската мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ, како и дека шефот на англо-американската мисија при ВШ на НОВ и ПОЈ, британскиот бригадир Фицрој Маклејн, веќе им дал до знаење дека британската влада *„нема многу да настојува за кралот и на бегалската југословенска влада“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Titova depeša Moskvi povodom predstojeće konferencije ministara inostranih poslova, oktobar 1943., Beograd, 1983, 397-398).

[185] Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 47.

[186] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, kn. II, Narodnooslobodilački rat i revolucija*, Beograd, 1988, 281.

[187] Тоа несомнително им одговарало на бугарските комунисти поради рехабилитација на Бугарија за нејзиното учество во војната на страната на силите на Оската. (*Ibid*).

[188] Иако заклучокот, за во декларацијата на НКОЈ да биде истакната паролата: *„Федерација на Јужни Словени“*, бил донесен, во пракса не бил спроведен, затоа што Тито сметал дека ситуацијата сè уште не била зрела за програмско формулирање на таква крупна одлука, првенствено поради меѓународните околности, особено поради евентуалното противење од страна на Велика Британија, но и поради внатрешни причини, бидејќи во овој момент таквата девиза не им одговарала ниту на југословенските комунистички раководители. (*Ibid*).

ите слободно избрани претставници, не донесе решение за формата на власта; а, на југословенската влада во егзил да и се одземе правото на легитимно претставување на југословенските народи, *„кои не ја признаваат“*. Понатаму, се предлагало АВНОЈ да се потполни со избраните претставници од сите области; *„неговиот карактер треба да стане општорепрезентативен“*; и наместо Извршен одбор, да биде избран Президиум на АВНОЈ на чело со д-р Иван Рибар. Исто така, било решено на да се подготви заседание на АВНОЈ на почетокот на ноември; на идното заседание на АВНОЈ да се усвои една општа резолуција и да се направат промени во статутот на АВНОЈ во врска со споменатите решенија; Президиумот формално да ги потврдел последните решенија, акти и слично, на ВШ, како и свечено да го прокламира присоединување на Истра, словеначкото приморје, Горица и островите кон Југославија. На крај, била нагласена потребата да се забрза со процесот за создавање на антифашистички собранија за Србија, Црна Гора и Македонија, како и создавање на обласни НОО за Војводина, Санџак и источна Босна.[189]

На 28 ноември 1943 година бил испратен извештај од страна на Тито и Штерју Атанасов до официјална Москва дека започнувал пленум на АВНОЈ, на кој на дневен ред ќе било: реорганизација на АВНОЈ во *„привремен законодавен орган на народите на Југославија“* и создавање на *„Национален комитет, како привремена извршна влада, одговорна пред Собранието“*.[190] На тој начин официјална Москва била известена за одржувањето на претстојното Второ заседание на АВНОЈ во Јајце. Од официјална Москва не пристигнал никаков одговор.

Поради опасност од евентуален воздушен напад, било решено заседанието да трае само една ноќ. Градот Јајце[191], вечерта, за време на заседанието бил

[189] На проширената седница на Политбирото на ЦК КПЈ од 16 до 18 октомври 1943 година, присуствувале: Валтер (Јосип Броз – Тито), Бирк (Едвард Кардељ), Бели (Сретен Жујовиќ), Марко (Александар Ранковиќ), Вељко (Милован Ѓилас), Младен (Моша Пијаде), Фишер (Иво Лола Рибар) и Стари (Ѓуро Пуцар). (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945.*, Sednica CK KPJ 16 – 18. oktobar 1943., Beograd, 1983, 427 – 428).
[190] *Ibid*, Izveštaj J. B. Tita i Šterju Atanasova, alias Viktora Georgi Dimitrovu u Moskvu o predstojećem Drugom zasedanju AVNOJ-a u Jajcu, 28. novembar 1943., 400).
[191] Градот Јајце во текот на Втората светска војна неколкупати ги менувал своите власти. Партизаните го освоиле градот во 1942 година, но на крајот на истата година Германците го повратиле, а партизаните повторно го заземале на 17 август 1943 година. Поради тоа што градот го држеле речиси три месеци, било решено токму во него да се одржи заседанието, но, секако, и од геостратешки причини. Претходно, било планирано Второто заседание на АВНОЈ да се одржи во Хрватска, поточно во Оточац, на 15 ноември 1943 година. Меѓутоа, потоа настанале измени и

замрачен. Единствено било запалено само светлото во *„Домот на културата“*[192], каде заседанието се одржувало. Салата била посебно декорирана за засе-данието. На подиумот биле поставени знамињата на Југославија[193], Велика Британија, САД и СССР. Во салата била претставена и првата скица за новиот грб на Југославија[194]. Сликарот Ѓорѓе Андреевиќ - Кун го декорирал *„Домот на културата“* со светли бои и насликал портрети на советскиот лидер Јосиф Сталин, американскиот претседател Френклин Рузвелт и на британскиот премиер Винстон Черчил.

Во периодот меѓу Првото и Второто заседание на АВНОЈ починале или загинале 15 делегати и членови на АВНОЈ, и тоа: Борисав Ковачевиќ, Веселин Маслеша, Војин Гајиќ, Жарко Зрењанин, Иво Лола Рибар, Мирко Вешовиќ, Никола Срдиќ, Нурија Поздерац, д-р Сима Милошевиќ, Симо Бјелајац, Стојан Церовиќ, Миле Балабан, Срдан Новаковиќ, Јован Булајиќ и Владо Буриќ.[195]

---

било предвидено заседанието да се одржи на 25 ноември 1943 година при ВШ на НОВ и ПОЈ. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945.*, Tito – Centralnom komitetu KP Hrvatske, 11. novembar 1943., 399).

[192] Второто заседание на АВНОЈ било оддржано во зградата на поранешното друштво *„Сокол“*. По освојувањето на градот, партизаните ја уништиле неговата сала, која била германска воена касарна, за во неполни три недели да ја обноват и подготват за одржување на заседанието. Новиот објект го нарекле *„Дом на култура“*. Тука работел театар, во којшто секоја вечер се изведувала сатаричната драма *„Ревизор“* од рускиот драматург Николај Василевич Гогољ.

[193] Тробојното југословенско знаме со црвена петокрака ѕвезда во средината.

[194] Грбот на Југославија бил изработен од страна на уметниците Ѓорѓе Андреевиќ Кун и Антун Аугустинчиќ.

[195] Тројца од нив биле членови на ИО на АВНОЈ, и тоа: Нурија Поздерац, како потпретседател; д-р Сима Милошевиќ и Веселин Маслеша. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 124).

## Почеток на заседанието

Единствената слободна територија за време на одржувањето на Второто заседание на АВНОЈ опфаќала простор од околу 130.000 km.2[196]

Второто заседание на АВНОЈ било одржано во Јајце, јужна Босна, на 29 и 30 ноември 1943 година, во присуство на 142 од 268 избрани делегати од сите делови на Југославија[197], со кои гласале и заменици делегати врз основа на полномоштва, при што некои имале по две, а некои дури и по три полномоштва. На тој начин, меѓу оние кои гласале имало повеќе од 142 делегати. Меѓу делегатите имало комунисти и некомунисти.[198] Најистакнати пароли за време на заседанието биле: *„Смрт на фашизмот – слобода на народот"*; *„Братство – Единство!"*; и *"Сите за фронт – сите за победа"*.[199]

Меѓутоа, на ова заседание на АВНОЈ не присуствувала македонска делегација[200], бидејќи нејзините претставници не успеале да се пробијат до Јајце.[201]

---

[196] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija*, Beograd, 1988, 283.

[197] Од Хрватска имало присутни 37 делегати од 78 избрани делегати, од Босна и Херцеговина – 46 делегати од избрани 53 делегати, од Војводина имало двајца делегати од избрани 8 делегати, од Србија – 24 делегати од избрани 53 делегати, од Црна Гора – 16 делегати (пристигнале сите избрани делегати) и од Словенија – 17 делегати од избрани 42 делегати. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 166).

[198] На заседанието учествувале делегати од ХСП, Српската земјоделска партија, Партијата на слободни демократи, Муслиманската заедница, Партијата на христијанските социјалисти, неколку радикали и делегати од други партии. Дури, имало двајца Хрвати од Југословенскиот одбор.

[199] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija*, Beograd, 1988, 283.

[200] Од Македонија на заседанието во Јајце требало да бидат делегирани 42 делегати, но, поради слабите радио-врски, до почетокот на заседанието биле пријавени имињата на само 7 делегати: Димитар Влахов, Лазар Колишевски, Мара Нацева, Михајло Апостолски, Бане Андреев, Владо Поп-Томов и Методија Андонов – Ченто. Нивните мандати верификациониот одбор на АВНОЈ ги потврдил иако тие не присутвувале на заседанието. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 466). Подоцна, пак, според депешато на Светозар Вукмановиќ – Темпо до врховниот командант на НОВ и ПОЈ, маршалот Јосип Броз - Тито, од 11 декември 1943 година, во врска со пратениците од Македонија, се предлагало од Македонија во составот на Президиумот на АВНОЈ, како членови да влезат: Владо Поп-Томов, Цветко Узуновски, Дончо Арсов, Венко Марковски, Никола Минчев, Тодор Пецов Циповски и Петре Пирузе – Мајски. Додека, пак, за членови на АВНОЈ биле предложени: Коле Николов, Наум Наумовски, Ристо Бајалски, Злате Билјановски, Чеде Филиповски, Наум Тошков Веслиевски, Кузман Борисов Јосифовски, Љупчо Арсов, Пантелија Панчевски, Владимир Полежиноски, Неджат Аголи, Веселинка Малинска, Томо Кутурец, Вера Ацева, Ванчо Бурзевски, Нако Георгиев, Лазар Џајковски, Лазар Калајџиски – Добри, Еќел Мајсев и

Сите останати југословенски народи имале своја делегација на заседанието. Сепак, тешките услови за движење и оддалеченоста спречиле голем број на делегати да присуствуваат на заседанието. На заседанието во Јајце, исто така, немало делегати и од Косово и Метохија и Санџак.

На заседанието на АВНОЈ во Јајце преовладувале делегатите со српско потекло.[202] Делегацијата од Србија ја претставувале раководните политички и воени кадри на КПЈ од српските партизански единици, со оглед на неможноста да се изберат делегати во услови на притисок од германските и бугарските окупаторски власти, како и притисок од домашните колаборационисти.

На заседанието во Јајце присуствувала британска воена мисија на чело со капетанот Вилијам Дикин, како *„неми набљудувачи на раѓањето на еден нов систем на власт“*[203].

Второто заседание на АВНОЈ во Јајце започнало на 29 ноември 1943 година во 19:00 часот, со кого претседавале д-р Иван Рибар[204] и д-р Војислав Кецмановиќ.[205] Заседанието го отворил неговиот претседавач, а воедно и претседател на Извршниот одбор на АВНОЈ, Иван Рибар, при што го истакнал дневниот ред на работата на заседанието, и одржал воведен говор, при што поднел извештај за работата на АВНОЈ меѓу Првото и Второто негово заседание.[206]

---

Јонче Колев. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941-1945.*, Depeša Svetozara Vukmanovića Titu o većnicima iz Makedonije, 11. Decembar 1943., Beograd, 1983, 467).

[201] На 30 ноември 1943 година, Светозар Вукмановиќ – Темпо го известил врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито, дека македонските делегати не се префрлиле на слободната територија поради *„провалите во Скопје и офанзивите на нас“*, и го прашал дали може да се почека до 5 декември со праќањето на делегатите. (*Ibid*, Svetozar Vukmanović Tempo obaveštava Vrhovnog komandanta NOV i POJ o broju i imenima delegata iz Makedonije određenih za Drugo zasedanje AVNOJ-a, 30. novembar 1943., 466).

[202] Имено, српските делегати претставувале 54% од вкупниот број делегати кои присуствувале на заседанието на АВНОЈ во Јајце. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 287).

[203] Мисијата ја доставила содржината од решенијата донесени на заседанието на бригадирот Фицрој Маклејн, толкувајќи ги како ултиматум до сојузниците да ја признаат *„политичката власт“* на НОД. (Branko Petranović, *AVNOJ – Revolucionarna smena vlasti 1942 – 1945*, Beograd, 1976, 211).

[204] Иван Рибар, на 27 ноември 1943 година, два дена пред одржувањето на заседанието во Јајце, кај Гламочко поле, Босна и Херцеговина, загинал неговиот син Иво Лола Рибар, кој бил член на ВШ на НОВ и ПОЈ, секретар на ЦК на СКОЈ, претседател на УСАОЈ и член на Политбирото на КПЈ. Претходно, на 3 октомври 1943 година, во селото Требаљево, кај Колашин, Црна Гора, загинал и помладиот син на Иван Рибар, Јурица Рибар, во борба со четниците.

[205] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 135.

[206] *Ibid*, 135-142.

Потоа, се преминало на работа според точките предвидени во дневниот ред.[207] Се преминало кон искажување на поздрави. За говор се јавил Александар Ранковиќ, кој заседанието го поздравил од името на ЦК на КПЈ. Потоа, говор зеле: Арсо Јовановиќ, како претставник на ВШ на НОВ и ПОЈ; Мијалко Тодоровиќ - Плави, како претставник на *„храбриот народ на слободарска Србија“*; д-р Павле Грегориќ, како претставник на ЗАВНОХ; Марко Вујачиќ, како претставник на ЗАВНО за Црна Гора и Бока; Ѓуро Пуцар - Стари, како претставник на ЗАВНОБиХ; Јосип Видмар, како претставник на Ослободителниот фронт на словенечкиот народ; Митра Митровиќ – Ѓилас, како претставник на АФЖ; и Михаило Швабиќ, како претставник на СКОЈ.[208]

Потоа се преминало кон втората точка од дневниот ред, при што биле избрани работно претседателство[209], Верификационен одбор[210] и записничари[211].

Понатаму, според третата точка од дневниот ред, биле упатени поздравни телеграми до советскиот лидер Јосиф Сталин, британскиот премиер Винстон Черчил, американскиот претседател Френклин Рузвелт, до Сѐсловенскиот комитет во Москва, до југословенските *„браќа во Америка“*, до ВШ на НОВ и ПОЈ, до југословенските затвореници во фашистичките затвори и логори, и до југословенските борци во неослободените територии.[212]

Потоа се пристапило кон читање на поздравните депеша упатени до АВНОЈ и до Врховниот командант на ВШ на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз - Тито.[213]

По констатацијата на Верификациониот одбор околу бројот на присутните делегати на заседанието и бројот на полномоштвата,[214] бил прифатен пред-

---

[207] Дневниот ред бил поделен на три дела: свечен дел, работен дел и одмор. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 136).
[208] *Ibid*, 143-156.
[209] Работното претседателство на АВНОЈ на заседанието во Јајце го сочинувале: д-р Војислав Кецмановиќ, д-р Павле Грегориќ, Иван Милутиновиќ, Јосип Видмар, Сулејман Филиповиќ и д-р Златан Сремец. (*Ibid*, 156).
[210] За членови на Верификациониот одбор биле избрани: Фране Фрол, д-р Маријан Брецељ и Тодор Вујасиновиќ. (*Ibid*, 157).
[211] За записничари биле избрани: Шиме Бален и Осман Карабеговиќ. (*Ibid*).
[212] *Ibid*, 157-161.
[213] Притоа биле прочитани депеша од: ЦК на КПБ, Сѐсловенскиот комитет во Москва, Президиумот и делегатите на ЗАВНОБиХ, Иницијативниот одбор на ЗАВНОС, и од неколку села во Југославија. (*Ibid*, 161-166).
[214] *Ibid*, 166.

логот за верификација на полномоштвата на 11 делегати од Санџак[215] и на 7 делегати од Македонија.[216]

Потоа, се преминало кон следната точка од дневниот ред, односно на рефератот: *„Развојот на народноослободителната борба на народите на Југославија во врска со меѓународните настани“*, кој го поднел врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз - Тито.[217] По долготрајноиоото обраќање на Тито, била отворена дискусија за неговиот реферат, каде за збор се јавиле: Божидар Маговац, д-р Љубо Леонтиќ, Борис Кидрич, Јакоб Авшиќ, Перо Крстајиќ, Сулејман Филиповиќ, Новак Мастиловиќ, Лука Стевиќ, д-р Миливој Јамбришак, Франц Лубеј, Вице Буљан, Родољуб Чолаковиќ, д-р Мето Микуж, Радоња Голубовиќ, Сретен Жујовиќ, Јосип Јерас, Хаџимехмед Мујкиќ, Едвард Коцбек и д-р Владимир Бакариќ.[218] Сите говорници го поздравиле рефератот на Јосип Броз - Тито, *„бидејќи во него било изразено општото расположение на сите народи на Југославија, без оглед на националната, верската и партиската припадност“*.[219]

---

[215] За Второто заседание на АВНОЈ во Јајце биле избрани 11 делегати од Санџак, и тоа: Сретен Вукосављевиќ, Милоје Добрашиновиќ, Душан Ивовиќ, Велимир Јакиќ, Јевстатије Караматијевиќ, Никица Кнежевиќ, Воја Лековиќ, Јосо Мирковиќ, Миле Перуничиќ, Стево Ќуковиќ и Мухамед Хаџиисмаиловиќ. Било потенцирано дека тие не пристигнале во Јајце поради оддалеченоста. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 166).

[216] *Ibid*, 167.

[217] Во почетокот на излагањето на својот реферат, Јосип Броз - Тито ја поделил НОБ во 4 развојни етапи. Најпрво, на капитулацијата на Југославија и почетокот на востанието, кога биле формирани многубројни партизански одреди за борба против окупаторот; потоа, на прераснување на партизанските одреди во регуларни воени единици, баталјони, бригади и дивизии и создавање на НОВЈ; потоа, како трета етапа, прераснувањето на НОО во вистинска *„народна власт“* и создавање на АВНОЈ; и како последна, четврта етапа, на која во моментот се наоѓале, претворањето на АВНОЈ од општопартиско тело во највисоко законодавно тело и на создавање на НКОЈ како привремена влада. (*Ibid*, 169 – 178).

[218] *Ibid*, 178-203.

[219] Според констатацијата на претседавачот д-р Војислав Кецмановиќ. (*Ibid*, 203).

## Решенија донесени на Второто заседание на АВНОЈ

Заседанието во Јајце, во однос на Првото заседание во Бихаќ, според својот конститутивен карактер било доста порешително во дефинирањето на политичките цели за уредување на државата по завршувањето на војната. Заседанието поминало во знак на републиканско расположение.

На почетокот на заседанието во Јајце, АВНОЈ усвоил *Декларација на Второто заседание на АВНОЈ*, врз основа на чии констатации биле формулирани дел од решенијата на АВНОЈ во Јајце. Имено, на крајот на Декларацијата, било потенцирано *„сите тие заклучоци да се формулираат во посебни одлуки на АВНОЈ“*.[220] Решенијата донесени на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, во суштина, *„иако не биле донесени по вообичаена процедура, ниту претставувале уставна кодификација и ја уредувале севкупната државна организација и општествениот живот, сепак одлуките имале уставен карактер и биле уставни норми во материјално-правна смисла на збор“*.[221] Решенијата, исто така, цврсто ја потенцирале и брането независноста на Југославија. Решенијата донесени на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце имале двојно значење, и тоа: давале цврста база за продолжување на изградбата на новиот општествено-политички систем во Југославија и ја избегнувале можноста да им дадат повод на сојузниците да ги нападнат или отфрлат.

На заседанието било решено прашањето околу конструкцијата на највисоките државни органи. Била донесена одлука за конституирање на АВНОЈ во врховно законодавно и извршно народно претставничко тело на Југославија за време на НОБ, како *„врховен претставник на суверенитетот на народот и државата Југославија во целина“*, како и за формирање на НКОЈ како највисок извршен и наредбодавен орган на *„народната власт“* во Југославија, со обележје на *„народна влада“*, преку кој АВНОЈ ја остварувал својата извршна функција.[222] Всушност, НКОЈ не добил форма на влада, туку бил *„организиран*

[220] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 204 – 208.
[221] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, 327.
[222] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 208-209.

*како влада и ги имал сите обележја на 'народна влада'*".[223] Со претворањето на АВНОЈ во највисок државен орган настанало одвојување на државните и политичките функции. АВНОЈ бил организиран *„како еднодомно собрание на југословенската федерација"*.[224]

На југословенската влада во егзил и било одземано правото на законска влада, особено правото во меѓународните односи да ги застапува југословенските народи. На југословенскиот крал Петар II Караѓорѓевиќ му било забранетo враќање во земјата, со тоа што прашањето околу формата на идната државна власт требало да го реши народот по ослободувањето на земјата.[225] Понатаму во решението, се потенцирало Президиумот на АВНОЈ во намерата за поништување и повторно склучување, односно одобрување, да ги прегледа меѓународните договори и обврски кои во име на Југославија ги склучила југословенската влада. На крај, се потенцирало дека меѓународните договори и обврски кои во иднина во странство би ги склучила југословенската влада во име на Југославија или во име на нејзините народи, немало да бидат признати.[226]

Со ова решение на заседанието на АВНОЈ во Јајце, монархијата не била укината, туку суспендирана. Имено, главните протагонисти на заседанието, од-

---

[223] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 337.

[224] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, 328.

[225] На тој начин, со ова решение била постигната двојна цел, и тоа: монархијата не била укината, туку само суспендирана, меѓутоа овој чин бил доволен, бидејќи оставал простор за нејзино подоцнежно ликвидирање; а, исто така, било излезено во пресрет и на интересите на големите сили, особено Велика Британија, *„која во името на одбраната на уставниот континуитет ја пренагласувала монархиската традиција"*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 452).

[226] АВНОЈ при наведувањето на причините кои придонеле за донесувањето на ова решение се поставил во својство на обвинител и судство. Имено, како причина и повод за донесување на ова решението било наведено: држењето непријателски став на владата во егзил спрема НОД во Југославија; постојаните лаги и клевети против НОВ и ПОЈ, против органите на народната власт во ослободените делови од земјата, како и против органите на НОД, воопшто; дека преку своите агенти во земјата, во прв ред преку својот министер за војска, морнарица и воздухопловство и началник на Врховната команда, Драгољуб Михајловиќ, во земјата систематски организирале граѓанска војна со цел задушување на НОД; дека преку Михајловиќ и преку нему потчинети команданти склучувале договори со окупаторите и домашните колаборационисти, со цел уништување на НОД, односно дека работела на штета на интересите на заедничката борба на сојузниците; дека ЈВуО во земјата организирала систематско масовно истребување на муслиманите, Хрватите и српските патриоти со цел создавање на услови за формирање на Голема Србија; дека кралот Петар II Караѓорѓевиќ им давал доверба на југословенските влади во егзил и на четничкиот водач Михајловиќ, кого го унапредил во армиски генерал и го направил началник на својата Врховна команда, *„иако му биле познати неговите предавнички работи"*; дека унапредувал и одликувал предавници и злосторници, *„кои во служба на окупаторот се криви за многубројните злосторства и предавства против својот народ"* и дека ги лишел од чиновите офицерите на бившата југословенска војска кои се наоѓале во редовите на НОД. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 209-211).

носно творците на решенијата биле воздржливи во поглед на прашањето околу формата на државната власт во Југославија, земајќи ги во предвид ставовите на меѓународниот фактор, особено Велика Британија, па настојувале да избегнат конфронтации со сојузниците, па поради тоа оставиле отворен простор за преговори по тоа прашање во процесот на меѓународната легализација на извршените промени во Југославија. На тој начин, главните протагонисти во спектарот на интересите на Велика Британија, кралот и монархијата, барем формално, сè уште биле во игра.

Решавањето на националното прашање било еден од круцијалните фактори на револуцијата во Југославија. На заседанието на Јајце бил санкциониран процесот на федерализација на Југославија, започнат од почетокот на војната. Со решението за федеративно уредување се истакнувало Југославија да се изградува и изгради врз федеративен принцип, со обезбедување на целосна рамноправност на Србите, Хрватите, Словенците, Македонците и Црногорците, кои биле признати како конститутивни народи, односно на народите на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Црна Гора и Босна и Херцеговина, кои биле признати како федерални единици на новата југословенска држава.[227] Всушност, со решението за федеративна изградба, конститутивни народи на новоформираната ДФЈ *„беа оние народи кои немаа своја матична држава надвор од границите на Југославија“*.[228] Југословенската федерација била изградувана според национален принцип, така што квантитетот на федерални единици се базирал на бројот на нации, со исклучок на Босна и Херцеговина. Со оваа одлука, дефинитивно била решена *„основната физиономија“* на идната југословенска федерација во врска со квантитетот на федералните единици.[229] На националните малцинства во новата југословенска држава им се обезбедувале сите национални права.[230] Меѓутоа, на заседанието не дошло до создавање на ав-

---

[227] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945*, Odluka o izgradnji Jugoslavije na federativnom principu, Jajce, 29-30 novembar 1943., 452 – 453. Навистина, *„залагајќи се за национална рамноправност, КПЈ воедно ги оневозможувала старите сили да го искористат шовинизмот како средство за разбивање на новата општествена заедница“*. (Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 105).

[228] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944 - 1991)*, Скопје, 2015, 19.

[229] *Ibid*, 21.

[230] Во првата точка од ова решение, било нагласено дека југословенските народи никогаш не ја признале поделбата и разбивањето на Југославија под нацистичка окупација и дека ја докажале во текот на војната нивната цврста волја да останат и понатаму обединети во Југославија. Во

тономни покраини и автономни области, бидејќи тоа во моментот не се сметало за опортуно.[231] Решението за федеративно уредување на југословенската држава било неприкосновено и трајно, односно било дефинитивен принцип.[232]

Со ова решение се предвидувало изградба на југословенската федерација на национален принцип, врз основа на правото на самоопределување на народите, вклучувајќи го и правото на отцепување или обединување со други народи, во согласност со вистинската волја на сите народи на Југославија, со цел да се реализира принципот на сувереност на народите на Југославија, за Југославија да претставува вистинска татковина на сите свои народи. Со ова решение донесено на Второто заседание на АВНОЈ *„бил соборен еден од најтемелните столбови на старата држава: државниот и национален унитаризам“.*[233] Југословенските комунисти со ваквиот политички и државно-правен акт дефинитивно го отфрлиле концептот за стопување во една надетничка југословенска нација, концепт карактеристичен на стариот југословенски поредок.

На заседанието во Јајце, АВНОЈ изразил признание и благодарност до ВШ на НОВ и ПОЈ за *„изградбата и организацијата на нашата народна војска и за успешното раководење во операциите во борбата против непријателот на нашиот народ“*. АВНОЈ изразил длабока благодарност до ВШ поради *„неговата обилна и сестрана политичка работа во собирањето на сите патриотски сили на нашата земја, подигањето на угледот на нашата земја во странство и работата околу изградбата на вистинска, демократска народна власт“*. Истовремено, АВНОЈ изразил најдлабока благодарност до врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито, *„за неговата воена и политичка работа во борбата за ослободување на нашите народи“*. На крајот, се потенцирало дека АВНОЈ верувал во ВШ на НОВ и ПОЈ, на чело со Тито, во

третата точка од ова решение, пак, се потенцирал фактот дека во согласност со федеративната изградба на новата југословенска држава, уште во времето на НОБ, основни органи на власт кај одделни југословенски народи претставувале НОО и земските антифашистички собранија. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 211-212).

[231] Во овој момент, со оглед на стадиумот на НОБ во Хрватска и Србија, постоела опасност за отворањето на прашањето околу припадноста на Војводина, бидејќи ситуацијата налагала обединување и сплотеност, а не разијдување и дополнителни меѓунационални конфронтации во рамките на НОД. На Косово и Метохија, пак, НОБ не била развиена, а концепцијата за *„Голема Албанија“* имала силно влијание меѓу конзервативното албанско население. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 209).

[232] Тоа подоцна го признал и Иван Шубашил. (*Ibid*, 287).

[233] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, стр. 327.

успешно продолжување на нивната борба до протерувањето на окупаторот и елиминирањето на колаборационистите.[234]

Со цел да се истакнат исклучителните способности во военото раководење со НОВЈ, на предлог на словенечката делегација, АВНОЈ на 29 ноември 1943 година одлучил во НОВЈ да биде воведен називот *„Маршал на Југославија“*, титула која ја доделувал Президиумот на АВНОЈ.[235] На 30 ноември 1943 година Президиумот на АВНОЈ донe одлука на врховниот командант Јосип Броз - Тито да му се додели титулата *„Маршал на Југославија“*, за *„генијалното“* раководство во операциите на НОВЈ и ПОЈ и за *„способноста и истрајноста која ја покажал во нејзиното создавање и нејзиното воено и политичко подигнување на нејзиниот сегашен степен“*.[236]

Со одлуката донесена на 29 ноември 1943 година заседанието на АВНОЈ ја одобрил работата на Извршниот одбор на АВНОЈ во периодот меѓу Првото и Второто заседание на АВНОЈ; ги одобрило и потврдило сите одлуки и наредби кои ВШ на НОВ и ПОЈ ги објавил во текот на својата досегашна работа; и на крај, ги одобрило и потврдило сите заеднички одлуки и изјави на Извршниот одбор на АВНОЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ.[237]

Со потврдување на актите на ВШ на НОВ и ПОЈ и на ИО на АВНОЈ, заседанието во Јајце го озаконило севкупниот претходен развој на државната организација на новиот поредок во Југославија. Имено, ратификацијата особено го потврдувала *„континуитетот на револуционерниот процес“* и било извршено *„институционализирање на револуцијата“*.[238]

АВНОЈ израснал во највисок орган на власта врз политичка и организациона основа на НОО, чиишто систем се протегал од селски и општински до срешки, окружни, обласни и претставништва на југословенските земји. Уредувањето на новиот југословенски систем почивал на НОО. Во тој систем, АВНОЈ бил највисок народноослободителен одбор. Решенијата во Јајце го поддржале уредувањето на новиот југословенски систем врз база на НОО.

---

[234] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, 1963, 212-213.
[235] *Ibid*, 214-215.
[236] *Ibid*, 221-222.
[237] *Ibid*, 215-216.
[238] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 284.

Президиумот на АВНОЈ *„било негово мало собрание“*.[239] Всушност, тој од него произлегувал и само пред него одговарал за својата работа, притоа дополнително поднесувајќи му свои акти за потврда.[240] АВНОЈ избирал свој Президиум, составен од претседател, пет потпретседатели, двајца секретари и најмалку 40 членови.[241] Президиумот на АВНОЈ, во името на АВНОЈ, бил претставник на народниот и државниот суверенитет на Југославија и ги вршел сите негови функции, законодавни и изврши, во периодот меѓу неговите заседанија.[242] Президиумот на АВНОЈ бил составен од вкупно 64 членови, и тоа: претседател, пет потпретседатели, двајца секретари и 55 членови.[243] За претседател на Президиумот на АВНОЈ бил именуван д-р Иван Рибар.[244] За потпретседатели биле избрани Моша Пијаде, Антун Аугустинчиќ, Јосип Рус, Марко Вујачиќ и Димитар Влахов.[245] За секретари биле именувани Родољуб Чолаковиќ и Радоња Голубовиќ,[246] а во својство на членови во составот на Президиумот на АВНОЈ влегле 55 членови.[247] Така, Президиумот на АВНОЈ имал некомунистички белези. Исто така, Президиумот на АВНОЈ привремено вршел одредени функции *„кои, инаку, му припаѓале на шефот на државата“*.[248]

---

[239] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, 328.
[240] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 208.
[241] *Ibid.*
[242] *Ibid.*
[243] *Ibid*, 216. Претходно, според Јосип Броз – Тито, било предвидено АВНОЈ да биде највисоко законодавно и политичко тело во состав од 58 членови. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Titova depeša Centralnom komitetu KP Hrvatske, 5. novembar 1943., Beograd, 1983, 398).
[244] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 216.
[245] *Ibid.*
[246] *Ibid.*
[247] Како членови на Президиумот на АВНОЈ биле именувани: Јосип Броз – Тито, Спасенија Бабовиќ, Милан Беловуковиќ – Дева, д-р Васо Бутозан, Никола Груловиќ, Јевстатије Караматијевиќ, д-р Војислав Кецмановиќ, Воја Лековиќ, Момчило Марковиќ, д-р Благоја Нешковиќ, Станко Опачиќ – Ќаница, Никола Петровиќ, Коча Поповиќ, д-р Раде Прибиќевиќ, Ѓуро Пуцар – Стари, Александар Ранковиќ, Владислав Рибникар, Петар Стамболиќ, Лука Стевиќ, Сретен Вукосављевиќ, Влада Зечевиќ, Сретен Жујовиќ – Црни, д-р Владимир Бакариќ, Анте Вркљан, Фране Грол, д-р Павле Грегориќ, Маца Гржетиќ, Андрија Хебранг, Иван Крајачиќ, Павао Крце, Вицко Крстуловиќ, Филип Лакуш, д-р Љубо Леонтиќ, Божидар Маговац, д-р Анте Мандиќ, Александар Према, д-р Јосип Смодлак, д-р Златан Сремец, Јакоб Авшиќ – Јака, Франце Бевк, Тоне Фајфар, Јосип Јерас, Едвард Кардељ, Борис Кидрич, Франц Лескошек, д-р Метод Микуж, Јосип Видмар, Осман Карабеговиќ, Хуснија Курт, Мухамед Суджук, Милован Ѓилас, д-р Нико Миљаниќ, Методија Андонов – Ченто, Михајло Апостолски и Владимир Поп Томов. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 216).
[248] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 285.

Според решението, Президиумот на АВНОЈ го именувал НКОЈ,[249] кој поседувал извршни и наредбодавни функции од областа на администрацијата, надворешните работи, народната одбрана, правосудството, образованието, економијата, финансиите, сообраќајот, информацијата, исхраната, градежништвото, социјалната политика, народната обнова и народното здравје, при што биле формирани посебни поверенства за овие сектори. НКОЈ за својата работа му одговарал на АВНОЈ.[250] На тој начин, секретарот на КПЈ и врховен командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз - Тито, *„го трансформира АВНОЈ во нуклеус на неговата влада“*.[251]

Првата седница на Президиумот на АВНОЈ започнала во 14:00 часот на 30 ноември 1943 година, на која претседавал д-р Иван Рибар.[252]

На 30 ноември 1943 година, вториот ден од заседанието, Президиумот на АВНОЈ донел решение за именување на членови на НКОЈ. За претседател на НКОЈ бил избран Јосип Броз - Тито, кој истовремено раководел и со Поверенството за народна одбрана, додека за потпретседатели биле именувани Едвард Кардељ, Владислав Рибникар и Божидар Маговац. Надворешните работи ги водел д-р Јосип Смодлак, додека внатрешните работи ги водел Владо Зечевиќ. Со Поверенството за просвета раководел Едвард Коцбек; Поверенство за народна економија – Иван Милутиновиќ; Поверенство за финансии – инж. Душан Сернец; Поверенство за сообраќај - Сретен Жујовиќ; Поверенство за народно здравје – д-р Миливој Јамбришак; Поверенство за народна обнова – Тодор Вујасиновиќ; Поверенство за социјална политика - д-р Антон Кржишник; Поверенство за судство – Фране Фрол; Поверенство за исхрана – Миле Перуничиќ; Поверенство за градежништво – д-р Раде Прибиќевиќ, Поверенство за шуми и руда – Сулејман Филиповиќ.[253]

Потоа, *„во склоп со дамнешниот стремеж и борбените напори на словенечкиот и хрватскиот народ во земјите покорени од италијанските импе-*

---

[249] Според петтата точка од *Решението за врховно законодавно и извршно народно претставничко тело на Југославија и Национален комитет за ослободување на Југославија како привремени органи на врховната народна власт во Југославија за време на народноослободителната војна.* (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 209).
[250] *Ibid.*
[251] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 11.
[252] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 221.
[253] *Ibid*, 229-230.

*ријалисти"*, АВНОЈ ја потврдил одлуката на Пленумот на Ослободителниот фронт на Словенија за приклучување на словенечкото приморје и сите анектирани делови на Словенија кон слободна Словенија во рамките на федеративна Југославија, како и одлуката на ЗАВНОХ за приклучување на Истра, Риека, Задар и анектираните делови на Хрватска и хрватските јадрански острови кон слободна Хрватска во рамките на федеративна Југославија.[254]

На заседанието било донесено решение за формирање на Државна комисија за утврдување на злосторствата на окупаторот и на неговите помагачи при НКОЈ. Ова решение било донесено со цел *„утврдување на одговорноста, откривање и казнување на сите лица одговорни за злосторствата кои во Југославија ги извршиле и ги вршат во текот на војната окупаторите и нивните помагачи"*. НКОЈ требало да именува членови за оваа комисија и да пропише правилник за нејзината работа.[255] По усвојувањето на ова одлука, дневниот ред бил исцрпен. На крај, било решено одлуките усвоени на заседанието во Јајце да бидат соопштени пред целиот пленум на АВНОЈ.[256]

На крајот, Президиумот на АВНОЈ издал Проглас до југословенските народи во кој, покрај останатото, се истакнувало значењето на новоусвоените решенија на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце.[257]

---

[254] Slobodan Nešović, Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa, Zagreb, 1963, 230-231. Претседателот на КПЈ, Јосип Броз – Тито, во моментите кога стравувал од реакциите на сојузниците, ги критикувал Хрватите дека *„присвојуваат суверенитет кој и припаѓа само на Југославија"*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 125).
[255] Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 224 – 225.
[256] *Ibid*, 232.
[257] *Ibid*, 233 – 235.

## Реакциите на решенијата донесени на заседанието

Сојузничките влади не ги признале АВНОЈ и НКОЈ, што било во доменот на очекување на раководството на НОВЈ и КПЈ, но притоа, пак, создавањето на овие највисоки органи не било ниту оспорено. Големите сојузнички сили не можеле да ги игнорираат политичките и државно-правните установи на НОД.

Британската влада прва реагирала на решенијата донесени на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце. На 8 декември 1943 година, државниот подсекретар во британското Министерство за народна одбрана во Воениот кабинет на Винстон Черчил, Ричард Ло, по повод дебата во Долниот дом во британскиот парламент, изјавил дека британската политика била *„да ги поддржуваме сите сили во Југославија кои им се спротивставувале на Германците“*. Во својот говор, Ло дополнително изјавил дека Велика Британија давала поголема помош на НОВЈ за разлика од четничкото движење, бидејќи НОВЈ давала поголем отпор против силите на Оската. На крајот од својот говор, нагласил дека британската политика *„секогаш била на народот коишто сме го ослободиле да му дозволиме да избере влада каква што сака“*.[258]

На 14 декември 1943 година во Долниот дом во Британскиот парламент се водела дебата за состојбата во Југославија. За британскиот министер за надворешни работи, Ентони Идн, привремениот карактер на НКОЈ не претставувал опасно решение, бидејќи не ја протегал својата власт вон територијата во која дејствувал и не барал признавање од страна на југословенската влада во егзил и од кралот, како и поради тоа што било *„согласно со гледиштата на неговото височество“*, бидејќи по круцијалното прашање околу формата на идната власт требало да одлучува народот според сопствена волја по завршувањето на војната. Притоа, во својот говор Идн го изјавил следното: *„Веќе многу месеци срце и душа на отпорот против непријателот во Југославија биле партизаните со својот врховен командант, генералот Тито“*. Со оваа негова недвос-

[258] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941–1945*, Izjava Ričarda Lo-a (Richard Law) prilikom debate u Donjem domu, 8 decembar 1943., Beograd, 1983, 467.

мислена изјава, тој ја потенцирал и глорифицирал вредноста на НОВЈ во Југославија во текот на војната, во однос на четничкото движење.[259] Во дебатата посебно учество со своите ставови зазеле и пратениците Вернон Бартлет и Рејли. Покрај останатото, во своето излагање Бартлет напоменал дека во Југославија, Шпанија, Италија и Грција иднината била *„во рацете на народните маси, а не во жезолот на кралевите“*, а пак пратеникот Рејли дополнително ја глорифицирал улогата на НОВЈ, изразил поддршка кон новоформираниот НКОЈ, бидејќи *„во оваа влада ние имаме нешто што одговара на идеалите за кои ние и нашите сојузници влегле во оваа голема војна, борејќи се за правото на народот по свој слободен избор да воспостави форма на власт“*, додека притоа ја критикувал улогата на југословенската влада во егзил, бидејќи ниту еден нејзин член *„не може да тврди дека има мандат од било кој слој на југословенскиот народ. Тоа е влада од шест личности кои никогаш не биле идентификувани со демократска политичка работа во Југославија“*. Меѓутоа, најостри критики посочил на сметка на четничкото движење врз основа на неговата улога во војната и потенцирал дека било *„необично важно сојузничките влади јасно да изјават дека ние не можеме да играме двојна улога, давајќи им поддршка на оние кои со вистинска борба недвомислено покажале дека се борат против агресорот и за народот, а истовремено да ги помагаме и оние воени групации кои се во сојуз со непријателот“*, и притоа побарал владата да излезе со конкретен став во однос на овие проблеми.[260]

Во својот став во однос на Југославија, САД, иако помалку заинтересирани за проблемите во Југославија за разлика од Велика Британија и СССР, по конференцијата во Техеран, исто така, дејствувале прагматично, односно давале приоритет на воените причини, но останале приврзани за монархијата, владата во егзил и за почитување на непроменливоста на стариот поредок. Во текот на војната претставниците на САД не сакале да прејудицираат повоени решенија. Американскиот секретар за надворешни работи, Кордел Хал, на 9 декември 1943 година, изјавил дека политичкото уредување на новата југословен-

---

[259] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941–1945*, Antoni Idn u donjem domu o odlukama AVNOJ-a, London, 14. decembar 1943., 469 – 470.
[260] *Ibid*, Debata u Britanskom donjem domu, 14. decembar 1943., 470-471.

ска држава *„првенствено е предмет на идниот избор на самиот југословенски народ“*.[261]

Меѓутоа, наскоро по Техеранската конференција Велика Британија се откажала од понатамошна помош на четниците, а британските мисии кај Михајловиќ биле отповикани. Настанало подобрување на односите меѓу Јосип Броз – Тито и југословенските партизани со Велика Британија, особено по враќањето на бригадирот Фицрој Меклин во штабовите на НОВ и ПОЈ во јануари 1944 година, но сепак тоа *„не помогна Британија да ја искористи предноста на Титовите револуционерни аспирации“*.[262]

ЦК на КПЈ ја известил Москва за резултатите од работата на собранието во Јајце непосредно по неговото завршување, на 30 ноември 1943 година.[263] Радио-станицата *„Слободна Југославија“*[264] по повод објавувањето на решенијата на АВНОЈ во почетокот на декември 1943 година го изоставила решението за суспензија на кралот Петар II Караѓорѓевиќ.[265] Советскиот лидер Сталин, кој тогаш се наоѓал на конференцијата во Техеран, бил особено гневен и револтиран кога дознал за донесените решенија на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце.[266] Официјална Москва веднаш ставила забрана за *„објавување на сите вести од Јајце“* и го цензурирала радио-преносот на југословенските комунисти во СССР.[267] Сталин и советското раководство *„не можеа да ја прифатат одважноста на 'другарот (комрад) Волтер', поставениот чувар на југословен-*

---

[261] Всушност, Кордел Хал во својата изјава го изедначил четничкото движење со НОВЈ, со употребата на терминот *„силите на отпорот“*. Притоа, нагласил дека американскиот став и намера бил *„со сите средства да се помагаат силите на отпорот, и тоа од гледиштето на нивната војничка вредност, не навлегувајќи додека трае борбата во дискусија за политичките разлики“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945*, Prva izjava američkog ministra spoljnih poslova Kordela Hala, 9. decembar 1943., 468).

[262] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 13.

[263] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945*, Izveštaj CK KPJ Moksvi o Drugom zasedanju AVNOJ-a u Jajcu, 30. Novembar 1943., Beograd, 1983, 478 – 479.

[264] Радио станицата *„Слободна Југославија“* била основана на 11 ноември 1941 година во Уфа, СССР. Вести емитувала во системот на радио-станиците на Коминтерната. Од април 1942 година, па сè до прекинот со работата во јануари 1945 година, радио-станицата работела во Москва. Со станицата управувале и работеле Вељко Влаховиќ и Ѓуро Салај. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 45).

[265] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 299.

[266] Советскиот лидер Сталин донесените решенија на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце ги сметал *„нож в грб на Советскиот Сојуз“*. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 48).

[267] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 11.

*скиот дел, во преземањето на улогата на независен акцијаш“.*[268] Од советска перспектива, *„уште полошо беше што Тито претполагаше да отвори војна со ограничена одговорност“.*[269]

Исчекувајќи ги првин реакциите на западните сојузници, последна во врска со одлуките донесени на заседанието на АВНОЈ во Јајце се огласила советската влада. Соочена со политика на *„свршен чин“*, советската влада на 14 декември 1943 година ги оценила решенијата на АВНОЈ како *„позитивни факти“*, кои *„придонесуваат за понатамошна успешна борба на народите на Југославија против хитлеровска Германија“*. Понатаму во соопштението на советската влада, *„новите лидери на Југославија“* имале сериозни успеси во *„обединувањето на сите национални сили во Југославија“*, додека активноста на четниците и нанесувале штета на борбата на југословен-ските народи против нацистичка Германија.[270] Во суштина, СССР се солидализирал со политиката на западните сојузници за компромис во Југославија, но не истапил против монархијата и владата во егзил, со која одржувал дипломатски односи. По заседанието во Јајце и Техеранската конференција, комуникациите меѓу Тито и официјална Москва значително опаднале извесен период, иако советска воена мисија пристигнала во ВШ на НОВ и ПОЈ кон крајот на февруари 1944 година.

Со остри реакции кон решенијата донесени на заседанието на АВНОЈ во Јајце истапила и југословенската влада во егзил на чело со премиерот д-р Божидар Пуриќ, според кого, решенијата претставувале терористички акти, а НОД било *„насилно терористичко движење“.*[271]

Припадниците на ЈВуО во селото Ба, Србија, одржале конгрес од 25 до 28 јануари 1944 година, познат како Светосавски конгрес, на кој усвоиле резолуција потполно спротивна на декларацијата којашто ја формулирал АВНОЈ. Овој конгрес како алтернатива за државното уредување на Југославија ја истакнал триjалистичката монархиска федерација.[272]

---

[268] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 12.
[269] *Ibid.*
[270] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945*, Saopštenje vlade SSSR-a o Drugom zasedanju AVNOJ-a, 14. Decembar 1943., 468 – 469.
[271] *Ibid*, Saopštenje Božidara Purića povodom Drugog zasedanja AVNOJ-a, Kairo, 5. decembar 1943., 471 – 472.
[272] Идејата за тријалистичка монархиска федерација била актуелна во 1939 и 1940 година, во периодот кога имало обиди за државно преуредување на Кралството Југославија. Во средината

Во декември 1943 година, како повод на решенијата донесени на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, особено околу македонското прашање, со посебна Декларација истапил Отечествениот фронт на Бугарија со истакнување на девизата *„Македонија на Македонците“*, бидејќи *„со таа парола ќе се стави крај на соперништвото меѓу балканските држави“*. Имено, во Декларацијата се предлагало *„единствено спасоносно решение“* на македонското прашање во создавање на *„целокупна слободна и независна Македонија“*, бидејќи *„само така таа ќе престане да биде јаболко на раздорот и ќе се претвори во здрава алка на обединување меѓу балканските народи“*.[273] На тој начин, ОФ на Бугарија се спротивставил на решението на АВНОЈ за создавање на федерална македонска држава во рамките на југословенската федерација, така што истапил со став за формирање на посебна македонска држава вон Југославија.

Покрај останатото, по повод работата од Второто заседание на АВНОЈ се огласило и светското јавно мнение, при што биле објавени доста статии во светски познатите весници, како: *„The New York Times“*, *„New Republic“* од САД, *„Reynolds News“*, *„Daily Herald“*, *„The Daily Mail“*, *„Daily Worker“*, *„The Tribune“* од Велика Британија, *„Italia Libera“* од Швајцарија, *„L'Humanitè“*, од Франција и други.[274]

Реакцијата на западните сојузници по повод донесените решенија на заседанието во Јајце, особено на Вистон Черчил, како и позитивната оцена на истите во голем дел од светскиот печат, влијаеле за стабилизирање и подобрување на односите меѓу југословенските и советските комунисти.[275]

---

на 1943 година кон оваа идеја се навратиле и ројалистичките влади на чело со премиерите Слободан Јовановиќ и Милош Трифуновиќ. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 302). Светосавскиот конгрес *„уште еднаш јасно покажал дека со четниците не може да се направи стабилна југословенска држава. Во идната Југославија, според заклучоците на тој конгрес, требало да биде создадена некој вид српска субдржава, која на својата територија би ги обединила сите Срби. Тоа не била југословенска, туку големосрпска програма“*. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 363).

[273] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Deklaracija Otečestvenog fronta Bugarske o makedonskom pitanju, decembar 1943., Beograd, 1983, 586-587. Според Јосип Броз – Тито, во неговото писмо до Георги Димитров кон крајот на јуни или во почетокот на јули 1944 година, ставот на ОФ на Бугарија околу македонското прашање *„се базира на божемни историски искуства“*. (Slobodan Nešović, *Jugoslavija-Bugarska, ratno vreme*, Beograd, 1978, 227).

[274] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945*, Beograd, 1983, 484 – 498.

[275] Како што вели Едвард Кардељ: *„Довербата спрема првата земја на социјалистичката револуција битно се зацврсти“*. (Едвард Кардељ, *Сеќавање*, Скопје, 1980, 49).

# КОНСОЛИДАЦИЈА НА КОМУНИСТИЧКАТА ВЛАСТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

КПЈ, во суштина, во повоениот период била надмоќна во однос на останатите политички групации и организации во Југославија. Новото државно раководство уживало голема поддршка меѓу народните маси, што не било карактеристика во СССР и во другите источно европски земји во моментот кога комунистичките партии дошле на власт, како и од голем број југословенски интелектуалци и видни личности, што на своевиден начин му придодавало дополнителен легитимитет. Моќта и влијанието на партијата се зголемила во текот на НОБ, а особено пораснала во повоениот период.

Под контрола на КПЈ била целокупната власт во државата: извршната, законодавната и судската власт, односно државната власт, војската, полицијата, безбедноста и судството. На сите клучни позиции во механизмот на власта биле назначувани членови на КПЈ, а речиси и на сите раководни позиции во јавните институции. Во текот на НОБ била воспоставена ефикасна административна организација и структура низ целата земја од страна на партизанското движење. При селекцијата за назначување на раководни позиции во државните институции биле именувани лојални партиски членови, поточно членови кои строго ги извршувале идеите и барањата на раководството и политичката концепција на партијата, кои не можеле да го загрозат политичкиот примат на државно-партиското раководство. Всушност, лојалноста кон одделните раководители на државната власт и доследноста во спроведувањето на државно-партиските директиви била доста поважен критериум, за разлика од нивната професионална активност и ефективен резултат. Ова било практика не само во сојузните органи, туку и во републичките.[276] Југословенските комунисти имале целосна контрола над јавниот и приватниот живот во Југославија. Младината била особено застапена во сите државни и општествени организациони и рако-

[276] На пример, во ДФМ/НРМ, речиси на сите раководни места во институциите на државната власт и управа, како и во судството, биле поставени доверливи луѓе на претседателот на владата Лазар Колишевски. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 70).

водни структури. Меѓутоа, карактеристично е што голем дел од ново поставените службеници или чиновници немале никакво или пак поседувале доста ограничено образование. КПЈ, исто така, се залагала за пропорционална национална застапеност во државните органи, претставничките тела и општествено-политичките организации.

Во пролетта 1944 година се појавил предлог државата да се нарекува Демократска Федеративна Југославија.[277]

По завршувањето на војната, во 1945 година составот на членството на КПЈ многу се разликувал во однос на предвоениот состав. Во октомври 1940 година КПЈ броела 6.600 члена, а бројот на членови во СКОЈ изнесувал 17.800.[278] Во текот на НОБ кон КПЈ пристапиле голем број на нови членови, при што кон крајот на војната КПЈ броела 141.066 членови.[279] Во текот на четиригодишната војна животот го загубиле многубројни членови на КПЈ. Имено, загинале околу 9.000 предвоени членови и околу 50.000 членови кои биле примени во партијата во текот на војната.[280] Исто така, за време на воените дејствија загинале и околу 100.000 членови на СКОЈ.[281] Меѓутоа, во првите повоени години во тајност биле чувани членството, партиската хиерархија и официјалните конклави.

Новата југословенска влада, исто така, особено вложувала во подобрувањето на образованието на народот. Приоритет била борбата против неписменоста на селото, при што биле организирани курсеви за описменување на населението.[282] Всушност, ниту една власт претходно не вложувала толку многу во развојот на образованието на народот, како југословенските комунисти. Било воведено задолжително основно образование. Биле изградени универзитети, библиотеки, гимназии, стручни училишта и разни културни организации. Со реформите во образовниот систем бил опфатена целата популација во држава-

[277] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945, Zakon o imenu države i državnom grbu, mart – april 1944.*, Beograd, 1983, 502–503. Меѓутоа, под името ДФЈ, државата официјално станала позната дури по меѓународното признавање на привремената влада на ДФЈ во март 1945 година.
[278] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 5.
[279] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 101.
[280] *Ibid.*
[281] *Ibid.*
[282] Повеќе податоци за борбата за надминување на неписменоста на населението во Југославија види: Dragomir Bondžić, „Opismenjavanje u Jugoslaviji i Srbiji u periodu 1945-1950: nasleđe, ciljevi, tok, rezultati i nedostaci“, *Andragoške studije, broj I, april 2010*, Beograd, 91-110.

та, така што дошло до отворање на првите училишта на јазиците на националните малцинства. Училиштата биле одделени од црквата. Предметот веронаука бил исфрлен од наставната програма, а бил воведен предметот марксизам. Паралелно со овој процес се појавиле голем број организации од младински, културен, спортски, образовен, забавен, родов, социјален и сличен карактер, кои извршувале разни активности: печатење весници, летоци, книги, организирање на предавања, курсеви и слично. На народните маси им биле достапни киното и театарот. Доста предавања биле одржани на теми од областа на хигиената, здравството и еманципацијата на жената во општеството. Всушност, новите југословенски раководители *„проповедале комунистички морал, создале комунистичка наука и уметност, сите манифестации на живот ги потчиниле на економскиот императив. Силно било широко убедувањето дека постои посебно комунистичко сфаќање и чувство на живот, чувство дека светот на социјализмот ќе биде препороден свет и дека новото општество ќе биде надисториски процес или почеток на нова историја“*.[283]

Уште во текот на НОБ под контрола на југословенските комунисти бил создаден сложен полициски апарат во Југославија. Имено, тие уште во текот на војната го подготвувале теренот за преземање на власта во Југославија. Уште на советувањето во Столице, одржано на 26 септември 1941 година, биле формирани првите разузнавачки и контраразувнавачки служби и бил утврден системот на организација и врски помеѓу нив. Во септември 1943 година при ВШ на НОВ и ПОЈ бил формиран Отсек за заштита на народот. По некое време, имало потреба од реорганизација на полицискиот апарат на целата територија на Југославија. На 13 мај 1944 година по наредба на Врховниот командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито, била формирано Одделението за заштита на народот, попознато како ОЗН-а[284], како единствен орган на севкупната разузнавачка и

[283] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 156.

[284] Во почетокот, ОЗН-а се состоела од четири отсеци (оддел), и тоа: првиот отсек бил задолжен за работа во странство и на окупираните територии. Негов началник бил Макс Баќе Милиќ; вториот отсек бил задолжен за работа на ослободените територии, а негов началник бил Павле Пекиќ; третиот отсек имал разузнавачки и контраразузнавачки задачи во самата НОВЈ, а за негов началник бил поставен Јефто Шашиќ; четвртиот отсек се занимавал со статистичко-технички работи. Негов началник бил Мијат Вулетиќ. Речиси една година од своето формирање, во март и април 1945 година биле формирани петтиот и шестиот отсек на ОЗН-а. Петтиот отсек бил формиран како контраразузнавачки против странските агентски мрежи во Југославија. Во 1946 година овој отсек бил приклучен како трет на првите два отсека во рамките на УДБ-а. Шестиот отсек на ОЗН-а извршувал задачи од областа на контраразузнавачката заштита на транспортот, но бил преточен во вториот сектор речиси по крајот на војната. (Виолета Ачкоска,

контраразузнавачка организација. ОЗН-а била организирана при Поверенството за народна одбрана на НКОЈ. За началник на ОЗН-а бил поставен Александар Ранковиќ, кој директно за својата работа му одговарал на Јосип Броз – Тито. Во 1946 година организацијата била преименувана во Управа за државна безбедност, популарно позната како УДБ-а. Биле формирани и републички органи на ОЗН-а, со цел поефикасно дејствување на организацијата, кои биле под надлежност на сојузната ОЗН-а. Организацијата, всушност, дејствувала како *„партиска известителна служба“*.[285] По усвојувањето на Уставот на ФНРЈ, била извршена реорганизација на безбедносно-разузнавачките служби. На тој начин, во март 1946 година од првиот и вториот отсек на ОЗН-а била формирана УДБ-а при Министерството за внатрешни работи на ФНРЈ. Истовремено, од третиот отсек на ОЗН-а била формирана КОС при Министерството за народна одбрана на ФНРЈ.

На 15 август 1944 година бил формиран *Корпусот на народната одбрана на Југославија*, со решение на НКОЈ. Единиците на КНОЈ се занимавале со безбедноста на ослободените територии и со *„чистење“* на истите од сите категории на државно-партиски непријатели. Прв командант на КНОЈ бил Јован Вукотиќ, а политички секретар бил Владо Јањиќ. Всушност, со КНОЈ раководел Тито како повереник за народна одбрана при НКОЈ, преку началникот на ОЗН-а, Александар Ранковиќ. Кон крајот на војната, КНОЈ бил составен од седум дивизии и една самостојна бригада. По завршувањето на војната, во соработка со други органи, КНОЈ бил *„основен фактор за безбедност на границите на земјата и за уништување на останатите непријателски единици“*.[286]

Президиумот на АВНОЈ, во согласност со принципите за федеративно уредување и фактот за постоење на мултинационалната и мултијазична стварност на Југославија, како и врз основа на правото на самоопределување и национална рамноправност, на 15 јануари 1944 година, со посебно решение го регулирало и прашањето за објавување на решенијата и прогласите на АВНОЈ, на неговиот Президиум и на НКОЈ на српски, хрватски, словенечки и македонски

*Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 66). На Западот, ОЗН-а била позната како *„тајна политичка полиција“*. (Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945, Beograd, 1988, 460).

[285] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 66.

[286] *Ibid*, 67.

јазик. Според оваа одлука на Президиумот на АВНОЈ, овие четири јазици биле признати како официјални и рамноправни јазици на целата територија на Југославија.[287]

На 1 март 1945 година била објавена одлуката на Повереништвото за народна одбрана на ДФЈ со која НОВЈ била преименувана Југословенска армија, морнарицата на НОВЈ го добила називот Југословенска морнарица, а ВШ на НОВ и ПОЈ бил преименуван во Генералштаб на ЈА, како непосреден орган на Повереништвото за народна одбрана.[288] Непосредно пред конечниот прекин на непријателствата во Европа, во Југославија била прогласена општа мобилизација, а божемната причина за тоа било продолжувањето на воените дејствија против окупаторот и неговите соработници, меѓутоа главни причини за преземање на таквиот чин биле: смирување на сепаратизмот на Косово и во другите делови на земјата; создавање на голема армија, односно подобрувањето на квантитетот на армијата заради зголемување на престижот на Југославија на глобален воен план; намалување на побарувачката на храна и станови; и големиот број младинци во воените редови, надгледувани и обучувани од комунистите, биле идеална можност за индоктринација на новата социјалистичка идеологија. ЈА на 15 мај 1945 година броела вкупно 800.000 припадници.[289]

И покрај комунистичките идеали и декларираниот егалитаризам, државно-партиските функционери набрзо започнале да уживаат низа привилегии во однос на обичните граѓани, при што имале специјално повластено снабдување со прехранбени производи и продукти за секојдневна потреба, а ги присвојувале одземените домови на побогатите граѓани и скапоцените предмети внатре за уредување на своите домови.

Одделенијата за агитпроп, односно за агитација и пропаганда, како помошни тела при КПЈ, имале задача да го организираат и непосредно да раководат со агитационо-пропагандната работа поради политичка мобилизација на граѓаните во реализирање на задачите кои ги поставила партијата. Тие биле формирани при штабовите на НОВ кон крајот на 1942 година.

[287] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka o objavljivanju odluka i proglasa Antifašističkog veća narodnog oslobođenja na srpskom, hrvatskom, slovenačkom i makedonskom jeziku, Jajce, 15. januar 1944., Beograd, 1983, 465-466.
[288] *Ibid*, Odluka o Jugoslovenskoj armiji, 1. mart 1945., 664-665.
[289] Nikola Anić, Sekula Joksimović i Mirko Gutić, *Narodnooslobodilačka vojska Jugoslavije*, Beograd, 1982, 540.

Во социјалистичка Југославија, државната администрација опфатила области кои претходно не биле познати на старата државна администрација, така што администрацијата добила значителна задача и играла исклучително голема улога во изградбата на социјализмот.

На 3 февруари 1945 година АВНОЈ донел решенија за уредување и регулација на правниот поредок и органите на правосудството во Југославија. Со првото решение, се нагласувал дисконтинуитетот на новиот правен поредок со стариот поредок. Тоа се изразувало со укинување и прогласување за неважечки на правните прописи донесени од страна на окупаторот и неговите помагачи за време на окупацијата; со укинување на правните прописи кои важеле во Кралството Југославија, а биле спротивни со вредностите на НОБ, со декларацијата и одлуките на АВНОЈ, како и со правните прописи донесени од страна на НКОЈ и владата на ДФЈ. Исто така, се укинувале одлуките на судските власти донесени од страна на окупаторот и неговите помагачи за време на окупацијата, со кои се уредувале приватно-правните односи, доколку не биле во согласност духот и принципите на НОБ и гореспоменатите органи.[290] Понатаму, биле донесени решенија за основање на Врховен суд на ДФЈ, како највисок судски орган во државата,[291] како и за основање на институцијата Јавен обвинител на ДФЈ.[292]

Со преземањето на власта во Југославија под своја контрола, КПЈ започнала и процес на реконструкција на дипломатијата, кој се одвивал постепено. Паралелно со борбата за меѓународно признавање на НОВЈ, АВНОЈ и НКОЈ, започнал процес на преземање на дипломатските претставништва на Кралството Југославија. На почетокот КПЈ се задоволила со отстранување од дипломатска служба на оние најлојални дипломати на стариот систем и со поставување

---

[290] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, O ukidanju i nevažnosti svih pravnih propisa donetih od strane okupatora i njihovih pomagača za vreme okupacije; o nevažnosti odluka koje su za to vreme donete; o ukidanju pravnih propisa koji su bili na snazi u času neprijateljske okupacije, 3. februar 1945., Beograd, 1983, 696.

[291] Во надлежност на Врховниот суд на ДФЈ спаѓало: решавање на надзорните жалби на Јавниот обвинител на ДФЈ, вложени против одлуките на врховните судови на одделните федерални единици и против одлуките на советот на Врховниот суд на ДФЈ; решавање на судири за надлежност меѓу судовите на разните федерални единици, судири за надлежност меѓу воените и граѓанските судови, и судири за надлежност меѓу советот на Врховниот суд на ДФЈ и врховните судови на одделни федерални единици; давање на задолжителни упатства по прашањата од судска пракса од областа на заедничкото законодавство; и судење во кривичните и граѓанските работи за коишто по закон е надлежен. (*Ibid*, Odluka o osnivanju Vrhovnog suda Demokratske Federativne Jugoslavije, 3. februar 1945., 697).

[292] Југословенската прокуратура била создадена според советската. (*Ibid*, Odluka o ustanovljenju i nadležnosti Javnog tužioca Demokratske Federativne Jugoslavije, 3. februar 1945., 698).

на лојални луѓе на тамошното комунистичко раководство на истите позиции. Промени во дипломатијата биле овозможени по спогодбите меѓу Јосип Броз – Тито и Иван Шубашиќ во 1944 година. Од летото 1944 година комунистите постојано вршеле притисок врз Иван Шубашиќ од дипломатскиот апарат да се отстранат оние дипломати кои биле сметани за непријатели на НОВЈ, кои го поддржувале четничкото движење, *„и на нивните места да се постават луѓе во кои партизанската страна имала доверба“*.[293] Реконструкцијата и изборот на нови кадри во дипломатскиот апарат во овој период налагал пред западните сојузници да се отстранат сомнежите околу комунистичкиот карактер на НОВЈ и воспоставување на комунистички режим во Југославија, па поради тоа, особено во некои западни земји, новоизбраните дипломати не биле комунисти. Меѓутоа, КПЈ вложувала напори на позициите под шефот на дипломатската служба да именува свои лојални луѓе. Поради недостаток на стручни кадри од областа на надворешната политика во своите редови, КПЈ во дипломатскиот апарат именувала и луѓе кои не биле партиски членови и претставници на НОВЈ. Најважен услов на именување во дипломатска служба бил кандидатите за дипломатските позиции да не биле непријатели на НОВЈ во текот на војната и да не соработувале со окупаторот. Меѓутоа, во текот на 1944 година НКОЈ воспоставил свое влијание единствено во СССР[294] и во сојузничкото Советодавно собрание во Италија[295], како и отстранување на некои дипломати кои ги сметал како непријатели.[296]

---

[293] Slobodan Selinić, „Jugoslovenska diplomatija 1945–1950: stvaranje partijske diplomatije“, *Annales. Anali za istrske in mediteranske študije, Series Historia et Sociologia, 24, 2014, 4*, Kopar, 554.

[294] Во март 1944 година југословенскиот амбасадор во Москва, Станоје Симиќ, заедно со воениот претеник во СССР, потполковникот Миодраг Лозиќ, поднеле оставки. На барање на Јосип Броз – Тито, Симиќ и Лозиќ останале на своите позиции, па на тој начин тие преминале на страната на НОВЈ. (*Ibid*).

[295] Во ноември 1944 година, повереникот за надворешна политика на НКОЈ, Јосип Смодлак, бил именуван за југословенски делегат во сојузничкото Советодавно собрание во Италија, како дел од договорот меѓу Јосип Броз – Тито и Иван Шубашиќ, на местото на тамошниот делегат Миха Крека. Јосип Смодлак, преземајќи ја улогата на шеф на југословенската делегација, се залагал неговата структура да ја сочинуваат луѓе лојални на НОВЈ, меѓу кои бил и неговиот син Словен. По наредба на Јосип Смодлак, раководителот на југословенскиот конзулат во Неапол, Јован Ристиќ, кој бил советник на Мисијата во Ватикан, ја предал својата позиција на поручникот Гвидо Браница, кој бил секретар на одделението за врска на НОВЈ во Неапол. (*Ibid*).

[296] Претставниците на КПЈ, НКОЈ и НОВЈ биле особено незадоволни од улогата и работата на неколку југословенски дипломати, меѓу кои биле: амбасадорот во САД, Константин Фотиќ; амбасадорот во Лондон, Богољуб Јевтиќ; амбасадорот во Шведска, Александар Авакумовиќ; претеникот во Берн, Момчило Јуришиќ Штурм; и делегатот наројалистичката влада во Комитетот на Шарл де Гол, Јован Ѓоновиќ. На 9 јуни 1944 година бил донесен указ за пензионирање на југословенскиот амбасадор во Вашингтон, Константин Фотиќ, а на 17 јули истата година на сед-

## Политичката концепција и стратегија на КПЈ

КПЈ претставувала *„комбинација на религиозен ред и војничка организација“*.[297] Партијата била цврсто организирана и авторитарно поставена и негувала строг кодекс на однесување. Партијата особено негувала вредности како: идеолошка лојалност, подготвеност на жртва и внатрепартиска солидарност.

Југословенскиот политички систем бил концепиран на тој начин што на партијата ѝ била дадена можност и правна основа за целосна контрола над извршниот, законодавниот и судскиот апарат, па дури и духовниот, односно за целокупна контрола над политичкиот и општествениот систем во државата и на јавниот и приватниот живот на граѓаните. *„Федерализацијата на Југославија суштински била само форма во која целокупната власт била во рацете на најтесното партиско раководство“*.[298] Биле спроведувани мерки за изградба на федерација врз основа на тврд централизам со еден директен центар на раководење на чело со Политбирото на ЦК КПЈ и неприкосновениот авторитет на маршалот Јосип Броз – Тито, околу кој се градел култ на личноста, глорифицирајќи ја притоа неговата политичка моќ и вредност во државата и општеството. Етатизацијата дополнително го продлабочувала централизираниот систем во државата. Извршните органи биле надмоќни во однос на претставничките органи. Според Едвард Кардељ, Југославија требало да се дефини-

---

ницата на Владата било решено да биде пензиониран и пратеникот во Берн, Момчило Јуришиќ Штурм. На седницата на Владата на 12 октомври 1944 година биле пензионирани и пратениците во Шведска и Англија, Александар Авакумовиќ и Богољуб Јевтиќ. За вршител на должност во Лондон бил назначен дипломатот Владимир Рибарж, а од 30 март 1945 година за амбасадор во Лондон бил именуван Љубо Леонтиќ. Авакумовиќ во Шведска, пак, бил заменет од страна на граѓанскиот политичар Рајко Ѓермановиќ, којшто допатувал во Стокхолм на 2 јуни 1945 година. На 24 август 1944 година од страна на Владата на Иван Шубашиќ бил прензиониран и Јован Ѓоновиќ, кој во март 1945 година бил заменет од страна на Марко Ристиќ. За вршител на должност во амбасадата во САД од 14 јули 1944 година станал Иван Франгеш. Дури кон крајот на март и почетокот на април 1944 година бил решен проблемот околу именувањето на нов амбасадор во Вашингтон, при што изборот паднал на Станоје Симиќ, кој бил повлечен од Москва и испратен во Вашингтон. Во текот на 1944 година нови дипломатски претставници биле поставени и во Канада и Австралија. (Slobodan Selinić, „Jugoslovenska diplomatija 1945–1950: stvaranje partijske diplomatije“, *Annales. Anali za istrske in mediteranske študije, Series Historia et Sociologia, 24, 2014, 4*, Корar, 554-556).

[297] Latinka Perović, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015, 19.

[298] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 124.

ра како народна демократска република, при што во своите дискусии потенцирал дека *„Југославија ја гледа како ‘плебејска држава од јакобински тип’“*.[299] Централизмот во партиската структура се пресликал и во државната структура. Воспоставувањето централизирана федерација било оправдувано со следните причини: поради меѓународните притисоци, поради остатоците од *„класниот непријател“*, воените деструкции, заостанатото општество и поради неповолното историско наследство.[300]

Според комунистичкото сфаќање, базирано според филозофското учење на просветителството и на марксизмот, во однос на националното прашање, *„националните идентитети не смееле да бидат потиснувани, бидејќи тие претставуваат историски неопходен преоден стадиум на социјализам“*.[301] Тој процес претставувал неопходна фаза до реализирањето на целта за постигнување на наднационални формации. Основната максима на Ленин за самоопределување на народите до нивно отцепување била ограничена со *„класната логика“* на КПЈ.[302] Според Јосип Броз – Тито, републичките граници *„нема да ги раздвојуваат народите и да водат кон создавање на некои нови држави, туку се формулирани поради 'праведно' решавање на националното прашање кое не било решено во 'стара Југославија'“*.[303] Според Тито, границите требало *„да бидат тие што ќе ги спојуваат нашите народи“*, а не разделуваат.[304] Тито, исто така, верувал дека националностите во Југославија своевремено ќе се претопеле во една, единствена југословенска нација.

Исто така, според комунистите насилството била неопходна компонента во изградбата на социјализмот, односно *„нема социјализам без насилство, социјализмот мора да биде принуден ... Насилството било неминовно средство на класната борба, пролетерската револуција морала да биде насилен преврат, што е толкувано како неизбежен закон на револуционерното движење“*.[305] Антифашизмот послужил како своевидно оправдување на насилството.

[299] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 124.
[300] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. III: Socijalistička Jugoslavija 1945-1988*, Beograd, 1988, 69.
[301] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 225-226.
[302] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 34.
[303] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 146.
[304] Јосип Броз - Тито, *Автобиографски кажувања, т. 2*, Скопје, 1982, 12.
[305] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 157.

Југословенските комунисти во голем степен го следеле советскиот пример и се потпирале на еднопартиската диктатура, но не се изедначувале со степенот на советската диктатура.[306] Навистина, државно-партиските функционери се залагале за политичка дисквалификација и дискредитација, која понекогаш во крајности достигнувала и со физичка ликвидација на оние дејствувале самостојно, односно што не ја извршувале без поговор линијата на партијата. Меѓутоа, КПЈ, за разлика од ситуацијата во СССР, иако de facto била доминантна сила во државата и општеството, сепак de jure не била потврдена како таква.

Југословенското општество требало да се организира врз југословенска и мултиетничка основа, па поради таа причина биле распуштени културните организации и здруженија со исклучителен етнички и национален карактер.[307] Уредување на општеството врз мултиетничка и југословенска основа започнало првенствено од КПЈ, потоа во масовните организации формирани во текот на НОБ, војската и во младинските бригади. Истовремено, голем број научни и културни установи ја додале придавката *„југословенски“* во својот назив. Од страна на државно-партиското раководство била применувана политика на преориентација на националната преку југословенска идентификација.

Комунистичките државно-партиски раководители ги *„пласираа интернационализмот и класната борба во која класното се наметна над националното“*.[308] Југословенските комунисти сметале дека социјализмот, како општествено-економски систем, требало да послужи како централен обединувачки фактор против ароганцијата на национализмот и шовинизмот. Креирањето и поседувањето на општојугословенската свест, надополнета со новите програми и стратегии за воспитание и образование, требало да ја спречат појавата на национални аверзии, стереотипи и во крајна линија, појава на нови судири и почеток на нова граѓанска војна.

---

[306] Имено, за време на расправата околу нацрт уставот на ФНРЈ имало предлог да се воведе *„Ден на Црвената армија“*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. III: Socijalistička Jugoslavija 1945-1988*, Beograd, 1988, 68).

[307] На пример, какви што биле: *„Просвета“* во Србија, *„Напредок“* во Хрватска, и муслиманската *„Преродба“* во Босна и Херцеговина. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 226).

[308] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 23.

Официјална државна политика којашто ја пропагирало новото државно раководство била *„братството и единството“*, односно политика за солидарен соживот на различните, но сродни народи на Југославија, кои биле длабоко поделени со искуствата од поранешната држава и од граѓанската војна. Политиката за *„братство и единство“* претставувала *„алфа и омега на југословенскиот систем и негова највисока патриотска вредност“*.[309] Во првите повоени години доминирало убедување дека националното прашање со постојната федеративна структура на Југославија, надополнета со политиката на *„братство и единство“* и вредностите на општествено-социјалистичкиот систем, било решено. Југословенските комунисти сметале дека со нивната примена и консолидација ќе се неутрализираат и надминат последиците од граѓанската војна. Навистина, иако привремено, КПЈ сепак успеала да ги стабилизира националните конфликти. Меѓутоа, федеративната структура и доследната примена на политика на *„братство и единство“* не претставувале модел и магично откритие за дефинитивно решавање на националните проблеми во Југославија.

Југословенските комунисти спроведувале еден сеопфатен проект на развој, спротивен на капитализмот. Суштината почивала во социјалистичката теорија за растот и работата. Комунистите истовремено имале цел да ја отстранат и спречат политичката и економската зависност од странски сили. Појдовна точка во процесот на воспоставување на општествено-социјалистички систем во Југославија биле следните класични советски методи: вработување на населението и воведување социјална правда и еднаквост; воспоставување на државна сопственост над средствата за производство; воспоставување на државно централистичко-административно планирање на производството и во распределбата на производите; ликвидирање на секоја форма на приватна сопственост; и проширување на социјалистичките вредности, норми и практики. Со модернизацијата и стопанскиот развој, како и со воспоставувањето на социјална правда и еднаквост, сакале да ги надминат отуѓеноста и класните спротивности, карактеристични за капиталистичкиот систем, а пак *„државното планирање, научното сознание и стручното знаење требале да направат општествен пресврт“*.[310] Во суштина, сите овие елементи меѓусебно се надополну-

[309] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 225.
[310] *Ibid*, 231.

вале во постигнувањето на крајната цел: воспоставување на општествено-социјалистички систем во Југославија.

Воспоставувањето на општествено-социјалистички економски систем и промената на имотно-сопственичките односи во Југославија, според стратегијата на државно-партиското комунистичко раководство, требало да се случи постепено и врз доброволна основа со поддршка на народните маси, а не принудно, по пат на терор, каков што бил случајот во СССР. Меѓутоа, и покрај тоа, овој процес во Југославија се изведувал според советски модел[311], а тоа подразбирало: *„'железна власт' на диктатура на пролетаријатот во доминација на партијата, чија историска мисија беше да го надмине класниот непријател и да организира нова социјалистичка економија со централистичкиот систем на државното управување“*.[312] Соодветно таквата концепција, *„класната борба“* условувала разијдување и елиминирање на сите оние лица кои се сомневале во државно-партиската стратегија.

Агитпропот претставувал главен столб на новиот систем во Југославија, а неговата врховна максима *„било ширењето на оптимизам и животна радост: се оде напред во подобра, поправедна иднина“*.[313] Преку агитпропот бил формиран и изградуван култот на личноста на маршалот Јосип Броз – Тито. Преку овие одделенија биле формирани култови и на останатите партиски и државни лидери и функционери, кои биле лојални на доктрината и концепцијата на партијата, како *„бескомпромисни борци за комунистичкото дело“*.[314]

Комунистите пропагирале стандарди и вредности кои не се карактеристични само за социјалистичкото општество, туку општествено-културни норми на капиталистичкиот модел, во согласност со барањата и потребите на процесот на општествениот развој, како: работна етика, дисицплина, точност, пре-

---

[311] Според хрватскиот историчар Иво Банац, сталинизмот претставува *„директен, радикален болшевизам ... со воен жар, револуционерен волунтаризам и елан, подготвеност да се прибегне кон насилство, владеење со административна принуда, централизирана управа, прек суд и не баш мала доза на онаа комунистичка ароганција против која Ленин своевремено грмеше“*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 3). Југославија, исто така, во повоениот период во најголем степен го применувала советскиот модел на управување за разлика од останатите комунистички режими во Источна Европа. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 17).

[312] *Ibid*, 3-4.

[313] Мари-Жанин Чалиќ, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 232.

[314] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 70.

цизност и ефикасност. Меѓутоа, покрај овие норми и вредности, државно-партиските комунистички функционери пропагирале и специфично комунистички вредности, како: *„братство и единство“*, марксистичко сфаќање на светот, хуманизам, солидарност, родова рамноправност, социјална правда, патриотизам, љубов кон слободата и борбеност. Социјалистичкото воспитување имало за цел го подготват поединецот да може да се соочи со предизвиците, задачите и потребите на социјалистичката револуција. Во спроведувањето на процесот на социјалистичка револуција и општествена трансформација во Југославија, државно-партиските раководители, сосема природно и очекувано, имале цел да придобијат што е можно поголема народна маса.

Во Југославија од страна на комунистичкото раководство и агитпропот била извршена селекција и поделба на народот со употреба на категориите или поимите *„народ“* и *„народни непријатели“*. Поимот *„народ“* се користел за одредување на социјалните носители на *„класната коалиција“*, составена од работници, селани, *„чесна интелигенција“*, ситна буржоазија и така натаму, односно оние слоеви коишто се залагале за општествени промени во државата. Додека, пак, под поимот *„народни непријатели“* биле етикетирани оние слоеви и личности кои се спротивставувале на комунистичките мерки и проекции и оние кои го поддржувале стариот државен и општествен систем. Со термините, пак, *„петта колона“* или *„класен непријател“* биле етикетирани оние што се истакнувале со имотната состојба или значење над просекот.

Во однос на прашањето околу поправката на штетите и обновата на стопанскиот живот во Југославија, раководството било склоно кон употреба на селективен однос кон различните категории на население, при што поголем дел од обврската требало да им припадне на оние лица што не учествувале во НОБ, посебно оние што имале пасивна улога во текот на војната, додека сосема природно на очекувањата, помал дел од обврската да им припадне на учесниците на НОБ, иако било потенцирано дека во реализирањето на тој процес требало да придонесат сите луѓе во државата *„според можностите“*. На тој начин, во

спроведувањето на овој чин бил присутен своевиден *„класен пристап“* од страна од страна на раководството.[315]

Комунистите ги негирале вредностите на парламентарната демократија и на плуралистичкиот систем од западноевропски вид, бидејќи тој систем не овозможувал слобода на *„огромното мнозинство народни маси“*.[316] Тие прокламирале *„народна демократија“*, која, според нивното сфаќање, била *„демократија која настанала во ослободителната војна против фашизмот и претставувала премин од граѓанска кон советска демократија: 'Тоа е демократија за народот, но не и за народните непријатели и предавници'“*.[317] Според Јосип Броз – Тито, политичкиот концепт на *„народната демократија“* овозможувал крупни социјални реформи.[318] Во практика, *„доминирало партиско-наредбодавното наместо демократско-претставничкото регулирање на општествените односи“*.[319]

Според марксизмот, во изградбата на новото југословенското општество комунистите сметале дека *„со исчезнувањето на капитализмот ќе исчезнат покрај економското (колонијално) и националното угнетување“*.[320]

Според марксистичката идеологија, религијата била главно идеолошко орудие на експлоататорот во борбата против обесправените маси и против слободата на човекот. Поради тоа, комунистите сакале во општество под нивно раководство да доминира научникот поглед на светот, а религијата да претставува приватна работа на поединецот и да нема влијание на политичкиот живот.[321] Според марксистичкото учење, *„толерирањето на 'религиозното суеверие' претставува 'идејна капитулација пред непријателската идеологија'“*.[322] Според сфаќањето ма комунистите, традиционалната религија била *„лага, магична псевдонаука, трансцендентна метафизика која со себе носи погрешна*

---

[315] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 63.
[316] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 146.
[317] *Ibid*, 156.
[318] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 146.
[319] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 63.
[320] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 170.
[321] Miroslav Akmadža, *Katolička crkva u komunističkoj Hrvatskoj 1945-1980, Zagreb-Slavonski Brod*, 2013, 18.
[322] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 159.

*моралност"*.[323] За нив, религијата била *„најважно идеолошко оружје на 'експлоататорите' во нивната борба против 'ослободувањето на човекот'"*.[324] Тие граделе своја нова есхатологија, наречена дијалектички материјализам, односно *„филозофија која учи дека 'вечно' нема, дека сѐ се менува, а дека само промената е вечна"*.[325] Истовремено, комунистите пропагирале атеистички поглед на светот.

[323] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 158.
[324] *Ibid.*
[325] *Ibid.*

## Односите меѓу НКОЈ и југословенската влада во егзил

По Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, поради одлуките донесени на самото заседание, дошло до паралелизам на влади во Југославија: југословенската влада која се наоѓала во егзил во Лондон, Велика Британија, на чело со премиерот Божидар Пуриќ, и НКОЈ, кој функционирал како привремена влада на чело со маршалот Јосип Броз – Тито. Судирот меѓу двете спротивставени страни бил неминовен. Легитимноста на југословенската влада во егзил, како што претходно видовме, била оспорена на заседанието во Јајце, монархијата на истото била суспендирана, додека, пак, стариот центар на власт не ги признавал НКОЈ и АВНОЈ, односно политичко-административните придобивки остварени во текот на НОБ. Не само што взаемно не се признавале, туку особено во периодот од декември 1943 година до крајот на мај 1944 година, но и понатаму, двете во голем степен меѓусебно биле непријателски настроени, од причина што доаѓало до судир на нивните интереси и амбиции, инаку дијаметрално спротивставени. Меѓутоа, НКОЈ не бил во позиција да извршува функции за меѓународно претставување на државата, за разлика од југословенската влада, но со текот на времето и со развојот на настаните и околностите, како на глобално, така и на регионално ниво, настанале големи промени, при што договорниот капацитет и меѓународните полномоштва на НКОЈ се проширувале, додека истите на југословенската влада се стеснувале. Меѓутоа, ситуацијата на парализам на влади значително влијаела и го отежнувала процесот на нормирање на државното уредување и општествените односи во Југославија, бидејќи таквата состојба ја разгорувала постојната тензичност во дадениот момент.

Состојбата на парализам на влади, меѓународните околности и воените услови во голема мера влијаеле на работата на АВНОЈ и НКОЈ, меѓутоа не ја попречувале нивната оперативна активност. Нивната дејност во актуелниот момент во најголем степен биле подредени во насока на обезбедување на нивните интереси во меѓународните и сојузничките установи. Како прилог во реализирањето на таквата цел, како и во популаризирање на работата на АВНОЈ и НКОЈ, бил издаван весникот *„Народно ослободување“*, како официјален орган

на АВНОЈ, како и една ревија чијашто линија би ја одредувал единствен редакционен одбор, кој бил задолжен да раководи со пропагандата во странство.[326] Меѓународна димензија добил заклучокот на Претседателството на АВНОЈ и НКОЈ, со кој ВШ на НОВ и ПОЈ бил овластен да склучи заем со некоја сојузничка земја како основа за издавање на пари на Југославија.[327] НКОЈ им забранил на банките во Лондон, Вашингтон, Рио де Жанеиро и Анкара за издавање и пренос на пари на Кралството Југославија.[328] Седиштето на НКОЈ до 25 мај 1944 година се наоѓало во Дрвар, Босна.

Советскиот лидер Сталин и западните сојузници сè уште не биле подготвени да прифатат воспоставување на комунистичка власт во Југославија. Британците се залагале за постигнување на компромис меѓу претставниците на стариот поредок и претставниците на НОД, бидејќи сметале дека на тој начин комунизмот во последен час ќе се спречи.[329] Меѓутоа, ситуацијата не се движела во полза на британските очекувања. Имено, со британската помош во оружје и опрема до НОВ и ПОЈ од втората половина на 1943 година, со цел помагање на борбата против силите на Оската, британскиот премиер Винстон Черчил набрзо сфатил дека *„тоа имаше уште поштетен ефект врз британската стратегија на зачувување на Југославија во рамките на британската сфера на влијание, претпочитајќи го кралот Петар“*, и дека најдобар начин за подобрување на позицијата на стариот поредок во Југославија била *„да се принуди кралот да го отфрли Михајловиќ и да се спогоди со Тито“*.[330] Британците потајно се обидувале да го претопат НКОЈ со југословенската влада со создавање единствена југословенска влада, иницирајќи, всушност, поделба на власта во Југославија со остварување двојна цел: обезбедување предност на силите на стариот поредок, и парализирање на придобивките на НОБ, односно да го стаг-

---

[326] Одборот бил во следниот состав: Едвард Кардељ, Родољуб Чолаковиќ, Моша Пијаде и Едвард Коцбек. Во Јајце била формирана и телеграфската агенција Танјуг. Прв директор на Танјуг бил Владислав Рибникар, кој заедно со Моша Пијаде, го подготвувал билтенот на агенцијата. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Zapisnik Druge zajedničke sednice Nacionalnog komiteta oslobođenja Jugoslavije i Predsedništva AVNOJ-a, 19. januar 1944., Beograd, 1983, 532-533).
[327] *Ibid*, Zapisnik Prve zajedničke sednice Nacionalnog komiteta oslobođenja Jugoslavije i Predsedništva AVNOJ-a, 3. decembar 1943., 531-532.
[328] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 242.
[329] Според надевањето на британскиот премиер Винстон Черчил, по капитулацијата на нацистичка Германија, во Југославија би можело да дојде до обнова на монархијата или до воспоставување на плуралистички политички систем. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 217).
[330] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 12.

нираат политичкиот и државниот прогрес и промената на новиот државно-политички апарат во Југославија. Британците тежнееле да ја приграбат контролата во свои раце врз ситуацијата во Југославија. Под притисок на британскиот премиер Винстон Черчил, на чело на југословенската влада во егзил на 1 јуни 1944 година бил поставен Иван Шубашиќ,[331] кој имал за задача постигнување на компромис со претседателот на НКОЈ и врховен командант на НОВ и ПОЈ, Јосип Броз – Тито. Всушност, Велика Британија, како и САД, склучувањето сојуз со НКОЈ, под претседателство на Тито, првенствено го гледале од прагматична перспектива, бидејќи во актуелниот момент приоритет претставувала безусловната капитулација на нацистичка Германија.

Јосип Броз – Тито и неговите соработници биле свесни дека самостојно не биле доволно моќни за да извојуваат дефинитивна победа против претставниците на стариот поредок. Од таа причина, Тито, во својство на претседател на НКОЈ, соопштил дека бил подготвен и отворен за преговори и соработка со неговите главни легитимни соперници.[332] Секако, тој, исто така, на сојузот со југословенската влада гледал прагматично, притоа обезбедување повеќекратни намери и цели, од воен, внатрешен и надворешен политички карактер, како: добивање меѓународна поддршка и признавање на придобивките остварени во текот на НОБ, особено признавање на АВНОЈ како врховно претставничко тело на федеративна Југославија, односно обезбедување на државен континуитет во меѓународен поглед[333], како и обезбедување подобро вооружување на НОВЈ.[334]

---

[331] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Dr Ivan Šubašić obaveštava kraljevska predstavništva da je naimenovan za predsednika ministarskog saveta, 5. jun 1944., Beograd, 1983, 620-621.

[332] Раководството на НКОЈ прифатило водење разговори со Иван Шубашиќ, како претседател наројалистичката влада во егзил, бидејќи тој во почетокот на војната се дистанцирал одројалистичката влада, дворските котерии и четничкото движење. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 625).

[333] Во тој историски момент, меѓународно биле признати југословенската влада во егзил и кралот како уставен фактор на Кралството Југославија. Поради тоа, имало обиди, особено од страна на Иван Шубашиќ, државно-правната ситуација создадена во актите на АВНОЈ да се поврзи со октроираниот устав на Кралството Југославија од 1931 година. На 15 јануари 1945 година кралот Петар II Караѓорѓевиќ дал предлог кралската власт да се пренесе на владата под претседателство на Јосип Броз – Тито, *„формирана по уставен пат“*. Претседателот на НКОЈ, Јосип Броз – Тито, ја избегнал таа замка, и на понудата на кралот одговорил дека бил подготвен да ги продолжи преговорите, *„но само преку кралската влада“*. (Slobodan Nešović, *Diplomatska igra oko Jugoslavije 1944-1945*, Zagreb, 1977, 58-59).

[334] Уште претходно, за време на војната, за добивање поддршка од Западот за НОБ, како и обезбедување подобро вооружување и опрема, биле обидите да се испрати Иво Лола Рибар во Лондон, како и делегирањето на Владимир Велебит за официјален воен претставник на ВШ на НОВ и ПОЈ при Сојузничката команда во Каиро, и други. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 53).

Според налагањето на околностите, Тито зазел поизбалансиран став кон западните сојузници и *„почна да го отфрла својот ултралевичарски став“*.[335] Прогресот на односите со западните сојузници, исто така, било *„рефлексија на неговото разочарување во СССР и неговата зголемена преокупација со државотворноста“*.[336] КПЈ во преговорите се потпирала на НОВЈ, на придобивките постигнати во текот на НОБ, како и на противречностите меѓу сојузниците. Раководството на КПЈ воспоставувало непосредни контакти и врски со комунистичките партии на западните држави, со цел обезбедување на нивната поддршка. Меѓутоа, *„некои од нив беа политички врзани за своите внатрешни сојузници и нивните ставови во толкава мера што во таа поддршка неможеа да се експонират, а да не водат сметка за ставовите на своите сојузници во своите земји“*.[337]

Преговорите меѓу НКОЈ и југословенската влада, со извесни прекини, траеле од јуни 1944 до март 1945 година. Во суштина, започнувањето и водењето преговори со југословенската влада во егзил значело отстапување од одлуките донесени на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, бидејќи се преговарало со мандатарот на кралот, на кого му било забрането враќање во земјата додека народот не одлучи по прашањето околу формата на идната државна власт по ослободувањето на земјата. За време на преговорите, НКОЈ и ЦК КПЈ воделе сметка да *„не изневерат ниту една од историските одлуки донесени во Јајце“*.[338] Кралот Петар II Караѓорѓевиќ, под влијание на дворот и од извесна група претставници на западните сојузници, го отежнувал процесот на преговори во намера да ги осуети истите, но без успех да создаде криза во југословенската влада, *„туку предизвикал своја лична криза“*.[339]

Екстремните позиции и барања на кралот и југословенската влада во егзил биле: признавање на власта на југословенскиот крал Петар II Караѓорѓевиќ, односно на монархијата, како и признавање на југословенската влада во

---

335 Како што дополнително тврди хрватскиот историчар Иво Банац, Јосип Броз – Тито *„сега ги прекоруваше хрватските партизански новинари за создавање впечаток дека во Југославија се случува комунистичка револуција, ги откажа плановите за прославување на дваесет и петгодишнината на КПЈ, па дури и го забрани поздравот со тупаница во партизанската армија“*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 13).
336 *Ibid*.
337 Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 54.
338 Slobodan Nešović, *Diplomatska igra oko Jugoslavije 1944-1945*, Zagreb, 1977, 59.
339 *Ibid*, 62.

егзил како легитимна влада. Меѓутоа, според Кардељ, *„концесиите што не ги предлагаа, но кои можеа да се насетат од нивните предлози, беа формирање заедничка влада од членови на бегалската влада и од членови на Националниот комитет на ослободувањето на Југославија, односно од личности што ќе ги предложи АВНОЈ“*.[340] За југословенските комунисти екстремните барања на кралот и владата во егзил биле неприфатливи. Во почетокот владата во егзил и британскиот амбасадор Стивенсон, инсистирале за време на преговорите да учествува токму и британскиот амбасадор, барање што било одбиено од страна на раководството на НКОЈ, бидејќи не дозволиле мешање на надворешни сили во внатрешните работи на Југославија.

Преминот на Јосип Броз – Тито и на штабот на НКОЈ во мај 1945 година на островот Вис на Јадранското Море, кој бил под британска заштита, *„беше предност за британската стратегија“*.[341] Преговорите на островот Вис меѓу НКОЈ и Иван Шубашиќ, којшто траеле од 14 до 16 јуни 1944 година, биле водени без публицитет. За време на преговорите на островот во Вис, Јосип Броз – Тито се покажал како вешт дипломат, бидејќи јавно потврдил дека се залагал за ослободување на Југославија, а не за воведување на социјализам, што целосно се совпаѓало со британските интереси и очекувања.[342] Секако, амбициите и намерите на Тито биле прикриени. Најтешкото прашање за време на преговорите било прашањето околу монархијата и положбата на кралот.

Под притисок на британскиот премиер Винстон Черчил, на 16 јуни 1944 на островот Вис бил склучен договор меѓу Јосип Броз – Тито, како претседател на НКОЈ, и Иван Шубашиќ, како претседател наројалистичката влада, познат како *Вишки договор*.[343] Според договорот, потписниците се договориле: ројалистичката влада да биде составена од *„напредни демократски елементи“* коишто не биле компромитирани во борба против НОД; должности на владата биле организирање помош на НОВЈ, обединување на сите сили во еден фронт, грижа за прехрана на населението, и усогласување на работата на претставни-

---

[340] Едвард Кардељ, *Сећавања*, Скопје, 1980, 67.
[341] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 13.
[342] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 217.
[343] Вишкиот договор претходно бил изработен од страна на Работната група, составена од Владислав Рибникар, Јосип Смодлак и Едвард Кардељ, на НКОЈ, кој подоцна, со незначителни изменувања и дополнувања, го потпишале Јосип Броз – Тито и Иван Шубашиќ. (Едвард Кардељ, *Сећавања*, Скопје, 1980, 68).

штвата во странство и работата во меѓусојузничките комисии; заедничко одредување на органите за координирање на соработката во борбата против силите на Оската, во работата за обнова на земјата и за водење на надворешната политика, како и олеснување на процесот на што побрзо создавање на единствено претставништво на државата; прашањето околу дефинитивната форма на државната власт да го реши народот по ослободувањето на земјата; владата на Иван Шубашиќ да издаде декларација во којашто ќе бидат признати националните и демократските придобивки постигнати во текот на НОБ, целосно признавање на НОВЈ на чело со врховниот командант Јосип Броз – Тито и осуда на сите предавници кои јавно или прикриено соработувале со непријателот, и повикување на целиот народ за обединување на сите сили со НОВЈ во еден единствен фронт; а Јосип Броз – Тито, како претседател на НКОЈ, да даде изјава за соработка со владата на Шубашиќ во која особено ќе биде потенцирано дека за време на војната нема да се поставува прашањето околу конечната форма на власт во Југославија.[344] Всушност, со договорот двајцата потписници заемно се признале и се обврзале на заедничко дејствување и официјално биле признати воените и политичките достигнувања на НОВЈ во текот на НОБ.

На 7 јули 1944 годинаројалистичката влада под претседателство на Иван Шубашиќ била проширена пет членови, од коишто двајца биле на предлог на НКОЈ. Владата била составена од следните членови: Иван Шубашиќ, претседател, министер за надворешни работи, и министер за војска, воздухопловство и морнарица[345]; Сава Косановиќ, министер за внатрешни работи, министер за социјална политика и народно здравје, и министер за градежништво; Драго Марушич, министер за сообраќај и министер за правда; Јурај Шутеј, министер за финансии и министер за трговија и индустрија; Изидор Цанкар, министер за просвета и министер за пошта, телеграф и телефон;[346] и Сретен Вукосављевиќ, министер за земјоделство, министер за снабдување и исхрана, и министер за шуми и рударство. На барање на НКОЈ, но против своја волја, членови на вла-

---

344 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Sporazum Nacionalnog komiteta oslobođenja Jugoslavije i Kraljevske jugoslovenske vlade, Vis, 16. jun 1944., Beograd, 1983, 622-623.

345 На 11 септември 1944 година на позицијата министер за војска, воздухопловство и морнарица бил именуван дивизискиот генерал Борисав Ристиќ.

346 На 6 октомври 1944 година Изидор Цанкар поднел оставка од своите функции во Владата на Иван Шубашиќ, поради тоа што не успеал да го убеди раководството на СЛС да го признае Ослободителниот фронт и да се приклучи кон НОВЈ.

дата станале Сретен Вукосављевиќ и Драго Марушич, меѓутоа ставот на НКОЈ бил дека тие влегле во Владата *„како видни личности, а не како претставници на народноослободителното движење заради создавање на коалициона влада“*.[347] Меѓу членовите на НКОЈ и КПЈ се појавило незадоволство, поради вклучување на конзервативните политичари Шутеј, како претставник на ХСС, и Цанкар, како претставник на СЛС, како и поради тоа што немале претставници од Србија во Владата.[348] На 8 август 1944 година била објавена Декларација на ројалистичката влада, во која било изразено признавање на НОВЈ и на основните придобивки остварени во текот на НОБ, односно на привремената администрација воспоставена од АВНОЈ и НКОЈ, како и било нагласено дека се осудувале сите оние кои соработувале со окупаторот, бидејќи сториле *„најтешко злосторство на предавство спрема народот и неговата светост“* и дека *„ќе бидат предадени на народниот суд, како предавници“*.[349]

На 12 август 1944 година во Неапол, Италија, била остварена средба меѓу претседателот на НКОЈ, Јосип Броз – Тито, и британскиот премиер Винстон Черчил. Тито за време на средбата изјавил дека немал намера да воспостави комунизам во Југославија, туку дека *„сите европски земји после војната мораат да имаат демократски систем, а Југославија не смее да биде поинаква“*. Черчил го нагласил приоритетот на британската политика за воспоставување единство во Југославија во борбата против нацистичка Германија до нејзината дефинитивна капитулација.[350]

Иван Шубашиќ, под притисок од британската влада, кон крајот на летото 1944 година, инсистирал на што побрзо формирање на заедничката влада на Југославија, бидејќи, според него, претстоело брзо повлекување на германските единици од Балканот, меѓутоа истото мислење не го делел Тито, кој приоритет им давал на воените причини и тврдел дека НОВЈ ја очекувале уште многу борби со германските единици до конечното ослободување на земјата, и дека во моментот било поважно сојузниците што побрзо да ја испратат ветената помош

---

347 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 623.
348 *Ibid.*
349 *Ibid*, Deklaracija Vlade Dr Ivana Šubašića, 8. avgust 1944., 628-630.
350 Ibid, Zapisnik razgovora između Maršala Tita i G. Vinstona Čerčila, 12. avgust 1944., 630-631. Претходно, ВШ на НОВ и ПОЈ склучил низа договори со воените претставници на Велика Британија: за работа на база на НОВЈ во Бари; за школување и обука на југословенските авијатичари кај РАФ; и за тренирање на југословенските тенкисти. (*Ibid*, 535).

во оружје и воена опрема, особено да ја предадат кралската морнарица, отколку *„сега да се занимаваме со 'преуранети комбинации за фузија на владата'"*.[351] Со застапувањето на таквото гледиште, Тито, исто така, настапувал со прикриени интереси и намери околу јакнењето на НОВЈ, кои во овој контекст биле двонасочни, и тоа: како прво, помоќна НОВЈ ќе можела порешително и постабилно да ја продолжи војната со окупаторот и неговите соработници до дефинитивното ослободување на земјата и неутрализирање на непријателот;[352] и второ, моќта на НОВЈ да ја злоупотреби за остварување на свои цели, особено да обезбеди помоќна воена позадина и поткрепа што ќе му овозможи предност во дипломатските и внатрешните односи, како во однос на граѓанската опозиција во земјата, така и во однос на меѓународниот фактор, бидејќи југословенската војска била под раководство на КПЈ. Британската влада го засилувала притисокот истовремено со приближувањето на единиците на Црвената армија до југословенските граници.

Комунистичкиот водач Тито ги искористил спротивставените интереси меѓу британскиот премиер Винстон Черчил и советскиот лидер Јосиф Сталин за да го спречи западното влијание и мешање во решавањето на внатрешните прашања во Југославија. Тито ноќта помеѓу 18 и 19 септември 1944 година, без да ги извести британските сојузници, тајно се качил во советски авион на островот Вис и заминал за Крајова, Романија. Таму разговарал со командантите на Црвената армија околу снабдувањето на НОВЈ со воена опрема и за претстојните воени операции во Југославија.[353] Оттаму на 21 септември 1944 година, Тито заминал за Москва на средба со советскиот лидер Сталин, со главна цел да го убеди советското раководство да испрати единици на Црвената армија како воена помош за ослободување на Белград, но и од причина што *„пречувствувал дека Британците сè повеќе интригираат и дека потајно подготвуваат нешто, а увидел дека и СССР во однос на Бугарите во извесна смисла го става*

---

[351] Јосип Броз - Тито сметал дека НКОЈ бил *„најкомпетентно тело да ја доведе народноослободителната војна до успешен крај, додека, на другата страна, ... владата на Шубашиќ требала да ги врши своите функции како претставник на Југославија кај сојузниците, и тоа во договор со НКОЈ"*. Околу тоа прашање настанале недоразбирања меѓу Тито, Шубашиќ и британската влада. (Slobodan Nešović, *Diplomatska igra oko Jugoslavije 1944-1945*, Zagreb, 1977, 62-63).

[352] Според српскиот историчар Коста Николиќ, Јосип Броз – Тито, по добивањето меѓународно признавање на НОВЈ, *„не сакал да преземе понатамошни чекори за создавање на единствена југословенска влада пред дефинитивно да ја совлада ЈВуО"*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 135).

[353] *Ibid.*

*пред свршен чин“*.[354] На 28 септември 1944 година во Москва бил постигнат договор за содејство на Црвената армија со НОВЈ во завршните дејствија против германските единици на територијата на Југославија.[355] Истовремено, било истакнато *„дека ќе биде почитувана цивилната власт на ‘нова Југославија’“*.[356] На тој начин, Јосип Броз – Тито, во својство на претседател на НКОЈ и врховен командант на НОВЈ, de facto издејствувал индиректно советско признавање на НКОЈ, бидејќи советската влада свесно преминала преку егзистирањето наројалистичката влада на чело со Иван Шубашиќ.[357]

Иако излегол во пресрет на барањето на Тито со испраќање на единици на Црвената армија во Југославија, советскиот лидер водел реална политика и не бил подготвен да се впушти во дополнителни акции во Југославија. На конференцијата во Москва во октомври 1944 година Сталин и Черчил склучиле т.н. *Договор за проценти*, со кого извршиле поделба на сферите на интерес во Европа, при што, покрај останатото, двајцата се договориле Југославија да ја контролираат со по 50% влијание, односно еднакво го поделиле своето влијание во земјата.[358]

---

354 Имено, без претходно известување, армијата на ОФ, под советска команда, се наоѓала на југословенска територија, во Пирот, поставена спрема Бела Паланка и Ниш. (Slobodan Nešović, *Diplomatska igra oko Jugoslavije 1944-1945*, Zagreb, 1977, 63-64).

355 *Ibid*, 64. Истовремено, со *„молбата“* до советското раководство за единиците на Црвената армија да влезат на територијата на Југославија како воена помош на НОВЈ било постигната и друга намера, бидејќи истата била во насока за спречување на евентуално англо-американско пристигнување на јадранскиот брег, *„за што доста се размислувало и што било големо очекување на српските антикомунистички формации“*. На тој начин, официјална Москва *„јасно ставила до знаење дека пристапување на државната територија на Југославија може да настапи само по одобрување од комунистичката влада и Врховниот штаб“*, па со тоа била заобиколена одлуката донесена на Техеранската конференција за Југославија да остане вон зоната на дејство на големите сили. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 136).

356 *Ibid*, 135.

357 Во *„резервирана атмосфера“* течела првата средба меѓу Јосип Броз – Тито и Јосиф Сталин во Москва во септември 1944 година, бидејќи испливале на површина недоразбирањата меѓу советското и југословенското раководство. За време на средбата, Сталин го предупредувал Тито во врска со силата на *„српската буржоазија“* и го советувал дека кралот треба да се врати на тронот во земјата, барем привремено, а потоа во соодветно време, преку конспиративни мерки да биде отстранет. Меѓутоа, Тито не се согласил со советскиот лидер околу овие прашања. Меѓутоа, Тито издејствувал прифаќање на неговиот предлог дека Третиот украински фронт на маршалот Толбухин морал да побара дозвола за влез во Југославија од провизорната влада на АВНОЈ и НКОЈ, како и *„однапред да ја прифати цивилната власт на партизаните во ослободените подрачја“*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 14). Исто така, за време на средбата Тито го предупредил Сталин за претстојното навлегување на Британците во Југославија, *„единствените што уште сакале да спречат промена на системот од страна на комунистите“*. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 218).

358 Со т.н. *Договор за проценти* на Советите требало да им припадне 90% од влијанието во Романија, 75% во Бугарија, додека 90% од влијанието во Грција им припаднало на Британците.

По ослободувањето на Белград, владата на АВНОЈ и НКОЈ во внатрешноста на земјата не била сериозно загрозена одројалистичката влада и кралот Петар II Караѓорѓевиќ, бидејќи претставниците на стариот поредок не уживале голема поддршка меѓу народните маси, односно ги загубиле симпатиите кај народот заради следните причини: се покажале неспособни да ја одбранат земјата од германската агресија во 1941 година; поради нивното бегство од земјата за време на агресијата во април 1941 година; поради тоа што НОВ и ПОЈ, под водство од КПЈ, покажале ефикасни резултати и успеси, како на воен, така и на политички и административен во текот на војната, придобивајќи ја притоа поддршката од голем број од народните маси, особено посиромашните категории од населението, селското население и работничката класа, докажале дека отпорот во Југославија имал перспективи за успех; поради нивната улога и однесување во текот на војната, особено поради поддршката што му ја давале на четничкото движење на Драгољуб Михајловиќ; поради немањето конкретно алтернативно решение за прашањето околу повоениот државно-политички и општествен систем во Југославија, односно *„било прилично нејасно за што таа ... поточно се залагаˮ*.[359] По ослободувањето на Белград, ЦК КПЈ, ВШ на НОВЈ, АВНОЈ и НКОЈ[360], како највисоки државни, политички и воени органи на НОД на Југославија, биле преместени во овој град. На тој начин, раководствата на сите овие тела од сега се наоѓале на едно место. Започнала последната фаза од

Сталин и Черчил се договориле Југославија и Унгарија да ги контролираат со по 50% влијание, односно еднакво да го поделат своето влијание во овие држави. Имено, британскиот премиер Черчил сметал дека само Сталин *„може да го обврзе Тито да покаже поголема флексибилност со кралот и да се воздржи од наметнување на комунистичка хегемонија во Југославијаˮ*. Меѓутоа, истовремено со одржувањето на конференцијата во Москва, во Југославија се одвивала *Белградската операција* за ослободување на Белград, па поради стравот од можниот советски прогрес и инфилтрација во Југославија, Черчил инсистирал да го ограничи советското влијание на Балканскиот Полуостров. Советскиот министер за надворешни работи, пак, Вјачеслав Молотов инсистирал на зголемување на стапката на интерес на Советите во Југославија на 60%, но без успех. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 14-15).

[359] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 217.

[360] Во есента 1944 година биле направени извесни промени во составот на НКОЈ и неговата орнизациона структура, како последица од ослободувањето на источните делови на земјата. Во одделни повереништва биле воведени државни подсекретари и помошници повереници. Била извршена реконструкција на некои повереништва со укинување на стари или основање на нови повереништва, односно со издвојување на одделни административни гранки во самостојни ресори. Исто така, се прифаќале поранешните службеници доколку не биле непријателски настроени кон НОБ. Во новиот административен систем посебно место имале Стопанскиот совет на НКОЈ и Комисијата за економска обнова на земјата при НКОЈ. Во почетокот на 1945 година, била формирана Врховна комисија за замена на парите. Меѓутоа, *„донесувајќи ги новите прописи, НКОЈ начелно се задоволил со утврдување на основните начела и со давање на општи упатства, настојувајќи да се оставаат што пошироки надлежности на одделните федерални единициˮ*. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 337-338).

функционирањето на АВНОЈ и НКОЈ.[361] Истовремено, АВНОЈ започнал плодна законодавна дејност[362], што *„дала основа и рамка за работа на НКОЈ“*.[363]

Со цел да ги реализира своите намери за меѓународно санкционирање на новата југословенска власт и, секако, воспоставување и консолидација на комунистичка власт во Југославија, создавање на социјалистички општествен поредок и федеративна државна организација, а притоа поаѓајќи од *„принципите државниот континуитет на Југославија од меѓународно-правно гледиште“*, односно поради фактот дека предвоена Југославија била призната во Друштвото на народите *„во својата стара форма, и како таква функционирала“*, како и на *„јасно изразената волја на сите народи на Југославија во нивната четиригодишна борба за една нова, на принципите на демократијата изградена, независна и федеративна државна заедница“*, Јосип Броз – Тито, во својство на претседател на НКОЈ, на 1 ноември 1944 година[364] во ослободениот Белград склучил договор со Иван Шубашиќ[365], во својство на претседател на југословенската влада која се наоѓала во егзил, познат како *Белградски договор*, со кој во

---

[361] Работата на АВНОЈ и НКОЈ се потпирала на претходното искуство стекнато во војната, како и во текот на состаноците на нивните президиуми во Јајце, на Влашиќ и Рог, во Дрвар и на Вис. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 336).

[362] Имено, на 21 ноември 1944 година Президиумот на АВНОЈ донел *Одлука за премин за премин во државна сопственост на непријателските имоти, за државна управа над имотот на неприсутните лица и за секвестар над имотот кој окупаторските власти присилно го отуѓиле* (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka Predsedništva AVNOJ-a o prelazu u državnu svojinu neprijateljske imovine, o državnoj upravi nad imovinom neprisutnih lica i o sekvestru nad imovinom koju su okupatorske vlasti prisilno otuđile, 21. novembar 1944., Beograd, 1983, 681-682); понатаму, истиот ден, Одлука за општа амнестија на лицата кои во четничките единици на Дража Михајловиќ учествувале или ги помагале или учествувале во единиците на хрватското и словенечкото домобранство (Ibid, Odluka Predsedništva AVNOJ-a o opštoj amnestiji lica koja su u četničkim jedinicama Draže Mihajlovića učestvovala ili ih pomagala ili su učestvovala u jedinicama hrvatskog i slovenačkog domobranstva, 21. novembar 1944., 699); понатаму, на 3 февруари 1945 година, АВНОЈ донел *Одлука за укинување и неважност на сите правни прописи донесени од страна на окупаторот и неговите помагачи за време на окупацијата; за неважност на одлуките кои за тоа време се донесени; за укинување на правните прописи кои биле на сила во часот на непријателската окупација* (Ibid, Odluka o ukidanju i nevažnosti svih pravnih propisa doneta od strane okupatora i njihovih pomagača za vreme okupacije; o nevažnosti odluka koje su za to vreme donete; o ukidanju pravnih propisa koji su bili na snazi u času neprijateljske okupacije, 3. februar 1945., 696); потоа, истиот ден, била донесена *Одлука за основање на Врховен суд на ДФЈ* (Ibid, Odluka o osnivanju Vrhovnog suda DFJ, 3. februar 1945., 697); како и *Одлука за основање и надлежноста на Јавен обвинител на ДФЈ* (Ibid, Odluka o ustanovljenju i nadležnosti Javnog tužioca DFJ, 3. februar 1945., 698).

[363] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, 1976, Beograd, 336.

[364] Иако Белградскиот договор бил склучен на 1 ноември 1944 година, во некои документи како датум на спогодбата се наведува: 2 ноември 1944 година. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 655).

[365] Претходно, југословенскиот премиер Иван Шубашиќ, во придружба на Владимир Велебит, преминал на слободна територија во Југославија, во Бела Црква, каде што започнале разговорите меѓу него и Тито. (*Ibid*, 643).

голем степен било дефинирано идното уредување на Југославија до решението на Уставотворното собрание, односно *„до донесувањето на конечното уставно уредување на државата“*. Со цел *„да се избегне секое можно заострување на односите во земјата“*, било договорено кралот да не се враќа во земјата до одржувањето на референдум за формата на власта во Југославија, а во негово отсуство официјален шеф на државата да биде кралско намесништво, коешто се утврдувало со уставен акт на кралот, на предлог наројалистичката влада, а со договор меѓу претседателот на НКОЈ, Јосип Броз – Тито, и претседателот наројалистичката влада, Иван Шубашиќ. Намесништвото му полагало заклетва на кралот. Исто така, било решено формирање на заедничка влада и бил утврден нејзиниот состав.[366] На крајот од договорот, покрај задолжението за објавување декларација по изборот на новата влада, било нагласено дека *„сувереноста на народните индивидуалитети внатре државната заедница ќе бидат во полна рамноправност почитувани и чувани како тоа е решено на Второто заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија“* и дека *„секоја превласт на еден народ на друг ќе биде исклучена“*.[367]

Со овој договор постојат два анекса. Во првиот анекс, усвоен на 7 ноември 1944 година, се пропишувало следното: се одредувал рокот за одржување на избори за Уставотворно собрание[368], при што се предвидувало тие да се одр-

---

[366] Според Белградскиот договор од 1 ноември 1944 година меѓу Тито и Шубашиќ, било договорено во заедничката влада на ДФЈ да биде избран еден потпретседател, но сепак во Привремената влада на ДФЈ од 7 март 1945 година биле избрани двајца потпретседатели: Милан Грол и Едвард Кардељ. Исто така, биле направени и други отстапки во однос на предвидените министерски ресори, како на пример, со Белградскиот договор биле предвидени: министерство за трговија и индустрија, министерство за обнова на земјата, министерство за исхрана; а со конституирањето на Привремената влада на ДФЈ на 7 март 1945 година биле создадени: посебно министерство за индустрија, посебно министерство за трговија и снабдување, министерство без ресор, а воопшто не биле формирани министерство за обнова на земјата и министерство за исхрана. Спореди: Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Sporazum Nacionalnog komiteta oslobođenja Jugoslavije i Kraljevske jugoslovenske vlade, 1. novembar 1944., 643-645; *Ibid*, Obrazovanje jedinstvene vlade Tito – Šubašić, 7. mart 1945., 656-657.

[367] *Ibid*, Sporazum Nacionalnog komiteta oslobođenja Jugoslavije i Kraljevske jugoslovenske vlade, 1. novembar 1944., 643-645.

[368] Меѓутоа, кон крајот на 1944 година во највисоките британски кругови во врска со ситуацијата во Југославија владеело мислење дека волјата на народот поуспешно ќе биде изразена на директен начин, по пат на плебисцит, отколку на посреден начин, преку конститутивно собрание. На 21 декември 1944 година, одговарајќи на порака на Винстон Черчил, Јосип Броз – Тито потенцирал дека сè уште не бил утврден начинот со кој најдобро ќе била изразена волјата на народот, дека било разгледано прашањето околу спроведување на плебисцит, меѓутоа дека конечната одлука по тоа прашање ќе ја донесат АВНОЈ и новата влада. На југословенското комунистичко раководство не му претставувало проблем *„тоа прашање формално да се реши на еден*

жат *„најдоцна три месеци по ослободувањето на целата земја“*, базирани според закон за избори за уставотворно собрание кој благовремено требало да биде донесен; АВНОЈ да ја поседува законодавната власт до завршувањето на работата на Уставотворното собрание; владата да ја поседува извршната власт; и дека една од првите задачи на новата влада била да го организира судството во земјата според демократски дух, односно *„судовите во судењето се независни, а судат по законот и совеста“*.[369] Со овој анекс на Белградскиот договор, всушност, биле зацврстени позициите на граѓанската опозиција во Југославија, бидејќи бил прифатен, барем привремено, плуралистички политички систем во Југославија од страна на Јосип Броз – Тито, во својство на претседател на НКОЈ, па било овозможено легално егзистирање и дејствување на граѓанските политичари и политички партии, идеолошки неистомисленици и противници на југословенските комунисти. Во вториот анекс била регулирана позицијата на намесниците и управувањето со кралските имоти. Притоа, раководството на НКОЈ не дозволувало регентскиот совет да има преголеми ингеренции и да може да се меша по клучните политички и општествени прашања во државата, па поради тоа инсистирале намесништвото во својата природа да биде репрезентативно тело.[370]

Во ноември 1944 година, Сталин, имајќи го во предвид договорот со Черчил околу интересните сфери и проценти на влијание, како и новосклучениот Белградски договор меѓу претседателите на двете паралелни влади во Југославија, *„со цел да ги смири Британците“*, а *„притоа надевајќи се дека ќе успеат да ја одржат рамнотежата во полза на кралската влада“*, ги поканил Тито и Шубашиќ на состанок во Москва.[371] Претчувствувајќи ги намерите на Сталин, Тито на состанокот во Москва го испратил Едвард Кардељ.[372] Состанокот на Сталин со Шубашиќ и Кардељ бил одржан на 22 ноември 1944 година.[373] На

---

*или друг начин, бидејќи одговорот на мнозинството од народот веќе бил даден во текот на народноослободителната борба“*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 454-455).

369 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Sporazum Nacionalnog komiteta oslobođenja Jugoslavije i Kraljevske jugoslovenske vlade, 1. novembar 1944., Beograd, 1983, 643-645.

370 Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 71.

371 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 15.

372 *Ibid.*

373 Повеќе информации за состанокот на Едвард Кардељ и Иван Шубашиќ со Јосиф Сталин во Москва во ноември 1944 година види: Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 74-83.

состанокот Сталин бил особено груб кон Кардељ.[374] На состанокот, Сталин го обелоденил *„договорот за проценти“* склучен еден месец претходно со Черчил, *„забележувајќи притоа во воведот дека Југословените не се сами во светот и дека не можат да се однесуваат како да се единствени“*.[375] Шубашиќ во текот на состанокот бил прилично молчалив. Обидот на Сталин за балансирање на преговорите меѓу НКОЈ и ројалистичката влада *„веројатно ќе дадеа поголеми резултати доколку британската политика беше поконзистентна“*.[376] На 2 декември 1944 година британскиот премиер Черчил во лична белешка го потсетил Јосип Броз – Тито дека Велика Британија *„очекува слободни избори во Југославија“*.[377] Меѓутоа, на Черчил веќе му било јасно дека воспоставувањето социјализам во Југославија бил неизбежен процес, и на некој начин бил резигниран околу тоа прашање.[378]

Премиерот Шубашиќ се спогодил со Тито во Белград без притоа да се консултира со кралот Петар II Караѓорѓевиќ.[379] Кралот до крајот на годината не презел ништо од своја страна.[380] Меѓутоа, на 13 јануари 1945 година изнел два приговори на Белградскиот договор, и тоа: за предвидената форма на намесништвото во Југославија и за законодавните ингеренции на АВНОЈ. Според него, тоа значело *„предавање на власта во Југославија на една единствена поли-*

---

374 Сталин ја *„оцрнувал“* НОВЈ и југословенските офицери, бидејќи *„ја кренале опашката“*, и барал нивна покорност спрема советските воени советници во Југославија, како и прифаќање на старите кралски офицери во армијата. Истовремено, Сталин искажувал пофалби за армијата на Отечествениот фронт. Исто така, тој го обвинил југословенското комунистичко раководство за *„тесногледост и секташтво бидејќи одби да го дозволи враќањето на кралот“*, бидејќи, според него, *„кралевите веќе немаа значење, бидејќи претставуваа безопасни фигури без општествена улога“*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 15). Подетално, Сталин на Кардељ му го кажувал следното во врска со државното уредување на Југославија, статусот на кралот Петар II Караѓорѓевиќ и граѓанските политичари: *„Што ви пречи кралот Петар? Вие ја имате сета моќ, а тој е само фигура. Покрај тоа, вие го потценувате влијанието на монархијата во Југославија. Нејзиното политичко влијание сѐ уште е силно. Јас се согласувам дека на таа стара буржоазија и на нејзините воени кругови не треба да им се даде можност да ги зграпчат клучните позиции во власта. Вратете го кралот формално, дајте им на еден дел од тие стари политичари некои помалку важни позиции во државата, а кога ќе дојде време лесно ќе го отстраните и кралот и тие министри“*. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 51).

375 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 15.

376 *Ibid*, 16.

377 *Ibid*.

378 На 8 јануари 1945 година британскиот премиер му се доверил на Иван Шубашиќ околу состојбите во Југославија. (Dragovan Šepić, *Vlada Ivana Šubašića*, Zagreb, 1982, 365).

379 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 15.

380 Кралот Петар II Караѓорѓевиќ, целиот период на неговото владеење постојано бил *„под кобно зрачење на дворската околина“*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 452).

*тичка група"*.[381] Кралот тврдел дека *„југословенскиот устав не предвидува регентство кога кралот е способен да владее"*.[382] Ставот на кралот, de jure, односно од уставно-правен поглед бил целосно коректен, но de facto, на политички план, согласно тамошната ситуација на терен во внатрешноста на земјата и позициите на меѓународниот фактор, овој негов потег воопшто не бил мудар. Тој го сфаќал договорот како пат кон абдикација. Така, кралот своевидно го отфрлил Белградскиот договор.

Меѓутоа, тој не застанал овде. Кралот го отстранил Иван Шубашиќ од позицијата претседател на ројалистичката влада и им забранил на членовите од владиниот кабинет да патуваат од Лондон во Белград. Со тоа, тој уште повеќе ја влошил својата позиција, бидејќи дополнително го намалил своето влијание во Лондон и во Југославија, што секако одело во полза на Јосип Броз – Тито и КПЈ. Меѓутоа, кралот бил ставен во ситуација на *„свршен чин"* и под британски притисок попуштил и ги променил своите одлуки, така што го прифатил Белградскиот договор. На 29 јануари 1945 година, кралот Петар II повторно му доделил мандат на Иван Шубашиќ да состави нова влада,[383] а своите прерогативи му ги пренел на намесништвото.[384] По таквите свои маневри, кралот го преминал нивото на толеранција кај меѓународниот фактор и во значителен степен ја редуцирал нивната поддршка. Новата ројалистичка влада, позната како *Втора влада на Иван Шубашиќ*, како главна задача ја имплементацијата на Белградскиот договор во Југославија.

---

[381] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Direkcija za informativnu službu objavljuje prigovore na sporazum, 13. januar 1945., Beograd, 1983, 647.
[382] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 344.
[383] Новата ројалистичка влада од 29 јануари 1945 година ја сочинувале: Иван Шубашиќ, претседател, министер за надворешни работи, и министер за војска, воздухопловство и морнарица; Драго Марушич, министер за сообраќај, министер за правда и министер за просвета; Сава Косановиќ, министер за внатрешни работи, министер за социјална политика и народно здравје; и министер за градежништво; Јурај Шутеј, министер за финансии, министер за трговија и индустрија, и министер за пошта, телеграф и телефон; и Сретен Вукосављевиќ, министер за земјоделство, министер за снабдување и исхрана, и министер за шуми и рударство. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Komunike Kraljevske vlade o ostavci i ponovnom davanju poverenja vladi Ivana Šubašića, 30. januar 1945., Beograd, 1983, 648).
[384] *Ibid,* Odluka kralja Petra II, o prenosu svojih prava na namesništvo, London, 30. Januar 1945., 648-649. Претходно, иако го прифатил Белградскиот договор, продолжил да врши опструкција со неприфаќање на кандидатите предлагани за регенти, како Душан Симовиќ, Александар Белиќ, Савко Дуканац и други. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 648).

АВНОЈ ја задржал својата законодавна функција во државата. Од страна на Президиумот на АВНОЈ во овој период биле преземени мерки за стабилизирање на политичката атмосфера и односи во државата. Во тој контекст, била донесена амнестија за политичките соработници на окупаторот доколку истите не биле *„интелектуални зачетници на предавството, идеолошки водачи, воени злосторници“*.[385] Истовремено, била укината и воената цензура.[386]

Во периодот од 4 до 11 февруари 1945 година била одржана конференцијата на *„големите тројца“* во Јалта, на Крим. На конференцијата, САД, Велика Британија и СССР ја потврдиле поддршката на договорот склучен помеѓу Тито и Шубашиќ и препорачале договорот *„без одложување да стапи на сила“*. Исто така, особено на предлог на министерот за надворешни работи на Велика Британија, Ентони Идн, било предложено, по нејзиното формирање, новата влада да даде изјава: дека АВНОЈ *„ќе биде проширено со оној број пратеници од последното југословенско собрание кои не се компромитирале во соработка со непријателот и дека на тој начин создадениот орган ќе биде наречен Привремено собрание“*[387], и дека законските акти кои ги донел АВНОЈ *„ќе бидат*

---

[385] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 345. Според членот 2 од ова решение, амнестијата ги опфаќала и на оние лица коишто се уште се наоѓале во составот на единиците на четничкото движење, хрватското или словенечкото домобранство, но кои до 15 јануари 1945 година ги напуштат овие единици и се стават на располагање на ВШ на НОВ и ПОЈ или на органите на *„граѓанската власт“* на НОО. Меѓутоа, според членот 5 од решението, амнестијата не ги опфаќала оние лица кои и по прогласувањето на ова решение за амнестија продолжат со злонамерни акции во полза на споменатите единици. (*Ibid*, Odluka Predsedništva AVNOJ-a o opštoj amnestiji lica koja su u četničkim jedinicama Draže Mihajlovića učestvovala ili ih pomagala ili su učestvovala u jedinicama hrvatskog i slovenačkog domobranstva, 21. novembar 1944., 699).

[386] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 345.

[387] Сталин се согласил со предлогот на британскиот премиер Черчил за АВНОЈ да ги прифати сите пратеници на предвоеното собрание на Кралството Југославија, избрани на последните парламентарни избори во 1938 година, коишто во текот на војната не дејствувале како непријатели на НОВЈ и не соработувале со окупаторот. (*Ibid*, Izvod iz sovjetskog zapisnika Krimske konferencije, Beograd, 1983, 650-651; *Ibid*, Izvod iz američkog zapisnika Krimske konferencije, Beograd, 1983, 651-652). Идејата за проширување на АВНОЈ се појавила од повеќекратни причини, меѓутоа, во суштина, Черчил настојувал да ја зајакне позицијата на граѓанските политичари во државните органи на Југославија, како и позициите на Велика Британија во Југославија. Исто така, со ова идеја се надминувал отпорот на кралот околу пренесувањето на своите ингеренции на намесништвото. Исто така, со барањето за формирање на нов орган со назив Привремено народно собрание, кое *„како установа не се споменува во документите“* на НОД, произлегува дека сојузниците не ги признавале решенијата на АВНОЈ како конституционални, но *„не можеле ниту да ја превидат ова институција прифаќајќи ја како факт, со самото тоа што говорат за проширување на АВНОЈ, а не за негово распуштање, па потоа формирање на ново тело“*. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 341-343).

*поднесени на потврда во Уставотворното собрание"*.[388] Идејата и барањето за проширување на составот на АВНОЈ, всушност, претставувала *„понатамошен вид условување за признавање на промените во Југославија"*.[389] На тој начин, со препораката од конференцијата во Јалта, Белградскиот договор официјално меѓународно бил санкциониран, меѓутоа со гаранции за почитување на основните принципи на демократските слободи и со ветување за спроведување на демократски избори во Југославија во рок од три месеци по ослободувањето на земјата.[390]

Југословенското комунистичкото раководство ги прифатило препораките од конференцијата во Јалта, особено од причина што било свесно за предноста којашто ја поседува во Југославија во однос на останатите групации, стекната за време на војната.

По завршувањето на Кримската конференција, на 16 февруари 1945 година ројалистичката влада, на чело со Иван Шубашиќ, пристигнала во Белград. Во тој период, претставниците на НКОЈ ројалистичката влада ја нарекувале *„влада на гости"*.[391]

По макотрпни преговори и убедувања, кралот Петар II Караѓорѓевиќ на 2 март 1945 година ги назначил за намесници Срѓан Будисављевиќ, Анте Мандиќ и Душан Сернец, на кои им ги пренел своите ингеренции до решението на Уставотворно собрание околу формата на државната власт.[392] Поради таквиот акт, преку намесништвото, ДФЈ на меѓународен план се претставувала во својата стара форма. На 5 март 1945 година намесниците положиле заклетва, која ја извршиле митрополитот Јосиф, како застапник на заробениот патријарх, и

---

[388] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Preporuka Krimske konferencije, 11. februar 1945., Beograd, 1983, 649.
[389] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 343.
[390] Под почитување на основните демократски принципи се мисли на: лична слобода, слобода од страв, слобода на вероисповед, слобода на говор и печат, слобода на собири и здружувања, и право на сопственост и приватна иницијатива. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 739).
[391] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 340.
[392] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Saopštenje Kancelarije kraljevskog dvora o imenovanju namesnika, 4. mart 1945., Beograd, 1983, 652-653. Меѓутоа, како што соопштува Едвард Кардељ, *„регентите својата улога ... ја примија повеќе како шега отколку сериозно, зашто и самите беа членови на раководството на народноослободителното движење"*. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 73).

белградскиот надбискуп д-р Ујчиќ.[393] Намесништвото веднаш започнало со својата работа, така што го именувало Тито на функцијата премиер на ДФЈ и му дало задача да формира влада на ДФЈ. Со воспоставување на институцијата Намесништво, во системот на ДФЈ бил *„задржан фрагмент на чиста монархистичка структура ... но без значителни овластувања во меѓународната и внатрешнополитичката сфера на одлучување“*.[394] Всушност, намесништвото претставувало *„декор на уставноста или вид на прилагодување на револуционерните промени на уставната форма“*.[395]

На 5 март 1945 година дошло до распуштање наројалистичката влада,[396] а НКОЈ му поднел своја оставка на Президиумот на АВНОЈ[397], која била уважена наредниот ден, на 6 март 1945 година.[398] На тој начин, дошло до распуштање и на НКОЈ. На тој начин, исчезнал дотогашниот парализам на влади, односно *„дуализам“* на влади во Југославија. Имено, владата во егзил власта им ја предала на намесниците, а НКОЈ власта му ја предал на АВНОЈ.

---

393 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Telegram Ivana Šubašića Kralju Petru II o polaganju zakletve namesnika, 5. Mart 1945., Beograd, 1983, 653-654.
394 Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 344.
395 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 458.
396 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Telegram Ivana Šubašića Kralju Petru II o polaganju zakletve namesnika, 5. Mart 1945., Beograd, 1983, 653-654.
397 *Ibid*, Tito podnosi ostavku Nacionalnog komiteta oslobođenja Jugoslavije, 5. mart 1945., 655.
398 *Ibid*, Zakon o raspuštanju Nacionalnog komiteta Jugoslavije, 6. mart 1945., 655-656.

## Привремена влада на ДФЈ

Врз основа на Белградскиот договор и препораките на претставниците на големите сили од Конференцијата во Јалта, на 7 март 1945 година била формирана Привремена народна влада на Демократска Федеративна Југославија[399].

Новиот државен кабинет, на предлог на Президиумот на АВНОЈ, го сочинувале следните членови: Јосип Броз – Тито, како претседател на Привремената влада на ДФЈ, а воедно и министер за одбрана; Милан Грол[400], како потпретседател на владата; Едвард Кардељ, како потпретседател на владата и министер за Конституанта[401]; д-р Иван Шубашиќ; министер за надворешни работи; д-р Јурај Шутеј; министер без ресор; д-р Јосип Смодлак, министер без ресор; Сретен Жујовиќ, министер за финасии; д-р Драго Марушич, министер за пошта, телеграф и телефон; Фране Фрол, министер за правосудство; Владимир Зечевиќ, министер за внатрешни работи; Тодор Вујасиновиќ, министер за сообраќај; Андрија Хебранг[402], министер за индустрија; инж. Никола Петровиќ, ми-

---

399 Постојат повеќе називи на новоформирана влада во Југославија во документите и во печатот, и тоа: „*„Единствена влада“*, *„Привремена влада на ДФЈ“*, *„Министерски совет на ДФЈ“*, *„Влада на Тито-Шубашиќ“*, *„Сојузна влада“*, *„Народна влада на ДФЈ“*, *„Централна влада“* и други називи. Меѓутоа, во суштина, владата имала привремен карактер со ограничен временски мандат, којашто имала за цел спроведување на Белградскиот договор, па поради тоа соодветниот назив би бил Привремена влада на ДФЈ. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 458-459). Иако во употреба е и називот *„единствена“*, со цел да се потенцира прекинот на дотогашниот парализам на влади во Југославија, сепак Привремената влада на ДФЈ не била единствена во поглед на идеологијата и политичките погледи на нејзините членови во однос на политичкото и општественото уредување на Југославија, бидејќи станувало збор за претставници со спротивставени ставови. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 655). Меѓутоа, називот *„Влада“* никогаш не бил официјално усвоен. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 340).

400 Милан Грол влегол *„како британски експонент“* во Владата на ДФЈ. (*Ibid*, 340-341).

401 Министерството за Конституанта работело на изработување на нацртот на уставот и на донесување упатства со кои се настојувало *„организационо да се изедначи работата и структурата на народните одбори, како највисоки органи на власт на своите подрачја“*. (*Ibid*, 345).

402 Во септември 1944 година, Андрија Хебранг бил сменет од позицијата секретар на ЦК КПХ и именуван за повереник за трговија и индустрија при НКОЈ. Промената на неговата раководна партиска позиција во Хрватска била на предлог на најблиските соработници на Јосип Броз – Тито, Едвард Кардељ, Александар Ранковиќ и Милован Ѓилас. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 301). Всушност, Хебранг бил преместен во сојузната држава, вон раководната улога во својата матица, поради критиките на неговата работа како сепаратистичка, *„но тоа пошироката јавност, па дури и составот на КПЈ, не го знаел“*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj.*

нистер за трговија и снабдување; Владислав Рибникар, министер за просвета; Сава Косановиќ, министер за информација; д-р Златан Сремец, министер за народно здравје; Бане Андреев, министер за рударство; д-р Васо Чубриловиќ, министер за земјоделство; Сулејман Филиповиќ, министер за шумарство; д-р Антон Кржишник, министер за социјална политика; Сретен Вукосављевиќ, министер за колонизација; д-р Раде Прибиќевиќ, министер за градежништво[403]; Јаков Продановиќ, министер за Србија; д-р Павле Грегориќ, министер за Хрватска; Едвард Коцбек, министер за Словенија; Родољуб Чолаковиќ, министер за Босна и Херцеговина; Емануел Чучков, министер за Македонија; и Милован Ѓилас, министер за Црна Гора.[404]

Привремената народна влада на ДФЈ според својот политички и национален состав била хибридна. Владата на ДФЈ работела врз основа на законите на АВНОЈ. Таа не била традиционална коалиција, ниту пак била монолитна. Од вкупно 28 министер во новиот државен кабинет, 10 не биле комунисти.[405] Апсолутно мнозинство во новиот кабинет имале комунистите и останатите припадници на ЈНОФ, додека *„малцинството“* било олицетворено во тројцата политичари, приврзаници на стариот југословенски поредок: Иван Шубашиќ, Милан Грол и Јурај Шутеј.[406] Навистина, мнозинството членови на државниот кабинет ги поддржувале придобивките и вредностите создадени во текот на НОБ

*II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 460). Имено, во февруари 1944 година направил обид да создаде хрватска партизанска влада по примерот на НКОЈ, а наредниот месец, март 1944 година, направил обид за воспоставување редовни судови на ослободените хрватски територии. Јосип Броз – Тито ставил вето на овие иницијативи на Хебранг. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 95).

[403] На 24 април 1945 година на местото на д-р Раде Прибиќевиќ, на кој му била уважена оставката, за нов министер за градежништво бил именуван Стева Зечевиќ. (*Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 689).

[404] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Obrazovanje jedinstvene vlade Tito – Šubašić, 7. mart 1945., Beograd, 1983, 656-657. Земските министерства биле споменати во Белградскиот договор, меѓутоа, иако имале помало значење во структурата на Владата, го симболизирале федеративната струтура на Југославија. Меѓутоа, нивното егзистирање не било предвидено во Уставот на ФНРЈ. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 459).

[405] Некомунистички политичари коишто станале членови на Привремената влада на ДФЈ биле: Иван Шубашиќ, Јурај Шутеј, Златан Сремец и Фране Фрол, претставници на ХСС; Милан Грол, претставник на српската Демократска партија; Сава Косановиќ, претставник на СДС; Едвард Коцбек, претставник на христијанските социјалисти; Јаков Продановиќ, претставник на ЈРС; и Јосип Смодлак и Васо Чубриловиќ, којшто тогаш биле без партиско определување. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 345; Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 460-461).

[406] *Ibid*, 455-456.

и политиката и концептот на ЈНОФ, подоцна на НФЈ. Според својата форма, владата *„не била продолже-ние на НКОЈ, но фактички значела продолжување на револуционерната вла-да“*.[407] Федеративната структура била запазена и во составот на новиот кабинет.

Новата влада веднаш обезбедила меѓународно признавање од страна на сојузничките влади. Имено, Велика Британија ја признала Привремената влада на ДФЈ на 20 март, САД на 28 март, а СССР тоа го стори на 29 март 1945 година.[408] На тој начин, југословенските комунисти ја реализирале својата цел и ги зацврстиле своите позиции во државата.

Во овој период Југославија имала хибриден политички систем, *„во кој биле измешани елементи од либералниот парламентаризам со еднопартиската држава“*.[409] Меѓутоа, во суштина, улогата на граѓанските политичари во Привремената влада на ДФЈ била само од формален карактер. Под контрола на припадниците на КПЈ се наоѓале најважните државни ресори, со исклучок на министерството за надворешни работи.

Со назначувањето на Шубашиќ на позицијата министер за надворешни работи на Владата на ДФЈ, како и назначувањето на останатите некомунистички министри, југословенското раководство имало двојна намера и цел, покрај обезбедувањето меѓународно признание, пред западните сојузници да покаже дека во Југославија не бил воспоставен комунистички режим. Меѓутоа, иако на чело на министерството за надворешни работи се наоѓал Шубашиќ, сепак со надворешната политика на Југославија раководело и координирало Политбирото на ЦК на КПЈ на чело со Јосип Броз – Тито.[410] Југословенските комунисти се обидувале да воспостават контрола врз овој ресор, на тој начин што службе-

---

[407] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 345.
[408] *Ibid*, 341.
[409] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 218.
[410] Навистина, преписката меѓу Јосип Броз – Тито и Јосиф Сталин, како и со останатите советски раководители, се одвивала без публицитет. За време на кризата околу Трст и Јулијска краина, *„сите конци на надворешната политика“* биле под контрола на Јосип Броз – Тито и Едвард Кардељ. Исто така, додека Иван Шубашиќ бил предводник на југословенската делегација на основачкото собрание на ООН во Сан Франциско, притоа настојувајќи да го реши прашањето во врска со помошта според Законот за заем и наем, Тито престојувал во Москва, каде потпишал Договор за пријателство и заемна помош со СССР, кој во југословенската јавност бил означен *„како камен темелник на југословенската надворешна политика“*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 460).

ниците поставени од страна на Шубашиќ биле под константен надзор од страна на ОЗН-а.

Исто така, била речиси целосно ограничена можноста за преземање посериозни акции од страна на граѓанските политичари во владата, иако тие, а особено Милан Грол, сето ова го доживувале како поделба на власта помеѓу силите на стариот поредок и КПЈ, односно за *„коалиција на рамноправни партнери“*, додека за комунистичкото раководство тоа било само илузија.[411] Граѓанските политичари го засилувале отпорот против новиот поредок во Југославија во моментите на сојузничките конференции, со цел да предизвикаат политичка и општествена криза во Југославија со поддршка и посредство на меѓународниот фактор. Тие немале значително влијание и не уживале значителна поддршка меѓу југословенското население во овој период, особено не во споредба со ЈНОФ.

Меѓутоа, во Југославија немало алтернативно решение од страна на опозицијата околу прашањето за повоеното државно уредување, коешто би претставувало опозиција на федеративното државно уредување на Југославија за кое се залагале југословенските комунисти, решение кое, како што видовме, било усвоено на Второто заседание на АВНОЈ.

На 9 март 1945 година Привремената влада на ДФЈ усвоила Декларација, која Јосип Броз – Тито ја прочитал преку Радио *„Белград“*. Во Декларацијата биле изнесени основите на внатрешната и надворешната политика: продолжување на НОБ до дефинитивен крај на војната, како прва и најважна цел; активности за присоединување на *„националните територии“* на Југославија, кои по завршувањето на Првата светска војна останале вон државните граници; дека *„основа на конструктивната работа“* на Владата ќе претставува *„големата национална демократска придобивка на нашите народи“*, изразена во решенијата на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце; рамноправност на народите на Југославија, како *„камен темелник за посреќна иднина, благосостојба и мир за сите нив“*; гаранција на демократските права, особено на граѓанските слободи, како што се личната слобода, слободата на вероисповед, слободата на говор, печат и здружување; строго казнување на воените злосторници, агенти

[411] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 217.

на окупаторот и на *„народните предавници“*; проширување на составот на АВНОЈ со претставници кои не биле компромитирани во соработка со непријателот; економска обнова на земјата, *„како централно прашање во позадината на фронтот“*; обезбедување целосна слобода и помош на приватната иницијатива во стопанството; посветување особено внимание на задругарството, *„кому ќе припадне важна улога во обновата на земјата“*; очекување на целосна поддршка од сојузниците со цел надминување на недостигот на продукти, неопходни за живот; решавање на т.н. селанско прашање со спроведување на аграрна реформа и колонизација; решавање на проблемот со долговите; спроведување на социјално осигурување; посветување посебно внимание кон жртвите во војната; решавање на прашањето за законодавството со уредувањето на судовите; изградба на *„народната власт“* во демократски дух; формирање на владите на федералните единици; спроведување на слободни избори за Уставотворно собрание врз основа на општо, тајно гласање, по ослободувањето на земјата; и зацврстување и понатамошна соработка со сојузниците.[412]

Во пролетта 1945 година, во период кога паралелно се одвивале завршните воени дејствија за елиминирање на окупаторот и колаборационистите, биле донесени низа мерки за стабилизирање и регулирање на социјално-економските услови во ДФЈ. Во контекст на тоа бил и *Законот за спроведување на социјално осигурување на подрачјето на ДФЈ*, усвоен на 2 мај 1945 година, со кој се предвидувало примена на социјална осигурување во случај на болест, изнемоштеност, старост, смрт, несреќа и невработеност.[413]

Во меѓувреме била ослободена целата територија на Југославија, па поради тоа овој период се карактеризира со премин од военовременски кон мирновременски живот во државата.

На 24 мај 1945 година од страна на Привремената влада на ДФЈ бил донесен *Закон за забрана за предизвикување на национална, расна и верска ом-*

[412] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Deklaracije Vlade Tito – Šubašić od 9. marta 1945., Beograd, 657-661.
[413] Според законот, главен носител на социјалното осигурување во Југославија бил Централниот завод за социјално осигурување со центар во Загреб, којшто го спроведувал осигурувањето преку земските заводи за социјално осигурување, формирани во центрите на федералните единици. (*Ibid*, Zakon o sprovođenju socijalnog osiguranja na području DFJ, 2. maj 1945., 703-704). Министерството за социјална политика настојувало да згрижи стотици илјади сираци, инвалиди, бегалци и интернирци. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 465).

*раза.* Законот пропишувал дека *„секое ограничување на граѓанските права, како и секое давање повластици и предности (привилегии) на граѓаните на демократска федеративна Југославија во зависност од нивната национална, расна или верска припадност, казниво е како кривична работа“* која имала за цел нарушување на принципот на рамноправност на народите и на братството и единството на народите на ДФЈ. Според законот, за негово прекршување биле предвидени казни со затвор, губење на граѓанската чест, казна со строг затвор, делумна или целосна конфискација, и смртна казна.[414]

Во летото 1945 година бил донесен *Закон за кривични дела против народот и државата* со кој биле ограничени граѓанските права, слободата на здружување и собирање, и печатот. Исто така, биле забранети сите расправи во Југославија околу воспоставување на плуралистички политички систем.[415]

По ослободувањето на земјата, во 1945 година била отфрлена старата југословенска химна, но нова државна химна официјално не била усвоена. Меѓутоа, de facto, нова химна на ДФЈ станала *„Хеј, Словени“*.[416]

По формирањето на Привремената влада на ДФЈ, настанале значителни промени во дипломатскиот апарат. Формирањето на новата влада *„го олеснило пополнувањето на дипломатските претставништва со луѓе во кои новата*

---

[414] Според членот 2 од законот, била предвидена казна за секоја агитација и пропаганда која имала за предизвикување и разгорување на национална или расна омраза или раздор, како и пишување, издавање, печатење и растурање на списоци со таква содржина. Понатаму во законот, во врска со кривичното дело околу верската омраза, било пропишано дека научната критика на религијата и *„критиката на некоректна работа на верските претставници и црковните службеници не може да се смета за предизвикување на верска омраза“*, меѓутоа, *„ќе се смета за отежнувачка околност ако предизвикувањето и разгорувањето на верската омраза ја вршат црковни претставници“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Zakon o zabrani izazivanja nacionalne, rasne i verske mržnje i razdora, 24. maj 1945., Beograd, 1983, 704-705).

[415] Имено, според класичното болшевичко сфаќање на комунистичката идеологија, Тито идеолошкото единство и социјалната правда ја ставал пред политичкиот плуралистички систем, а дека воведувањето на демократија според западен модел би довело до обнова на стариот поредок во Југославија, до етничко-политички поларизации, стагнација и блокирање на индустрискиот развој и социјлната еднаквост, и до конечен распад на државата. (Мари-Жанин Чалиќ, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 219).

[416] Новата југословенска химна *„Хеј, Словени“* била адаптација на *„националната химна на Словените“*, усвоена на Прашкиот сѐсловенски конгрес во 1848 година. (*Ibid*, 225). Песната *„Хеј, Словени“* била изведена и на почетокот од заседанието на АВНОЈ во Јајце од страна на хорот на театарот *„Народно ослободување“*, на чело со Никола Херцигоње. (Slobodan Nešović, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963, 135).

*власт имала доверба“*.[417] Во текот на 1945 година настанале неколку промени во кадровската структура на југословенската дипломатија.[418] До крајот на годината новото југословенско раководство успеало да постави извесен број лојални луѓе во кои имало доверба, сепак мнозинството од новоименуваните дипломати не биле комунисти[419], додека, пак, во однос на комунистите, *„КПЈ во дипломатска служба во главно праќала комунисти кои имале краток партиски стаж“*.[420]

Сукцесивно било организирани избори за локалните органи на власт на политички стабилизираните области во Југославија.

На конференцијата во Потсдам, одржана во периодот од 17 јули до 2 август 1945 година, било кратко дискутирано и за ситуацијата Југославија, *„иако тоа прашање молчешкум било симнато од дневниот ред на конференција-*

---

[417] Slobodan Selinić, „Jugoslovenska diplomatija 1945–1950: stvaranje partijske diplomatije“, *Annales. Anali za istrske in mediteranske študije, Series Historia et Sociologia, 24, 2014, 4*, Kopar, 555.

[418] На седницата на Владата на ДФЈ на 30 март 1945 година биле именувани неколку амбасадори, и тоа: Станоје Симиќ во САД, Владимир Поповиќ во СССР, Љубо Леонтиќ во Велика Британија, и Марко Ристиќ во Франција. Во текот на истата година Милан Ружиќ бил поставен за југословенски конзул во Истанбул, а Божин Симиќ бил именуван за амбасадор во Анкара. Во овој период од голема важност било и југословенското претставништво во Каиро. Во декември 1945 година, на местото на разрешениот д-р Милан Мартиновиќ, на чело на пратеништвото во Каиро бил назначен Ешреф Бадњевиќ. Во текот на 1945 година нови југословенски дипломати биле назначени и во Чехословачка, Полска и Бугарија. На 11 мај 1945 година за пратеник во Чехословачка бил именуван д-р Дарко Чернеј, а на 18 септември истата година за генерален конзул во Братислава бил назначен инж. Иван Махуљ. Во Полска и Бугарија за амбасадори биле назначени стари комунисти, и тоа: Божо Љумовиќ и Никола Ковачевиќ. Во август 1945 година Илија Шуменковиќ бил разрешен од позицијата југословенски амбасадор во Анкара, *„бидејќи политичките оцени на новите власти за него биле многу негативни“*. Божин Симиќ бил назначен за нов југословенски амбасадор во Турција, кој поради повреда настаната во сообраќајна несреќа во октомври 1945 година, ја презел должноста дури во јануари 1946 година. Во генералниот конзулат во Истанбул биле извршени повеќе промени во периодот од октомври 1944 до летото 1945 година, кои завршиле со именувањето на Милан Ружиќ за генерален конзул. Југословенското раководство во текот на 1945 година настојувало пратеникот во Шведска, Рајко Ѓермановиќ, да биде акредитиран истовремено и во Данска и Норвешка, при што првата прифатила, но втората одбила. Кон крајот на годината ДФЈ отворила посебно југословенско пратеништво во Осло, па во февруари 1946 година за пратеник во Норвешка бил именуван Владимир Рибарж. Во 1945 година било затворено југословенското пратеништво во Мадрид. (*Ibid*, 555-557).

[419] Во поголемиот број дипломатски претставништва комунистите биле во малцинство. Имено, поголем број комунисти биле поставени за дипломати во амбасадата во СССР и во оние југословенски претставништва во странство формирани по завршувањето на војната, како, на пример, југословенската мисија во ООН и со југословенските делегации при сојузничките органи во поразените непријателски држави: Италија, Унгарија, Австрија и Германија, при што *„влијанието на комунистите било посебно силно во политичките (воени) делови на овие делегации, додека во стручните делови било послабо“*. (Slobodan Selinić, „Jugoslovenska diplomatija 1945–1950: stvaranje partijske diplomatije“, *Annales. Anali za istrske in mediteranske študije, Series Historia et Sociologia, 24, 2014, 4*, Kopar, 557).

[420] *Ibid*, 560.

*та“*.[421] Британскиот премиер Винстон Черчил бил иницијатор на дискусијата на 19 јули 1945 година околу примената на Белградскиот договор и Кримската препорака во Југославија, при што апелирал на низа повреди и непочитувања од страна на југословенското раководство. Притоа, тој ги споменал следните повреди од договореното: дека изборите за Уставотворно собрание сè уште не биле одржани; дека АВНОЈ не бил проширен; дека судска власт во Југославија не била воспоставена; и дека демократските слободи биле загрозени, бидејќи *„Тито наметнал стриктна партиска организација со полициска контрола и печат така строго контролиран како во фашистичка земја“*. Во својата иницијатива Черчил бил осамен, односно не наишол на поддршка од страна на советскиот лидер Сталин и новиот американски претседател Хари Труман.[422]

---

[421] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 349.
[422] Навистина, САД, исто така, не биле задоволни со развојот на настаните во Југославија. Во потсетникот на Хари Труман на конференцијата во Потсдам, било нагласено дека Кримската препорака не се спроведува, дека политичките противници на *„партизаните“* се отстранувале, била вршена конфискација на имотот без законска основа, дека црквата била прогонувана, дека индустријата се мополизирала и национализирала и дека индустриското производство се поставувало под државна контрола со именување на комесари и избор на работнички повереници. Британскиот премиер Винстон Черчил *„очигледно, бил незадоволен што во Југославија не била реализирана поделбата на влијание“*, и тој *„на Тито му бил 'уште поогорчен' отколку на Шарл де Гол“*. Истовремено, американскиот печат пишувал за Југославија *„како земја без демократија, во која била воведена комунистичка диктатура“*. Винстон Черчил на конференцијата им бил лут на Труман и Сталин, бидејќи го потиснувале традиционалното британско влијание на Балканскиот Полуостров. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 467-468). Меѓутоа, американскиот претседател бил склон кон отворање расправа и разгледување на други меѓународни проблеми настанати во повоениот период (на пример, војната со Јапонија, статусот на Германија, решавањето околу германските репарации, воените злосторници, судбината на источна Прусија со Конигсберг, статусот на Полска, како и за формирањето на Советот на министри за надворешни работи со задолжение за склучување на мировните договори), а не сакал *„тука да седи како судија“*, односно да решава прашања кои евентуално требало да ги разгледува ООН. Сталин, пак, застапувал став дека тие не можеле да дискутираат за ситуацијата во Југославија без присуство на Југословените, бидејќи без нив претставниците на големите сили не би постигнале ништо под тоа прашање. Притоа, предложил да се повикаат претставници на Привремената влада на ДФЈ. Понатаму, Сталин истакнал дека информациите на Черчил за повреда на Белградскиот договор и препораките од Јалта во Југославија биле непознати за советското раководство и не се совпаѓале со информациите кои ги поседувало истото, односно дека според советските информации договорот од Јалта бил спроведен. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Iz američkog zapisnika od 19. Jula 1945., Beograd, 1983, 739-741). Поразот на конзервативната партија на Винстон Черчил на изборите во Велика Британија дополнително ги ослабил неговите позиции на Потсдамската конференција, па со самото тоа и неговото барање да се изврши притисок врз ју-гословенското раководство на примена на Белградскиот договор и препораките на Кримската конференција во Југославија во согласност со неговите погледи на демократијата останал без поддршка. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 350). Југословенските политички емигранти ги снабдувале американските и британските политичари, дипломати и новинари со информации *„за недостаток на слобода, комунистичка диктатура и прогони на демократите“* во Југославија. На пример, Влатко Мачек пред одржувањето на конференцијата го обвинил југословенското раководство за *„спуштање на железна завеса над Југославија“*, а пак вршителот на должност во југословенската амбасада во Вашингтон, Иван Франгеш, побарал аме-

Претставниците на граѓанската опозиција, особено Милан Грол, имале големи очекувања од конференцијата во Потсдам во насока на вршење притисок врз југословенското раководство за примена на принципот на поделба на власта во Југославија. Всушност, тие самите биле немоќни да се спротивстават на развојот на новиот поредок во Југославија. Претходно, Грол, Шубашиќ и Шутеј предупредиле дека ќе поднесат оставка од функциите во Привремената влада на ДФЈ, поради незадоволството од донесените закони.[423] За време на одржувањето на Потсдамската конференција, граѓанската опозиција го засилила притисокот и инсистирала на формирање на Министерски совет, некој вид потесен орган, во кој би се засилила улогата на силите на стариот поредок при одлучувањето за новото законодавство на Југославија и при расправата за проширување на Привременото народно собрание на ДФЈ. Комунистичкото раководство, по првичното одбивање, го прифатиле предлогот на граѓанските политичари, со цел спречување на непосредна политичка криза во Привремената влада на ДФЈ.[424] Победата на Лабуристичката партија, под водство на Клемент Атли, на изборите во Велика Британија, ја зголемиле конфузијата меѓу граѓанските политичари во Југославија.[425]

---

риканската влада да ги контролира изборните подготовки и самите избори во Југославија. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 468-469).

[423] Според Милан Грол и Јурај Шутеј, Иван Шубашиќ, како потписник на Белградскиот договор, претставувал клуч на опозицијата, бидејќи можел да истапи против неговото неспроведување во Југославија. На тоа постојано му вршеле притисок, меѓутоа Шубашиќ сметал дека не бил соодветен момент за давање оставка и бил убеден дека работите во земјата не би можеле да се променат без меѓународна интервенција. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Harold Šanc, Otpravnik poslova SAD u Beogradu, O proširenju AVNOJ-a, 27. jul 1945., Beograd, 741-742). Притоа, за Иван Шубашиќ било најважно *„да се избегне сокривањето на еднопартискиот систем“* под плаштот на НФЈ. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 469).

[424] Составот на Комитетот на министри го сочинувале: Едвард Кардељ и Андрија Хебранг, претставници на КПЈ; Милан Грол, претставник на Демократската партија; Сава Косановиќ, претставник на СДС; Јурај Шутеј, претставник на ХСС; Фране Фрол, претставник на ХРСС; и Јаков Продановиќ, претставник на ЈРС. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Harold Šanc, Otpravnik poslova SAD u Beogradu, O proširenju AVNOJ-a, 27. jul 1945., Beograd, 741-742).

[425] *Ibid*, Harold Šanc, Otpravnik poslova SAD u Beogradu, O proširenju AVNOJ-a, 27. jul 1945., 741-742.

## Народен фронт на Југославија

Од 5 до 7 август 1945 година во Белград бил одржан Првиот конгрес на ЈНОФ[426] за цела Југославија, во присуство на 1.186 делегати од целата земја, на кој организациите на НФ во федералните единици биле обединети во единствена мирновременска организација НФЈ, составена од милиони членови.[427] НФЈ претставувала политичка основа на ДФЈ.

НФЈ била составена од следните политички групи: КПЈ, СДС, СЗ, НСС, ХРСС, ЈРС, НРС, СДПЈ, ЈДРС, СПЈ и други.[428] Претседател на НФЈ бил Јосип Броз – Тито, а генерален секретар бил Сретен Жујовиќ. Основната сила на НФЈ била олицетворена во масовните организации ЈСРНЈ[429], АФЖ[430] и УСАОЈ[431].

---

[426] ЈНОФ или Единствен народноослободителен фронт на Југославија бил политичка организација, која претставувала широк сојуз на комунисти, социјалдемократи, припадници на граѓанските партии и селанството. Надвор од ЈНОФ биле Демократската партија на Милан Грол и делови од ХСС.

[427] Конгресот на ЈНОФ е, исто така, познат и како *„Прв“*, *„Основачки“*, *„Конгрес на обединување“*, бидејќи станувало збор за обединување на земските организации на народните фронтови во *„единствен, југословенски политички организам“*, чијашто организациона структура и состав го изразувале федералниот карактер на државното уредување. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 806).

[428] Во името на Комунистичката партија на Југославија на основачкиот конгрес на НФЈ, реферат поднел Едвард Кардељ. Реферат на програмата на НФЈ, како претставник на Народната селанска партија, поднел Драгољуб Јовановиќ. Потоа, за говор се јавиле следните делегати: Јосип Броз – Тито, како претставник на Комунистичката партија на Југославија, Михаил Ѓуровиќ, како претставник на Народната радикална партија; Вељко Ковачевиќ, како претставник на Социјалдемократската партија на Југославија; Владимир Симиќ, како претставник на Југословенската демократска републиканска партија; Милан Поповиќ, како претставник на Сојузот на земјоделци; Сава Косановиќ, како претставник на Самостојната демократска партија; Фрањо Гажи, како претставник на Хрватската републиканска селанска партија; Сулејман Филиповиќ, во името на босанските Муслимани; и Владимир Зечевиќ, во името на демократите. Меѓутоа, Владимир Зечевиќ, исто така, бил член на КПЈ од 1942 година. (*Ibid*, 796-809).

[429] На 30 декември 1944 година ЦК КПЈ поднел иницијатива за основање на организацијата Единствени синдикати на работниците и службениците на Југославија, како последна масовна општествена-политичка организација формирана во текот на војната. ЈСРНЈ била формирана на собирот на синдикалните делегати на ослободените делови на Југославија, одржан во Белград од 23 до 25 јануари 1945 година. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 336). ЈСРНЈ била последна масовна организација создадена во текот на војната од страна на КПЈ. Централен орган на ЈСРНЈ бил весникот *„Работа“*. Во текот на 1945 година во ЈСРНЈ биле запишани над 750.000 членови, односно 662.432 *„платени членови“*, што сведочи дека ЈСРНЈ станал *„масовна државна организација која ги опфаќала речиси сите вработени“*. (*Ibid*, 822).

[430] Според историчарите Слободан Нешовиќ и Бранко Петрановиќ, КПЈ *„гледала на АФЖ како на своја 'трансмисија' за работа меѓу жените, а не како на изолирана и феминистичка организација“*. АФЖ бил поврзан со КПЈ преку своите раководни кадри. (*Ibid*, 823).

На Конгресот била усвоена програмата и статутот[432] на НФЈ. Исто така, биле одредени задачите на НФЈ во новонастанатата ситуација во Југославија. Во основните програмски начела на НФЈ спаѓале: зачувување на државната целина и независност на ДФЈ и борба за целосно обединување на сите народи на Југославија, вклучувајќи ги и оние кои дотогаш биле под туѓа власт, потчинети на национално угнетување; братство и единство; целосна рамноправност на народите и федеративно уредување на ДФЈ; јужнословенско братство и балканска солидарност; пријателство со сите слободољубиви народи, во прв ред со Велика Британија, САД и Франција; за мир меѓу народите; одбрана на народната власт; републиканска форма на владеење во ДФЈ; обезбедување на демократски права, како слобода на совест и вероисповед, слобода на собири и договор, слобода на здружување и слобода на печат; социјална правда; за учество на жената во сите области на политичкиот и општествениот живот; обнова и изградба на земјата; поширока примена на техниката и науката во сите области; и друго.[433]

НФЈ не била традиционална коалициона организација, *„иако овие партии во врвовите имале свои претставници, а статусот им допуштал внатре Народниот фронт да можат да ја задржат својата индивидуалност. Единството на НФ се изразувало во обврската на членството да припаѓа на основните организации на НФЈ, да ја прифаќа и применува програмата на НФ“*, како *„и да ја признава раководната улога на КПЈ во организацијата“*.[434] Всушност, НФЈ ја изразувал широката политичката основа на новиот поредок во Југославија.

Со примањето на неколку граѓански партии во рамките на НФЈ, КПЈ постигнала тројна цел, и тоа: предизвикала расцеп меѓу силите на стариот поредок; ја задоволила, иако само привремено, како меѓу народот, така и кај меѓународниот сектор, потребата од егзистирање на плуралистички политички жи-

---

[431] Во ноември 1945 година УСАОЈ броел 1.374.000, а СКОЈ броел 300.000 членови. УСАОЈ, односно СКОЈ, по ослободувањето имале најслабо влијание во Словенија и северна Хрватска, односно во областите каде силно влијание имала Католичката црква. Послабо влијание имале и меѓу младината на националните малцинства, особено меѓу албанското население. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 819).
[432] Детално за статутот на НФЈ: *Ibid*, Osnovna programska načela Narodnog Fronta Jugoslavije, 814-818.
[433] *Ibid*, Osnovna programska načela Narodnog Fronta Jugoslavije, Beograd, 1983, 810-814.
[434] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 105.

вот во Југославија; и ја консолидирала својата моќ во рамките на државниот апарат. Во суштина, НФЈ *„беше лажна коалиција под доминација на КПЈ“*.[435] Останатите партии во НФЈ биле организационо и структурно нестабилни и со мал број на членови. КПЈ во рамките на НФЈ реализирала и одредби пропишани во Белградскиот договор меѓу Јосип Броз - Тито и Иван Шубашиќ.

КПЈ инсистирала на монолитност на НФЈ. Од повеќе причина била невозможна политичка коегзистенција меѓу НФЈ и граѓанските партии и политичари: компромитацијата во текот на војната на одредени политичари; поради нивниот граѓански поглед на демократијата, особено поради нивното залагање за плуралистички политички живот во Југославија; и поради нивното негирање на постојниот поредок во Југославија, создаван во текот на НОБ и по нејзиното завршување. НФЈ бил доминантен во однос на т.н. *„вонфронтовска опозиција“* на територијата на Југославија.

Особена улога меѓу партиите коишто не пристапиле во НФЈ биле: ХСС и Демократската партија. Овие политички организации имале поддршка во областите *„каде корените на партискиот живот и политичките борби биле традиционално поизразени и подлабоки“*.[436] Демократската партија уживала силна поддршка во Србија, каде комунистите не уживале голема поддршка од тамошното население. Ова т.н. *„вонфронтовска опозиција“* имала намера *„да се легализира како центар на сите сили во земјата“* кои биле против програмата на НФЈ. Меѓутоа, без забележителни резултати.[437] Имено, една од главните цели на КПЈ била со формирањето на хибридната НФЈ да ги неутрализира политичките противници.

---

[435] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 18.
[436] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1918-1988*, Beograd, 1988, 472.
[437] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 352.

## Трето заседание на АВНОЈ

Третото заседание на АВНОЈ било одржано во периодот од 7 до 10 август 1945 година во Белград.[438]

На почетокот од заседанието била одобрена работата на Президиумот на АВНОЈ во периодот меѓу Второто и Третото заседание на АВНОЈ, односно од ноември 1943 до август 1945 година.[439]

Истиот ден составот на АВНОЈ бил проширен. Врз основа на препораката на големите сојузнички сили од конференцијата во Јалта, а подоцна од нејзината модификација од Одборот за проширување на АВНОЈ и Министерството за Конституанта[440], АВНОЈ бил проширен со 118 пратеници кои не биле ком-

---

[438] Датумот на почеток на одржувањето на Третото заседание на АВНОЈ бил одложуван во два наврати, и тоа: од 2 август, како што било најпрво предвидено, на 3 август, па потоа бил одреден датумот 7 август 1945 година. Од 5 до 7 август 1945 година во Белград се одржувал конгресот на ЈНОФ, односно НФЈ, меѓутоа тоа не било причина за одлагањата на одржувањето на Третото заседание на АВНОЈ. Всушност, фактор кои влијаел на одлагањето на датумот за одржување на заседанието на АВНОЈ било одржувањето на конференцијата во Потсдам на големите сили, од 17 јули до 2 авуст 1945 година. Истовремено, се подготвувале законски нацрти во Министерството за Конституанта и во Привремената влада на ДФЈ. За време на одржувањето на Потсдамската конференција, граѓанската опозиција, особено Демократската партија на Милан Грол, го засилила притисокот врз југословенското комунистичко раководство, на тој начин што инсистирала на формирање на министерски комитет, во кој би се засилила улогата на силите на стариот поредок при одлучувањето за новото законодавство на Југославија и при расправата за проширување на Привременото собрание на ДФЈ. Два дена по завршувањето на конференцијата во Потсдам, Привремената влада на ДФЈ го усвоила предлогот за проширување на АВНОЈ врз база на модифицираната формула на Министерството за Конституанта и Одборот за проширување на АВНОЈ. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 348-350).

[439] *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 35-40.

[440] На 31 март 1945 година бил формиран Одбор за проширување на АВНОЈ. Во неговиот состав влегле: Моша Пијаде, Едвард Кардељ, д-р Павле Грегориќ, Фране Фрол, д-р Раде Прибиќевиќ, Марко Вујачиќ, Милован Ѓилас, Александар Ранковиќ, Родољуб Чолаковиќ, Бане Андреев, Никола Петровиќ и Андрија Хебранг. Членовите на одборот имале за задача да соберат податоци за пратениците од собранието на Кралството Југославија од 1938 година. Во составот на одборот не биле вклучени претставници на граѓанската опозиција од Привремената влада на ДФЈ. Селекцијата на пратениците од старото собрание во идното Привремено собрание на ДФЈ било вршено во идното Министерство за конституанта, на чело со Едвард Кардељ. Резултатите од работата на одборот покажале дека голем број од пратениците избрани во декември 1938 година, кои ја преживеале војната, *„биле повеќе од компромитирани“*, бидејќи соработувале во текот на војната со окупаторот или *„биле носители на профашистичките режими во меѓувоениот период, потврдувајќи го своето идеолошко и политичко определување и за време на војната“*. Подоцна, препораката за проширување на АВНОЈ била изменета. Покрај групата некомпромитирани пратеници од собранието од 1938 година, влегле и припадниците на поранешните партии според *„претпоставено влијание“*. При процесот на селекција на политичарите по

промитирани во соработка со окупаторот и неговите домашни соработници. Поради тоа, АВНОЈ бил проширен со мал број пратеници од последното собрание на Кралството Југославија, избрани во декември 1938 година, потоа со членови на постојните политички партии и групи, како и со извесен број поединци.[441]

На 8 август 1945 година, на вториот ден од одржувањето на Третото заседание на АВНОЈ, југословенскиот крал Петар II Караѓорѓевиќ го отповикал намесништвото, бидејќи сметал дека не му било дозволено да ги извршува своите уставни должности.[442] Неговата цел била на намесниците да им го оневозможи вршењето на уставните должности и притоа кон самиот себе да си ги поврати своите ингеренции, односно заштитата на уставните права. Со таквиот чин, кралот повторно го оспорил Белградскиот договор. Кралот, како повод за таквиот свој чекор, го искористил говорот на Јосип Броз – Тито на основачкиот конгрес на НФЈ, во кој истакнал дека НФЈ бил за република како форма на владеење.[443] Меѓутоа, овој акт на кралот не предизвикал никакви политички импликации,[444] бидејќи Привремената влада на ДФЈ неговиот акт го означила ка-

---

партиски систем, се водело сметка тие да бидат со *„патриотска вокација"*, и во текот на војната да пристапиле кон НОД, како и тие партии да имале некои свои претставници во собранието од 1938 година, *„кои можеле да ги издржат мерилата од кримската препорака"*. Истовремено, граѓанската опозиција вршела постојан притисок со цел да го засили своето влијание во државниот апарат, а пак западните сили, особено британскиот премиер Винстон Черчил, сметале дека југословенското раководство не ги реализирало обврските предвидени во Белградскиот договор и сојузничките сугестии. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 346-347).

[441] Сите ново кооптирани пратеници на АВНОЈ види: *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 42-43.

[442] Имено, намесниците не поседувале значителни ингеренции, бидејќи тие им припаѓале на АВНОЈ и на неговиот Президиум, Привремената влада на ДФЈ, а подоцна и на Привременото собрание на ДФЈ и на неговиот Президиум. Во суштина, намесништвото претставувало *„формален чувар на пренесените кралски овластувања или како некој вид контрола на договорот меѓу НКОЈ и кралската влада"*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 458).

[443] Дополнително, Јосип Броз – Тито во својот говор на основачкиот конгрес на НФЈ потенцирал дека кон прашањето во врска со монархијата *„не пристапувал од гледна точка на личноста, туку од гледна точка на системот"*, при што констатирал дека монархијата не била возможна во ДФЈ, *„бидејќи е неспоива со федерацијата, со народната власт и демократијата, кои произлегле од револуцијата"*. (*Ibid*, 453). Меѓутоа, треба да се има предвид дека НФЈ, како масовна политичка организација со републикански карактер, не била формално обврзана со Белградскиот договор меѓу Тито и Шубашиќ. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 351).

[444] Тоа се забележува и од фактот што собранието, по повод истапувањето на кралот, *„изгласало прост премин на дневниот ред"*. (*Ibid*).

ко неуставен, чија констатација, без расправа, ја прифатило и Привременото собрание на ДФЈ.[445]

На првата редовна седница на Третото заседание на АВНОЈ било прифатено решението за поделба на Санџак меѓу федералните единици Србија и Црна Гора, како и резолуцијата за приклучување на автономната област Косово и Метохија во составот на федералната единица Србија.[446]

На 9 август 1945 година, бил утврден составот на Президиумот на АВНОЈ, кој го сочинувале: д-р Иван Рибар, претседател; Моша Пијаде, Јосип Рус, Марко Вујачиќ, Филип Лакуш, Димитар Влахов и Авдо Хумо, потпретседатели; Миле Перуничиќ и Омер Глухиќ, секретари.[447]

Истиот ден бил утврден составот и на постојаните одбори при Президиумот на АВНОЈ: Законодавниот одбор, под претседателство на Моша Пијаде; Финансискиот одбор, под претседателство на Бранко Златариќ; Административниот одбор, под претседателство на Михаило Лучиќ; Имунитетниот одбор, под претседателство на Саво Оровиќ; Мандатниот одбор, под претседателство на Момчило Марковиќ; и Одборот за молби и жалби, под претседателство на Марко Вујачиќ.[448]

На 10 август 1945 година бил прифатен предлогот на Првото собрание на пратеници на народот од Војводина за приклучување на автономната покраина Војводина во составот на федерална Србија.[449]

---

445 *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 128-129. Од формално-правен аспект, актот на кралот немал базична основа од следните причини: спроведувањето на Белградскиот договор било во тек и не предвидувал раскин, особено не едностран; кралот еднаш засекогаш му ги пренел своите ингеренции на Намесништвото до одлуката на Уставотворното собрание; и кралот можел да именува само нови намесници во случај на смрт или оставка на некој намесник. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945,* Beograd, 1976, 351).

446 *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 41.

447 Целиот состав на Президиумот на АВНОЈ, односно сите членови во составот на Президиумот на АВНОЈ види: *Ibid*, 675. Претходно, во периодот меѓу Второто и Третото заседание на АВНОЈ, од Президиумот на АВНОЈ, но и од АВНОЈ, биле исклучени: Александар Прека, Божидар Маговац, Мухамед Суџука и Владо Поп Томов. За член на Президиумот на АВНОЈ не бил реизбран д-р Нико Миљаниќ. Поради добивање нови должности од АВНОЈ и од неговиот Президиум биле исклучени: д-р Анте Мандиќ, д-р Љубо Леонтиќ и Радоња Голубовиќ. (*Ibid*, 33).

448 Целиот состав на постојаните одбори при Президиумот на АВНОЈ види: *Ibid*, 676-681.

449 *Ibid*, 122-123.

На 10 август 1945 година, на четвртата седница на Третото заседание на АВНОЈ, била усвоена *Резолуцијата за прогласување на Антифашистичкото собрание за народно ослободување на Југославија за Привремено народно собрание на Демократска Федеративна Југославија*, со која АВНОЈ го променил своето име во Привремено народно собрание на ДФЈ, како привремено законодавно тело на ДФЈ.[450]

[450] *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 123.

## Привремено народно собрание на ДФЈ

Привременото народно собрание на ДФЈ на 10 август 1945 година ја продолжило работата на АВНОЈ. Тоа работело до 26 октомври 1945 година, кога бил донесен Указот на Президиумот на Привременото собрание на ДФЈ за негово распуштање.[451]

Привременото народно собрание на ДФЈ претставувало преодна установа кон конститутивното собрание. Задачата на Привременото собрание на ДФЈ била да донесе политичко законодавство и да ги подготви изборите за Уставотворно собрание. Привременото собрание на ДФЈ добило обележје на парламент, задржувајќи ја еднодомната структура од времето на војната. Собранието давало можност за формирање на пратенички клубови.

Проширувањето на составот на собранието не го загрозувале мнозинството на НФЈ во Привременото собрание на ДФЈ, односно *„во никој случај не ја загрозувале или нарушувале комунистичката контрола“*.[452] Навистина, мнозинството ја поддржувало програмата на НФЈ. На тој начин, не била загрозена дотогашната програма на АВНОЈ.

Околу ново кооптираните пратеници во Привременото собрание на ДФЈ, во главно припадници на Демократската партија, под водство на Милан Грол, била организирана парламентарната опозиција. Со нападите на сметка на југословенските комунисти, околу оваа парламентарна опозиција се собирале силите на стариот поредок во Југославија. Исто така, антикомунистички позиции застапувале и фракции на некои граѓански партии кои пристапиле кон НФЈ, односно извесен број радикали, самостојни демократи и земјоделци.

Демократската партија пропагирала: одбивање на признавање на Македонија и Црна Гора како самостојни републики, барајќи притоа тие да се при-

---

451 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 457.

452 Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 344. Имено, ниту при едно гласање, бројот на т.н. опозициски пратеници не преминувал повеќе од 17 пратеници. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 352).

појат кон Србија како нејзини области, односно негирање на националната посебност на Македонците и Црногорците;[453] негирање на федеративното уредување на Југославија;[454] негирање на законитоста на органите на народната власт создадени во текот на НОБ; изразување недоверба за можната стопанска обнова на Југославија и критика кон финансискиот федерализам на ДФЈ;[455]

---

453 Имено, српските демократи сметале дека прашањето околу Црна Гора било решено на 26 ноември 1918 година со решението на Големото народно собрание во Подгорица за обединување на Кралството Црна Гора и Кралството Србија под династијата Караѓорѓевиќ. Што се однесува, пак, за статусот на Македонија, српските демократи прифаќале само самоуправно решение околу Македонија со воспоставување извесна автономија на Македонија, но без признавање на македонска национална посебност. Српските демократи тврделе *„дека Македонците се Срби“*. Критиката на Милан Грол околу признавањето на македонската национална посебност и формирањето на Македонија како федерална единица на Југославија произлегувала, покрај останатото, *„поради опасноста да се прекинат ‘природните врски’ меѓу Вардар и Морава, како и поради можноста Македонија економски да се затвори и да ги загрози врските на северот со југот“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Kritičke reakcije Milana Grola na federalni status Crne Gore i Makedonije, Beograd, 1983, 849-851). Српските граѓански политичари во застапувањето на тезите против посебноста и правото на самоопределување на македонскиот и црногорскиот народ идејно се судриле со југословенските комунисти Сретен Жујовиќ, Благоја Нешковиќ и Милентие Поповиќ. Според Поповиќ, македонскиот народ го прифатил принципот на самоопределување *„раскинувајќи ја заедницата со Бугарија која во 1941 година им ја ‘наметнале бугарските фашисти’“* и дека само врз тој принцип *„можеме да ја врземе Македонија за себе“*. Сретен Жујовиќ, пак, сметал дека *„формулата за самоопределување придонесува за тоа кај Македонците да се разбие сомнежот и стравот ‘дека би можеле повторно да отпочнеме со старите методи’“*, односно со спроведување на асимилација и денационализација врз македонското население. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 37).

454 Според лидерот на Демократската партија, Милан Грол, федерализмот претставувал во *„прв ред еден национален проблем“*, односно кај федералистичкото уредување *„на прво место е барањето коешто го поставува секоја нација учесник во заедницата, за заштита на битните основи на нејзината националност, а тоа се историско-културните и државно-политичките вредности, чие зачувување е било важно на секоја нација“*. Според него, *„секоја федерација има нешто партикуларистичко и сепаратистичко во себе, што влече од центарот и што е главна причина за недоволната цврстина и сила на федералната држава во почетната фаза на нејзиното постоење“*. Исто така, според него, *„федералната држава мора да се базира на трезвена и реална оцена на условите и односите“*, односно *„мора да се базира на свеста и потребата и корисноста за заедницата“*. Според него, основен национаен проблем на федерацијата претставува *„прашањето за автономијата и гаранцијата за слободен развој на секоја национална индивидуалност“*, додека основниот правно-политички проблем на федерацијата било *„прашањето за организацијата на врховната сојузна власт, парламентот, сојузната влада, односно сојузните административни органи и сојузното судство“*. Според него, двата наведени проблеми во суштина се поврзани, *„бидејќи од организацијата на врховната власт во сојузот зависи во која мера на секоја нација ќе и се обезбедат и загарантираат нејзините права.* (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Kritički odnos građanske opozicije prema federalizmu, septembar 1945., Beograd, 1983, 851-852).

455 Според претставниците на Демократската партија, системот на буџетирање и финансирање *„не се базира на принципот на федерализам, туку на принципот на централизам“*, бидејќи *„федералните единици, доколку остварат вишок приход, не располагаат со тој приход, туку тој оде во сојузната благајна, а од друга страна дефицитите на федералните единици се надмируваат со дотациите на товар на сојузната благајна“*. Во суштина, *„не постојат самостојни буџети дури ниту на федералните единици (земји), а особено не на ниските единици, туку напротив постои навистина еден единствен државен централен буџет, во кои се стекнуваат и од кого се разгрануваат сите останати божем самоуправни буџети“*, притоа, *„од централното место се диктира на пониските единици, земји и народни одбори, не*

прекин на казнувањето на воените злосторници и соработници на окупаторот; блиско поврзување со другите балкански земји, особено Бугарија; и слично. Меѓутоа, Демократската партија била подготвена да ги признае Хрватска, Словенија, па дури и Босна и Херцеговина.[456]

Привременото народно собрание на ДФЈ донело низа важни закони за краток временски период, меѓу кои посебно се истакнуваат *Законот за избирачки списоци*, *Законот за уставотворно собрание*, *Законот за избор на народни пратеници за Уставотворно собрание (Сојузно собрание и Собрание на народите)*, *Законот за печат*, *Законот за здруженија, собири и други јавни групи*, *Законот за уредување на народните судови*, *Законот за аграрна реформа и колонизација*, *Законот за кривични дела против народот и државата* и така натаму. На тој начин, биле поставени основите на политичкото законодавство, биле решени прашања од областа на општествено-економските односи, судството било регулирано и биле заштитени основните револуционерни установи и новите односи во Југославија.

На 11 август 1945 година бил усвоен *Законот за избирачки списоци* од страна на Привременото народно собрание на ДФЈ. Според новодонесениот закон, право на глас имале сите граѓани на Југославија на возраст над 18 години, сите војници на ЈА, како и сите поранешни борци на НОВ и ПОЈ без разлика на нивната возраст. Од друга страна, пак, избирачко право немале: министрите во владите на Кралството Југославија[457], освен оние кои се докажале во борбата против окупаторот; припадниците на воените формации на окупаторот и неговите домашни соработници кои се бореле против НОВЈ или против армиите на сојузниците на Југославија; членовите на *„Културбунд“*, на италијанските фашистички организации и членовите на нивните семејства, доколку не докажеле дека дејствувале во полза на НОБ; помагачите на окупаторот и на неговите до-

*само крајната сума на приходот, туку и видот и начинот на распоредување на расходот“.* (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Građanska kritika finansijskog federalizma DFJ, novembar 1945. Beograd, 1983, 852-853).

456 Околу овој предлог за четири федерални единици се изјаснил претседателот на Главниот одбор на Демократската партија, Љубомир Давидовиќ, во 1932 година. Четвртата федерална единица би ја опфатила Босна и Херцеговина со јужна Далмација, претставувајќи притоа некој вид на тампон зона меѓу Белград и Загреб. (*Ibid*, 850).

457 Како што поточно е наведено во член 4, точка 1, од *Законот за избирачки списоци*, право на глас немале сите министри во владите од 6 јануари 1929 година до 5 февруари 1939 година, освен оние коишто се докажале со својата работа и борба против окупаторот. (*Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 439).

машни соработници; како и лицата под старателство. На крајот од законот, се предвидувало дека право на глас ќе добиеле оние лица коишто ќе докажеле дека нивното учество и помагање на споменатите организации или воени формации било принудно или пак привидно со цел нанесување штета на истите, и оние лица кои подоцна пристапиле кон НОБ.[458] Благодарение на законот, врз основа на општото право на глас, предвоеното избирачко тело било зголемено двојно со вклучувањето на војниците, жените и младината со наполнети 18 години. Исто така, од избирачките списоци биле избришани 194.158 лица.[459]

На 24 август 1945 година Привременото собрание на ДФЈ го усвоило *Законот за Уставотворно собрание*. Законот предвидувал одржување на слободни избори со непосредно и тајно гласање, со цел избирање на пратеници за Уставотворно собрание, кое имало за задача да изработи нов устав и да донесе решение околу формата на идната државна власт и општествено-економско уредување на Југославија, односно конститутивното собрание имало за цел да ја инкарнира волјата на народот, изразена на изборите.[460]

Истиот ден, бил донесен и *Законот за избор на народни пратеници за Уставотворно собрание (Сојузно собрание и Собрание на народите)*. Според законот, избори за народни пратеници за Сојузното собрание на Уставотворното собрание се спроведуваат во изборните срезови и по изборните окрузи. Според законот, *„на секои 40.000 жители се избира по еден пратеник"*. Изборите за пратеници за Собранието на народот на Уставотворното собрание се спроведуваат по федерални единици, во автономната покраина Војводина и во автономната област Косово и Метохија. Притоа, гласачите на секоја федерална бираат по 25 пратеници, гласачите на Војводина – 15 пратеници, а оние на Косово и Метохија – 10 пратеници. И со овој закон се предвидувало дека *„гласањето е потполно слободно"* и дека *„ниту еден орган не може ниту во кој случај да го повика избирачот на одговорност за гласањето на изборите, ниту може од*

---

458 *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 439-450.
459 Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 105.
460 *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 454-462.

*избирачите да бара за кого гласале“*. За народен пратеник можело да биде избран секој граѓанин кој уживал избирачко право.[461]

Потоа биле донесени и *Законот за кривични дела против народот и државата* и *Законот за видовите на казни*. Со овие закони биле во голема мера ограничени и стеснети политичките слободи и права на граѓаните. Всушност, кривично-правниот систем во Југославија бил воспоставен и регулиран на начин *„во кој 'потребата на праксата' доминирала над законските одредби, а се казнувала прогласената општествено опасна дејност наместо повредата на правната норма“*.[462]

Меѓутоа, ограничувањето на политичките права и слободи на граѓаните не застанало овде, туку продолжило и со новодонесениот *Закон за печатот*. Од вкупниот број на членови во законот, четири се однесуваат на забрани, а 11 се однесуваат на казнени одредби. Според законот, во ДФЈ *„печатот бил слободен“*. Како што пропишувал законот, *„никој не може да биде спречен во слободното изразување на своите мисли по пат на печат, освен во случаите кои овој Закон ги предвидува“*. Се предвидувало, оној кој сакал да издава весници или повремени списи, морал, најмалку 14 дена пред почетокот од издавањето, да поднесе пријава за тоа до надлежниот окружен јавен обвинител. Немале право на издаваштво и уредништво: лица кои не поседувале политички и граѓански права; кои учествувале во окупаторските или колаборационистичките домашни вооружени формации или биле нивни помагачи; кои биле издавачи, уредници, видни соработници и писатели на фашистички и профашистички книги, весници и списи; кои за време на НОБ објавувале книги, весници и списи кои разгорувале национална, расна или верска омраза и раздор; и така натаму. Се забранувало растурање и продавање на одредени книги и списи кои содржеле: пропагирање, предизвикување и разгорување на национална, расна или верска омраза, раздор или нееднаквост; повикувале на побуна, диверзија или саботажа; повикувале на насилно уривање на уставниот поредок на ДФЈ; содржеле навреди и клевети против пријателските земји со цел нарушување на добрите меѓународни односи и меѓународниот мир; одобрување или помагање

---

461 *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 466-500.
462 Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 74.

на дејствијата на надворешните непријатели на ДФЈ; повикувале на неисполнување на воените должности; ширење на лажни и алармантни вести кои ги загрозувале државните и народните интереси; издавале воени тајни; содржеле навреди или клевети против врховните сојузни и земски претставнички тела на ДФЈ; и содржеле тешка повреда на моралот и потикнувале криминал.[463]

*Законот за здруженија, групи и други јавни собири*, покрај останатото, предвидувал дека *„надлежната власт може да забрани основање и работа на политички партии (здруженија) кои имаат фашистички и профашистички карактер или служат за предизвикување и разгорување на национална, расна или верска нееднаквост, омраза и раздор или ако основачите, односно лицата кои се наоѓаат на чело на партијата се носители на таквата работа"*. Меѓутоа, на граѓаните на ДФЈ, *„со цел развивање на политичката свест и активност"*, им било загарантирано право на одржување на јавни собири, во вид на совети, митинзи, организирање на улични поворки, демонстрации и манифестации.[464]

Според *Законот за уредување на народните судови*, во ДФЈ судската власт била во рацете на Врховниот суд на ДФЈ, врховните судови на одделните федерални единици, врховниот суд на Војводина, окружните судови и среските судови. Законот предвидувал и оставал простор со посебни закони да можат да се формираат специјални судови, како и да се ополномоштуваат федералните единици да формираат мировни судови, при што би се одредила нивната организација и надлежност. Меѓу главните задачи на судовите во вршењето на правосудството, покрај останатото биле и: *„заштита на демократските придобивки на народноослободителната борба"* и *„воспитување на граѓаните во духот на верност спрема татковината, во духот на правилно исполнување на законите и чесно вршење на граѓанските права и должности"*. Судовите своите пресуди ги изрекувале *„во името на народот"*. Според законот, се предвидувало: *„судовите се формираат по изборно начело"* и *„сите граѓани кои имаат избирачко право можат да бидат избрани за судии и за присудите-*

[463] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Zakon o štampi, 31. avgust 1945., Beograd, 1983, 765-767.
[464] *Ibid*, Zakon o udruženjima, zborovima i drugim javnim skupovima, 31. avgust 1945., 767-769.

*ли“*. На крај, се предвидувало: *„при изрекувањето на правдата судиите се независни и судат законски“*.[465]

Граѓанските политичари на седниците на собранието често пати им опонирале на припадниците на НФЈ. *„Вонфронтовската опозиција“* се залагала за промена на постојниот поредок во Југославија. Таа го критикувала новото законодавство врз основа на повреда на демократските начела. Во овој период било поставено прашањето за суверенитетот на уставотворното собрание, кој претставниците од *„вонфронтовската опозиција“* го оспорувале, бидејќи предвидената дводомност на конститутивното собрание однапред го одредувале федеративното државно уредување.[466] Опозицијата, исто така, го критикувала воведувањето на поротниците како *„лаицизација на правосудството“*.[467]

На 18 август 1945 година Милан Грол поднел оставка од позицијата потпретседател на Владата на ДФЈ.[468] Тој бил резигниран со својата положба.[469] Во писмото до претседателот на Привремената влада на ДФЈ, Јосип Броз – Тито, Грол како причини за поднесување на својата оставка ги навел: *„сите законски проекти донесени без никакво консултирање и дека во последен момент и биле доставени на владата и АВНОЈ, кој не е проширен како што тоа било договорено на конференцијата во Јалта, што и Тито го прифатил“* и понатаму констатирал дека *„биле ‘очигледни тенденциите’ сета власт да се сконцентрира во рацете на една партија, а улогата на Конституантата од суве-*

[465] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Zakon o uređenju narodnih sudova, 4. IX 1945., Beograd, 1983, 769-772.

[466] *„Вонфронтовската опозиција“* сметала дека дводомноста *„ќе му ги врзи рацете“* на конститутивното собрание. Според претставникот на Демократската партија, Славко Дуканац, прашањето за дводомноста на системот на конститутивното собрание не требало да биде пропишано во *Законот за уставотворно собрание*, туку самото собрание, по неговото конституирање, требало да го реши и тоа прашање. (*Ibid*, Slavko Dukanac o predlogu Zakona o ustavotvornoj skupštini, 21. avgust 1945., 774).

[467] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945,* Beograd, 1988, 466.

[468] Оставката на потпретседателот Милан Грол била уважена на 24 август 1945 година. (*Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 689).

[469] Околу два месеци претходно, Грол го условил Тито дека неговото учество во Привремената влада на ДФЈ и дека поддршката од неговата партија *„ќе зависи од владината акција за проширување на АВНОЈ во смисла на договорот на Јалта, од слободните избори и слободата на печат и говор“*. Во едно писмо упатено до Сава Косановиќ, по изборите за конститутивното собрание, Милан Грол го означил Косановиќ како *„столб“* на режимот, Срѓан Будисављевиќ како *„декор“* на режимот, а себе како *„непријател на режимот и народот“* во очите на власта, прашувајќи притоа дали сите претходно верувале дека ќе се најдат во таков *„парадоксален однос“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Poverljivi izveštaj Harolda Šanca o stavovima građanske opozicije, 29. jul 1945., Beograd, 1983, 742-744).

*рено тело се свела на консултативно тело 'коешто има само да ги регистрира свршените чинови на така сфатените придобивки на ослободителната борба"*.[470]

Политичарите од граѓанската опозиција во Југославија биле незадоволни од тоа што слободата од страв не била нагласена и гарантирана, како што било предвидено со Белградскиот договор меѓу Тито и Шубашиќ. Поради тоа, револтиран што слободата од страв не била нагласена и гарантирана ниту во Декларацијата на Привремената влада на ДФЈ, ниту со посебен закон од Привременото собрание на ДФЈ за време на неговото заседавање, а постоела нужна потреба од нејзиното потенцирање во однос на тамошната ситуација, д-р Драгиќ Јоксимовиќ, како претставник на граѓанската опозиција, на 29 август 1945 година предложил до Президиумот на Привременото собрание на ДФЈ што побрзо да се донесе закон што би ја гарантирал слободата од страв.[471]

---

[470] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 144.
[471] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Obrazloženje predloga zakona o slobodi od straha koji je Privremenoj narodnoj skupštini DFJ podneo Dr Dragić Joksimović, 29. avgust 1945., Beograd, 1983, 782.

## Подготовка на изборите за Уставотворно собрание

На 11 септември 1945 година Претседателството на Привременото народно собрание на ДФЈ ги распишало изборите за Уставотворно собрание за 11 ноември 1945 година.[472] На тој начин, започнала изборната кампања. По тој повод, Извршниот одбор на НФЈ издал проглас до целото членство. Истото го сториле партиите: ЈРС, НСС, СЗ и СДС; како и организацијата ЈСРНЈ.[473]

Во овој период политичката борба меѓу КПЈ и силите на стариот поредок добила најмногу на интензитет, при што ја достигнала својата кулминативна точка. Изборите за конститутивното собрание биле од клучно значење за иднината на државното и општественото уредување на повоена Југославија, па поради тоа НФЈ започнал остра кампања против граѓанските опозициски партии. Најголема предност на комунистите во однос на политичките противници било тоа што под нивна контрола биле клучните државни органи. За време на предизборниот циклус, политичките противници на КПЈ биле често обвинувани и етикетирани преку како *„народни непријатели"* и соработници на окупаторот.

КПЈ започнала со подготовката на изборите долго време пред нивното распишување. Притоа, Едвард Кардељ сметал дека не треба често да се одржуваат седниците на владата, Александар Ранковиќ предлагал од членовите на КПЈ во Привремената влада на ДФЈ да се формира партиска ќелија, а Јосип Броз – Тито соопштил дека по селата не можело да се одржуваат никакви партиски состаноци.[474] Тито изборната кампања ја започнал уште на 7 јули 1945 година, на митингот на Космај, посветен на годишнината од формирањето на Космајскиот партизански одред, кога кажал дека *„основната цел на 'народната револуција' е да се изгради цврста Југославија на принципите на 'братство и единство', а тоа било можно на изборите кои само ќе го потврдат 'она што до сега сме го направиле и да го дополниме она што уште не сме го*

---

472 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 473.
473 *Ibid*.
474 Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 145.

*сториле и дефинитивно да го кажиме својот збор за формата на државата, дали за република или монархија*"".[475]

По распишувањето на изборите за конститутивно собрание, до одреден степен попуштила политичката контрола што ја спроведувал НФЈ, при што извесен број на политички затвореници биле ослободени од затвор. Сепак, често пати комунистите прибегнувале кон злоупотребување на моќта којашто ја уживале, па применувале методи на заплашување на опозициските приврзаници.

Цензурата, исто така, била до одреден степен намалена. Од повеќе страни можело да се слушнат критики на сметка на новиот државен кадар, па дури и од членови на НФЈ. Меѓутоа, била тенка државно-партиската толеранција на критиките од опозицијата. Опозицискиот печат сè уште бил под силна цензура. Имено, државните дотации биле намалени, а дистрибутивната мрежа била прекината. НФЈ својот монопол над печатот и радиото го користел, поточно го злоупотребил со спроведување на медиумска хајка, односно со заплашување на нивните политички и идеолошки противници. Исто така, НФЈ, преку печатот и радиото, работел на ублажување на влијанието на критиките упатени на сметка на Привремената влада на ДФЈ, а пак НФЈ на упатените критики на своја сметка најчесто одговарал со вокабулар полн со етикети врз противниците својствени на воени злосторници и предавници.

Поради огромното значење на исходот од изборите, политичката кампања за време на предизборниот циклус била доста нерамноправна. КПЈ била во предност во однос на останатите политички субјекти и поради својата идеолошко програмска политика, односно поради фактот што се темелела на сèјугословенска основа, за разлика од националистичките и шовинистичките идеологии на граѓанските партии. НФЈ, под водство на КПЈ, во текот на изборната кампања спроведувал пропаганда против монархијата и стариот општествен поредок, и агитирал воспоставување на република и за *„братство и единство"* на југословенските народи. Припадниците на НФЈ организирале собири и разни други манифестации по селата, фабриките, институциите и во други места.

Во полза на КПЈ оделе и расправиите меѓу останатите партии, а кога тие стивнувале, нови расправии меѓу истите ги создавале комунистите.

---

[475] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Историја Србије у 20. веку*, Београд, 2016, 146.

И покрај теоретски обезбедените извесни слободи, во есента 1945 година бил задушен опозициskиот печат, и тоа: загрепскиот *„Народен глас“*, во издание на групата на Марија Радиќ од ХСС, и белградската *„Демократија“*, орган на Демократската партија на Милан Грол. Со овој чин дефинитивно завршиле јавните активности на опозициските партии коишто не биле во сојуз со НФЈ.[476] *„Народен лист“* веднаш бил забранет поради антидржавна содржина.[477]

Многубројни претставници на т.н. *„вонфронтовска опозиција“* во текот на изборната кампања апелирале дека биле под притисок и застрашување од страна на припадници на ОЗН-а.[478] Во предизборната кампања и текот на изборите ОЗН-а и ЈА применувале репресивни методи и на тој начин создавале доста тензична атмосфера, при што приврзаниците на политичката опозиција добивале разновидни закани. Меѓу народните маси, особено меѓу приврзаниците на опозицијата, постоело убедување дека власта и полицијата ќе знаат како гласал секој поединец.

Исто така, опозициските партии на разни начини биле спречени да водат регуларна политичка кампања и да издаваат партиски весници. Поради револт и огромно незадоволство од настанатите околности и услови во Југославија во предизборниот кампања, тие презеле низа акции за да го спречат одржувањето на изборите за Уставотворно собрание.

На 10 септември 1945 година група граѓански политичари во емиграција, на чело со Слободан Јовановиќ, Милан Гавриловиќ, Јован Бањанин, Вјеќеслав Вилдер и други лица во емиграција, испратиле меморандум до Советот на министри за надворешни работи во Лондон, во кој, меѓу останатото, истакнале дека во државата била воспоставена диктатура на КПЈ и дека режимот *„нема ништо заедничко со демократијата и слободата“*, и барале во Југославија да се формира влада од *„демократски партии“*, како и сојузниците да испратат ми-

---

476 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 19.
477 Весникот во својот прв и единствен број се залагал за рехабилитација на Влатко Мачек, за воскреснување на ХСС и за плурализам, додека ЈНОФ бил *„третиран како друго име за КПЈ, а маршалот Тито како ʻстранец во својата татковинаʼ“*. ДФЈ и КПЈ биле отворено напаѓани како *„ненародни творби кои за идеал имаат класна диктатура и одржување на семоќноста на партијата, во согласност со принципите на ʻинтернационалниот марксистички социјализамʼ, кој економскиот и политичкиот развој темелно го демантирал“*. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 476).
478 Истовремено, најголемите критики од страна на т.н. *„вонфронтовска опозиција“* оделе на сметка на ОЗН-а. (*Ibid*, 474).

сија којашто би вршела контрола на изборниот процес.[479] Меѓутоа, меморандумот не наишол на одзив.

Во октомври 1945 година неотповиклива оставка од своите позиции поднеле Иван Шубашиќ,[480] како министер за надворешни работи, Јурај Шутеј, како министер без ресор, Томо Јанчиковиќ, како вицегувернер на Народната банка, и Иван Бандиќ, како член на владиниот Економски совет.[481] Тие сметале дека со нивното излегување од Владата и од други клучни државни позиции ќе предизвикат отежнување на ситуацијата во земјата, но сепак, со таквиот чин, особено министрите од граѓанските партии во Владата, извршиле политичко самоубиство во моментот кога излегле од сојузот во знак на протест, бидејќи сега не само de facto, туку и de jure власта во државата речиси целосно била во рацете на југословенските комунисти. По оставката на Шубашиќ, со министерството за надворешни работи до 1 февруари 1946 година раководел Тито. По поднесувањето на оставката, Шубашиќ бил ставен во домашен притвор.

Групи од четничкото и усташкото движење во зафрлените области во Босна и Херцеговина, Србија и Хрватска презеле акции за спречување на изве-

---

479 Според нив, ситуацијата во земјата наликувала божем започнала граѓанска војна. Раководството на Привремената влада на ДФЈ ги демантирало овие тврдења, како неосновани и апсурдни. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, „Tanjug" o memorandumu prvaka jugoslovenske političke emigracije Savetu ministara inostranih poslova velikih sila, 26. Septembar 1945., Beograd, 1983, 845-846).

480 По повод оставката на Иван Шубашиќ на 9 октомври 1945 година, Јосип Броз – Тито испратил отворено писмо до него, во кое, меѓу останатото, потенцира: *„Вие уште болен лежите, сè уште не сте стапиле на должност, а сепак побрзавте со оставката во пресрет на изборите. Нели е тоа во склад со оние прераскажувања, со оние подготовки на опозицијата и вашите кругови, за на било кој начин да се создаде таква состојба во земјата, за да се даде повод за странска интервенција. Морам да ви кажам во ова прилика дека тие противнародни стремежи, бидејќи народите на Југославија знаат да ја бранат својата независност и слобода за сами да ја уредуваат својата куќа од секој обид на мешање од страна. Мислам дека вашите обврски спрема нашите народи мораат да бидат посилни од било какви обврски надвор од нашата земја ... Прифаќајќи ја вашата оставка, изјавувам дека ние одиме непоколебливо и цврсто по патот кој го избраа сите наши народи и дека никогаш нема да скринеме од патот"*. (*Ibid*, Titovo otvoreno pismo Dr Ivanu Šubašiću, 9. oktobar 1945., 744-745).

481 Според Слободан Нешовиќ и Бранко Петрановиќ, не постои директна корелација помеѓу оставките на Милан Грол и Иван Шубашиќ, од причина што првиот отворено истапувал против комунистите, додека вториот имал двојна улога. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 745). По повод оставката на Иван Шубашиќ, САД испратиле нота до Форин офис на Велика Британија и Министерството за надворешни работи на СССР, која поаѓала од тоа дека со исклучувањето на една од потписничките страни на Белградскиот договор се кршеле одредбите од Кримската препорака, и предлагале нивно одложување, бидејќи изборите под актуелни околности би биле прејудицирани. Министерството за надворешни работи на СССР ја одбило иницијативата на САД за одложување на изборите за конститутивно собрание во Југославија. Подоцна, на 6 ноември 1945 година САД и Велика Британија поднеле нота до претседателот на Привремената влада на ДФЈ, Јосип Броз – Тито, во која барале одложување на изборите. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 475-476).

сен број граѓани да излезат на изборите и да гласат за листите на НФЈ, меѓутоа без успех.[482]

Во атмосфера на тотална тензичност и притисок, т.н. *„вонфронтовска“* опозиција прогласиле апстиненција на изборите поради недостиг на основните политички слободи од страна на државното раководство и припадниците на НФЈ.[483] Како повод за таквиот напад послужило палењето на примероци од весникот *„Демократија“* во Белград на 18 октомври 1945 година, од страна на членови на СКОЈ и УСАОЈ.[484] На тој начин, од изборната кампања се повлекле српските демократи, радикали, земјоделци и ХСС. Во такви околности, припадниците на т.н. *„вонфронтовска опозиција“* имале последна надеж во евентуална помош при интервенција на западните сили во Југославија, односно се надевале на привременост на новото државно уредување на Југославија, па дури и на почеток на нова светска војна.

---

[482] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 104.
[483] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 145.
[484] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 475-476.

## Конституирање на Уставотворното собрание

Изборите за Уставотворно собрание на 11 ноември 1945 година биле одржани во тензична атмосфера. Изборите не биле ниту слободни, ниту чесни. Иако гласањето било тајно, требало голема смелост да се гласа против листите на НФЈ. Во прилог на изборните нерегуларности спаѓа и постапката со која оние граѓани кои биле против претставниците на НФЈ својот глас можеле да го стават само во една *„црна кутија“* на која немало изборни листи. Тоа бил единствена можност да се изрази несогласност со политиките што ги пропагирала НФЈ. Поради тоа што изборите за конститутивното собрание во Југославија не биле слободни и регуларни, било прекршено договореното во *Вишкиот договор*, *Белградскиот договор* и барањата во *Декларацијата од конференцијата во Јалта*, бидејќи во нив било нагласено одржувањето на слободни избори.

Резултатите од гласањето биле во со согласност со очекувањата. Гласањето се одвивало со топчиња. Одзивот на гласачите на изборниот ден изнесувал 88,66% од население, односно од 8.383.455 запишани гласачи, на изборите гласале 7.432.469 лица.[485] Значи, на изборите апстинирале 11,43% од електоратот, односно 950.986 гласачи. Притоа во Србија бил најнизок одзивот на гласачите - околу 77%.[486] НФЈ постигнал апсолутна победа со освојување над 90% од гласовите, или поконкретно за сојузната кандидатска листа на НФЈ гласале вкупно 6.725.047 гласачи.[487] Опозицијата на изборите освоила 9,52% од гласовите.[488] На тој начин, според резултатите од изборите, претставниците на НФЈ добиле апсолутно мнозинство во конститутивното собрание, при што формално и технички народот се определил за новото државно уредување и републиканска форма на владеење. Според многумина, исходот од гласањето бил фалсификуван во полза на НФЈ. Иако Сојузната изборна комисија ги утврдила резултатите

---

485 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 477.
486 Притоа, во Србија за Сојузното собрание гласале 68,28%, а за Собранието на народот гласале 66,96% од вкупното избирачко тело. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 147).
487 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 477.
488 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 18.

од изборите на 23 ноември 1945 година, сепак *„само два дена по изборите се знаело дека Народниот фронт однел убедлива победа во сите окрузи во земјата“*.[489] Клучниот приговор од т.н. *„вонфронтовска опозиција“* во однос на из-борниот процес се однесувал на фактот дека секоја фаза од истиот процес, од организацијата на изборите па сè броењето на гласовите биле под контрола на НФЈ и локалните одбори на власта.

Уставотворното собрание било конституирано на 29 ноември 1945 година, на втората годишнина од Второто заседание на АВНОЈ. Уставотворното собрание било составено од два дома, и тоа: Сојузно собрание[490], под претседателство на Владимир Симиќ, и Собрание на народот[491], под претседателство на Јосип Видмар. Двата дома биле потполно рамноправни во однос на нивните права и надлежности.[492]

Претседателството на Уставотворното собрание остварувало функција на колективен шеф на државата. За претседател на Уставотворното собрание бил именуван д-р Иван Рибар. Уставотворното собрание веднаш започнало со работа, и на првата заедничка седница на двата дома ја прифатило *Декларацијата за прогласување на Федеративна Народна Република Југославија*, со која била укината монархијата, а била прогласена република. Кралот Петар II Караѓорѓевиќ и династијата Караѓорѓевиќ биле лишени од сите права, а на кралот му било забрането враќање во земјата. Во Декларацијата било истакнато дека ФНРЈ е *„заедница на рамноправни народи кои слободно ја изразиле својата волја да останат обединети во Југославија“*.[493]

Прогласувањето на републиката значело дефинитивно ликвидирање на државно-правниот систем кој во периодот од 1943 до 1945 година бил негуван и

[489] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 147.
[490] Според членот 3 од *Законот за Уставотворно собрание* од 24 август 1945 година, Сојузното собрание го избирале сите граѓани на Југославија коишто уживале избирачко право, по еден пратеник на секои 40.000 граѓани во целата држава. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Zakon o Ustavotvornoj skupštini, 24. avgust 1945., Beograd, 1983, 762).
[491] Според членот 4 од Законот за Уставотворно собрание од 24 август 1945 година, Собранието на народот го избирале сите граѓани на Југославија кои уживале право на глас, по федерални единици и автономни области. Граѓаните на секоја федерална единица на Југославија, без оглед на нејзината територијална големина и број на население, бирале по 25 пратеници, граѓаните на Војводина бирале 15 пратеници, а граѓаните на Косово и Метохија бирале само 10 пратеници. (*Ibid*).
[492] Според членот 2 од Законот за Уставотворно собрание од 24 август 1945 година. (*Ibid*).
[493] Ibid, Deklaracija Ustavotvorne skupštine Demokratske Federativne Jugoslavije o proglašenju Federativne Narodne Republike Jugoslavije, 29. novembar 1945., 853-855.

толериран од политички причини, особено од надворешно-политичка природа. По укинувањето на монархијата, намесништвото ја загубило својата егзистенционална основа како претставник на кралот и престанало да функционира.

Со овој чин дефинитивно бил извршен преминот кон воведување на еднопартиски систем во Југославија, значително порано за разлика од другите источноевропски држави.[494] Била ликвидирана обновата на плуралистичкиот политички систем во Југославија. На тој начин, како што истакнувале водачите на КПЈ, во Југославија била извршена револуционерна промена на власта.[495]

Всушност, со одржувањето на изборите за конститутивното собрание и конституирањето на истото завршила круцијалната политичка борба меѓу НФЈ, под водство на КПЈ, и силите на стариот поредок. По овој политички пораз, граѓанските партии и политичари ја загубиле основата за политичко организирање и дејствување, па постепено се повлекувале, иако и понатаму продолжиле со ширење на националистички шовинизам и странска пропаганда, меѓутоа не биле способни да организираат сериозен отпор на власта во понатамошната изградба на општествено-економскиот социјалистички систем. Всушност, *„фазата на народна демократија претставувала премин од граѓанско-капиталистичкиот кон социјалистичкиот систем“*.[496]

На 22 декември 1945 година Велика Британија официјално ја признала ФНРЈ, а САД истото го сториле наредниот ден, 23 декември 1945 година, под услов југословенската влада да ги признае сите постоечки договори меѓу Југославија и САД.[497]

---

494 Всушност, во текот на Втората светска војна биле извршени револуции единствено во Југославија и Албанија. (Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 95).

495 Југословенските комунистички раководители инсистирале и го потенцирале револуционерниот карактер на власта во Југославија, сосема спротивно од позицијата и концепцијата на Сталин во тој период, бидејќи тој инсистирал за формулата *„народна демократија“*, со која остатоците од буржоазијата требало да соработуваат со селаните и работниците *„во мирољубив премин кон социјално-политичко и идеолошко единство“*. Југословенските комунисти го изедначувале партизанското востание во Југославија во 1941 година со Француската револуција од 1789 година и Руската револуција во 1917 година. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 23).

496 Мари-Жанин Чалиќ, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 218.

497 Претходно, американскиот амбасадор во Белград, Ричард Патерсон, на 29 ноември 1945 година побарал американската влада да не ја признава промената на формата на власта во Југославија. Лично за него, Белград претставувал *„главен град на една од советските републики“*. Меѓутоа, амбасадорот не постигнал успех со неговото инсистирање за непризнавање на ФНРЈ, иако САД не го поддржувале режимот во Југославија, со кого одржувале само формални одно-

Голем број од граѓанските политички организации се распаднале по конституирањето на Уставотворното собрание и прогласувањето на републиката.[498] За време на седниците на конститутивното собрание било критикувано однесувањето на југословенските комунисти, особено околу нивните стремежи за воспоставување на еднопартиски систем во Југославија. Комунистите биле критикувани дури и од страна на припадници на НФЈ, како: Драгољуб Јовановиќ, Милош Московљевиќ, Фрањо Гажи и други.

си. Во почетокот на јануари 1946 година американскиот амбасадор бил полуофицијално известен дека Јосип Броз – Тито имал желба да го посети САД по формирањето на Владата на ФНРЈ, но понудата била одбиена од САД преку Едвард Кардељ и Сава Косановиќ. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 478).

[498] До 1948 година успеале да се одржат единствено ХРСС, ЈРС и УЗС. (Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 106).

## Уставот на ФНРЈ од 31 јануари 1946 година

На 31 јануари 1946 година[499] бил донесен *Уставот на Федеративна Народна Република Југославија*, со кој се пропишувало дека ФНРЈ била *„сојузна народна држава со републиканска форма, заедница на рамноправни народи, кои врз основа на правото на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување[500], ја изразиле својата волја да живеат заедно во федеративна држава"*.[501] Уставот бил едногласно усвоен на заедничката седница на двата дома на Уставотворното собрание. Уставот на ФНРЈ бил моделиран според Уставот на СССР од 1936 година, познат како *„Сталинов устав"*,како и според решенијата усвоени на Второто заседание на АВНОЈ и други одлуки од уставно значење и закони кои ги регулирале органите на новото државно уредување и новите општествени односи.[502] Уставот претставувал уставно-правна манифестација на придобивките од револуцијата во Југославија, бидејќи ги озаконил сите дотогашни промени и *„дал уставна основа за понатамошно спроведување на револуцијата, пред сè во експропријација на буржоазијата и изградба на државно-социјалистичко и општествено-економско уредување"*.[503]

Со Уставот била регулирана надлежноста на ФНРЈ и највисоките сојузни органи. Уставотворното собрание било преименувано во Народно собрание на

---

[499] Инаку, Уставот на ФНРЈ бил усвоен на 30 јануари 1946 година, но бил прогласен на заедничката седница на двата дома на Уставотворното собрание на 31 јануари 1946 година. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 858).
[500] Како заштита од евентуален сепаратизам, било понудено објаснување дека *„сите југословен-ски народи 'исполнети со свест' за потребите на една силна заедничка држава 'која ќе ги ос-лободи и опфати сите делови на нејзините народи и сите нивни национални територии во една непрекината државна територија'"* и дека *„југословенските народи никогаш нема ни-ту да посакаат да го употребат правото на отцепување"*. Како заеднички работи биле на-ведени: одбраната, надворешната политика, економската обнова, сообраќајот и службата за ин-формации. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 126).
[501] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, USTAV Federativne Narodne Republike Jugoslavije, 31. Januar 1946., Beograd, 1983, 858-862.
[502] Во рамките на Министерството за конституанта, во септември 1945 година била формирана комисија за Устав, а на нејзино чело формално се наоѓал универзитетскиот професор Михаило Константиновиќ, но de facto сите одлуки ги носел Едвард Кардељ, кој бил задолжен за изградбата на општествено-политичкиот систем на Југославија. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 148).
[503] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 104.

ФНРЈ, кое било составено од два дома: Сојузно собрание и Собрание на народите. Народното собрание на ФНРЈ било врховен орган на државната власт, односно било претставник на народниот суверенитет на ФНРЈ. Сојузното собрание го избирале сите граѓани на ФНРЈ, при што на секои 50.000 жители се избирал по еден застапник. Собранието на народите, пак, се избирало по републиките, автономните покраини и автономните области, при што граѓаните на секоја република избирале по 30, автономните покраини по 20, а автономните области по 15 застапници. Вертикалното уредување на ФНРЈ било базирано на начелото на т.н. демократски централизам, *„што довело до воведување на централистичко државно уредување и покрај номиналниот федерализам“*.[504] Имено, според примерот на СССР, во Југославија бил воспоставен систем на централизиран федерализам.

Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ извршувал функција на колективен шеф на држава. Тоа се состоело од претседател, шест потпретседатели, секретар и до најмногу 30 членови.

Највисок извршен и управен орган на државната власт била Владата на ФНРЈ, која ја сочинувале претседател, потпретседатели, министри, претседателот на сојузната планска комисија и претседателот на сојузната контролна комисија. Министерствата биле општо сојузни и сојузно републикански. При Владата постоеле комитети за просвета, култура, народно здравје и социјална грижа поради општо раководење во тие гранки на државната управа. Со уставот биле одредени органите на власт на народните републики, автономните покраини и автономните области, како и на административно-територијалните единици: селата, срезовите, градските реони, градови, окрузи и области.[505] Според Уставот, целата власт во ФНРЈ произлегувала од народот и му припаѓала на народот, кој ја остварувал својата власт преку народните одбори.

Според Уставот ФНРЈ била составена од шест републики: НР Србија, НР Хрватска, НР Словенија, НР Босна и Херцеговина, НР Македонија и НР Црна Гора. Сите републики во рамките на ФНРЈ биле рамноправни. Републиките би-

[504] Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 149.
[505] Југословенските комунисти заговарале воспоставување на *„директна демократија“* и им налагале на општините да овозможат *„директно учество на граѓаните во управувањето со државните работи“*. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 220).

ле суверени татковини на суверени народи. Во рамките на НР Србија биле вклучени автономната покраина Војводина и автономната област Косово и Метохија. Границите меѓу југословенските републики не можеле да се менуваат без согласност на републиките. Белград бил одреден за главен град на ФНРЈ.[506] Прометот на стоки меѓу републиките бил слободен.

Во рамките на ФНРЈ биле признати пет рамноправни конститутивни народи: Срби, Хрвати, Словенци, Македонци и Црногорци. Босанците не биле признати како народ. Биле регулирани основните права на народите и на републиките кои добиле устав. Припадниците на петте конститутивни народи на ФНРЈ кои биле населени надвор од границите на своите републики, според Уставот, требало да бидат сметани за припадници на своите народи. На тој начин, се давало приоритет на етничката одредница во однос на територијалната. Граѓанинот на една република требало да ги добие сите политички и граѓански права во друга република, доколку одлучил да живее во неа. Всушност, секој поединец бил граѓанин на една република и истовремено на ФНРЈ, односно било востановено единствено сојузно државјанство за граѓаните на ФНРЈ.[507]

Уставот на граѓаните на Југославија им ветувал рамноправност без оглед на расата, националната припадност, јазикот, верата, образованието и општествената положба. Не се признавале никакви привилегии според раѓање, положба, имотна состојба и степен на образование. Уставот на граѓаните на Југославија им гарантирал: слобода на верата и на убедувањето, слобода на говорот, слобода на печатот, слобода на собири и здружувања, слобода на јавни собири и манифестации, како и право на приватна сопственост и на приватно претприемништво. Било забрането ширење на национална, верска и расна аверзија и раздор. Всушност, со Уставот на ФНРЈ се овозможувало простор за национал-

---

[506] Постоеле предлози за главен град да биде одредено Сараево, поради својот мултиетнички карактер, но сепак градот бил премногу мал во однос на главниот град на Србија, при што мнозина сметале дека преместувањето на главниот град српското население ќе го сфателo како понижување. Исто така, Сараево имало лоши комуникациски линии. (Ричард Џ. Кремптон, *Балкнот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 46). Меѓутоа, со оглед на тоа што Белград истовремено бил главен град на ФНРЈ и на НР Србија, *„постоела силна тенденција централизацијата на власта да се идентификува со српската доминација“*, нешто од што стравувале останатите југословенски републики, особено Хрватска, врз основа на искуствата од старата југословенска држава. (Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 459).

[507] Така, југословенскиот федерализам *„ги институционализирал повеќекратните идентитети и лојалности“*, а истовремено со тоа и било *„релативизирано значењето на републичките граници“*. (Мари-Жанин Чалиќ, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 225).

ните, верските и културните активности, меѓутоа строго се забранувале сите видови на нетолеранција и шовинизам. Уставот предвидувал рамноправност на жената со мажот во сите области на државниот, економскиот и општествено-политичкиот живот.

Националните малцинства во ФНРЈ уживале право и заштита на свој културен развој, слобода на употреба на својот јазик, како и уживање на сите останати малцински права. Имено, постоеле етнички малцинства кои живееле, а немале своја република во рамките на ФНРЈ, но кои го оствариле правото на самоопределување вон границите на ФНРЈ со поседување свои матични држави. Таков бил случајот со Албанците, Унгарците, Турците, Бугарите, Италијанците, Германците, Русите, Чесите, Словаците и Романците. Меѓутоа, во ФНРЈ живееле и етнички малцинства без матични држави вон Југославија, како Ромите, Евреите, Власите и Русините, кои во главно биле со несловенско потекло. Националните малцинства немале право на отцепување.

Според Уставот на ФНРЈ сопственоста можела да биде државна, задружна или приватна. Меѓутоа, приватната сопственост можела да биде ограничена или експроприрана доколку тоа било од *„општ интерес"*. Било одредено дека земјата му припаѓа на оние кои ја обработуваат.

Уставот на граѓаните на ФНРЈ им ги гарантирал слободата на совест и вероисповед. Црквата била одвоена од државата. Било забрането злоупотреба на религијата во политички цели. Според Уставот, верските заедници, чие учење не се противело на Уставот на ФНРЈ, биле слободни во вршењето на своите верски работи и обреди, а верските училишта за подготовка на свештениците, иако во вршењето на своите работи уставот им препишувал слобода, сепак, согласно истиот устав, биле ставени под надзор на државата. Значи, *„индивидуалното исповедување на вера било толерирано, но прогласено за приватна работа"*.[508] Училиштата биле одвоени од црквата, а основната настава била задолжителна и бесплатна. Граѓаните кои имале наполнето 18 години имале право на глас и можеле да бидат бирани во сите органи на државната власт.

Со Уставот на ФНРЈ бил пропишан изгледот на надворешните белези на земјата: грбот и знамето. *Државниот грб на Федеративна Народна Република*

[508] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 232.

*Југославија* претставува поле опкружено со житни класја. Класјето долу е поврзано со лента на која е напишан датумот: *29.XI.1943*, односно прикажан е датумот од вториот ден од Второто заседание на АВНОЈ во Јајце. Помеѓу врвовите на житните класја се наоѓа црвена петокрака ѕвезда. На средината на полето се наоѓаат пет факли, чии пламени се спојуваат во еден пламен.[509] Всушност, петте факли ги симболизираат петте конститутивни народи на Југославија, а пламенот претставува симбол на *„братството и единството“* меѓу истите. *Државното знаме на Федеративна Народна Република Југославија* се состои од три бои: сина, бела и црвена. На средината на знамето се наоѓа црвена петокрака ѕвезда.

Органи на правосудството, односно на судската власт на ФНРЈ биле Врховниот суд на ФНРЈ, врховните судови на југословенските републики и автономни покраини, окружните и среските судови. Уставот на ФНРЈ, исто така, не предвидувал право на штрајк.[510]

Уставот на ФНРЈ ја изразувал постојната државна и политичка структура. Истовремено, давал основа за промена на имотно-сопственичките односи и за премин кон централизирано планирање на општеството.

Уставниот систем на ФНРЈ бил довршен со усвојувањето на републичките устави на југословенските републики. ФНРЈ не била сојуз на држави, туку сојузна држава на федерални единици.[511] Бидејќи во Југославија бил воспоставен систем на централизиран федерализам, републиките, дел од своите суверени права, ги пренесувале на сојузната држава. Овој устав се карактеризира и според широкиот пренос на ингеренциите на републиките кон сојузната држава. Всушност, *„зад ваквата уставна конструкција фактички постоела и дејствувала суверената сојузна држава со вонредно широки овластувања“*.[512]

[509] Уште во пролетта 1944 година бил предложен изгледот на новиот грб на државата. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941 – 1945, Zakon o imenu države i državnom grbu, mart – april 1944.*, Beograd, 1983, 502–503).
[510] Комунистичкото раководство сметало дека правото на штрајк било потребно само во капиталистичките земји, бидејќи оние кои биле *„благословени со народниот надзор немаат потреба од него“*. (Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 48).
[511] Сосема спротивно на тврдењето на српскиот историчар Коста Николиќ, кој тврди дека повоена Југославија не била *„сојузна држава“*, туку *„сојуз на држави“*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 126).
[512] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 76.

На тој начин, централизацијата во Југославија придонела за зголемување на сојузните наспроти републичките ингеренции.

Во Југославија бил воспоставен државно-централистички систем со речиси неограничена моќ на државата и на владејачката КПЈ. Имено, според Уставот, Владата на ФНРЈ имала значителни законодавни ингеренции во областа на економијата и финансиите. Во суштина, целата политичка моќ во државата била под контрола на Политбирото на КПЈ, под водство на Јосип Броз – Тито.

Со Уставот на ФНРЈ од 31 јануари 1946 година, државата имала најсложено државно уредување и политичко-општествена организација во однос на нејзините соседи.

## НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА ФНРЈ И ПРВАТА ВЛАДА НА ФНРЈ

Веднаш по усвојувањето на Уставот на ФНРЈ, Народното собрание на ФНРЈ ја продолжило работата на Уставотворното собрание.[513]

Најпрво, била донесена одлука за распуштање на Привремената влада на ДФЈ, барање коешто Јосип Броз – Тито го поднел уште одамна, но не било прифатено од страна на Уставотворното собрание.

Во согласност со новодонесениот Устав на ФНРЈ, на 1 февруари 1946 година била формирана Првата влада на ФНРЈ, под претседателство на Јосип Броз – Тито.[514] Првата влада на ФНРЈ била составена од следните членови: Јосип Броз – Тито, претседател и министер за народна одбрана; Едвард Кардељ, потпретседател на Владата и претседател на Контролната комисија при Владата; Јаков Продановиќ, потпретседател; Александар Ранковиќ, министер за внатрешни работи; Милован Ѓилас, министер без ресор; Кирило Савиќ, министер без ресор; Димитар Несторов, министер без ресор; Сава Косановиќ[515], министер за информации[516]; Станоје Симиќ, министер за надворешни работи; Тодор Вујасиновиќ, министер за сообраќај; Анте Вркљан, министер за поморство; д-р Драго Марушич, министер за пошта; инж. Никола Петровиќ, министер за надворешна трговија; Сретен Жујовиќ, министер за финансии; Фране Фрол, министер за правосудство; Андрија Хебранг, министер за индустрија[517]; Бане

[513] Меѓутоа, Народното собрание на ФНРЈ не била работно тело, туку се свикувало само на редовни или вонредни заседанија со цел да ги изгласа предложените закони од страна на Владата на ФНРЈ. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 861).

[514] Како што соопштил Јосип Броз – Тито на втората седница на Народното собрание на ФНРЈ, по повод соопштување на предлогот околу составот на Владата на ФНРЈ, при формирањето на составот ги земал во предвид следните три фактори: националниот, политичко-партискиот и квалитативниот. (*I Ванредно заседање Народне скупштине ФНРЈ, 31 јануара – 4 фебруара*, Народна скупштина ФНРЈ, Београд, 1946, 8).

[515] Сава Косановиќ бил министер за информации од 1 февруари до 9 август 1946 година, кога било укинато Министерството за информации со указ од Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ. Од 25 мај до 27 мај 1946 година бил поставен за министер без ресор. Од 27 мај 1946 година бил именуван за амбасадор во Вашингтон, САД, задржувајќи го притоа статусот како член на Владата на ФНРЈ.

[516] На 9 август 1946 година со указ на Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ било укинато министерството за информации.

[517] На 13 јуни 1946 година за министер за индустрија бил именуван Борис Кидрич.

Андреев, министер за рударство; д-р Заим Шарац, министер за трговија и снабдување; д-р Васо Чубриловиќ, министер за земјоделство и шумарство; Вицко Крстуловиќ, министер за труд; и Владимир Зечевиќ, министер за градежништво.[518] На 13 јуни 1946 година била формирана Планска комисија, а за нејзин претседател бил назначен Андрија Хебранг.

Врховен командант на Југословенската армија бил Јосип Броз – Тито.[519] На позицијата јавен обвинител на ФНРЈ бил именуван д-р Јосип Хрнчевиќ.[520] Бил избран и составот на Врховниот суд на ФНРЈ, и тоа: Витомир Петровиќ, претседател; д-р Теодор Томиншек, потпретседател; Милован Крджиќ, Петар Раичковиќ, Петар Пируже, Никола Станковиќ, Александар Тодоровиќ и д-р Маријан Деренчин.[521]

На првата седница на Собранието на народот при Народното собрание на ФНРЈ, одржана на 2 февруари 1946 година, најпрво бил распуштен Президиумот на Уставотворното собрание. Меѓутоа, веднаш потоа стариот состав бил реизбран.[522] Значи, Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ го сочинувале: Иван Рибар, претседател; Моша Пијаде, Филип Лакуш, Јосип Рус, Димитар Влахов, Ѓуро Пуцар и Марко Вујачиќ, потпретседатели; Миле Перуничиќ, секретар; Јосип Броз – Тито, Бане Андреев, д-р Владимир Бакариќ, Душан Бркиќ, Јосип Видмар, Милован Ѓилас, Едвард Кардељ, Сретен Жујовиќ, Влада Зечевиќ, д-р Стеван Јаковљевиќ, Блажо Јовановиќ, д-р Драгољуб Јовановиќ, Борис Кидрич, Сава Косановиќ, Лазар Колишевски, Благоје Нешковиќ, Јаша Продановиќ, Александар Ранковиќ, д-р Златан Сремец, Добросав Томашевиќ, Фране Фрол, Андрија Хебранг, Авдо Хумо, Родољуб Чолаковиќ, Владо Шегрт и д-р Синиша Станковиќ.[523]

Президиумот на Сојузното собрание при Народното собрание на ФНРЈ го сочинувале: Владимир Симиќ, претседател; Фрањо Гажи и Авдо Хумо, потпретседатели; Војо Лековиќ, Љупчо Арсов и Стеван Јовичиќ, секретари.[524] Прези-

---

[518] *I Ванредно заседање Народне скупштине ФНРЈ, 31 јануара – 4 фебруара*, Народна скупштина ФНРЈ, Београд, 1946, 129.
[519] *Ibid.*
[520] *Ibid*, 130.
[521] *Ibid.*
[522] *Ibid*, 33.
[523] *Ibid*, 123.
[524] *Ibid*, 124.

диумот на Собранието на народите при Народното собрание на ФНРЈ го сочинувале: Јосип Видмар, претседател; Божидар Маслариќ и Косан Павловиќ, потпретседатели; Нинко Петровиќ, Јоза Миливојевиќ и Михајло Грбиќ, секретари.[525]

Понатаму, бил утврден составот на постојаните одбори на двете собранија при Народното собрание на ФНРЈ, и тоа на: Законодавниот одбор, Одборот за економски план и финансии, Мандатен и имунитетски одбор, Административен одбор и Одбор за молби и жалби.[526]

Бил усвоен *Законот за основање комисија за аграрна реформа и колонизација*, со кој Аграрниот совет се претворал во Комисија за аграрна реформа и колонизација при Владата на ФНРЈ. Новоформираната комисија ги преземала работите на поранешното Министерство за колонизација и на Аграрниот совет.[527] Истиот ден бил усвоен и *Законот за заштита на југословенскиот имот, правото и интересот во странство*. Притоа, при Министерството за финансии бил основан Уред за заштита на југословенскиот имот во странство.[528] Потоа биле усвоени *Законот за овластување на Владата на ФНРЈ за носење одредби по прашањата од народното стопанство*[529] и *Законот за привремено финансирање на државните потреби*.[530]

[525] *I Ванредно заседање Народне скупштине ФНРЈ, 31 јануара – 4 фебруара*, Народна скупштина ФНРЈ, Београд, 1946, 123.
[526] Подетално види: *Ibid*, 130-132.
[527] *Ibid*, 84.
[528] *Ibid*, 86-89.
[529] *Ibid*, 96.
[530] *Ibid*, 100-101.

## КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

Решенијата донесени на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце *„го отворија патот на сите констутативни народи на втора Југославија кон нивното посебно државотворно конституирање“*.[531] Националното прашање не било решено на заседанието во Јајце, бидејќи во претстојниот период требало да се пронајде соодветен одговор на следните прашања: балансирање на односот меѓу Хрватите и Србите во Хрватска; решавање на сложената ситуација во Србија, особено со статусот на Војводина и Косово и Метохија и тамошното население; барањето на македонскиот народ за интегрално решавање на македонското прашање за обединување на целата територија на Македонија; како и решавање на граничните прашања меѓу федералните единици[532]. Во суштина, *„станувало збор за прагматична состојба на федерализам“*.[533] Во тој период, терминот *„република“* сè уште не бил во употреба.

Основни органи на *„народната власт“* кај одделните југословенски народи претставувале НОО и земските антифашистички собранија за народно ослободување, формирани постепено во секоја република одделно, кои *„функционирале во органска врска со федеративната структура“*.[534] Претворањето на земските антифашистички собранија во највисоки органи на власт (претставнички, законодавни и извршни тела) било извршено врз основа на нивните конститутивни решенија, според принципите усвоени на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце. Формирањето на земските антифашистички собранија прет-

---

531 Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 21.

532 Секретарот на АВНОЈ, Миле Перуничиќ, на 24 февруари 1945 година, за време на дискусијата на претставништвото на АВНОЈ за пропорционално претставување на федералните единици во АВНОЈ, обелоденил документ во кој идните граници на федералните единици на федеративна Југославија биле објаснети на следниот начин: Словенија била вклучена во границите на поранешната Дравска бановина; Хрватска во границите на поранешната Савска бановина со 13 области од поранешната Приморска бановина и Дубровничката покраина од поранешната Зетска бановина; Босна и Херцеговина во границите одредени на Берлинскиот конгрес во 1878 година; Србија во границите пред Балканските војни со областите земени од Бугарија со Версајскиот мировен договор; *„Македонија – југословенска територија јужно од Качаник и Ристовац“*; и Црна Гора во границите пред Балканските војни, заедно со покраините Беране и Котор, како и градовите Плав и Гусиње. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 104).

533 *Ibid*, 100.

534 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980, стр. 331.

ставувало преодна фаза во реализирањето на државотворното конституирање на сите конститутивни народи на федеративна Југославија и претставувале *„круна на успешниот тек на борбата против фашизмот и одговор за разрешување на бројни историски прашања од политичката, социјалната и сите сфери на дотогашното живеење на истите“* во рамките на старата држава.[535] Истовремено, Хрватите, Словенците и Македонците за првпат во современата историја формирале свои национални држави во рамките на федеративна Југославија.

Истовремено, по Второто заседание на АВНОЈ, со исклучок на Ослободителниот фронт на Словенија кој бил формиран претходно, биле создадени земските организации на ЈНОФ во федералните единици на југословенската федерација. НОФ се залагал за единство, собирајќи притоа извесен број антифашистички партии кои биле подготвени власта да им ја препуштат на комунистите.

Президиумот на АВНОЈ на 5 април 1945 година донело упатство за формирање на владите на федералните единици при ДФЈ, заради постигнување еднообразност во организацијата на севкупната државна власт, како и заради поефикасна администрација и соработка меѓу централната власт и федералните единици.[536] На седниците на земските претставнички и законодавни тела, на коишто биле избрани *„народни влади“*, дошло до изоставување на називот *„народноослободителни“* за одборите и *„антифашистички собранија“* за земските органи, со цел да се обележи завршувањето на воените дејствија и постојаноста на овие органи. До формирањето на владите на федералните единици во април и мај 1945 година,[537] врските на АВНОЈ и НКОЈ со претседателствата на земските собранија на федералните единици биле на незадоволително ниво, со исклучок на соработката со Президиумот на АСНОС, конституиран во ноември 1944 година.[538] Селекцијата на членовите на владите на федералните единици

[535] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 21.
[536] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Uputstvo o osnovnim načelima za obrazovanje Vlada federalnih jedinica Demokratske Federativne Jugoslavije, 5. april 1945., Beograd, 1983, 707-708.
[537] Претседателите на владите на федералните единици во составот на Југославија истовремено биле и секретари на националните, односно на покраинските партиски комитети, со исклучок на Родољуб Чолаковиќ, претседателот на владата на федерална Босна и Херцеговина. (Branko Petranović, Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945, Beograd, 1988, 461).
[538] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 336.

на југословенската федерација не била вршена според партиската припадност, туку врз основа на прифаќањето на програмата на ЈНОФ. По нивното создавање, федералните влади објавиле свои декларации, кои во основните начела се совпаѓале со Декларацијата на Привремената народна влада на ДФЈ, нагласувајќи ги притоа оние задачи и проблеми со кои моментално и непосредно се соочувале. По усвојувањето на Уставот на ФНРЈ, секоја југословенска република требало да изработи и усвои свој устав во согласност со начелата на сојузниот устав. Владите на федералните единици се прилагодувале на централистичкиот систем на југословенското уредување и притоа воделе цврста пројугословенска политика.

На заседанието во Чрномељ на 19 февруари 1944 година СНОО бил претворен во СНОС и бил издвоен од Ослободителниот фронт за Словенија.[539] На 5 мај 1945 година во Ајдовшчина била формирана Народна влада на Словенија, под претседателство на Борис Кидрич.[540] На 16 јануари 1947 година бил усвоен Уставот на НР Словенија.

Државноста на Хрватска во рамките на југословенската федерација била воспоставена на Третото заседание на ЗАВНОХ во Топуско, одржано на 8 и 9 мај 1944 година, при што ЗАВНОХ бил прогласен за врховно законодавно и извршно претставничко тело и највисок орган на државната власт во Хрватска.[541] Во *Декларацијата за основните права на народите и граѓаните на демократска Хрватска*, се потенцирала рамноправноста на хрватскиот и српскиот народ во Хрватска.[542] Имено, федерална Хрватска била прогласена за држава

---

[539] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Sklep o preimenovanju slovenskega narodno-osvobodilnega odbora, 19. februar 1944., Beograd, 1983, 557.

[540] Првата Влада на Словенија била формирана во следниот состав: Борис Кидрич, претседател; д-р Маријан Брецељ, потпретседател; Зоран Полич, министер за внатрешни работи; Јоже Покорн, министер за правосудство; д-р Фердо Козак, министер за просвета; д-р Алеш Беблер, министер за финансии; Франц Лескошек, министер за индустрија и рударство; д-р Ладо Вавпетиќ, министер за трговија и снабдување; Јанез Хрибар, министер за земјоделство; Тоне Фајфар, министер за шумарство; Вида Томшич, министер за социјална политика; д-р Марјан Ахчин, министер за народно здравје; д-р Миха Камбич, министер за градежништво; и Франц Сној, министер за локален сообраќај. (*Ibid*, Ukaz o imenovanju Narodne vlade Slovenije, Ajdovščina, 5. maj 1945., 715).

[541] *Ibid*, Odluka o Zemaljskom antifašističkom vijeću narodnog oslobođenja Hrvatske kao vrhovnom zakonodavnom i izvršnom narodnom predstavničkom tijelu i najvišem organu državne vlasti Demokratske Hrvatske, 9. maj 1944., 567-569.

[542] *Ibid*, Deklaracija o osnovnim pravima naroda i građana Demokratske Hrvatske, Topusko, 9. maj 1944., 569-570.

на хрватскиот и српскиот народ.[543] Меѓутоа, не било споменато правото на самоопределување на српскиот народ во Хрватска, бидејќи тоа било *„врзано исклучиво за Хрватите“*, односно *„со изразот ‘Срби’, а не ‘српски народ’ се сугерирала нивната припадност кон хрватската политичка нација“*.[544] На 18 јуни 1944 година, ЗАВНОХ ја укинал одлуката на усташите за забрана на кирилицата, па согласно актот на рамноправност на хрватскиот и српскиот народ во Хрватска, ги прогласил латиницата и кирилицата за рамноправни писма во Хрватска.[545] Во Хрватска бил формиран и Српски клуб на пратеници при ЗАВНОХ[546], како некој вид на национално претставништво на Србите во Хрватска и политички пандан на делот од ХСС кој преминал на страната на НОД.[547] На 25 август 1944 година, Президиумот на ЗАВНОХ, на предлог на Српскиот клуб на пратеници при ЗАВНОХ, го поништило присилното прекрстување на Србите во текот на војната.[548] За време на одржувањето на вонредното заседание на ЗАВНОХ, на 14 април 1945 година во Сплит, била формирана Владата на Федерална Држава Хрватска, под претседателство на д-р Владимир Бакариќ.[549] На 25 јули 1945 година ЗАВНОХ бил преименуван во Народен собор на Хрват-

---

[543] Во меѓувреме, Јосип Броз – Тито ги отфрлил предлозите во федерална Хрватска да се направи една област или повеќе автономни српски региони. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 125).

[544] *Ibid*, 149.

[545] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka ZAVNOH-a o izjednačenju latinice i ćirilice, 18. jun 1944., Beograd, 1983, 572.

[546] Српскиот клуб на пратеници при ЗАВНОХ бил формиран на 12 јануари 1944 година во Оточац, три месеци по фрмирањето на ИО на ХСС на слободната територија во Хрватска, со задача *„да го чува единството и да го развива братството на српскиот и хрватскиот народ“*. За претседател на Српскиот клуб на пратеници бил избран д-р Раде Прибиќевиќ. (*Ibid*).

[547] Официјалните претставници на ХСС околу Влатко Мачек не го признавале ИО на ХСС, кој бил формиран на слободната територија на Хрватска. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 300).

[548] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka ZAVNOH-a o poništavanju prisilnog prekrštenja Srba, 25. avgust 1944., Beograd, 1983, 572-573. Не е познат точниот број на принудно прекрстените лица од православна во католичка вера, но во еден извештај на надбискупот Степинац до папата Пиј XII се говори за прекрстување на 240.000 лица. Надбискупот Степинац на судскиот процес во 1946 година ја оспорувал автентичноста на тој документ. (*Ibid*, 572).

[549] Првата народна влада на Демократска Федерална Хрватска била составена од следните членови: д-р Владимир Бакариќ, претседател на владата; Фрањо Гажи, потпретседател; д-р Раде Прибиќевиќ, потпретседател; Вицко Крстуловиќ, министер за внатрешни работи; Душан Бркиќ, министер за правосудство; Антун Вркљан, министер за просвета; Анка Берус, министер за финансии; д-р Младен Ивековиќ, министер за индустрија и рударство; Душан Чалиќ, министер за трговија и снабдување; Томо Чиковиќ, министер за земјоделство и шумарство; д-р Александар Кохаревиќ, министер за народно здравје; Јурица Дрзушник, министер за социјална политика; Станко Опачиќ Ќаница, министер за градежништво; д-р Уликсе Штангер, министер за крајбежно поморство и риболов. (*Ibid*, Narodna vlada Hrvatske, Split, 14 april 1945., 712).

ска, а сите НОО го промениле називот во НО.[550] На 26 февруари 1946 година Хрватска во рамките на ФНРЈ го добила името НР Хрватска, Народниот собор на Хрватска бил преименуван во Собор на НРХ, а Претседателството на Народниот собор на Хрватска било преименувано во Президиум на Соборот на НРХ.[551] На 18 јануари 1947 година бил усвоен Уставот на НР Хрватска.[552]

На своето второ заседание во Сански Мост, одржано од 30 јуни до 2 јули 1944 година, ЗАВНОБиХ се конституирал во врховно законодавно и извршно тело, во највисок орган на државната власт во Босна и Херцеговина како рамноправна федерална единица во рамките на ДФЈ.[553] Во Декларацијата за правата на граѓаните на Босна и Херцеговина, со оглед на етничкиот состав на републиката, се потенцирала *„рамноправноста на Србите, Муслиманите и Хрватите во Босна и Херцеговина, која е нивна заедничка и неделива татковина“*.[554] Во Босна и Херцеговина не постоело јасно мнозинство на одреден етнички елементи, па поради тоа сите три заедници требало да бидат рамноправни. Босна и Херцеговина, заедно со Војводина, биле територии со најсложен демографска структура во Југославија. На 27 април 1945 година во Сараево била формирана Владата на федерална Босна и Херцеговина, под претседателство на Родољуб Чолаковиќ.[555] Во однос на разграничувањето со соседните федерални единици, Босна и Херцеговина го загубила делот на Суторина, кој и припаднал на Црна Гора, а со тоа и излезот на Бокакоторскиот Залив. На 31 декември 1946 година бил донесен Уставот на НР Босна и Херцеговина.

---

550 Živana Heđbeli i Nikola Mokrović, „Pregled uprave u Hrvatskoj od 1945. do 1990. godine“, *TEHNIČNI in vsebinski problemi klasičnega in elektronskega arhiviranja. Materialno varstvo arhivskega gradiva [Elektronski vir] : zbornik mednarodne konference, [Radenci, 15. - 17. april 2015]*, Maribor: Pokrajinski arhiv Maribor, 2015, 210.
551 *Ibid.*
552 *Ibid.*
553 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Predlog odluke o konstituisanju Zemaljskog antifašističkog vijeća narodnog oslobođenja Bosne i Hercegovine u najviše zakonodavno i izvršno narodno predstavničko tijelo federalne Bosne i Hercegovine, Beograd, 1983, 579-580.
554 *Ibid*, Predlog Deklaracije ZAVNOBiH-a o pravima građana Bosne i Hercegovine, 1. jul 1944., 581.
555 Првата Народна влада на Босна и Херцеговина ја сочинувале: Родољуб Чолаковиќ, претседател; д-р Заим Шарац, потпретседател и министер за локален сообраќај; д-р Јаков Гргуриќ, потпретседател; Ѓуро Пуцар – Стари, министер без ресор; Илија Дошен, министер за внатрешни работи; д-р Хамдија Чемерлиќ, министер за правосудство; Анто Бабиќ, министер за просвета; Хасан Бркиќ, министер за финансии; Пашаг Манджиќ – Хаџи Мурат, министер за трговија и снабдување; Владо Шегрт, министер за земјоделство и сточарство; Анте Мартино-виќ, министер за рударство; д-р Недо Зец, министер за народно здравје; д-р Цвитан Спужевиќ, министер за градежништво; и Новак Мастиловиќ, министер за социјална политика. (*Ibid*, Obrazovanje Vlade federalne Bosne i Hercegovine, Sarajevo, 27. april 1945., 714-715).

На Второто заседание на ЗАВНО на Црна Гора и Бока, одржано на 16 февруари 1944 година во Колашин, црногорските делегати изразиле *„свое воодушевување, своја полна согласност на историските одлуки на АВНОЈ“*.[556] На своето трето заседание во Колашин, во манастирот Морача, ЗАВНО на Црна Гора и Бока, на 14 јули 1944 година било претворено во ЦАСНО,[557] коешто станало врховно законодавно и извршно тело на Црна Гора.[558] Потоа, на 15 април 1945 година бил донесен закон за претворање на ЦАСНО во Црногорско народно собрание, *„како највисок орган на народната власт и единствен законодавен орган на федерална Црна Гора“*, и претворање на НОО во НО, и среските народноослободителни собранија во срески народни собранија.[559] На 17 април 1945 година во Цетиње била формирана Владата на федерална Црна Гора, под претседателство на Блажо Јовановиќ.[560] Црногорското раководство особено агресивно настојувало за зголемување на територијата на федералната единица Црна Гора, меѓутоа ја добило само босанска Суторина. На 31 декември 1946 година бил донесен Уставот на НР Црна Гора.

Македонскиот народ, сосема природно, очекувал да се здобие со правото на самоопределување и обединување.[561] Поаѓајќи од ваквите стремежи на македонскиот народ, ИО за свикување на АСНОМ водел дискусии и околу конечното решавање на македонското национално прашање за обединување на Ма-

---

[556] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Zaključci Drugog zasjedanja ZAVNO Crne Gore i Boke u Kolašinu, 16. februar 1944., 574-575.

[557] *Ibid*, Odluka Crnogorske antifašističke skupštine narodnog oslobođenja o narodnoj vlasti na teritoriji Crne Gore, 14. jul 1944., 575-576.

[558] *Ibid*, Odluka CASNO o vrhovnom zakonodavnom i izvršnom tijelu, i o Nacionalnom komitetu oslobođenja Crne Gore, Kolašin, 14. jul 1944., 576.

[559] *Ibid*, Zakon o pretvaranju Crnogorske antifašističke skupštine narodnog oslobođenja u Crnogorsku narodnu skupštinu i narodno-oslobodilačkih odbora u narodne odbore, 15. april 1945., 579.

[560] Народната влада на федерална Црна Гора, формирана на 17 април 1945 година во Цетиње, била составена од следниот состав: Блажо Јовановиќ, претседател; Петар Комнениќ, потпретседател; Радоња Голубовиќ, министер за внатрешни работи; Јефто Павиќ, министер за правда; Пуниша Перовиќ, министер за просвета; Гојко Гарчевиќ, министер за финансии; Вељко Зековиќ, министер за трговија и снабдување; Јован Четковиќ, министер за земјоделство и шумарство; Владо Лазаревиќ, министер за индустрија и рударство; Михаил Вицковиќ, министер за социјална политика и народно здравје; и Петар Томановиќ, министер за градежништво. (*Ibid*, Ukaz o imenovanju vlade Crne Gore, Cetinje, 17. april 1945., 713-714).

[561] Македонците се залагале за интегрално решавање на македонското национално прашање преку обединување на македонскиот народ и негово државотворно конституирање. Овој нивни стремеж придонел за појава на првиот судир меѓу највисокото раководство на КПЈ, од една страна, и Македонците, од друга страна, бидејќи југословенското раководство го пласирал интернационализмот и класната борба во која класното се наметнало над националното прашање. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 23).

кедонија.[562] Делегацијата на ИО за свикување на АСНОМ и ГШ на НОБ и ПОМ[563], на која и се приклучил Темпо, на 24 јуни 1944 година, одржала посебна седница со НКОЈ на островот Вис, на која декларативно биле поддржани и ублажени барањата на македонските делегати за обединување на Македонија.[564] На 2 август 1944 година, во манастирот Св. Прохор Пчински, Кумановско, било одржано Првото заседание на АСНОМ, во присуство на над 60 од вкупно 115 избрани делегати од трите дела на Македонија.[565] На заседанието биле донесени девет законодавни акти, од кои четири имале државно-конститутивен карактер.[566] Со овие акти биле поставени темелите на ДФМ, која свечено била прогласена на заседанието.[567] На првото заседание на АСНОМ бил избран и не-

---

[562] *Историја на македонскиот народ*, Тодор Чепреганов, Скопје: Институт за национална историја, 2008, 280.

[563] Делегацијата ја сочинувале: Методија Андонов – Ченто, Емануел Чучков и Кирил Петрушев. Делегацијата била определена на заедничкиот состанок на ИО за свикување на АНОМ и ГШ на НОВ и ПОМ на 6 мај 1944 година, со задача да замине на островот Вис кај претседателот на НКОЈ – Јосип Броз – Тито, со цел директно да му ги пренесе ставовите на македонските претставници околу македонското прашање. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 23-24).

[564] На состанокот на островот Вис, претседателот на НКОЈ – Јосип Броз - Тито декларативно ги поддржал барањата за обединување на македонскиот народ, но тие биле ублажени, при што биле донесени следните констатации: се уважувало правото на македонскиот народ и неговиот стремеж за обединување на сите негови делови како негово постојано барање; дека со оглед на меѓународната положба било прерано да се поставува ова прашање, бидејќи би се довеле во неповолна положба Македонија и Југославија; развивање на борбата во трите дела на Македонија со помагање на ослободителното движење на македонскиот народ против окупаторот, со изразување на желбата на останатите два дела, преку борба да дојдат до свое самоопределување; и дека македонскиот народ во Југославија ќе ги помагал овие ослободителни движења каде и да се појавеле. (*Ibid*, 24-25).

[565] Делегатите на Првото заседание на АСНОМ биле со различен национален, социјален, образовен и старосен состав. Голем број од избраните делегати не присуствувале на заседанието поради *„конспиративните услови на патување до местото на одржување, како и поради разни други пречки, не можеле сите да пристигнат навреме"*. Некои од неприсутните делегати на заседанието им дале полномоштва на присутните кандидати да ги застапуваат нивните ставови на заседанието. (*Историја на македонскиот народ*, Тодор Чепреганов, Скопје: Институт за национална историја, 2008, 282).

[566] Четири акти донесени на Првото заседание на АСНОМ кои имаат државно-конститутивен се: Решение за прогласување на АСНОМ за највисоко законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт во ДФМ; Решение за одобрување на решенијата, наредбите и задолженијата издадени од ГШ на НОВ и ПОМ и на ИО за свикување на АСНОМ; Решение за воведување на македонскиот јазик за службен јазик во македонската држава; и Декларација за основните права на граѓаните во ДФМ. Други пет решенија донесени на Првото заседание на АСНОМ се: Правилник за работа на АСНОМ; Решение за образување на државна комисија за утврдување на престапите на окупаторот и неговите помагачи; Решение за прогласување на Илинден – 2 август за народен празник на македонската држава; Решение за оддавање признание и благодарност на НОВМ; и Решение за формирање на Законодавна комисија при Президиумот на АВНОЈ. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 587-593).

[567] Овој конститутивен акт предизвикал вознемиреност и револт кај оние поединци и политички субјекти кои *„не можеле да се помират со новиот федерален статус на ДФМ и со признавањето на посебноста и рамноправноста на македонската нација во рамките на ДФЈ"*, особено старите српски политичари и припадници на граѓанската опозиција. Во текот на летото 1944 година негативни ставови кон посебноста на македонскиот народ искажале и членови на

гов Президиум, кој извршувал функција на влада до изборот на првата народна влада на ДФМ.[568] Во овој период голем дел од претставниците на АСНОМ изразиле отпор на обидите на федералните органи од Белград за посилна централизација на државата и *„поставувале барања за поголема самостојност на Републиката во однос на Федерацијата“*.[569] Во периодот од 14 до 16 април 1945 година било одржано Третото заседание на АСНОМ на кое, покрај останатото, била извршена поделба на законодавната и извршната власт во Македонија: со трансформација на АСНОМ во Народно собрание на ДФМ и избор на Владата на ДФМ.[570] На 16 април 1945 година била формирана првата Народна влада на ДФМ;[571] Во летото 1945 година бил кодификуван македонскиот стандарден јазик и правопис. Во меѓувреме, започнал процес на разграничување меѓу Македонија и Србија, при што федерална Македонија ги загубила Прешево и Трго-

---

југословенската влада во егзил – Иван Шубашиќ и Сава Косановиќ. Кон таквите ставови се придржувале и Јаков Продановиќ и професорот по историја д-р Васа Чуброловиќ. Јаша Продановиќ сметал дека *„нова Југославија и нејзиното раководство одат предалеку во поглед на принципот на рамноправност“*, а што се однесува до правото на самоопределувањето на народите, прашувал *„дали тоа право е некаде апсолутно спроведено во Европа, така што дури ни во СССР тој принцип апсолутно не бил испочитуван“*, а се чудел *„зошто Србија не ги добива Скопје и Куманово кои се ‘српски’ краеви“*. Според Чубриловиќ, пак, *„’Македонија е неразделно поврзана’ за Србија и од Србија би можеле да ја ‘одбијат само екцеси’“*. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 34-36).

568 Президиумот на АСНОМ го сочинувале: Методија Андонов – Ченто, како претседател; Панко Брашнаров и Емануел Чучков, потпретседатели; Љубомир Арсов и Владимир Полежиноски, секретари; Кирил Петрушев, Петре Пирузе – Мајски, Страхил Гигов, Михаил Апостолски, Венко Марковски, Цветко Узуновски, Богоја Фотев, Јован Ѓоргов, Епаминонда поп Андонов, Генадие Илиев Лешков, Ќемал Аголи, Лазар Соколов, Вера Ацева, Камбер Хасан, Ацо Петровски, Младен Ѓорѓиев Челопечки и Лилјана Чаловска, како членови. На 6 август 1944 година, на седницата на Президиумот на АСНОМ, во Президиумот биле кооптирани следните членови: Кирил Крстев, Васил Калајџиевски, Живко Брајковски и Абдула Алија. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 33). Потпретседателот на Привремената влада на ДФЈ, Милан Грол, тврдел дека *„не постои историско оправдување да се создаде македонска нација, како и дека со конституирањето на Македонија како посебна федерална единица ќе биде загрозена геостратешката позиција на Србија“*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 145).

569 Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 34.

570 Президиумот на АСНОМ продолжил да функционира како Президиум на Народното собрание на ДФМ, *„со битно намалени ингеренции во законодавната дејност“*, бидејќи Владата на ДФМ *„станала основниот носител и столб на државната политика во Македонија и го креирала целиот законодавен механизам. Се разбира, не без преголемата интервенција на КПМ, изразена и преку спојувањето на функциите во овие органи“*. (*Историја на македонскиот народ*, Тодор Чепреганов, Скопје: Институт за национална историја, 2008, 297).

571 Првата Народна влада на ДФМ ја сочинувале: Лазар Колишевски, претседател; Љупчо Арсов, потпретседател и министер за финансии; Абдураим Мехмед, потпретседател; Кирил Петрушев, министер за внатрешни работи; Никола Минчев, министер за просвета; Павел Шатев, министер за правда; Страхил Гигов, министер за индустрија и рударство; Тоде Ношпал, министер за трговија и снабдување; Богоја Фотев, министер за земјоделство и шумарство; д-р Вукашин Поповиќ, министер за народно здравје; д-р Неџат Аголи, министер за социјална политика; инж. Георги Василев, министер за градежништво. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Narodna vlada Demokratske Federalne Makedonije, Skopje, 16. april 1945., Beograd, 1983, 713).

виште, вклучително и манастирот Прохор Пчински.[572] На 1 декември 1946 година бил донесен Уставот на НР Македонија, кој бил *„првиот уставен документ во историјата на македонскиот народ кој, всушност, беше во функција на етатизацијата на власта, инаку веќе зацртана со Уставот на ФНРЈ, донесен на почетокот од истата година“*.[573]

Во овој период започнал процес на изградба на Србија како сложена федерална единица во рамките на југословенската федерација. Меѓутоа, нејзиното реализирање било условено од решавањето на одредени политички и административни прашања, за кои било неопходно решение, и тоа: статусот на Санџак, Војводина и Косово и Метохија, како и одржувањето на претстојниот основачки конгрес на КПС. Прашањето околу Санџак било решено брзо и по кратка постапка. Една од разликите меѓу Војводина и Косово и Метохија била традицијата околу автономијата, која живеела во Војводина, додека на Косово и Метохија не постоела.[574] Во Војводина живееле разни етникуми, и тоа: српско, унгарско, хрватско, романско, словачко и русинско население. Српското население претставувало релативно мнозинство во Војводина.[575] Додека, пак, во Косово и Метохија апсолутно мнозинство претставувало албанскотото население. Унгарскиот и албанскиот јазик имале соодветна употреба во овие области.

Барањата на муслиманите во Санџак била областа да не се дели и очекувале автономија на Санџак како посебна федерална единица во рамките на Ју-

---

[572] При разграничувањето меѓу Македонија и Србија, Благое Нешковиќ сметал дека т.н. *„Ристовачка Македонија“* припаѓала кон составот на Србија, а македонските комунисти сакале во составот на македонската држава да го задржат просторот на манастирот Св. Прохор Пчински. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 301).

[573] *Историја на македонскиот народ*, Тодор Чепреганов, Скопје: Институт за национална историја, 2008, 315.

[574] Имено, идејата за автономија меѓу српското население во Војводина се појавиле за време на револуцијата во 1848 година, кога Мајското собрание во Сремски Карловци ја прогласило српска Војводина и побарала нејзина автономија во рамките на Австрија. Војводина, исто така, уживала црковно-училишна автономија, која била укината во 1912 година. Во 1918 година Војводина се определила за директно обединување со Србија, влегувајќи преку нејзе во составот на Кралството СХС. Косово и Метохија, пак, немале традиција на автономија, но околу прашањето за автономија на оваа област во составот на федерална Србија на крајот преовладала националната структура на област со мнозинство на албанското население. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 462-463).

[575] Јосип Броз – Тито во март 1944 година изјавил дека Војводина ќе се приклучи во составот на онаа федерална единица за која ќе се изјаснел нејзиниот народ, при што уште тогаш било јасно околу идниот статус на Војводина, со оглед на релативното мнозинство на српскиот народ. Во декември 1944 година Јован Веселинов истакнал дека мнозинството од народот во Војводина *„сакал да биде во подобри односи со браќата Срби“*. (*Ibid*, 462).

гославија, или пак за припојување на Санџак како автономна област кон Босна и Херцеговина, Црна Гора или Србија. Меѓутоа, идејата за статусот на Санџак како посебна автономна област или федерална единица не наишла на поддршка меѓу највисоките раководители на КПЈ. На 21 февруари 1945 година Президиумот на АВНОЈ и НКОЈ констатирале дека не постоеле политички, економски и етнички причини за егзистенција на Санџак како покраина во рамките на Југославија.[576] Спроведувајќи ја констатацијата на Президиумот на АВНОЈ и НКОЈ, ЗАВНОС, на седницата одржана на 29 март 1945 година во Нови Пазар, донел, покрај останатото, донел одлуки за: поделба на Санџак помеѓу федералните единици Србија и Црна Гора, според границата воспоставена по Првата балканска војна, при што Прибојскиот, Милешевскиот, Златарскиот, Сјеничкиот, Дежевскиот и Ставичкиот срез се приклучиле во составот на федерална Србија, а Плевалскиот (со поранешниот Бољанички срез) и Белополскиот срез (со поранешниот Лозански срез) влегле во составот на федерална Црна Гора; за распуштање на ЗАВНОС; и за избор на привремен окружен НОО.[577]

За статусот на Војводина отворено не се расправало за време на војната, со цел да се избегнат дополнителни тензии. На 12 март 1944 година во Белегиш, Срем, била одржана првата седница на ГНОО на Војводина, на која биле прифатени одлуките донесени на Второто заседание на АВНОЈ.[578] На 17 октомври 1944 година ВШ на НОВ и ПОЈ донел одлука за воспоставување воена управа за Банат, Бачка и Барања, со цел стабилизирање на ситуацијата во овие области и создавање услови за редовно функционирање на *„народно демократската државна власт“*.[579] Меѓутоа, воената управа егзистирала краток период.[580]

---

[576] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 336.
[577] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka ZAVNO Sandžaka o raspuštanju, Novi Pazar, 29. mart 1945., Beograd, 1983, 728-729. Меѓутоа, решението за поделба на Санџак било донесено од страна на Президиумот на АВНОЈ без претходна консултација со народот, а спротивно на политичката волја на дел од политичкото раководство на Санџак. Поради тоа, дел од првенците во Санџак не учествувале во спроведувањето на ова решение. Имено, претседателот на ЗАВНОС, Сретен Вукосављевиќ, и третиот потпретседател на ЗАВНОС, Мирко Цуковиќ, одбиле да присуствуваат на последното заседание на ЗАВНОС, и не го потпишале решението за поделба на Санџак. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 462).
[578] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Izveštaj Glavnog narodnooslobodilačkog odbora Vojvodine Antifašističkom veću narodnog oslobođenja Jugoslavije sa prve sednice GNOOV-a, Belegiš, 12. mart 1944., Beograd, 1983, 601.
[579] Притоа, воената управа била поделена на следниот начин: воена област за Банат; и воена област за Бачка и Барања. Воените области, пак се делеле на командни подрачја, командни места и воени станици на селата. (*Ibid*, Naredba Vrhovnog komandanta NOV i POJ o uspostavljanju Vojne uprave za Banat, Bačku i Baranju, 17. oktobar 1944., 724).

На 27 јануари 1945 година ВШ на НОВ и ПОЈ донел наредба за укинување на воената управа за Банат, Бачка и Барања, при што целата цивилна власт преминала на ГНОО за Војводина и на нему пониските органи на *„народната власт“*.[581] На 6 април 1945 година била одржана пленарна седница на ГНООВ во Нови Сад, на која, меѓу останатото, било констатирано Војводина да се приклучи во составот на федералната единица Србија, каде што ќе ужива целосна автономија како автономна покраина, и прашањето околу Барања да остане отворено додека тамошното население не одлучи околу својата припадност кон одредена федерална единица на Југославија.[582] Бил потврден рамноправниот однос меѓу српскиот и хрватскиот народ во Војводина, додека на националните малцинства им се гарантирале нивните права. Истиот ден била донесена Резолуција на VII покраинска конференција на КПЈ за Војводина во Нови Сад, во која конференцијата едногласно се изјаснила за приклучување на автономната покраина Војводина во федерална Србија.[583] Во мај 1945 година Барања била приклучена во составот на федерална Хрватска.[584] На 19 јуни 1945 година Президиумот на АВНОЈ формирал Комисија за утврдување на границите помеѓу Војводина и Хрватска. При разграничувањето, вуковарскиот, винковачкиот и жупанскиот срез биле вклучени во составот на федерална Хрватска.[585] На 31 ју-

---

580 Воената управа во Банат, Бачка и Барања имала две етапи на развој, и тоа: од прогласувањето до почетокот на декември 1944 година, кога манифестирал негативен однос спрема несловенското население; и од почетокот на декември 1944 година до 15 февруари 1945 година, кога унгарското и романското население започнало да има рамноправен однос со словенското население. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 725).

581 *Ibid*, Naredba Vrhovnog komandanta NOV i POJ o ukidanju vojne uprave za Banat, Bačku i Baranju, 27. januar 1945., 725.

582 Меѓутоа, мнозинството членови на ГНООВ биле на мислење дека Барања требало да се приклучи во составот на федералната единица Хрватска. (*Ibid*, Zapisnik plenarne sednice Glavnog narodnooslobodilačkog odbora Vojvodine, Novi Sad, 6. april 1945., 730-732).

583 Тоа, исто така, значело дека од сега партиските организации во Војводина преминувале во склоп на КП на Србија. (*Ibid*, Rezolucija VII Pokrajinske konferencije KPJ za Vojvodinu, 732-733).

584 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 464. Министерството за Хрватска при Привремената влада на ДФЈ барало одлагање на закажаните избори за народни одбори на 16 мај 1945 година додека не бил завршен процесот на разграничување меѓу Хрватска и Војводина. Припојувањето на Барања во составот на федерална Хрватска, според историчарот Коста Николиќ, претставувало *„очигледен политички компромис и отстапка на Хрватска“*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 142).

585 Составот на Комисијата за утврдување на границите меѓу Војводина и Хрватска го сочинувале: Милован Ѓилас (претседател), Вицко Крстуловиќ, Милентије Поповиќ, Јован Веселинов и Јерко Златариќ. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 464). Најспорни прашања биле за Илок и Буњевци. На крајот, Илок припаднал на федерална Хрватска, поради мнозинското хрватско население што живее таму, а пак Буњевци останале во составот на Војводина. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 108).

ли 1945 година пратениците на народот од Војводина побарале АВНОЈ да донесе решение за приклучување на автономна Војводина кон федерална Србија.[586] Во август 1945 година АВНОЈ го прифатил барањето на Првото собрание на пратениците на народот на Војводина за автономната покраина Војводина да се приклучи во составот на федерална Србија.[587] На 19 август 1945 година во Нови Сад бил конституиран Президиум на ГНОВ.[588]

Во периодот по ослободувањето на Белград, започнал процес на изградба на државните органи и на политичките организации на Србија и Белград, како: АСНОС, ЈНОФ, ИНОО за Белград, и месен комитет на КПЈ за Белград. Во периодот од 9 до 12 ноември 1944 година во Белград било одржано второто заседание на ЗАНОСС.[589] На заседанието било решено ГНОО на Србија да се прошири и реконструира во АСНОС, како врховен законодавен и извршен орган на државната власт во Србија.[590] На 9 април 1945 година, за време на одржувањето на вонредното заседание на АСНОС, во Белград била избрана Народна влада на Србија, под претседателство на д-р Благоја Нешковиќ.[591] Всушност, таа била прва избрана влада на федералните единици во рамките на Југославија. На вонредното заседание на АСНОС присуствувале и делегации на Војводина и Косово и Метохија. На истото заседание, исто така, било донесено решението за

---

[586] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Molba izaslanika naroda Vojvodine Antifašističkom veću narodnog oslobođenja Jugoslavije da donese odluku o priključenju autonomne Vojvodine federalnoj Srbiji, 31. jul 1945., Beograd, 1983, 734.

[587] Притоа, било решено Војводина да се приклучи кон федерална Србија во границите коишто ќе ги одреди Привремeното народно собрание на ДФЈ со посебен закон. (*Ibid*, AVNOJ se saglasio sa zahtevom Prve skupštine izaslanika naroda Vojvodine da se autonomna pokrajina Vojvodina priključi federalnoj Srbiji, avgust 1945., 733-734).

[588] *Ibid*, Zapisnik prve sednice Predsedništva Glavnog narodnog odbora Vojvodine, Novi Sad, 19. avgust 1945., 734-735.

[589] Во време на одржувањето на Второто заседание на ЗАНОСС, на многу места во Србија сè уште се водела војна против германскиот окупатор, што е показател дека *„на новите власти им се брзало со наметнувањето на својата волја за што побрзо да се легитимираат на некој начин во најголемата република и најбројниот народ во Југославија“*. (Коста Николић, *Једна изгубљена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016, 137).

[590] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka o odobrenju rada Glavnog narodno-oslobodilačkog odbora Srbije, 11. novembar 1944., Beograd, 1983, 596-598.

[591] Народната влада на Србија, формирана на 9 април 1945 година во Белград, ја сочинувале: д-р Благоја Нешковиќ, претседател; инж. Михаил Ѓуровиќ, потпретседател; Станислав Бошковиќ, потпретседател; Милентија Поповиќ, министер за внатрешни работи; Милош Царевиќ, министер за правосудство; Митра Митровиќ – Ѓилас, министер за просвета; Петар Стамболиќ, министер за финансии; д-р Миливој Перовиќ, министер за индустрија и рударство; Вojо Лековиќ, министер за трговија и снабдување; Милан Смиљаниќ, министер за земјоделство; Милош Московљевиќ, министер за шумарство; д-р Урош Јекиќ, министер за народно здравје; Живота Ѓермановиќ, министер за социјална политика; и инж. Михајло Стојановиќ, министер за градежништво. (*Ibid*, Ukaz o imenovanju Narodne vlade Srbija, Beograd, 9. april 1945., 709-710).

припојување на поголемиот дел од Санџак кон федерална Србија. Во мај 1945 година бил одржан првиот основачки конгрес на Комунистичката партија на Србија[592], во чиј состав бил обединети партиските организации на Србија, Војводина и Косово и Метохија.[593] На 7 август 1945 година, Третото заседание на АВНОЈ во Белград ги потврдило решенијата за приклучување на Војводина и Косово и Метохија кон Србија како сложена федерална единица во рамките на ДФЈ. На 28 август 1945 година Претседателството на Привременото народно собрание на ДФЈ го потврдило приклучувањето на автономната покраина Војводина кон федерална Србија. На 1 септември 1945 година биле донесени закони за административна поделба на Србија, за воспоставување и организација на автономната покраина Војводина и автономната област Косово и Метохија.[594] На 17 јануари 1947 година бил усвоен Уставот на НР Србија. Со Уставот на Србија им се гарантирале автономните права на автономната покраина Војводина и автономната област Косово и Метохија. Исто така, со решението за федеративно уредување на повоена Југославија, голем број на Срби останале да живеат вон својата матица, односно вон федералната единица Србија.

На 31 декември 1943 година албански првенци истапиле против Декларацијата на Второто заседание на АВНОЈ, бидејќи во нејзе не бил опфатен албанскиот *„народ“* во Југославија, *„иако не се работи за народ, туку за национално малцинство“*, како и поради тоа зошто КПЈ не зазел конкретен став околу Албанците.[595] Еден месец по одржувањето на заседанието на АВНОЈ во Јајце, во периодот од 31 декември 1943 до 2 јануари 1944 година била одржана

---

592 Одржувањето на основачкиот конгрес на Комунистичката партија на Србија било предвидено уште во октомври 1943 година, а потребата од неговото одржување била дополнително потврдена и во јуни 1944 година на островот Вис. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945,* Beograd, 1988, 461).

593 Притоа, како примарна задача било поставено промената на националниот состав на организацијата во Војводина која речиси во целина била составена од српски членови, и организацијата на Косово и Метохија, каде мнозинството членови и раководниот состав го сочинувале Црногорци. Основачкиот конгрес на КПЈ го заострил и прашањето за рамноправни односи меѓу Србите и Хрватите во Војводина и во изградбата на политиката на братство и единство. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Rezolucija Prvog osnivačkog kongresa Komunističke partije Srbije, Beograd, 1976, 721-723).

594 Според Законот, било предвидено Србија, како федерална единица во составот на ДФЈ, се состои од следните окрузи: белградски, ваљевски, врањски, крагујевачки, крушевачки, лесковачки, моравски, новопазарски, нишки, пиротски, подрински, пожаревачки, тимочки, топлички, ужички, чачански округ и подрачјето на градот Белград, како и од Автономната Покраина Војводина и Автономната Косовско-Метохиска област. Понатаму, според законите, било предвидено дека Војводина и Косово и Метохија претставувале составен дел на Србија во чие Народно собрание избирале сразмерен број на пратеници. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945,* Beograd, 1988, 465).

595 *Ibid*, 294.

конференција во селото Бујан, Ѓаковичка Малесија, на која била донесена резолуција за присоединување на Косово и Метохија кон Албанија, како *„прав пат по кој треба да оди албанскиот народ за да ги оствари своите стремежи“*.[596] Политбирото на ЦК КПЈ непосредно по конференцијата во Бујан го поништило сепаратистичкиот дел на усвоената резолуција на конференцијата.[597] ЦК КПЈ од обласното раководство на Косово и Метохија побарал да не се формира земско антифашистичко собрание за народно ослободување, туку да се остане на создадениот Обласен НОО.[598] На тој начин, во институционалната сфера била направена остра дистинкција меѓу значењето на поимите *„народ“* и *„национално малцинство“* во федеративна Југославија. На 8 февруари 1945 година била воспоставена воена администрација на Косово и Метохија, како резултат на масовната побуна на албанското население, која постоела до јули истата година.[599] По стабилизирањето на ситуацијата на Косово и Метохија, на 9 јули 1945

---

[596] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Rezolucija konferencije u Đakovičkoj Malesiji, 31. decembar 1943-2. januar 1944., Beograd, 1983, 602-603. На конференцијата присуствувале 49 од 61 избран делегат. Според етничката припадност, тројца биле Срби, тројца Црногорци, еден Муслиман, а останатите биле Албанци. На тој начин, била направена релативна повреда на констатацијата од советувањето на КП за Косово и Дукаѓин на Шар Планина од ноември 1943 година, на конференцијата учество да земаат претставници на албанскиот, српскиот и црногорскиот народ, кој, всушност, на конференцијата во Бујан биле само симболично претставени, во однос на нивниот слаб квантитет. Од аспект на бројот на учесници Срби, Црногорци и Албанците во НОБ, *„ова била крајно нереална пропорција“*. Исто така, дел од албанските делегати не потекнувале од Косово и Метохија, туку од Албанија, па дури имало и од Плав, Црна Гора. Албанското мнозинство притоа ја игнорирала волјата на српското и црногорското население, како и на Турците, Муслиманите и Ромите на Косово и Метохија, кои не биле консултирани за таквата одлука. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 296).

[597] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 297. Според ЦК КПЈ, проалбанските тенденции за приклучување на Косово и Метохија кон Албанија биле со цел разнебитување на НОД на Југославија со пренасочување на вниманието од главниот актуелен проблем за пораз на окупаторот, со поставување на прашања од видот на разграничување на териториите. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945, CK KPJ Svetozaru Vukmanoviću Tempu, decembar 1943., Beograd, 1983, 603). Според ЦК КПЈ, прашањето околу разграничување во овој момент одело во полза на нацистичка Германија и нејзините соработници преку креирање на меѓусебни конфликти меѓу движењата на отпорот. Имено, *„Германците денес со задоволство нудат на кого стигнат разни територии и области за на тој начин да можат да ги мобилизираат масите во одделните краеви за борба против ослободителните движења во другите краеви“*. Според ЦК КПЈ, спорните прашања околу разграничувањето можело *„правилно да ги решат само слободните народи“*. (Ibid, Pismo Centralnog komiteta KPJ Oblasnom komitetu KPJ za Kosovo i Dukađin, 28. mart 1944., 603-604).

[598] Притоа, ЦК КПЈ побарал Обласниот НОО да го задржи само иницијативниот карактер, како политички орган, но да не се претвори во орган на власт, при што, покрај останатото, немало ниту услови за тоа бидејќи не постоела слободна територија на Косово и Метохија. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 297).

[599] Притоа, на Косово и Метохија пристигнале 30.000 припадници на НОВЈ. За началник на штабот бил именуван полковникот Сава Дрљевиќ. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 736).

годи-на на била донесена Резолуција на Обласното народно собрание на Косово и Метохија во Призрен, во која била изразена желбата за приклучување на авто-номната област Косово и Метохија кон федерална Србија.[600] Притоа, била изра-зена потполна согласност со *„историските одлуки"* на АВНОЈ.[601] Значи, Косо-во и Метохија добило понизок статус за разлика од Војводина.

[600] Српскиот комунист Сретен Жујовиќ – Црни барал областа на Косово и Метохија да се подели меѓу Србија и Албанија, под услов Албанија да се приклучи кон југословенската федерација. Меѓутоа, неговото барање не наишло на поддршка кај останатите членови на Политбирото на КПЈ. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 103).
[601] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Rezolucija Oblasne narodne skupštine Kosova i Metohije, 9. jul 1945., Beograd, 1983, 736-738.

## ЈУГОСЛАВИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И ОКОЛНОСТИ

Покрај остварените успеси на внатрешен политички, општествен и економски план, новото југословенско комунистичко раководство имало намера да поентира и во реализација на одредени високо поставени територијални и надворешно-политички намери, околу кои биле тангирани и некои нивни соседи, и тоа: решавање на проблемот околу северозападната југословенска граница со Италија и Австрија, со приклучување на Јулиска Краина, заедно со градот Трст, како и јужниот дел од австриската провинција Корушка, во која живеело еден дел словенечко неселение, кон составот на Хрватска и Словенија, односно кон југословенската федерација; интегрално решавање на македонското прашање со обединување на трите дела на Македонија кон ДФМ/НРМ, и кон ДФЈ/ФНРЈ воопшто; и воспоставување на југословенска доминација во Албанија. Во реализирањето на овие амбициозни надворешно-политички планови Југославија немала поддршка од ниту една голема сила, што во голем степен ја отежнувало нивната реализација. Југословенското раководство врз сопствена иницијатива, без никаква консултација, презело низа акции за постигнување на своите цели. Приоритетот бил поставен на решавањето на проблемот околу северозападната граница на Југославија со Италија и Австрија.

Кон крајот на војната, а особено по нејзиното завршување, настанале големи промени на геополитички план и бил создаден нов меѓународен поредок, при што Југославија безрезервно застанала на страната на СССР.[602] Југословенските комунистички раководители сметале дека со определбата на страната на СССР во овој критичен историски период најдобро ќе ги обезбедат државните интереси на Југославија на внатрешен и надворешен план во походот кон социјализмот. Истовремено, Велика Британија и САД продолжиле со притисоците

[602] Комунистичко раководство верувало дека со чинот на поддршка кон СССР во моментот на формирање на новиот светски поредок најдобро се обезбедувале државните интереси на Југославија во историскиот поход кон социјализмот. Исто така, таквото определување на надворешно-политички план било израз и на припадноста на КПЈ во Коминтерната, под раководство на СКП(б), и израз на убедувањето дека социјалистичките земји воспоставувале рамноправни односи за меѓународна помош и соработка. (Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985 96).

врз Југославија со намера да ја спречат консолидацијата на комунистистичката власт во Југославија и организирале сестрана пропаганда против барањата на новото југословенско раководство.[603]

Меѓутоа, по извојувањето на успешна воена победа против окупаторот и неговите домашни соработници во текот на Втората светска војна, надополнета и со огромни политички успеси на КПЈ, новото југословенско раководство пружало отпор на влијанието на западните сили, односно не се наоѓало во незавидна позиција да се грижи за условите на мировната спогодба.

Во период кога се воделе завршните операции за ослободување на земјата, Југославија се нашла во центарот на меѓународна криза околу градот Трст, Јулијска краина и Корушка. Имено, градот Трст и северозападната југословенска граница спрема Италија и Австрија претставувале најзначаен југословенски надворешно-политички проблем којшто новите раководители сакале да го решат во нивна полза. Имено, овие области лежеле на граничните линии меѓу сферите на интерес, договорени на Конференцијата во Москва во октомври 1944 година. Тито и новото југословенско раководство биле свесни дека било невозможно да се изврши приклучување на Јулијска краина кон Југославија преку дипломатски пат. Поради тоа, Тито им наредил на единиците на ЈА брзо да навлезат во Трст и во областите на кои Југословените полагале право. Југословенската армија на 1 мај 1945 година ги окупирала Трст, Горица и Тржич, излегувајќи на реката Соча.[604]

За истото прашање биле заинтересирани и западните сојузници, особено САД и Велика Британија, кои ултимативно барале повлекување на единиците на ЈА од овие територии и притоа се заканиле со вооружена интервенција.[605]

---

[603] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 96.

[604] Окупацијата била извршена од страна на единиците на IV армија, под команда на генералот-лајтнант Петар Драпшин, генералот-мајор Павле Јакшиќ, генералот-мајор Карел Левичник и полковникот Бошко Шиљеговиќ, единиците на VII корпус, под команда на полковникот Франц Поглајен и полковникот Јанез Хрибар, и единиците на IX корпус, под команда на полковникот Виктор Абвељ и потполковникот Јоже Борштнар. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Pohvala Vrhovnog komandanta jedinicama IV armije, VII i IX korpusa, Beograd, 1983, 672).

[605] Имено, Черчил уште на почетокот на кризата околу Трст се залагал за применување на политика на притисок. Черчил на 19 мај 1945 година го повикал американскиот претседател Хари Труман за САД да се согласи на уште поостри мерки против Југославија. Британскиот премиер сметал дека притисокот врз Југославија *„не би значел војна“*, туку само *„некој вид ‘граничен инцидент’“*. Иако Труман не се согласувал со новонастанатата ситуација, меѓутоа не се согласувал

На тој начин, настанала конфронтација меѓу ДФЈ, на една страна, и западните си-ли, особено Велика Британија и САД, на другата страна.

Под силен притисок од западните сили, а поради пасивното држење на СССР[606], југословенската влада се согласила на компромис, притоа сметајќи го тоа решение само како привремено. На 12 мај единиците на ЈА се повлекле од Западна Истра до линијата со која градовите Пула, Трст и Горица останале под контрола на западните сојузници.[607] Западните сојузници сметале дека Италија требало да биде наградена со дозвола за задржување на Трст, Истра и словеначкото приморје во составот на нејзината територија, затоа што по капитулацијата во септември 1943 година ја променила страната во војната.

Кризата околу Трст го означила првиот поголем суд меѓу Истокот и Западот во повоениот период. Истовремено, западните сојузници ги примале поразените усташи, четници и другите соработници на окупаторот кои заминале во бегство. Тоа биле сериозни индиции коишто навестувале потешкотии во идните дипломатски односи на Југославија со западните сили.

Кон средината на мај 1945 година САД и Велика Британија презеле низа политички и воени провокации против Југославија на нејзините граници. На 27 мај 1945 година во Љубљана, Тито изјавил: *„Не сакаме да бидеме ситнеж што се користи за подмитување; не сакаме да бидеме инволвирани во политика од сфери на интерес“*.[608] Од ваквиот говор особено навредени биле Советите, бидејќи во говорот на Тито, СССР бил изедначен со САД и Велика Брита-

со употреба на воените сили додека југословенските единици не ги нападнат нив. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Beograd, 1983, 675-676).

[606] СССР во кризата околу Трст не бил подготвен да ги заострува односите со западните сојузници. Меѓутоа, советскиот лидер Сталин сепак презел извесни чекори во полза на Југославија. Имено, Сталин на 22 мај 1945 година интервенирал кај американскиот претседател Хари Труман, при што истакнал дека Југославија имала законски права на Истра и Трст. Исто така, го осудил истапувањето на фелдмаршалот Александер. (Ibid, 676). Советската влада на крајот не ги поддржала југословенски барања, бидејќи не сакала со евентуалната поддршка и лобирање во полза на Југославија во решавањето на овој меѓународен проблем да ги загрози своите интереси во други региони. За таквата советска поставеност било свесно и југословенското раководство, особено имајќи ја во предвид договорената сфера на влијание меѓу големите сили. Според СССР, исто така, требало да се земе во предвид и *„ставот на италијанските комунисти“*. (Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 368).

[607] Инаку, заа ослободување на овие територии биле жртвувани околу 8.000 војници. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Beograd, 1983, 676).

[608] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 17.

нија.[609] Имено, Тито, *„сè уште стоеше на ставот дека Сталин, без оглед колку е несмасна неговата перцепција, сепак ги промовира интересите на КПЈ со исклучителна дволичност кон Западот. Вешт наивец се соочува со недолжен велемајстор“*.[610]

Демонстрациите на воена моќ завршиле во јуни 1945 година со политички компромис. СССР во рамките на овој процес застанал на страната на САД и Велика Британија. Под силен западен притисок, како и поради запазување на мирот, на 9 јуни 1945 година во Белград бил склучен воен договор меѓу ДФЈ, Велика Британија и САД околу Јулијска краина, со кој западната линија, со градовите Пула, Трст и Горица, останале под контрола на сојузничкиот врховен командант. Со договорот, исто така, се предвидувало и враќање на населението од тие области кои Југословените ги уапсителе или депортирале, *„освен оние кои во 1933 година имале југословенско државјанство, а еднакво ќе го врати имотот кои го конфискувала или отстранила“*.[611] Потоа, југословенските единици се повлекле од овие територии. На 20 јуни 1945 година во Девин меѓу југословенската и сојузничката воена делегација околу прашањето за демаркационите линии и други технички и економски прашања, како дополнение на договорот од Белград од 9 јуни 1945 година. На крајот од договорот било потенцирано дека и овој договор, ниту претходниот, *„не ја решава“* и *„ниту влијае на конечната поделба на било кој дел на Јулијска краина“*.[612] Претходно, на преговорите во Девин, сојузничката делегација не го прифатила предлогот на југословенската делегација околу признавањето на постојната цивилна власт, чие постоење било предвидено со точката 3 од договорот во Белград.[613]

Советите презеле две интервенции во однос на овие акции на ДФЈ. Сталин, стравувајќи дека Југословените ја загрозувале австриската влада на Карл Ренер, поддржана од СССР, наредил иселување на Југословените од австриска

---

[609] Притоа, Сталин упатил закана до југословенското раководство преку амбасадорот Садчиков, дека *„во случај слична изјава да се повтори јавно ќе го дезавуира југословенскиот маршал“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 676).
[610] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 17.
[611] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Vojni sporazum o Julijskoj krajini između Vlada DFJ, Velike Britanije i SAD, 9. jun 1945., Beograd, 1983, 676-677.
[612] *Ibid*, Sporazum između savezničkog vrhovnog komandanta na Sredozemlju i vrhovnog komandanta Jugoslovenske armije o demarkacionoj liniji u Julijskoj krajini, 20. jun 1945., 678-679.
[613] *Ibid*, Tanjug o Devinskom sporazumu, 20. jun 1945., 678.

Корушка.[614] Во кризата околу градот Трст, Сталин ги поддржал британските барања Југословените да ги напуштат градот и неговата непосредна околина.[615]

Во јули 1946 година бил постигнат договор со прифаќање на францускиот компромисен предлог од страна на СССР, Велика Британија и САД, со кој на Југославија и припаднал најголемиот дел од Истра, но било утврдено и создавање на *Слободна територија Трст*, составена од градот и од одредена блиска територија.[616] Според договорот, СТТ била ставена под меѓународна управа. Притоа СТТ била поделена на две зони: *Зона А* или северна зона, во која влегувал градот Трст, била ставена под контрола на британска и американска управа; и *Зона Б* или јужна зона, во која влегувала околината околу градот Трст, под контрола на ФНРЈ.[617]

Што се однесува, пак, за југословенските аспирации за присоединување на Корушка кон составот на ДФЈ/ФНРЈ, западните сојузници *„сметале дека нејзиното останување под Австрија било од витално значење за австриската држава, за која биле цврсто решени да ја обноват како независна држава“*.[618] СССР, исто така, не бил заинтересиран за постигнување на спогодба, зошто до потпишувањето на мировниот договор советските единици можеле да се задржат во Австрија и да ги одржува комуникациските линии преку Романија и Унгарија, *„со тоа, всушност, држејќи ги овие земји под воена окупација“*.[619]

Југословенската делегација зела учество на основачката конференција на ООН во Сан Франциско, САД, од 25 април до 26 јуни 1945 година. Делегацијата на ДФЈ ја сочинувале: Сретен Жујовиќ, Иван Шубашиќ, Владислав Рибникар и Станоје Симиќ. На 23 август 1945 година Привременото народно собрание на ДФЈ ја ратификувало Повелбата на ООН.[620]

---

[614] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 17.
[615] Ibid.
[616] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 368.
[617] *Ibid.*
[618] *Ibid.*
[619] *Ibid.*
[620] На почетокот на конференцијата учествувале, покрај делегацијата на ДФЈ, и делегациите на: Република Кина, СССР, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, САД, Франција, Австралија, Кралството Белгија, Боливија, Бразил, Канада, Чиле, Колумбија, Костарика, Куба, Чехословачка, Доминиканска Република, Еквадор, Египет, Салвадор, Етиопија, Грција, Гватемала, Хаити, Хондурас, Индија, Иран, Ирак, Либан, Либерија, Големото Војводство Луксембург, Мексико, Кралството Холандија, Нов Зеланд, Никарагва, Норвешка, Панама, Парагвај, Перу, Филипинска Заедница, Саудиска Арабија, Сирија, Турција, Јужно-Африканската

На 26 август 1945 година Привременото собрание на ДФЈ усвоило предлог резолуција по повод конференцијата на министрите за надворешни работи во Лондон, со која и препорачале на Владата на ДФЈ на претстојната конференција во Лондон да ја застапува *„единствената желба на сите народи на Југославија“* за приклучување на Словенечкото Приморје, Бенешка Словенија, Истра, Трст, Риека, Задар и островите Ластово и Палагруж, кон составот на Југославија.[621] На 5 октомври 1945 година, потпретседателот на Привремената влада на ДФЈ, Едвард Кардељ, ги соопштил барањата на ДФЈ, меѓу кои биле: дека Југославија *„треба да ги врати своите територии, кои од дамнина биле сопственост на словенечкото и хрватското население, а кои по завршувањето на минатата војна насилно им биле одземени на тие народи“*, како и тоа дека Италија била должна да плати репарации и изврши реституција на одземените предмети на Југославија. Притоа, го соопштил ставот на Владата на ДФЈ за Трст да добие статус на федерална единица во Југославија и во градот да биде воспоставено слободно пристаниште со учество на сите заинтересирани држави во нејзината администрација.[622]

Постоеле разни притисоци врз Југославија од страна на западните сили, и тоа: САД тврдокорно ги задржувал златните резерви на Народната банка на Југославија; југословенската подунавска флота била долго време блокирана во Западна Германија; на југословенските бегалци им била пружана помош од страна на сојузниците; во западните земји биле создавани шпионски центри и така натаму.

---

Унија, Уругвај и Венецуела. Во подоцнежната фаза биле повикани и присуствувале делегациите на: Аргентина, Белоруската Социјалистичка Република, Данска и Украинската Советска Социјалистичка Република. Југословенската делегација била против присуството на делегацијата на Аргентина на конференцијата во Сан Франциско поради позицијата на земјата во текот на војната. (Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године, Београд, 542-544; Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 838-839).

[621] *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 409-411.

[622] Според Едвард Кардељ, со приклучувањето на Трст, заедно со цела Јулијска Краина, како федерална единица во рамките на Југославија би се обезбедила целосна слобода на националниот развој, а истовремено со своите високи и средни италијански училишта и просветни установи би бил центар на италијанското малцинство во Југославија. Впрочем, со таквото решение на Јулијска Краина, Италијанците *„не би биле повеќе малцинство, туку потполно рамноправен народ со сите народи на Југославија“*. Слободното пристаниште, пак, во Трст би било вон царинските граници на Југославија. Според Кардељ, исто така, Италија во текот на војната и нанела штета на Југославија во износ над 9 милијарди долари. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Potpredsednik Privremene vlade DFJ Edvard Kardelj o pitanju granica s Italijom, 5. oktobar 1945., Beograd, 1983, 839-841).

Во летото 1946 година американски воени авиони извршиле повреда на воздушниот суверенитет на Југославија, при што провокативно летале над југословенска територија. На 9 август 1946 година настанал отворен судир меѓу ФНРЈ и САД, кога, по неколкуте протести од југословенска страна околу американското однесување, југословенските авиони принудно спуштиле еден американски воен транспортен авион, а потоа собориле друг авион, при што загинале пет лица, членови на посадата. Со овој инцидент драстично се влошиле југословенско-американските односи.[623] Во октомври 1946 година, како последица од минирањето на албанските води на Јадранското Море во близина на островот Крф, биле потопени два британски воени брода, при што загинале 44 британски офицери и морнари.[624] Особено по овие инциденти, *„Југославија сигурно не можела да очекува помош од САД или Велика Британија за постигнување на своите спорни територијални цели“*.[625] Овие југословенски воени ексцеси против западните сили создале дополнителна тензија во југословенско-советските односи, бидејќи советските власти стравувале дека вината ќе им биде припишана ним. Овие настани дале дополнителен сомнеж кај западните сили дека Тито бил *„Сталиново орудие во балканските случувања“*.[626]

Поради изложеноста од отворени притисоци и потенцијална опасност од западните сили, Југославија во овој период најголем дел од своето внимание во надворешната политика го насочила кон Запад, но во исто време се *„отворила“* кон Исток, поточно кон СССР.[627] Уште кон крајот на војната новото југословенско раководство етаблирало воени, политички, културни, научни и други врски со СССР.[628] На тој начин, СССР не морал повеќе да ја одржува политиката на 50% застапеност во Југославија, договорена со т.н. *„Договор за проценти“* од октомври 1944 година, бидејќи добил можност за поголемо влијание во Југославија, со верба дека станувало збор за најискрен сојузник и заштитник. Со непосредните контакти на највисоките раководители на двете земји, вклучувајќи

---

[623] Едвард Кардељ во своите мемоари го опишува протестот на американскиот министер Бернс, во името на американската влада, до него, при што Кардељ изразил жалење. Меѓутоа, како што соопштува Кардељ, *„тој не беше задоволен од мојот одговор, го повтори протестот уште во поостра форма и истовремено се закани дека американската влада ќе размисли какви мерки ќе преземе“*. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 99).
[624] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 29.
[625] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 367-368.
[626] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 29.
[627] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 97.
[628] *Ibid*.

и повеќе разговори меѓу Јосиф Сталин и Јосип Броз - Тито, *„се чинело дека воените недоразбирања биле изгладени“*.[629] Југословенските комунисти и приврзаниците на народноослободителното движење имале голема доверба во СССР од неколку причини, и тоа: поради комунистичката идеологија; поради припадноста на КПЈ во рамките на Коминтерната, со која управувала СКП(б); поради советската воена помош во Југославија кон крајот на војната, особено за време на Белградската операција, и дефинитивното ослободување на земјата; и поради советската помош во процесот на вооружување на ЈА.

На молба на ЦК КПЈ и на југословенската влада, СССР во Југославија испратил значителен број на воени и цивилни инструктори кои биле распоредени на важни пунктови во војската и во економскиот државен апарат. Истовремено, југословенски воени и безбедносни офицери биле испраќани во СССР за дополнително образование и усовршување.[630]

Меѓутоа, имало и несогласувања и тензии на релација меѓу КПЈ и советската влада. Несогласувања настанале уште пред и во текот на војната. Јосип Броз – Тито по 1941 година бил во постојани судири со советскиот лидер Сталин во врска со левичарската политика на КПЈ.[631] Претставниците на југословенската влада во егзил биле запознати со тензичноста меѓу двете комунистички партии, па *„заедно со четниците се обидоа да влијаат врз Сталин оцрнувајќи го ликот на Тито како троцкист“*.[632] Уште при крајот на војната, југословенското раководство и население било многу разочарано од недисциплината и арогантното однесување на припадниците на советската армија во Југославија кои дошле како помош на НОВЈ, така што *„пријателот и непријателот трпеле исто“*.[633] Имено, советските војници извршиле злосторства врз југословенското цивилно население, во вид на: пљачкосување, физички напади, малтретирање, силување и убиства. Југословенското раководство на лична и неофицијална основа изразило револт и протест на таквата ароганција и агресија на советските војници, што на Сталин воопшто не му се допаднале.[634]

[629] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 97.
[630] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 22.
[631] *Ibid*, 79.
[632] *Ibid*.
[633] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 376.
[634] *Ibid*.

На 11 април 1945 година во Москва бил потпишан договор за пријателство, заемна помош и повоена соработка меѓу ДФЈ и СССР.[635] Политичката ориентација на југословенското раководство, надополнета со манифестирање просоветски симпатии преку пропаганди, советското раководство ги злоупотребило и со сестрана инфилтрација започнало политика на советизација во Југославија. СССР, во согласност со својата империјалистичка политика, на воспоставување доминација во другите држави и експлоатација на нивните ресурси, поседувал прикриени намери да ја потчини под своја контрола и Југославија.[636] Југословенското раководство било особено револтирано од советската инфилтрација преку тајни агенти и пропаганда. Советската влада вршела притисок врз југословенското раководство за радио програмите да се пополнуваат со руска музика, театрите со руски претстави и филмови, а печатот со статии кои ги глорифицирале достигнувањата на СССР. Навистина, советизацијата во Југославија се вршела преку разни средства и методи: издаваштво, литература, уметност, театар, филм, медиум и образование. Во првите повоени години, КПЈ се однесувала на начин божем ќе биде дел од СКП(б), а југословенската влада се однесувала на начин божем ќе биде дел од СССР.[637]

Југословенското раководство и пружало отпорот на честите обиди советската влада да воспостави контрола над внатрешните работи и економски развој во Југославија, притоа со двојна намера: да не предизвика отворен судир со советското раководство и зајакнување на меѓусебниот сојуз. Во тој контекст, југословенското раководство го одбило советскиот предлог за создавање на заеднички мешовити претпријатија во Југославија, бидејќи во таквиот процес Југославија би имала нерамноправна позиција во однос на СССР. Исто така, наста-

---

635 Југословенско-советскиот договор бил потпишан според примерот од советско-чехословачкиот договор, потпишан во текот на војната. Потписници на договорот биле Јосип Броз – Тито, врз основа на овластување од страна на Намесништвото, и министерот за надворешни работи на СССР, Вјачеслав Молотов. Со добивањето на овластување од страна на намесништвото, Тито формално бил носител на ројалистичките прерогативи во областа на меѓународното претставување на земјата, чин што предизвикал незадоволство кај западните сили, бидејќи сметале дека Тито ја изневерува политиката на баланс на сили во Југославија. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Ugovor o prijateljstvu, uzajamnoj pomoći i posleratnoj saradnji između Jugoslavije i SSSR, Moskva, 11. april 1945., Beograd, 1983, 834-836.

636 Всушност, *„обидот за потчинување на Југославија на СССР бил еден од првите чекори во создавањето на антагонистички блокови“*. (Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 98).

637 Според хрватскиот историчар Душан Биланџиќ, *„тоа било време на занес на младата револуција која верувала дека на дневен ред е создавање на вис-тинска човечка заедница на социјалистички земји“*. (*Ibid*, 97).

нале недоразбирања меѓу југословенското и советското раководство и поради советското залагање за обезбедување на привилегирани позиции на советските воени и цивилни инструктори во Југославија, како и истапиле против нивното самоволие во Југославија. Југословенските раководители биле свесни дека советските претставници бараат да регрутираат агенти во виталните центри на војската, тајната полиција и во врвовите на стопанската администрација".[638] Југословенското раководство *„сметало дека има право, во името на принципите кои треба да владеат меѓу комунистите, слободно да ги 'поправа грешките' и да ги отстранува тенденциите кои не одговарале во односите меѓу социјалистичките земји"*.[639]

По завршувањето на Втората светска војна, југословенскиот комунистички режим се наоѓал во најдобра позиција во однос на останатите комунистички режими во Европа, и тоа најмногу од две причини: поради фактот што во Југославија немало советска окупација, а со тоа било отстранета опасноста од директно советско влијание во внатрешните работи на државата и неговата можност *„да пресели големи количества индустриска стока како што направил во другите држави"*;[640] и Југославија, односно НОД излегло како победник во војната и не било ставено во ситуација да склучува мировни договори како поразена страна и да плаќа воени репарации, каков што бил случајот со поразените Романија, Унгарија и Бугарија. Меѓу социјалистичките земји се развивал култ на доверба, особено спрема словенските народи. Поради својата исклучителна положба, иако и самата се борела со низа економски проблеми, Југославија политички ги помагала земјите од т.н. народна демократија. На седницата на 30 март 1945 година, Привремената влада на ДФЈ ја признала привремената полска влада.[641] ФНРЈ во текот на 1946 година склучила договор за соработка со Албанија, Полска, Чехословачка и Бугарија.

Во Албанија, пак, во суштина, Југословените *„едноставно ја презеле поранешната италијанска улога"*.[642] Од југословенска страна во Албанија било

---

[638] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 377.
[639] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 98.
[640] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 448.
[641] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Uspostava diplomatskih odnosa između Jugoslavije i Poljske, 30. mart 1945., Beograd, 1983, 832.
[642] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 369-370.

наметнато силно политичко, воено и партиско влијание, па на тој начин, може слободно да се каже, дека во Албанија се одвивал процес на своевидна југословенизација. Во овој период, СССР немал големо влијание во Албанија. Од август 1944 година кај ВШ на НОВ на Албанија се наоѓала југословенска воена мисија на чело со полковникот Велимир Стојниќ. Тој станал првиот дипломатски пратеник на Југославија во Албанија, кој во ноември 1945 година бил заменет од страна на Јосип Ѓерѓа.[643] На 28 април 1945 година Привремената влада на ДФЈ ја признала албанската влада на Енвер Хоџа.[644] Во Албанија биле испраќани експерти и советници и притоа биле правени планови за експлоатација на економските ресурси на Албанија. Уставот на Албанија од 1946 година бил моделиран според Уставот на ФНРЈ.[645] Во 1946 година Нако Спиру, членот на Политбирото на КПА одговорен за економски прашања, кој се спротивставувал на југословенската контрола на албанската економија, во Белград потпишал низа нееднакви економски договори со Југославија, на штета на Албанија. Во овој период се формирале две фракции во албанското Политбиро: projугословенска и просоветска, кои се бореле за своја доминација, како во партијата, така и во државата. Пројугословенската фракција ја сочинувале Кочи Sose, Панди Кристо, Кристо Темелко, Тук Јакова и Бедри Спахиу, додека, пак, просоветската струја ја сочинувале Енвер Хоџа, Нако Спиру, Хисни Капо и Гого Нуши, коишто се обидувале да ја ублажат југословенската доминација во Албанија.[646] КПЈ, преку министерот за внатрешни работи на Албанија и организациски секретар на КПА, Кочи Sose, ја имала целосната контрола во албанската партија и држава. Меѓутоа, иако југословенските раководители имале планови за обединување на Југославија и Албанија, сепак, соочени со советското негодување, тие ја загубиле надежта во реализирањето на овој проект.[647]

*„Најтешкото прашање за решавање се однесувало околу статусот на Македонија“*.[648] Прашањето за обединувањето на целата територија на Македо-

643 Slobodan Selinić, „Jugoslovenska diplomatija 1945–1950: stvaranje partijske diplomatije“, *Annales. Anali za istrske in mediteranske študije, Series Historia et Sociologia, 24, 2014, 4*, Kopar, 555.
644 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Vlada Demokratske Federativne Jugoslavije na sednici od 28 aprila 1945. priznala vladu Albanije, Beograd, 1983, 832.
645 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 18.
646 *Ibid*, 39.
647 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 39.
648 Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 370.

нија во рамките на една држава било постојано присутно во текот на војната, но паралелно со тоа било присутно и влијанието на други фактори, *„пред сè меѓународното противење на обединувањето на Македонија, особено од страна на Велика Британија“*, коешто се покажало како решително *„и тогаш кога веќе се создале реални можности и желби за обединување на пиринскиот со вардарскиот дел“*.[649] Решавањето на македонското прашање, југословенските комунисти требало најпрво да го постигнат во договор со БРП и ККЕ, кои стравувале од југословенските намери и претензии во однос на истото.[650] Меѓутоа, меѓународниот фактор, особено дипломатијата на Велика Британија, не изразувал поддршка кон ова идеја, бидејќи територијалните промени на Балканот биле спротивни на нејзините стратешки интереси на овој дел од Европа. Имено, британската дипломатија *„го гледа опстојувањето на Македонија единствено во рамките на Југославија“*, а пак *„постоењето на Македонија во таквите државни рамки, се сметало за гаранција дека Британија ќе може да го контролира 'македонскиот синдром' како загроза на Грција“*.[651]

На 5 октомври 1944 година во Крајова бил склучен договор помеѓу Јосип Броз – Тито, во својство на претседател на НКОЈ, и Добри Терпешев и Петар Тодоров, во својство на претставници на бугарската влада на ОФ. Помеѓу двете страни била постигната согласност: за воена соработка во борбата против заедничкиот непријател; и за идна политичка соработка со цел нормализирање на односите, како што било *„поправање на неправдата која на народите на Југославија им ја сториле реакционерните фашистички елементи на бугарската влада“*.[652]

Во ноември 1944 година започнале преговори меѓу југословенското и бугарското комунистичко раководство околу статусот на Македонија и создавање

---

[649] *Историја на македонскиот народ*, Тодор Чепреганов, Скопје: Институт за национална историја, 2008, 281.
[650] Имено, до средината на 1943 година основна карактеристика на партиските документи и материјали на КПЈ во однос на македонското прашање е во *„третирањето на македонкиот народ како еден слободољубивите балкански народи, а разрешувањето на македонското национално прашање како балканско прашање, а не исклучиво југословенско прашање“*. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 16).
[651] *Ibid*, 38.
[652] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Sporazum između NKOJ-a i Vlade Otečestvenog fronta Bugarske, Krajova, 5. oktobar 1944., Beograd, 1983, 827.

на евентуална федерација меѓу Југославија и Бугарија.[653] Позицијата на Бугарија во овој период била релативно слаба поради поразот на Бугарија во војната, како сојузничка на силите на Оската. Југословенскиот предлог бил Бугарија да се приклучи во рамките на југословенската федерација како седма конститутивна република. И покрај слабата позиција на бугарската влада, југословенскиот предлог бил одбиен. Бугарската влада истапила со предлог двете држави да се обединат врз рамноправна основа, со што Бугарија во тој случај би добила повисок статус во однос на конститутивните републики на Југославија.

Во октомври 1945 година југословенското раководство зазело цврст став за интегрално решавање на македонското прашање со обединување на трите дела на Македонија во една единствена држава, поточно кон присоединување на егејскиот и пиринскиот дел кон вардарскиот дел на Македонија, односно кон новоформираната ДФМ/НРМ. Биле направени извесни напори од страна на властите за реализирање на оваа цел, односно кон Бугарија бил вршен силен притисок за да го отстапи пиринскиот дел на Македонија, меѓутоа без успех.

Југословените во повоениот период биле вмешани и во граѓанската војна во Грција, соработувајќи со грчките комунисти и активисти на отпорот.[654] Југо-

---

[653] На 2 ноември 1944 година ЦК на БРП испратила писмо до Јосип Броз – Тито во врска со создавањето на македонската држава во рамките на федеративна Југославија. БРП ја поздравувала новата македонска држава, како и дека ќе работи на нејзино популаризирање, *„како меѓу целиот бугарскиот народ, и така и особено меѓу населението на бугарскиот дел на Македонија“* и дека ќе помагале *„на будењето на македонската национална свест кај тоа население, користејќи го херојското минато и сегашност на македонскиот народ во неговата борба за ослободување, именувајќи училишта, организации и други со имињата на македонските борци, издавајќи весник и друго“*. Во таа насока, било и преименувањето на Горноџумајската партиска организација во македонска под раководство на ЦК на БРП, со задача да спроведува *„комунистичка по содржина, национална (македонска) по форма работа“*. На крајот, било нагласено дека целата дејност БРП ќе ја развива во знак на широка агитација за создавање на *„најтесен сојуз“* меѓу Југославија и Бугарија, кој, покрај останатото, *„ќе го расчисти патот за најбезболно остварување на македонскиот идеал за слободна, единствена Македонија во рамките на нова Југославија“*. Бугарското комунистичко раководство сметало дека прашањето околу присоединувањето на Пиринска Македонија кон ДФМ можело да се постави откако би се воспоставил тесен сојуз меѓу двете земји, бидејќи поразлично решавање во Бугарија би можело да се сфати како *„ампутација на бугарска територија“*, што укажува дека бугарските комунисти *„гледале на овој проблем од аспект на обединување на Бугарија и Југославија, а не од гледиште на самоопределување на народот“*. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Pismo Centralnog komiteta BRP(k) J. B. Titu, 2. novembar 1944., Beograd, 1983, 827-828). Инаку, идејата за формирање на југословенско-бугарска федерација била на Сталин, кој му ја дал на Тито во 1944 година. ЦК КПЈ ја прифатило идејата за федерација, *„иако не со воодушевување“*. (Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 119).

[654] Дури во октомври 1944 година Јосип Броз – Тито ја охрабрувал ККЕ да ја освои Атина, чин *„што речиси сосема сигурно претполагаше судир со британските трупи што веќе беа навлезени во Грција“*. Според Сталин, судирот со британските трупи во Грција морало да се избег-

словенското раководство фаворизирало стратегија на вооружен отпор во Грција, сосема спротивно од инсистирањето на Сталин.[655] ККЕ и ДАГ, под водство на Никос Захаријадис и Маркос Вафијадис, во 1946 година започнале офанзивен вооружен отпор во Грција. Во овие настани во Грција, *„југословенската помош беше од суштинска важност за грчкиот бунт“*, односно бил формиран камп за регрутација на кадри во Булкес, кај Бачка Паланка во Војводина.[656] Од југословенска територија било емитувано Радио Слободна Грција. Истовремено, од југословенска страна кон ДАГ пристигнувала големо количество на храна, продукти, оружје и опрема, а снабдувачката мрежа за грчките востаници била под контрола на Александар Ранковиќ.[657] Во рамките на УДБ-а, пак, грчката линија била раководена од страна на генералот Јово Капичиќ, генералот Воислав Биљановиќ и мајорот Слободан Крстиќ-Уча. Покрај останатото, југословенското посредно учество во граѓанската војна во Грција имала како цел да обезбеди приклучување на Егејска Македонија кон ДФМ/НРМ. Југословенското раководство извршило силно влијание и преку Македонците во НОФ, како составен дел на ДАГ.

Во август 1946 година бугарската влада дала согласност за воспоставување на блиски културни врски меѓу пиринскиот и вардарскиот дел на Македонија, а за обединување на двата дела требало да се дискутира откако двете држави ќе склучат одредени договори за потесна политичка соработка, како: договор за сојуз и укинување на царините и граничните бариери. Всушност, бугарските власти не дозволувале посебен статус на пиринскиот дел на Македо-

---

не. Во прилог на таквиот став на Сталин, било и неговото однесување на Кримската конференција во врска со ова прашање, бидејќи не ја оспорил или условувал британската интервенција во Грција. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 33). По потпишувањето на договорот во Варкиза во февруари 1945 година, под притисок и терор, многу борци од Егејска Македонија преминале на територијата на Југославија, во која за бегалците биле организирани два логори во ДФМ, од каде подоцна биле префрлени во Војводина. Истовремено, југословенскиот печат, покрај останатите напади, ја напаѓал и британската интервенција во граѓанската војна во Грција. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 834). Во средината на 1945 година дошло до инциденти на југословенско-грчката граница. Привремената влада на ДФЈ реагирала на овие инциденти, како на теророт врз македонското население во Егејска Македонија. (*Ibid*, Saopštenje „Tanjuga“ povodom terora nad slovenskim življem u Jegejskoj Makedoniji i predloga SAD, 1. septembar 1945., 834).

[655] Сталин се противел на таквата југословенска постапка, бидејќи, во однос на Грција, водел политика на почитување и реализација на *„договорот на проценти“* од октомври 1944 година. Тој застапувал стратегија за вршење притисок врз грчките националисти и британската влада со цел обнова на балансот на силите во Грција. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 34).

[656] *Ibid*, 35.

[657] *Ibid*.

нија. Исходот бил добивање на културна автономија на македонскиот народ во Пиринска Македонија.

На Париската мировна конференција во 1946 година од страна на југословенската делегација не било поставено македонското прашање, коешто *„веројатно требаше да се жртвува за сметка на меѓународното признавање и зацврстување на авнојска Југославија, како и на сметка на територијалното проширување на ФНРЈ на северозапад“*.[658] Материјали за мировната конференција во Париз подготвувал Методија Андонов – Ченто, но тој веќе бил деградиран и испратен во затворот *„Идризово“*.[659] Меѓутоа, југословенското раководство на конференцијата во Париз[660] и надвор од нејзе, тешко можеле да се спротивстават на британскиот интерес во Грција.

Во намерата да ја потчини Југославија во однос на СССР, Сталин се противел на самоиницијативните акции што југословенското комунистичко раководство ги презело на надворешно-политички план, без притоа да направи консултации со СССР околу карактерот и видот на соработката со соседните држави, особено на планот за создавање на балканска федерација. Кон крајот на 1944 година, Сталин инсистирал на формирање на дуалистичка балканска федерација меѓу Југославија и Бугарија, со цел да ја контролира југословенската политика преку советската зависност на Бугарија. Меѓутоа, Југословените се залагале за формирање на седумчлена федерација во која Бугарија би претставувала седма федерална единица, а притоа пиринскиот дел на Македонија би бил приклучен кон федералната единица Македонија во Југославија. Кон крајот на декември 1944 година мисијата на Едвард Кардељ во Софија завршила со неуспех, па кон крајот на јануари 1945 година претставници на двете земји биле повикани во Москва за советска арбитража. Југословенското раководство не било премногу разочарано од пропаѓањето на идејата за создавање на балканска федерација.

---

[658] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 45-46.
[659] Методија Андонов - Ченто имал во план на Париската мировна конференција да се заложи за самоопределување на Македонија, како и да побара од големите сили да испратат анкетна комисија во Македонија и Југославија со цел директно да се уверат за репресиите што биле применувани од страна на државните органи. (*Ibid*, 100-101).
[660] Всушност, македонските интереси на Париската мировна конференција ги бранел Димитар Влахов. (*Ibid*, 74).

По завршувањето на војната, Југославија значително го зголемила своето влијание во меѓународниот комунистички блок. Југославија во повоениот период била една од поборниците за формирање на Информбирото, составено од комунистички партии, меѓународна организација која би ја заменила Коминтерната, што Сталин ја укинал во 1943 година. Југословенското комунистичко раководство имало намера да ја зацврсти соработката со комунистичките движења во светот и давало поттик за цврсто поврзување на социјалистичките земји, раководејќи се притоа од принципот на рамноправност, единство и мирољубива политика, а инспирирано од идеалите на социјализмот и социјалистичката револуција. Во меѓувреме Сталин, подготвувајќи се за евентуална нова војна, *развивал сестрана идејна, воена, економска и политичка активност да создаде т.н. лагер на социјалистички земји врз основа на потчинување и доминација на СССР*.[661]

На седницата на Привремената влада на ДФЈ на 28 април 1945 година, покрај признавањето на албанската влада и решението за воспоставување на нормални дипломатски односи со Бугарија, била признатa и независноста на Сирија и Либан, и било решено со нив да се воспостави дипломатски односи.[662]

Во периодот од 29 јули до 15 октомври 1946 година била одржана Париската мировна конференција, со цел дискусија за сите мировни договори, чии нацрти дотогаш ги изготвил Советот на министрите на петте големи сили, коишто го сочинувале САД, Велика Британија, СССР, Франција и Кина. За шеф на југословенската делегација бил именуван Едвард Кардељ. Меѓутоа, на конференцијата de facto решавале само членките во Советот на министрите на петте големи сили, додека учеството на останатите членки на антихитлеровската комисија на мировните преговори во Париз било само речиси формалност. Како што вели Кардељ: *„Петмината министри ... стрпливо ги слушаа нашите аргументи, но мошне малку ги почитуваа“*.[663] Југославија преговарала и имала конфликт на интереси со Италија, Унгарија и Бугарија.[664] За југословенската

---

661 Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 98.
662 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Vlada Demokratske Federativne Jugoslavije na sednici od 28 aprila 1945. priznala vladu Albanije, Beograd, 1983, 832.
663 Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 96.
664 Повеќе податоци за улогата на југословенската делегација за време на Мировната конференција во Париз, види: *Ibid*, 95-105.

делегација особено исцрпни и тензични биле преговорите со италијанската делегација, предводена од Де Гаспери. Меѓу југословенската и унгарската делегација, предводена од Гере, за време на конференцијата не постоеле остри полемики. Со унгарската делегација во главно се дискутирало околу репарациите и иселувањето на еден дел Унгарци од Војводина, *„пред сè затоа што сакавме со тоа да обезбедиме легализација на иселувањето на Германците“*.[665] Југословенската делегација барала *„иселување на најмал можен број Унгарци – сè на сè 40.000, но и од тој број никој не се исели“*.[666] Во врска со преговорите со Бугарија, југословенската делегација за време на конференцијата се откажала од барањата за репарации што Бугарија требало да и ги исплати на ФНРЈ, *„бидејќи тогаш сè уште бевме во преговори за федерација со Бугарија“*.[667]

Значи, Југославија во повоениот период била изложена на отворени притисоци од Запад, како и на мешање во нејзините внатрешни работи од Исток, поточно од СССР. Таквата меѓународна положба на Југославија *„придонесувала кон јакнењето на државниот централизам потпирајќи други, многу попресудни извори и фактори во формирањето на големодржавната структура“*.[668] Во меѓувреме, ФНРЈ станала најсилна балканска држава и заземала значајно место во европската политика, посебно меѓу државите во Источна Европа, надвор од СССР.

---

[665] Едвард Кардељ, *Сеќавања*, Скопје, 1980, 98.
[666] *Ibid.*
[667] *Ibid.*
[668] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 98.

## ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА БОРБАТА ПРОТИВ ВОЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОТИВНИЦИ И ИДЕОЛОШКИ НЕИСТОМИСЛЕНИЦИ

Четиригодишната борба против окупаторот и граѓанската војна придонеле за појава на остра поларизација во повоена Југославија и определување на речиси сите поединци кон една од спротивставените страни. Во повоениот период, повторно се појавила опасност од почеток на нова граѓанска војна во Југославија.[669]

Истовремено со протерувањето на окупаторот од територијата на Југославија биле неутрализирани и осуетени сите вооружени сили на *„буржоаската контрареволуција“*.[670] Меѓутоа, борбата против воено-политичките противници и идеолошки неистомисленици на новото државно комунистичко раководство продолжило и во периодот по ослободувањето на Југославија, посебно во текот на 1945 и 1946 година. Комунистите не прибегнале кон простување на однесувањето на нивните непријатели во војната и кон нивно приклучување во партијата, туку, *„напротив, тие избрзаа да ги прошират репресивните мерки против сè поголемиот број елементи што ги толкуваа како закана“*.[671]

Комунистите во намерата за воспоставување на политички монопол во Југославија, како и за консолидација на НФЈ, кој, всушност, бил под нивна контрола, успеале ги неутрализираат и елиминираат своите воено-политички и идеолошки опоненти. Настанала клима на брутална општа чистка на противниците на комунистите и на НОД. Тие во пресметката против своите ривали применувале разни видови на средства и методи. Тие ги ликвидирале своите опоненти систематски поради убедување, гнев или одмазда. Постоела силна репресија врз *„народните и класните непријатели“*, проследена со неосновани обвиненија и суровост во истражната и судската постапка, како и со монтирани судски процеси и бруталност во затворите. Биле ликвидирани: усташи, *„домо-*

---

[669] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 104.
[670] *Ibid*, 95.
[671] Имено, унгарските и романските комунисти пристапиле кон прифаќање на локалните фашисти во партијата. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 19).

*брани“*, *„белогардисти“*, српски четници, членови на Српскиот доброволечкиот корпус, фолксдојчери и други.

Во процесот на дефинитивна пресметка со своите противници и неистомисленици, во полза на новото државно комунистичко раководство била актуелната надворешна геополитичка сцена. На Техеранската конференција во есента 1943 година, Југославија официјално била призната како сојузничка сила, што значело дека таа не била под туторство на Сојузничката надзорна комисија која би ја надгледувала работата на владата. Територијата на Југославија, исто така, не била под советска или западна сојузничка окупација, па поради тоа било оневозможено директно мешање во внатрешните работи во државата или директен надзор на настаните што се извршувале на теренот. Според сето тоа, *„новите југословенски раководители имале одврзани раце“* за преземање акции за реализирање на нивните намери и цели.[672] Благодарение на тоа, тие често ги злоупотребувале своите позиции и привилегии што ги уживале.

Во Југославија бил создаден систем на шпиони. Под надзор било секое јавно искажување на ставови, особено на оние кои не не се совпаѓале со ставовите на државно-партиското комунистичко раководство. Биле собирани компромитирачки материјали за одделни лица кои служеле за нивно дискредитирање или елиминирање.

На 14 август 1944 година била формирана Комисија за утврдување на злосторствата на непријателот. Неколку десетици илјади лица биле под разни истраги од страна на органите за гонење. Биле извршени голем број на ликвидации по кратка постапка.

Во атмосфера на апсолутна тензичност, во широка употреба била востановената практика на етикетирање со термините: *„соработници или помагачи на окупаторот“*, *„народни предавници“*, *„народни непријатели“*, *„колаборационисти“*, *„класни непријатели“*, *„петтоколонаши“* и други, кои биле во мошне широка употреба и биле мошне флексибилно интерпретирани од страна на државните органи, па на тој начин во овие растегливи категории се нашле и голем број на невини лица, кои биле жртви на новиот режим, особено од причина

[672] Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 37.

заради тоа што имале различни политички и идеолошки погледи во однос на новиот режим.

Југословенските комунисти спровеле масовен прогон на своите воени непријатели и политички противници преку народните судови, т.н. судови на часта воспоставени во текот на НОБ во областите кои биле под контрола на партизанското движење. Преку т.н. судови на честа биле казнувани симпатизерите и соработниците на окупаторот со одземање на граѓанските права, имот или со принудна работа. Исто така, се отворала постапка и против оние лица кои се спротивставувале на новата власт. Од октомври 1944 година т.н. судови на честа се прошириле на целата територија на Југославија.[673] Во нив биле осудени илјадници луѓе на казна со затвор, принудна работа или со смртна казна, притоа давајќи им на судските процеси политичка димензија.

Меѓутоа, и покрај *Законот за уредување на народните судови* од август 1945 година, народните судови работеле во полза на државното раководство и партијата, најчесто непрописно со цел задоволување на потребите на државното и партиското раководство, како и работеле по итни постапки на кривични дела против *„народните и класните непријатели"*, при што најголемиот број донесени судски пресуди не биле поткрепени со материјални правни прописи и докази. Во суштина, народните судови ја носеле судската пресуда според партиска директива, односно биле спроведени многу монтирани судски процеси. Преку судските процеси новото државно раководство обезбедило своевидна правна разрешница и им дало правен легитимитет на политичките пресметки со своите воено-политички и идеолошки противници.

Предност на југословенските комунисти во пресметката со своите воено-политички противници било и присуството на сложениот полициски апарат, создаден во текот на НОБ, кој бил под нивна контрола. Тајната полиција составила картотека со имиња на колаборационисти и воени злосторници.[674] ОЗН-а била одговорна за голем број масовни ликвидации на воено-политички и идеолошки противници на комунистите кон крајот и во периодот по нејзиното завр-

---

673 Имено, т.н. суд на честа бил формиран и на Белградскиот универзитет. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 466).

674 ОЗН-а кон крајот на војната располагала со картотеки за над 17.750 лица. (Виолета Ачкоска, *Лекции за историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 67).

шување. ОЗН-а, честопати, без судски расправи и процеси, на тајни места, честопати по долго измачувања, ликвидирала илјадници цивили.[675]

Институција Јавен обвинител на ДФЈ, исто така, била злоупотребувана од страна на државно-партиските функционери во полза на партијата и државното комунистичко раководство со цел елиминирање на нивните политичките опоненти. Комунистите во овој процес ја злоупотребувале и моќта на војската, која била под нивна контрола.

Граѓаните на Југославија, исто така, се повикувале на борба против *„шпекулата"*, при што се подгревала атмосфера на радикализација на пресметката со *„класните непријатели"*.[676] Радикализацијата против *„шпекулантите"* особено се интензивирала по усвојувањето на *Законот за уништување на недозволената шпекулација и економска саботажа*, од страна на Привремената влада на ДФЈ на 23 април 1945 година.[677] КПЈ и ЈНОФ организирале масовни демонстрации против воените лиферанти, шпекуланти, набивачите на цени и против *„несвесните трговци"* кои ја сокривале стоката.[678]

Во општата клима на пресметка со воено-политичките противници, паралелно со овој чин се одвивал и процесот на воспоставување на општествено-социјалистички систем во Југославија и промена на имотно-сопственичките односи, па истовремено, согласно општата ситуација во Југославија и тензична атмосфера, комунистите презеле мерки и против воените профитери и т.н. *„класни непријатели"*, поточно со припадниците на ситната и крупната буржоазија. Покрај конфискација на нивните имоти, биле извршени и одделни ликвидации на дел од споменатите категории на граѓани. Ликвидациите не биле извршени според утврдена судска пресуда за направен прекршок, *„туку според слободна проценка на општествената штетност што своеволно ја давал некој од кадрите на Партијата или на ОЗНА"*.[679] Биле преземени мерки про-

[675] Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 367.
[676] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 63.
[677] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Zakon o suzbijanju nedopuštene špekulacije i privredne sabotaže, 23. april 1945., Beograd, 1983, 700-702.
[678] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 466.
[679] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 44-45.

тив воени профитери, шпекуланти, црноберзијанци, саботери, прикривачи на производи и така натаму.

Тито наредил брзо и целосно уништување на сите *„банди“*. Во услови на навлегување на партизаните, било вообичаено освоените области да се *„чистат“* од оние кои го поддржувале окупациониот режим и од непријателските трупи. Во овој период ОЗН-а своеволно ги стрелала сите оние што успеала да ги фати.[680]

Во есента 1944 година бил уапсен потпретседателот на ХСС, Август Кошутиќ, по неговото доброволно пристигнување на слободната територија во Хрватска. Неговото апсење *„веројатно е првиот пример за комунистичка репресија насочена против антифашистички политичар во Источна Европа во последните фази на војната“*.[681]

Во текот на 1945 година ширум Југославија биле отворени 26 казнени заводи.[682] До октомври 1945 година во нив биле затворени 8.436 лица.[683]

Расчистување на теренот биле спроведено и во областите ослободени од италијанска анексија. Непосредно по капитулацијата на Италија во септември 1943 година, 500 до 700 претставници на фашистичкиот режим биле ликвидирани, а во пролетта 1945 година биле убиени уште стотици, а можеби и илјадници луѓе.[684] Италијанците кои живееле во Истра и Далмација, кои биле инте-

---

680 Таков бил случајот со убиените 53 лица од Велес и Велешко на 15 јануари 1945 година, без доволно доказен материјал, истражна постапка и судска пресуда. Местото на егзекуцијата било извршено помеѓу селата Ветерско и Летевци, во една нива од атарот на село Летевци, од страна на група генералштабни офицери, на чело началникот на третото одделение на ОЗН-а, Јефто Шашиќ. (Виолета Ачкоска и Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005, 159-168). Во Куманово, пак, биле ликвидирани околу 54 граѓани. Тие биле ликвидирани поради сомнеж за дејство како полициски агенти што учествувале во провали и убиства на борци и задниски активисти, организатори на контрачети и контрачетници и полицајци кои оделе во потера против партизани, и притоа извршиле убиства, грабежи и разни други злосторства по селата. Меѓутоа, голем дел од ликвидираните биле невини жртви, а дел навистина биле виновни за измачување, предавство или убиство на партизани во текот на војната. Егзекуции биле извршени и во Ресен. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 53-55).

681 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 19.

682 Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 65.

683 *Ibid*.

684 Труповите на убиените Италијанци биле фрлани во стрмните карстни кањони во Истра, при што овие настани го добиле називот *„foibe“*. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 216).

грирани во составот на Југославија, иако не биле систематски прогонувани, сепак голем број ги напуштиле овие области во повеќе емигрантски бранови.[685]

Голем број поддунавски Германци или фолксдојчери, исто така, ја напуштиле Југославија. Најголемиот дел од нив тоа го сториле пред крајот на војната, кога во летото 1944 година канцеларијата на фолксдојчерите наредила евакуација на сонародниците.[686] По германската капитулација, фолксдојчерите биле обвинети за колективна вина, *„иако КПЈ инаку, за разлика од четниците, избегнувала обвиненија на етничка или национална основа“*.[687] Партизаните преземале реваншистички акции против голем број фолксдојчери, при што тие биле потчинети на малтретирање, интернирани во логори[688] или пак биле ликвидирани како воени злосторници. Истакнатите колаборационисти-фолксдојчери биле уапсени и мнозинството од нив биле стрелани.[689] Од перспективата на новото југословенско раководство, фолксдојчерите биле сметани за воени злосторници поради: улогата на нацистичка Германија и на нејзините воени единици во Втората светска војна, особено на територија на Југославија, и поради колаборацијата на извесен број фолксдојчери со окупаторските сили. При преминувањето на Советите преку територијата на Југославија биле депортирани околу 30.000 поддунавски Германци, кои потоа биле одведени на принудна работа во Русија.[690] Кон крајот на војната во Југославија останале да живеат уште околу 200.000 поддунавски Германци.[691] На 21 ноември 1944 година, покрај останатото, била донесена одлука за одземање на целиот имот на лицата од германска етничка припадност, освен на оние кои се бореле на страната на

---

[685] Околу 200,000 Италијанци ја напуштиле земјата до потпишувањето на мировниот договор меѓу ФНРЈ и Република Италија во 1947 година. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 222).
[686] *Ibid.*
[687] Имено, голем број на фолксдојчери застанале на страната на окупаторот. Дел тоа го сториле од убедување, дел од опортунизам, а дел биле под притисок да го сторат тоа. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 368).
[688] Имено, голем број на југословенските Германци биле интернирани во логорите: Рудолфсгнад, Ѓаково и Крушивл. Десетици илјади поддунавски Германци го загубиле животот поради тамошните услови во логорите и поради малтретирањето на кое биле потчинети. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 223). Според партиски извори, во логорите имало 119.897 германски заробеници. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 65). Во логорите, еден дел од интернираните исчезнале, додека останатите подоцна можеле да ја напуштат земјата. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 368).
[689] *Ibid.*
[690] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 222.
[691] За разлика од 500.000 поддунавски Германци кои живееле во Југославија во предвоениот период. (*Ibid*).

партизанските одреди и НОВ, па на тој начин голем број фолксдојчери останале без своите имоти. Прашањето околу фолксдојчерите не било предмет на дискусија на конференцијата во Потсдам. Новиот југословенски државен кабинет презел акции со цел да се убедат сојузниците за трансфер на југословенските Германци, но предлогот бил одбиен. Меѓутоа, во јуни 1945 година југословенската влада презела дополнителни чекори околу ова прашање, така што донела одлука за трансфер на германското население од Југославија, па десетици илјади фолксдојчери емигрирале во Австрија и Германија.[692]

Како и во останатите земји, во повоениот период главните воени злосторници биле изведени пред суд да одговараат за своите постапки. Меѓутоа, пред крајот на воените дејствија, Анте Павелиќ и Милан Недиќ побегнале.[693] Усташкиот лидер Павелиќ побегнал во Аргентина, а српскиот генерал Недиќ во Австрија. На барање на југословенската влада, Недиќ бил уапсен во почетокот на јуни 1945 година, а во почетокот на 1946 година бил предаден на југословенските власти, кои како колаборационист го сместиле во истражен затвор во Белград. За време на предистражната постапка, на 4 февруари 1946 година, Недиќ извршил самоубиство во затворот. Имено, Павелиќ и Недиќ, како главни претставници на колаборационите режими во Југославија, биле обвинети, формално, во името на стариот режим. Владиката Николај Велимировиќ, пак, кој по пуштањето од интернација му се придружил на Недиќ и неговите соработници во Словенија, заминал во САД.

Кулминативна точка радикализмот на КПЈ достигнал во летото 1945 година, кога биле осудени и егзекутирани голем број на усташки и четнички видни претставници. Во летото 1945 година, Високиот воен суд на ЈА јавно ги осудил членовите на поранешниот ЦНК при ЈВуО. Воениот суд на II армија во Загреб во јуни 1945 година ги осудил усташките првенци Миле Будак, Никола Мандиќ, Јурај Рукавина и други. Врховниот суд на Хрватска осудил група пр-

[692] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 223.
[693] По повлекувањето на германските единици од Србија во октомври 1944 година, Милан Недиќ, неговата влада и нејзините вооружени единици се повлекле во Словенија, каде направиле обид за воспоставување на антикомунистички фронт. Недиќ вложил труд за организирање работа во емиграција во Виена и Кицбил, каде развил планови за враќање во Србија и агитирал меѓу српските заробеници и работници. Притоа се надевал дека ќе добие официјална поддршка од германската влада, бидејќи впрочем сè уште верувал во победа на силите на Оската. По завршувањето на војната, Недиќ со своите следбеници се наоѓал во американската окупациона зона во Австрија. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 366).

венци на НДХ, и тоа: Славко Кватерник, Владимир Кошак, Иван Перчевиќ, Мехмед Алајбеговиќ и Осман Кулемовиќ.

Во бегство заминал и генералот Драгољуб Михајловиќ. По него била распишана потерница, затоа што од страна на агитпропот бил означен како соработник на окупаторот. Михајловиќ бил издаден од страна на еден од неговите команданти. Тој бил фатен во стапица во ноќта помеѓу 12 и 13 март 1946 година во источна Босна, уапсен, и префрлен во Белград. На 15 јули 1946 година Михајловиќ бил осуден на смрт како *„колабарационист и предавник"*, па два дена подоцна, на 17 јули 1946 година, бил стрелан и погребан на непозната локација. По ликвидацијата на Михајловиќ бил нанесен силен удар на силите на стариот поредок во Србија.

Во текот на војната и по нејзиното завршување околу 300.000 лица ја напуштиле земјата.[694] Најголемиот дел од лицата што побегнале од Југославија емигрирале во соседните Италија и Австрија. Меѓутоа, остатоци од поранешните воени групации се засолниле во внатрешноста на земјата, особено на планинските предели, од каде дејствувале како разбојници со преземање на пљачкашки акции.[695]

Бидејќи нацистичка Германија капитулирала на 7 мај 1945 година, сојузниците сметале дека требало да им се предадат на југословенските власти сите југословенските колаборационисти. Претходно, пред крајот на воените дејствија, многу противници на НОБ и КПЈ побегнале од земјата и се упатиле на австриска територија под британска управа. Една колона, долга 60 km, од 25.000 до 200.000 војници и цивили се движела во мај 1945 година кон границата со Австрија, каде нејзината претходница наишла на британски трупи кај Блајбург и Виктринг.[696] Меѓутоа, не им било дозволено да се повлечат на територија која била под британска контрола, а оние кои успеале тоа да го направат, биле предадени назад во Југославија. Кај местото Блајбург, британските единици, под заповедништво на генералот Патрик Скот, на 15 мај 1945 година, на НОВЈ и предале помеѓу 100.000 и 200.000 хрватски војници, припадници на усташката

[694] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 99.
[695] Според хрватскиот академик Душан Биланџиќ, во Југославија останале најмалку 800 расфрлани групи или околу 12.000 соработници на окупаторот. (Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 103).
[696] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 214-215.

милиција, четници и припадници на други формации, како и цивили, од кои *„помеѓу 40.000 и 60.000 потоа страдале на 'маршовите на смртта' или биле погубени“*.[697] Невозможно е да се реконструира колкумина потоа побегнале во шумите, колку биле уапсени, а колкумина загинале во борбите за време на повлекувањето и колкумина биле ликвидирани. *„'Блајбуршката трагедија' станала симбол на комунистичката одмазда на крајот на војната“*.[698]

Во текот на летото и есента 1945 година биле спроведени избори за народни одбори во Југославија. Во текот на предизборниот циклус биле извршени политички чистки. Исто така, изборите не биле воопшто чесни и регуларни, бидејќи во органите на власта влегувале членови кои биле лојални на КПЈ и поборници за остварување на нејзините мерки и реформи, а од изборот отпаѓале оние коишто не се согласувале со политиките на новата власт.

Во почетокот на јули 1945 година Тито издал тајна наредба да се ослободат сите уапсени *„квислинзи“* постари од 35 години доколку не сториле некакво злосторничко дело.[699] Неговата наредба во почетокот не била спроведена. Дури кон крајот на 1945 година тој конечно ставил крај на дивеењето. Тито на Политбирото на КПЈ рекол: *„Никој повеќе не се плаши од смртна казна!“*.[700]

Била востановена практика за интернации која била применувана како посебен вид на репресија над недолжните деца и семејства на осудените лица. Стотици семејства биле потчинети под разни репресии.

Потенцијално најголем нивни противник, а воедно и предизвик претставувала ХСС, под водство на Влатко Мачек, која во војната имала пасивна улога, бидејќи покрај тоа што одбила да соработува со НДХ, таа, исто така, не прифатила да учествува во НОД во борбата против окупаторот. Партијата ја задржала поддршката на голем дел од хрватското селанство. Пред крајот на војната, ХСС се почувствувала доволно силна за да може да го одбие предлогот на југословенските комунисти за соработка. *„Тито и другите комунистички раководители признале дека во Југославија се плашат единствено од претседателот*

697 Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 367.
698 *Ibid.*
699 Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 215.
700 *Ibid.*

*на ХСС, Влатко Мачек“*.[701] Мачек бил свесен за последиците од постоењето на понудата од усташите во текот на војната за приклучување кон нивна страна, во мај 1945 година решил да побегне од Хрватска, поминал со автомобил низ Германија и во Ремс им се предал на сојузниците.[702] Раководството на ХСС се свртело кон моментално болниот Иван Шубашиќ, кој не бил многу омилен во партијата. ХСС ја задржала својата популарност, но останала без лидер.

Расположението на народот во Србија, особено во селските области, не било во полза на комунистите. Српскиот народ и понатаму му бил лојален на кралот, меѓутоа не постоела силна партиска организација не само во Србија, туку и во Југославија воопшто, да ја брани монархијата. Имено, силите на стариот режим биле осуетени делумно во текот на 1942 и 1943 година, а делумно и во завршната фаза на војната во средината на 1944 година. Меѓутоа, во Србија имало поповолни услови за организирање на опозиција од три основни причини: поради поразот на *„Ужичката република“* кон крајот на 1941 година, силите на стариот режим имале повеќе можности да се организираат; силите на стариот режим имале најсилни меѓународни врски, благодарение на кои можеле релативно слободно да дејствуваат по ослободувањето на Белград, бидејќи со амандманот од Белградскиот договор НКОЈ *„прифатил“* обнова на плурализмот во Југославија, со цел обезбедување меѓународно признавање на новата југословенска држава; и поради тоа што Србија имала посилна традиција на плуралистички политички живот.[703]

Во Македонија во текот на војната, освен соработката на албанските балистички и други групи со италијанските и германските окупатори, не постоела организирана вооружена сила против антифашистичката НОВ.

Во Македонија во периодот по конституирањето на АСНОМ дошло до судир меѓу привrзаниците на национално-демократската струја[704], кои се залага-

---

[701] Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 36.

[702] Инаку, по прогласувањето на НДХ на 10 април 1941 година, во Берлин за шеф на државата бил избран Влатко Мачек, кој меѓутоа ја одбил понудата, па одлуката паднала на крајот на Анте Павелиќ, на предлог на Бенито Мусолини. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 345).

[703] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 100.

[704] Национално-демократската или промакедонската струја, *„автономистичка“* група или *„стари ликвидатори“*, ја сочинувале: Методија Андонов – Ченто, Михајло Апостолски, Димитар Влахов, Густав Влахов, Лазар Соколов, Венко Марковски, Петре Пирузе – Мајски, Павел

ле за интегрално решавање на македонското национално прашање со обединување на Македонија во нејзините етногеографски граници, и приврзаниците наројугословенската струја[705], кои тврделе дека македонското национално прашање било решено на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, односно судир помеѓу македонскиот автономизам и југословенскиот централизам.[706]

На 7 јануари 1945 година во Скопје избувнале демонстрации на воениот гарнизон, познат во историографијата под називот *Настани на Скопското кале*.[707] Една недела подоцна, на 14 јануари 1945 година, слични демонстрации се појавиле и во Штипскиот гарнизон од страна на војниците.[708] Тие истапиле против директивата за заминување на Сремскиот фронт и во завршните операции за ослободување на Југославија, бидејќи барале продолжување на војната и ослободување на егејскиот и пиринскиот дел на Македонија и државотворно конституирање на Македонија во нејзините етногеографски граници. Раководителите и главните учесници на демонстрациите биле ставени под истрага на ОЗН-а[709], а потоа биле предадени на Воениот суд, бидејќи биле оценети од страна на државното раководство како *„непријателско дејствување против братството и единството на југословенските народи и против југословен-*

Шатев, Емануел Чучков, Крсте Гермов, Владимир Полежиноски, Киро Глигоров, Панко Брашнаров, Павел Шатев, Мире Анастасов, Јордан Блажевски, Димче Аџи Митревски, Атанас Митрев, Ангел Динев, Ризо Ризов, Александар Мартулков, Благој Хаџи Панзов и други. Повеќе податоци за *„автономизмот“* и *„сепаратизмот“* во ДФМ/НРМ види: Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 56-76.

[705] Пројугословенската струја или групата на *„млади комунисти“* ја сочинувале: Лазар Колишевски, Страхил Гигов, Видео Смилевски – Бато, Љупчо Арсов, Цветко Узуновски – Абас и други.

[706] Поради сомнежот кон членовите на Президиумот на АСНОМ кои не сакале безрезервно да се потчинуваат на директивите на централното раководство на КПЈ, во јануари 1945 година било формирано Работно тело на Президиумот на АСНОМ, со цел постепено преземање на извршната власт од рацете на Президиумот на АСНОМ. На чело на Работното тело на Президиумот на АСНОМ бил поставен потпретседателот на Президиумот на АСНОМ и секретар на ЦК КПМ, Лазар Колишевски. На тој начин *„дојде до потчинување на државната структура на партиската при што целокупниот општествено-политички живот бил под контрола на партиската комунистичка власт која раководела во името на народот“*. (*Ibid*, 43).

[707] На 7 јануари 1945 година две артилериски бригади на НОВ и ПОМ се спротивставиле на директивата за заминување на Сремскиот фронт, бидејќи војниците барале да се помогне борбата на македонскиот народ во егејскиот дел на Македонија. Повеќе детали за овие настани види: Виолета Ачкоска и Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005, 147-158; Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 45-52.

[708] На 14 јануари 1945 година се побунил еден баталјон на 20-та бригада од 50-та дивизија од гарнизонот во Штип, бидејќи војниците истапиле против наредбата за заминување на Сремскиот фронт за целосно ослободување на Југославија и *„барале продолжување на војната за ослободување и обединување на пиринскиот и приморскиот дел од Македонија“*. (*Ibid*, 49).

[709] Затворениците биле во надлежност на републичката ОЗН-а, која *„работата ја координирала со партиската, а не со државната власт“*. (*Ibid*, 54).

*ската заедница"*, а барањето *„за ослободување на делот на Егејска Македонија, беше оценето како шовинизам од страната на некои официјални претставници на државно-партиската власт"*.[710] На демонстрантите и на нивните организатори им биле изречени разни видови на казни. Биле осудени вкупно 67 лица, додека 5 лица биле ослободени од одговорност, поточно биле изречени: 27 смртни казни, 31 временска казна (долгогодишни или краткотрајни), 9 условни казни со *„тешка насилна работа"* од една до две години.[711] Меѓутоа, набрзо смртните казни биле заменети со временски казни, а временските казни биле намалени.

По овие јануарски настани во Македонија во 1945 година, била востановена *„практиката на дисквалификации на пројавен македонски 'шовинизам' или 'национализам' и репресија врз луѓето кои се застапувале за интегрално решавање на македонското прашање"*, без разлика на тоа што многумина барале тоа да се реши во рамките на ДФЈ/ФНРЈ.[712] Истовремено, *„михајловизмот"*, станал генерална етикета за политичка дисквалификација на македонските кадри кои се залагале за поразлично решение на македонското прашање, различно од решението на Второто заседание на АВНОЈ и поголема самостојност на републиката во однос на сојузната држава.[713] Секој чекор на македонските кадри, особено членовите на Президиумот на АСНОМ, во насока на инсистирање за поголема самостојност на ДФМ/НРМ во однос на ДФЈ/ФНРЈ бил оценуван како автономизам, сепаратизам и непријателска дејност против државата и братството и единството на југословенските народи. Постоеле и други етикети за дисквалификација на македонските кадри, како: *„автономисти"*, *„сепаратисти"*, *„ликвидатори"*, *„фракционери"*, експоненти на *„бугарштина-*

---

[710] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 50.

[711] Имено, кон крајот на април 1945 година Воениот суд на Скопската воена област на тајно судење прогласил за виновни и осудил 34 лица, и тоа: 12 на смртна казна, 13 на долгогодишна затворска казна, а 5 лица биле ослободени од обвинение. Воениот суд во Штипската воена зона изрекол смртни пресуди на 6 лица од Валандово, кои потоа биле убиени. На 12 мај 1945 година Воениот суд во Скопје изрекол 9 смртни казни, 14 лица биле осудени на временски казни, а 9 лица биле условно осудени на временски казни со *„тешка насилна работа"* од една до две години. (*Ibid*, 50-51).

[712] Меѓутоа, исто така, треба да се има предвид дека најголемиот број од овие лица никогаш не пројавиле шовинизам кон ниту еден друг народ, *„туку едноставно барале остварување на историското право на македонскиот народ за самоопределување и за национална држава"*. (*Ibid*, 50).

[713] Ова претставува своевиден доказ дека Јосип Броз – Тито *„никогаш сериозно не се занимавал со македонското прашање"*. (*Ibid*, 60).

*та“*, *„вмровството“*, *„ванчомихајловисти“*, кои, во суштина биле прогласувани за *„непријатели на авнојска Југославија“*, а потоа, соодветно таквата партиска проценка, биле елиминирани на најразлични начини. Од големо значење е процесот против првиот претседател на АСНОМ, Методија Андонов – Ченто, во 1946 година, кој бил уапсен во Прилеп на 14 јули 1946 година, во голема тајност, и притоа префрлен во затвор во Скопје. На 19 ноември истата година започнал монтиран судски процес против него, на кој бил осуден за кривично дело.[714] Непосредно по конституирањето на ДФМ дошло до појава на тајни политички групи и организации, приврзаници на идејата на ВМРО за единствена и обединета Македонија.[715] Во текот на летото 1945 година била спроведена силна полициска репресија над поединци и групи коишто делувале на линија на ВМРО, која се засилила во текот на 1946 година, при што започнал процес на интензивно полнење на затворите со политички затвореници, а најмногу страдала македонската младина, особено средношколската.[716] Во овој период биле формирани и тајни конспиративни организации, кои егзистирале и дејствувале

---

[714] Методија Андонов – Ченто бил осуден за кривично дело *„на 11 години лишување од слобода со присилна работа и пет години на губење на граѓанските и политичките права и конфискација на најдените предмети кај него“*. Тој се товарел за: несогласување со внатрешната и надворешната политика на ФНРЈ, што по негово мислење била спротивна на интересите на македонскиот народ; дека обединувањето на македонскиот народ *„не можело да стане во рамките на ФНРЈ, ами само под протекторат на друга држава“*; дека имал намера *„да бега во Грција и оттаму, по пат на насилство, да организира оружени банди за да ја отцепи Македонија и присоедини во федерација со Грција“* и така натаму. Тој казната ја издржувал во затворот Идризово, во тешки услови. (Виолета Ачкоска и Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005, 177-187).

[715] Повеќе детали за дејствувањето на групи и организации на ВМРО во ДФМ/НРМ види: Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 82-111. Виолета Ачкоска и Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005, 187-218.

[716] На пример, на 21 август 1946 година, Окружниот суд на Штип ги осудил Методи Калкашлиев, Коста Хаџимишев (Кочо Аџи Мишев), Љубен Топчев, Мирко Пецев и Ѓорѓи Јармов, сите ученици од VI клас. Калкашлиев и Хаџимишев биле осудени на 3 години лишување од слобода со присилна работа и по две години губење на сите граѓански права по издржувањето на казната, додека останатите тројца биле осудени со помали казни. Борис Белев бил ослободен од истражниот затвор затоа што немало докази дека бил член на ВМРО. Единствен материјален доказ против учениците биле летоците во кои се искажале за *„автономна Македонија“*, а на нив, покрај останатото, пишувало: *„Да живее ВМРО! Доле колачите! Да живејат потомците на Гоце Делчев! Доле Тито (Колишевски, Апостолски)!“* (*Ibid*, 199). Во мај 1945 година биле уапсени членовите на македонското национално движење *„Бунт“*: Трајко Попов, Борислав Градишки, Никола Попов и Ратко Градишки, бидејќи *„конспиративно работеле против востановениот комунистички режим, определени за демократија од западен тип“*. Тоа била прва група во ДФМ осудени за дејност на линија на ВМРО. Трајко Попов, лидерот на *„Бунт“*, бил стрелан, Борислав Градишки бил осуден на 20 годишна казна затвор, а пак Ратко Градишки бил осуден на 12 години затвор. (Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 98).

*„како еден вид нелегална политичка опозиција“* на комунистичкиот режим.[717] Биле формирани Демократскиот фронт на Македонија - Илинден 1903[718], ВМРО-СДРМА[719], ВМРО на Тренчев-Терзиев[720], и други. На 20 октомври 1945 година Демократскиот фронт на Македонија – Илинден 1903 година бил откриен, раководните лица биле уапсени, а подоцна и осудени.[721] Во 1946 година била разоткриена организацијата ВМРО на Тренчев-Терзиев и започнале масовни апсења и репресии низ Македонија.

Во Босна и Херцеговина и Црна Гора речиси и да не постоеле никакви можности за организирање на некаква опозиција на новото комунистичко раководство. Речиси слична била ситуацијата и во Словенија.

---

717 Виолета Ачкоска и Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005, 202.

718 Демократскиот фронт на Македонија – Илинден 1903 бил формиран во 1945 година, како прва тајна политичка организација во македонската држава по Втората светска војна. Организацијата била предводена од страна на д-р Илија Чулев, д-р Димитар Златарев, Коста Хрисимов – Смилец, Стефан Кузманов и Коста Динев. Имала свои организации во Скопје, Битола, Велес, Штип, Охрид и Кавадарци. Организацијата се декларирала за национално обединување и самостојна државност на македонскиот народ. Во 1945 година организацијата до ООН испратила Меморандум за независна Македонија, кој содржел апел кон владите на големите сили *„да се заложат за правото на Македонците за самоопределување под меѓународна контрола односно сами да решаваат за својата судбина, зашто ‘Без слободна Македонија, не може да има мир на Балканот’“*. (*Ibid*, 202-203).

719 ВМРО-СДРМА била формирана во март 1946 година. Организацијата имала се залагала за обединување на Македонија во рамките на било која федерација, како и за демократизација на општеството. Крајна цел на организацијата било осамостојување и обединување на Македонија во нејзините етно-географски граници, со демократско општествено уредување од западен тип. Лидер на организацијата бил Глигор Крстески. Негов најблизок соработник бил Костадин Смичкоски. (Виолета Ачкоска и Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005, 209; Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 103-104).

720 Во октомври 1945 година била формирана организацијата ВМРО од страна на д-р Коста Терзиев, д-р Васил Иванов и д-р Коста Тренчев. Набрзо бил формиран ЦК на ВМРО, составен од 13 членови на чело со д-р Коста Терзиев. Во ЦК на ВМРО влегле: Кирил Сивевски, Методи Попов – Меде, Благој Гаштеов, Никола Попов, Асен Томов, Георги Гоцев, Тома Давков, Димитар Пеев, Борис Чаракчиев и Милан Трајков. ЦК изготвувал Манифест до Парискатa мировна конференција, со кој се барало Македонија да добие статус на автономна држава. Манифестот бил испратен и до Методија Андонов – Ченто, кој се сложил со повеќето од наведените факти, но и кој им дал совети на членовите како да постапуваат откако дознал дека нивната дејност е откриена од страна на властите. (*Ibid*, 100-101).

721 Биле уапсени Константин Хрисимов – Смилец, Стефан Кузманов, д-р Димитар Златарев, д-р Илија Чулев, Константин Динев, Петар Ташулов Петров, Кирил Пецаков, Лука Секулов, Серафим Лазаров, Анастас Анев и Методи Светиев. Меѓутоа, кај некои од уапсените биле пронајдени списоци со членови на организацијата, па апсењата се прошириле. Судскиот процес започнал на 8 февруари 1946 година. Раководителите биле обвинети, меѓу останатото, за одржување состаноци со цел создавање на *„една илегална, противнародна, терористичка организација на територијата на Македонија“*. Хрисимов бил осуден на 20 години строг затвор, Кузманов добил казна од 15 години затвор, Златарев – 14 години, Чулев – 10 години, Динев бил казнет на 6 години, а Петар Петров на 5 години затворска казна. (Виолета Ачкоска и Никола Жежов, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005, 204. Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 96-97).

Во Словенија новото државно раководство брзо се консолидирало без големи тешкотии, бидејќи во текот на НОБ *„била завршена диференцијацијата и пресметката со силите на контрареволуцијата“*.[722] Меѓутоа, во Словенија *„биле стрелани многукратно повеќе луѓе отколку во Македонија, на која и се префрлало дека 'дала малку крв'“*.[723]

Партиските задачи биле особено сложени во етнички мешовитите области: Босна и Херцеговина, Војводина и Косово и Метохија, бидејќи политичките противници се обидувале да ги разгорат страстите од војната и да предизвикаат национална и верска омраза меѓу југословенските народи со цел дестабилизирање на државата и политичкиот систем.

Локалното албанско население на Косово кон крајот на војната стравувало дека ќе биде мобилизирано за борба против Германците во северните делови на Југославија и надвор од нејзините граници. *„Комунистите немале никакви илузии во однос на проблемите кои ги чекаат на Косово“*.[724] Во декември 1944 година генералот Светозар Вукмановиќ – Темпо го известил британскиот полковник Дикин дека Албанците биле единствена етничка групација која морала принудно со употреба на сила да се врати на југословенска територија, а дека извршувањето на таа задача морала да им се довери на бугарската војска, со цел таа да ја сноси одговорноста и последиците од извршениот чин, а не врз југословенските партизани.[725] Меѓутоа, пред југословенските власти да преземат некакви мерки, во февруари 1945 година настанал бунт на Косово, по што била воведена воена управа и воен суд. Борбите на Косово траеле околу шест месеци.

По пресметката со политичките противници и судењето на воените злосторници, Тито на своите противници им понудил своевидно помирување и агитирал за градење на заедничка просперитетна иднина. *„Од сега комунисти-*

---

[722] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 99.
[723] Виолета Ачкоска, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944-1991)*, Скопје, 2015, 65.
[724] Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 37.
[725] *Ibid*, 37-38.

*те проповедале простување и заборав. Меѓутоа, во реалноста многу малку било простено, а ништо не било заборавено“*.[726]

Во текот на 1946 година комунистите внимание го пренасочиле кон пресметка со граѓанските политичари, припадници на НФЈ. Таков бил случајот со српскиот левичарски земјоделец д-р Драгољуб Јовановиќ, кој поради своето политичко однесување, во летото 1946 година бил исфрлен од Правниот факултет. Неговата Народна селанска партија била уништена од страна на УДБ-а.

Комунистите ги сметале религијата и верските заедници како извор на национализмот и шовинизмот, односно како реакционерни елементи кои настојувале да го оневозможат ширењето на комунизмот, односно *„националните идентитети засновани врз религијата спречувале изградба на наднационално, југословенско сфаќање на државата“*.[727] Била промовирана перманентна борба против религијата и верските организации со цел забрзување и јакнење на изградбата на социјализмот. Притоа, комунистичкиот атеизам во најголем степен бил наметнуван во верските и национално мешовитите средини, со цел спречување и осуетување на легалниот отпор против новиот поредок. Новите раководители вовеле нови празници, проследени со манифестации, митинзи, пароли и слично.

КПЈ настојувала да биде единствен идеолошки и политички авторитет во новата југословенска држава, па поради тоа водела борба против секој авторитет што бил надвор од нејзина контрола. КПЈ го застапувала принципот дека религијата претставува приватна работа на поединецот и на верските организации и правела обиди да го потисне влијанието на религијата. Новото комунистичко раководство правело напори за осуетување на историското наследство на клерикализмот на Католичката црква во Хрватска и Словенија, како и осуетување на блискоста меѓу државата и православието во Србија.

Декларираните верници и нивните цркви биле потиснувани надвор од јавниот живот, а нивното организирање и дејствување било под надзор. Верските празници и понатаму биле признати како такви, но во деновите на нивното празнување намерно се организирале разни општествени активности, што

---

[726] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 221.
[727] *Ibid*, 232.

имало двојна цел: потиснување на значењето на верските празници и религијата и глорифицирање на социјалистичките вредности.[728] Истовремено, многумина биле исклучени од партијата бидејќи оделе на божја служба или во џамија. Исто така, било забрането и собирањето на прилози.

На удар на новата власт се нашле Католичката црква, СПЦ и Исламската верска заедница.

Комунистите создавале уверување коешто се обидувале да им го пренесат и всадат кај пошироките народни маси дека Католичката црква била најголем сојузник на усташкиот режим во текот на војната. Навистина, поголемиот дел од високиот клер во текот на војната манифестирал проусташко однесување.[729] Католичката црква имала голем углед и влијание меѓу народните маси, особено во Хрватска. Таа не функционирала само како верска, туку и како јавна установа, особено во областа на образованието и добротворната работа. Комунистите во борбата против Католичката црква биле повнимателни, бидејќи истата располагала со образовано свештенство, имала материјална независност во однос на државата, како и меѓународна поддршка, особено од Ватикан. Државната власт борбата против Католичката црква ја оправдувала со контракомунистичкиот став што го застапувале и манифестирале католичките претставници, нејзината несамостојност во однос на Светата Столица, како и поради поддршката на Светата Столица кон Италија.[730]

Иако новата власт усвоила *Декларација за слобода на вероисповедта и совеста*, што било пропишано и во Уставот на ФНРЈ од 1946 година, истата во реалноста ретко се почитувала, што довело до појава на тензични односи и отворен судир меѓу верските заедници и државната власт.

На 24 март 1945 година во Загреб била одржана Бискупска конференција на која била усвоено послание во кое се осудуваат постапките на партизанското движење. Бискупите во посланието остро протестирале против убивствата на

[728] Организирање на општествени активности во вид на спортски натпревари, училишни приредби, излези и работни акции, било особено карактеристика за време на празнувањето на големите верски празници, како Божиќ, Велигден, Ѓурѓовден, Бајрам и Пасха. (Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 232).
[729] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 345.
[730] Miroslav Akmadža, *Katolička crkva u komunističkoj Hrvatskoj 1945-1980*, Zagreb-Slavonski Brod, 2013, 18-19.

католички свештеници и верници. Таквиот став на бискупите од страна на комунистите бил протолкуван како поддршка на Католичката црква кон усташкиот режим.[731]

Во периодот непосредно пред завршувањето на војната, стотици католички свештеници поради страв од репресии заминале во егзил, а меѓу нив биле врхбосанскиот надбискуп Иван Шариќ, љубљанскиот бискуп Грегориј Рожман и бањалучкиот бискуп Јозо Гариќ.

На државно раководство им пречело тоа што Католичката црква била единствена организација вон нивна контрола, но исто така била и центар околу кој моментално во Хрватска се собирала националистички ориентираната опозиција. Југословенските комунисти ја доживувале Католичката црква како најсилен идеолошки противник.[732] Во јуни 1945 година била остварена средба меѓу претседателот на Привремената влада на ДФЈ, Јосип Броз – Тито, бискупот Салис-Севис и надбискупот Алојзие Степинац, со цел надминување на тензичните односи меѓу државата и Католичката црква, но без успех.[733] Меѓутоа, комунистичкото раководство не се залагало само за одвојување на Католичката црква во Југославија од Светата Столица, туку повеќе сакало да создаде една т.н. *„народна црква“*, врз која државата би имала големо влијание, макар таа формално да била под јурисдикција на Светата Столица.[734]

На 26 август 1945 година претставниците на Бискупската конференција изразиле протест против ЗАРИК, поточно околу делот од реформата кој ги опфаќал поседите на црквата, бидејќи носењето на истиот било направено *„без претходно сослушување на католичката црква и на нејзина штета“*.[735] Надбискупот Степинац реформата ја интерпретирал како загрозување на матери-

[731] Подоцна, ѓаковачкиот бискуп Антун Акшамовиќ во своето писмо до претседателот на Комисијата за верски прашања за Хрватска, монс. Светозар Ритиг, објаснувал дека посланието не било насочено против партизанското движење, туку против неодговорните елементи меѓу партизаните, усташите и четниците, меѓутоа сепак факт е дека првенствено посланието се однесувало на претставниците на партизанското движење. (Miroslav Akmadža, *Katolička crkva u komunističkoj Hrvatskoj 1945-1980*, Zagreb-Slavonski Brod, 2013, 17).
[732] *Ibid*, 19.
[733] Имено, Тито барал самостојно однесување на Католичката црква, додека надбисупот Степинац ја посочувал Светата Столица како единствена надлежна да расправа за сите прашања во односите меѓу државата и црквата. (Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 475).
[734] Miroslav Akmadža, *Katolička crkva u komunističkoj Hrvatskoj 1945-1980*, Zagreb-Slavonski Brod, 2013, 19.
[735] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Biskupska konferencija protiv agrarne reforme, 26. avgusta 1945., Beograd, 1983, 694.

јалната егзистенција на црквата и *„намера да се доведе во прашање нејзината духовна функција“*.[736] Во почетокот на 1946 година хрватскиот бискуп Михо Пушиќ преку послание ги повикувал верниците да се спротивстават на спроведувањето на аграрната реформа на црковните поседи.[737]

На 20 септември 1945 година во Загреб бискупите составиле едно пастирско писмо, полно со напади против комунистичка власт и новиот општествен систем во Југославија. Духовен творец на писмото бил надбискупот Алојзие Степинац. Католичките бискупи во писмото од власта барале: целосна слобода на католичкиот печат, на католичките училишта, целосна слобода на веронауката во сите одделенија во нижите и средните училишта, целосна слобода на католичко здружување, слобода на католичката добротворна дејност, целосна слобода на човековата личност и нејзините неотуѓиви права, целосно почитување на христијанскиот брак, враќање на сите одземени институти и институции. Потоа, како еден вид ултиматум и закана до власта, било нагласено: *„само под овие услови можат да се средат условите во нашата држава и да се оствари траен внатрешен мир“*.[738]

Во текот на разгледувањето на нацртот на новиот Устав на ФНРЈ, високиот клер на Католичката црква бил против членот за одвојување на црквата од државата и на училиштата од црквата. Со тоа, високиот клер не сакал да го препушти влијанието во креирањето на колективната свест на световните власти. Високиот клер, исто така, се побунил против граѓанскиот брак и слободата на избор на верска настава.

Кон крајот на август 1946 година пред Воениот суд IV Армија во Љубљана, покрај Рупник, Резенер, Визјак и Хацин, бил изведен и љубљанскиот бискуп Григориј Рожман, обвинет за предавство и колаборација. Рожман бил осуден на смртна казна, а пресудата била извршена на 4 септември 1946 година.

Надбискупот Алојзие Степинац во есента 1946 година бил изнесен пред суд. Со таквиот чин, југословенските комунисти сакале да го повикат на одговорност не само поради неговата улога во текот на војната, туку и од причина

---

[736] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 471.
[737] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 694.
[738] *Ibid*, Pastirsko pismo katoličkog episkopata, 20. septembar 1945., 844-845.

што истовремено со тоа сакале да ја предупредат Католичката црква околу однесување на нејзиниот клер против новото државно раководство. На 11 октомври 1946 година Степинац бил осуден на 16-годишна затворска казна за колаборација и прикривање на злосторства. Со правосудната мерка против Степинац бил нанесен силен удар врз политичката опозиција во Хрватска, која сметала дека положбата на кардиналот била неповредлива поради неговата поддршка од Ватикан. Со извршувањето на овој чин, југословенските комунисти биле *„првите што ги институционализираа судските процеси против црковните великодостојници од епископски ранг“*.[739]

Југословенските комунисти истапиле и против исламската верска заедница, особено против исламските обичаи. Имено, државата го распуштила шеријатот, ги затворила исламските верски установи и училишта и го забранила носењето на фереџе.

Српската православна црква го градела својот политичкки идентитет, зависно од државниот идентитет. Поради тоа, радикалното одвојување на државата од црквата ја маргинализирало нејзината општествена и политичка улога во дефинирањето на српскиот национален идентитет. Верскиот идентитет во главно опстанал меѓу маргинализирана група на верници, далеку од очите на јавноста и без масовно манифестирање на верата. Новото државно раководство поголемиот дел од свештениците на СПЦ ги сметало за вистински или потенцијални непријатели на новиот општествено-политички систем. Освен идеолошките разлики, големо влијание за негативниот и нетрпелив однос на КПЈ кон СПЦ бил фактот што голем број свештеници во текот на војната го поддржувале четничкото движење под водство на Драгољуб Михајловиќ.

За Српската православна црква ЗАРИК претставувал антисоцијален и нехуман акт, *„кој грубо ја навредува социјалната правда“*.[740] Подоцна, се појавиле барања за обештетување на црквата за одземаните поседи.

Патријархот на Српската православна црква, д-р Гаврило Дожиќ, по неговото закрепнување се вратил во Југославија во 1946 година. На 6 декември 1946 година патријархот, во придружба на митрополитот Јосиф, епископот

---

739 Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 19.
740 Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 472.

Нектариј и прота Милан Смиљаниќ, го посетиле претседателот на Владата на ФНРЈ, маршалот Јосип Броз – Тито. Средбата поминала во срдечна и пријателска атмосфера. За време на дискусијата, маршалот Тито констатирал дека немало потреба, ниту причина, кон православната црква да се применува некој друг курс.[741]

Последиците од пресметката на југословенските комунисти со нивните воено-политички и идеолошки неистомисленици се повеќекратни: развој на државниот и партиски централизам и консолидација на нивната моќ во државата; спречување на реставрацијата на плуралистичкиот политички систем во Југославија; елиминирање на евентуалната опасност и закана за нивните позиции во државата, односно реализирање на програмската концепција за *„јакнење на моќта и авторитетот на државата како инструмент на сила и оруди е против контрареволуцијата"*;[742] овозможување на непречено воспоставување на општествено-социјалистички систем во Југославија и негово стимулирање со елеминирање на противниците на ваквиот систем; како и понатамошно спроведување на процесите започнати во текот на НОБ и програмските одлуки на АВНОЈ. Исто така, биле уништени *„големосрпската хегемонистичка и големохрватската сепаратистичка воено-политичка моќ, т.е. главните сили на контрареволуцијата, со што била овозможена изградбата на нова Југославија на федеративна основа"*.[743] Меѓутоа, национализмот не било можно толку лесно да се уништи, а истовремено надвиснувале и воените трауми. Новото раководство сметало дека социјалистичкото воспитување и општојугословенската свест постепено ќе го искоренат национализмот и ќе спречат појава на нови судири, во краен случај појава на нова граѓанска војна. Всушност, оваа пресметка во голем степен влијаела врз легитимитетот на новото државно раководство.

[741] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 653-654.
[742] Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 104.
[743] *Ibid*, 99. Меѓутоа, КПЈ и понатаму сметала дека борбата против овие сили претставува нејзина главна задача. (Ibid, 105).

# ЕКОНОМСКАТА СИТУАЦИЈА ВО ЈУГОСЛАВИЈА И ПРОМЕНИТЕ ВО ИМОТНО-СОПСТВЕНИЧКИТЕ ОДНОСИ

Југославија била една од најнеразвиените земји во Европа. Во текот на четиригодишната војна претрпела големи демографски и материјални загуби, при што земјата била речиси целосно уништена и имало недостаток на основни прехранбени продукти. Веднаш по ослободувањето на земјата, како што налагала состојбата на теренот, бил неопходен брз пристап за закрепнување на земјата со поправка на настанатите штети и обнова на стопанството, со цел да се спречи голема сиромаштија и глад кај населението. Меѓутоа, уште во текот на војната, паралелно со борбата против окупаторот и неговите домашни соработници, НКОЈ го организирал процесот на обнова на земјата во ослободените подрачја, особено обнова на сообраќајните комуникации, рудници и индустриски претпријатија. Подоцна, истиот процес го продолжила Привремената влада на ДФЈ, која задачата за обнова на земјата и стабилизирање на економијата ја потенцирала во Декларацијата како една од најосновните задачи, покрај ослободувањето на земјата. Од овој процес во голем степен зависело подобрувањето на животниот стандард на населението.

Во текот на војната загинале повеќе од милион луѓе, а имало и голем број повредени лица.[744] Во апсолутни бројки, најголеми загуби имале жителите на Босна и Херцеговина и Хрватска.[745] Околу 3.500.000 луѓе останале без покрив

[744] Според генералниот секретар на Привремената влада на ДФЈ, Митар Бакиќ, Југославија во текот на војната загубила 10% од своето население, односно загинале околу 1.685.000 жители. Бројот на ранети, онеспособени за работа, изнесувал околу 425.000 лица. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Mitar Bakić, Generalni sekretar Privremene vlade DFJ o ratnoj šteti nanetoj Jugoslaviji, 19. avgust 1945., Beograd, 1983, 668-672). Меѓутоа, *„истакнувањето на жртвите служело за озаконување на втора Југославија – по мотото: што е поголем бројот на жртвите, толку е посветол резултатот“*. Според тој резултат и во споредба со вкупниот број на население, Југославија, по Полска и СССР, имала најголеми загуби во војната. Овие бројки имале голема улога во политичкиот и општествениот живот во повоена Југославија, бидејќи *„станале упоришни точки за судбината и идентитетот на групите, за митовите за жртвите и сликата за непријателите. На нив се заснова нивната сугестивна моќ“*. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века,* Београд, 2008, 369-370).

[745] Според вкупниот број на население, жртвите во Босна и Херцеговина изнесувале над 10% од населението, во Хрватска и Црна Гора над 7% и *„во потесна Србија помалку од 5%. Со повеќе од половина милион луѓе Србите (пред сè во Босна и Херцеговина и Хрватска) имале најмно-*

над главата, односно биле уништени нивните домови за време на воените дејствија.[746] Околу 289.000 селски имоти биле целосно уништени.[747] Сообраќајните линии во голем дел биле уништени, ниту еден рудник не работел, а била оштетена една третина од индустријата во Југославија.[748] Исто така, во текот на војната настрадало и над 60% од националното богатство на Југославија, особено земјоделството, шумарството, индустријата и рударството.[749] Сето ова ја продлабочувало сиромаштијата во земјата, особено меѓу селското население, коешто располагало со мошне скудна техничка опрема за работа. Во голем дел од Југославија немало систем на канализација, ниту на истечна вода.

Уште кон крајот на војната, особено по ослободувањето на Белград, НКОЈ пристапил кон стабилизирање и регулирање на економијата и стопанството во Југославија. Кон крајот на 1944 година бил формиран Стопански совет на НКОЈ, кој бил задолжен за раководење со економијата и усогласување на работата на сите економски поверенства, во чиј состав спаѓале: поверениците за трговија и индустрија, финансии, земјоделство, исхрана, шума, руда, сообраќај, градежништво и претставник на Поверенството за народна одбрана.[750] Истовремено, била формирана и Комисија за економска обнова на земјата, која се наоѓала во составот на Стопанскиот совет на НКОЈ, која, всушност, работела под раководство и надзор на претседателот на истиот.[751] На тој начин, НКОЈ ги дал *„првите општи насоки за обнова на земјата“*.[752]

Големо внимание било посветено на обновата и на земјоделското производство, бидејќи земјата била слабо обработувана во текот на војната, а постоела голема потреба за исхрана на народот и војската. Јосип Броз – Тито на 6 мај

*гу жртви, по кои следат Хрватите со околу 200.000 и босанските муслимани со 86.000 – 103.000 мртви“*. (Холм Зундхаусен, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2008, 370-371).
[746] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 228.
[747] *Ibid.*
[748] *Ibid.*
[749] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Mitar Bakić, Generalni sekretar Privremene vlade DFJ o ratnoj šteti nanetoj Jugoslaviji, 19. avgust 1945., Beograd, 1983, 668-672.
[750] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 337.
[751] *Ibid.*
[752] *Ibid.*

1945 година наредил за обновата на земјоделството да се ангажира и војската во позадината на фронтот.[753]

Меѓу југословенското население се појавиле ентузијазам и оптимизам за обнова и модернизација на земјата и за организирање и развој на економскиот живот, кои делумно биле мотивирани и од страна на партискиот агитпроп. Најпрво започнала борба за обезбедување исхрана на населението и војската. Биле формирани работни бригади, при што голем дел од младината била вклучена кон истиот процес. Овој процес во Југославија започнал под девизата: *„Нема одмор додека трае обновата“*.[754]

Една од карактеристиките на обновата и модернизацијата на земјата била масовноста за доброволна работа кај југословенскиот народ, како и работата на граѓаните за обнова на своите имоти. Ова било големо значење и придонес за општествено-економскиот развој на Југославија. Во процесот на обнова на земјата биле вклучени широки слоеви од населението, и тоа: младината, членовите на ЈНОФ, административните органи, воените единици и синдикално организирани работници. Се пристапило кон пошумување на земјата, кон поправка на сообраќајните комуникации, односно патиштата, мостовите и шините, како и кон изградба на нови станбени згради, училишта и стадиони. Младината, исто така, била вклучена и во помагање на жетвата и во собирање на дрва за огрев. Всушност, обновата и модернизацијата на земјата била *„прв значаен југословенски ритуал на интеграција“*.[755] Покрај доброволната работа, биле организирани и натпревари и систем на ударни седмици.

Новото комунистичко раководство во Југославија, особено по пресметката со воено-политичките и идеолошки неистомисленици и по извојувањето на победа во главната политичка борба на изборите за Уставотворно собрание, можело слободно и неограничено да ги креира и спроведува политиките во државата, меѓу кои и од областа на економијата, без притоа наидување на сериозен отпор. Всушност, југословенските комунисти, сосема природно, сакале политичката и воената победа да ги надополнат со успешна економска политика

---

[753] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 465.
[754] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 228.
[755] *Ibid.*

преку создавање на државен сектор, од каде ќе може да се управува со развојот на стопанството во Југославија.

Во Југославија, во согласност со идеологијата и политичката концепција на КПЈ, започнал процес на општествена трансформација на земјата, односно процес на воспоставување на општествено-социјалистички систем и промена на имотно-сопственичките односи. Овој процес во Југославија се одвивал со големи тенденции за примена на советскиот социјалистички модел.[756] Процесот започнал уште пред завршувањето на воените дејствија и без наидување на поголеми практични пречки, бидејќи комунистите успеале да ги заземат највиталните функции во механизмот на власта, додека партизаните ја контролирале ситуацијата на терен. Овој процес во Југославија се одвивал постепено.

Паралелно со модернизацијата во Југославија се одвивала социјалистичката трансформација на селото. Комунистичкото раководство презело мерки за надминување на заостанатоста, поточно да го подигнат степенот на образование, да создадат модерна земјоделска техника и да ја зголемат продуктивноста. Истиот процес на терен го помагале и партиските функционери, дури и по пат на сила. Меѓутоа, реформските мерки што новото комунистичко раководство ги спроведувало *„не навестуваше проселански курс на развој“*.[757]

Посебна улога во овој период имале Планската и Контролната комисија. Контролната комисија уживала навистина огромна моќ во државата, од следните причини: имала контрола над луѓето и нивните постапки и вршела надзор над сите работи во земјата. Резултатите од работата на комисиите биле поднесувани на Стопанскиот совет, на чие чело се наоѓал Борис Кидрич. Нему му припаднала главната задача за централно планирање на стопанството.

---

[756] Меѓутоа, иако револуцијата во Југославија била инспирирана од идеите на Октомвриската револуција во СССР од 1917 година, сепак имала свои карактеристики во однос на тие од СССР, и тоа: револуцијата во Југославија имала поширока димензија на социјалната база и поддршка; не била изведена во облик на *„молњевита класна војна“*, како што бил случајот во СССР, туку во сферата на народноослободителната борба во која *„буржоазијата“* била осуетена; и револуцијата во Југославија го решавала социјалното и националното прашање како неразделно прашање. (Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 95). Според Едвард Кардељ, примената на друг модел во економијата би претставувало ризик *„за претворање на КПЈ во ‘ситна буржоаска партија’“*. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 20).
[757] *Ibid*, 22.

Во процесот на државно планирање на југословенското стопанство, со оглед на тоа што новата држава била организирана врз федеративен принцип и како рамноправна заедница, југословенското раководство морало да ги земе во предвид националните и регионалните проблеми, со цел изедначување на економските услови во сите федерални единици. На тој начин, *„политички фабрики"* биле основани во заостанатите области во Југославија, како: Босна и Херцеговина, Македонија и Црна Гора, кои имале најголема полза од оваа економска политика и концепт на комунистичкото раководство. Всушност, овие земји биле многу зависни од централната економска помош. Таквата политика за изедначување на економските услови во сите региони не било карактеристика во СССР и во источните европски држави.

За населението бил воведен посебен систем на *„точкици"* и *„рационализирано"* снабдување со прехранбени производи и продукти за секојдневна употреба.

Во обновата на земјата примарни биле домашните извори. Меѓутоа, освен на сопствените извори, со цел надминување на проблемот со гладот кај населението, НКОЈ се потпрел на помошта на АМЛ. На 19 јануари 1945 година во Белград, Јосип Броз – Тито, во името на ВШ на НОВ и ПОЈ, а во согласност од ројалистичката влада, склучил договор со АМЛ, со кој организацијата требало да ги снабдува ослободените области на Југославија со лекови, храна и облека.[758] Притоа, АМЛ испраќала помош од февруари до 15 април 1945 година. Подоцна, помош пристигнувала од страна на УНРРА. На 23 март 1945 година, набрзо по формирањето на Привремената влада на ДФЈ, бил потпишан договор помеѓу југословенската влада и делегацијата на УНРРА, со кој се предвидувало снабдување на југословенските народи со храна, лекови, облека и обувки, земјоделски алати, автомобили и локомотиви, како и услуги на различни специја-

[758] Раководството на НКОЈ се спротивставило персоналот на АМЛ да доставува и исклучиво да дистрибуира помош, па со договорот било предвидено со оваа дејност да се занимаваат ограничен број до 300 војници и службеници на Организацијата за воена врска и УНРРА. Исто така, било договорено дека југословенските власти на Организацијата за воена обврска ќе и олеснат да го набљудува процесот на дистрибуција на помошта во земјата. Првиот голем брод за помош на цивилното население пристигнал во Каштел Шуќурац, Далмација, околу 15 февруари 1945 година. (Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 338; Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 833).

листи, кои владата ќе ги повикала на соработка.[759] УНРРА испраќала санитетски и технички тимови. Исто така, помагала и при репатриацијата на збеговите од северна Африка.

Во периодот од април до јули 1945 година била воведена единствена парична единица: динар на ДФЈ.[760]

Поради идеолошки причини против капиталистичкиот економски систем, не доаѓало во предвид внес на странски капитал во земјата.

Процесот на индустријализација, во сферата на процесот на модернизација, бил од круцијално значење и потреба, како за новата држава, така и за новото комунистичко раководство во Југославија, бидејќи во голем степен од истиот процес зависел понатамошниот развој на општествено-социјалистичкиот систем во Југославија. Акцентот во југословенската индустријализација бил ставен врз развојот на тешката индустрија и проектите за електрификација на земјата. Во суштина, аграрната политика што ја спроведувала КПЈ *„ја отсликуваше јасната заложба на партијата во поглед на индустријализацијата“*.[761] Секундарниот сектор требало да го апсорбира вишокот од работната сила на селото, да ја задоволи побарувачката на стоката со широка потрошувачка и да го

---

[759] Според договорот, било предвидено дистрибуцијата на стоките во Југославија да ја извршува југословенската влада со учество на претставници на УНРРА како набљудувачи. Потписници на договорот биле министерот за трговија и снабдување во Привремената влада на ДФЈ, инж. Никола Петровиќ, и заменик генералниот директор на УНРРА, Рој Хендриксон. Извршната политика на УНРРА во Југославија ја спроведувала мисијата во Белград од април 1945 до јуни 1947 година. Помошта од УНРРА започнала да пристигнува од средината на 1945 година преку јадранските пристаништа, Солун, Варна и Констанца. Најголемиот товар паднал на југословенските пристаништа: Сплит, Дубровник, Задар и Шибеник. УНРРА испраќала дел од пратките од воените вишоци складирани во Анверс, Марсеј, Неапол и Салерно. Должноста на шеф на мисијата на УНРРА од август 1944 до мај 1945 година ја вршел австралискиот државјанин Алан Хал, кој потоа бил заменет од страна на советскиот државјанин Михаил Сергејчик. УНРРА имала регионални директори за Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Далмација. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945,* Saopštenje o sporazumu Privremene vlade DFJ i UNRRA-e, 23. Mart 1945., Beograd, 1983, 833). Претходно, во септември 1944 година НКОЈ се откажал од помошта на УНРРА, бидејќи не се согласил со нејзините услови, поточно НКОЈ не го прифатил предлогот за дистрибуцијата на помошта во Југославија да се извршува преку специјалниот апарат кој УНРРА сакала да го инсталира во Југославија, додека НКОЈ барал тоа да го извршуваат органите на *„народната власт“*. Истовремено, со таквиот чин Тито сакал да им стави до знаење на западните сили дека Југославија *„нема да дозволи да биде уценувана“*. (Ibid, Saopštenje radio-stanice „Slobodna Jugoslavija“ o otkazivanju pomoći UNRRA-e, 29. septembar 1944., Beograd, 1983, 826-827).

[760] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 465.

[761] Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 22.

започне самоодржливиот раст на економијата. Всушност, *„тој сектор бил двигател за темелна промена на заостанатата социјална структура“*.[762]

Уште во периодот пред завршувањето на војната, а особено по нејзиното завршување, се одвивал процес на промена на имотно-сопственичките односи во земјата. Започнал процес на национализација на земјата со постепено укинување на приватната сопственост. Цел и намера на новото раководство при спроведувањето на истиот бил развластување на буржоазијата во Југославија.

Југословенско државно раководство презело радикални мерки за воведување на државна сопственост над средствата за производство и постепено ликвидирање на секоја форма на приватна сопственост. Приватната сопственост се одземала преку примена на разни средства и методи, и тоа: по пат на конфискација, експропријација, секвестар, одземање на воената добивка, аграрна реформа и низ разни други мерки на воспоставување на државна сопственост.

Првата фаза од процесот на промена на имотно-сопственичките односи траела во периодот од 1944 до 1946 година. Меѓутоа, оваа политика наишла на низа пречки.

На 21 ноември 1944 година Президиумот на АВНОЈ донело решение за *Премин во државна сопственост на непријателскиот имот, за државна управа над имотот на неприсутните лица и за секвестар над имотот кој окупаторските власти присилно го отуѓиле*. Со решението на АВНОЈ, се конфискувал: целиот имот на Третиот Рајх и на неговите граѓани на територијата на Југославија; целиот имот на лицата од германска етничка припадност, со исклучок на оние се бореле на страната на НОВ и ПОЈ или биле припадници на неутрални држави, а во текот на војната не биле непријателски настроени кон НОВ и ПОЈ; целиот имот на воените злосторници и на неговите соработници, без оглед на нивното државјанство. Со решението, исто така, под контрола на ДУНД, до конечното решение околу статусот на имотот, имотот на отсутните лица кои во текот на окупацијата насилно биле одведени од страна на непријателот или самите побегнале. Понатаму, со решението, се предвидувало, имотот кој под притисок на окупациските власти преминал во сопственост на трети ли-

[762] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 229.

ца преоѓал до понатамошното решение под секвестар на државата.[763] Под секвестар преминувале оние имоти кои не можеле правно да се конфискуваат, од следните причини: бидејќи не се познавал сопственикот; бидејќи сопственикот се наоѓал во странство; кога однесувањето на сопственикот во војната било нерасчистено; како и претпријатијата на странските државјани и држави.[764]

Соодветно тоа решение на АВНОЈ, била конфискувана над 80% од приватната сопственост во клучните сектори.[765] На тој начин, било *„формирано јадрото на повоеното национализирано стопанство во Југославија"*.[766] Започнала промената на имотно-сопственичките односи во Југославија со конфискација на имотите на противниците на НОВЈ и врз база на секвестар над имотите. Имено, секвестарот *„значел фактичко раководење и управување со имотот, но без промена на нејзината сопственичка база"*.[767] Меѓутоа, тој претставувал преодна форма. Поимите *„воени злосторници"* и *„нивни помагачи"* во овој случај, согласно спроведување на одлуката на АВНОЈ, биле доста растегливи во нивното интерпретирање, па така постоела голема веројатност за голем број од преостанатите приватни сопственици да бидат обвинети во тој широк дијапазон за соработка со окупаторот или да бидат етикетирани како класни непријатели. Најголем дел од капиталистичката сопственост била конфискувана во текот на 1945 година поради *„соработка со окупаторот"*.[768]

ДУНД, заедно со ЗУНД, при Повеternството за трговија и индустрија при НКОЈ, претставувал стопанско претпријатие под чијашто контрола било огром-

---

763 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka Predsedništva AVNOJ-a o prelazu u državnu svojinu neprijateljske imovine, o državnoj upravi nad imovinom neprisutnih lica i o sekvestru nad imovinom koju su okupatorske vlasti prisilno otuđile, 21. novembar 1944., Beograd, 1983, 681-682.

764 *Ibid*, 682. Имено, југословенските власти по извршената национализација на капиталот на противниците, започнал со конфискација на капиталот на странските сопственици од сојузничките земји. Со спроведувањето на тој чин, југословенското раководство се судрило со голем број странски држави, особено со Чехословачка, бидејќи чехословачките влади, по извршената национализација на својата индустрија во 1945 и 1946 година, ги поседувале и имотите на чешките капиталисти на територијата на Југославија. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 21).

765 Мари-Жанин Чалиќ, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 229. Со овој процес на експропријација биле опфатени и некогашните британски рудници на олово и цинк во Трепча, Косово, како и чехословачката индустрија за кожа *„Бата"*. (Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 40).

766 *Ibid*.

767 Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Beograd, 1983, 682.

768 Dušan Bilandžić, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918-1985*, Zagreb, 1985, 99.

но количество на експроприран имот и ги ставало индустриските претпријатија во погон. ДУНД одредувал кој имот бил од општо државно значење. Според решението на Президиумот на АВНОЈ, целта од поставувањето на сите национализирани или секвестирани имоти под контрола и надзор на ДУНД била *„максимално искористување на тие имоти за планско производство“* поради: што побрзо извојување на победа над противниците и ослободување на земјата, како и создавање на услови за економска обнова и изградба на Југославија.[769] Со контролата врз секвестрираниот претпријатија, државата можела, без промена на сопственичкиот статус, да остварува акумулација. Исто така, странските претпријатија потпаднале под секвестар од причина што со процес на конфискација да не се предизвикува револт кај нивните сопственици.

Во почетокот на јануари 1945 година била формирана Врховна комисија за замена на парите.[770]

На 24 мај 1945 година бил *донесен Закон за одземање на воената добивка стекната за време на непријателската окупација*. Во контекст на содржината на законот, под воена добивка се подразбирал вишокот, односно зголемувањето на капиталот во текот на окупацијата. Законот го опфаќал целиот приход од продажбата на стока и продукти на окупаторот и на неговите соработници. Според законот, сите приходи кои, по одбивањето на трошоците за живот, изнесувале 25.000 динари, се одземале како воена добивка. Воената добивка ја утврдувале граѓански комисии. Исто така, се одземал процент од секого кој при замената на окупаторските пари имал повеќе од 5.000 динари.[771] Со овој данок особено била погодена ситната буржоазија, бидејќи поради растегливоста во дефинирањето и толкувањето на поимите *„воена добивка“* и *„воен профитер“*, постоела можност да бидат опфатени дури и ситните трговци и селани. На тој начин, била предвидена експропријација на економски постабилните слоеви.

---

[769] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Odluka Predsedništva AVNOJ-a o prelazu u državnu svojinu neprijateljske imovine, o državnoj upravi nad imovinom neprisutnih lica i o sekvestru nad imovinom koju su okupatorske vlasti prisilno otuđile, 21. novembar 1944., Beograd, 1983, 681-682.
[770] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 337.
[771] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Zakon o oduzimanju ratne dobiti stečene za vreme neprijateljske okupacije, 24. maj 1945., Beograd, 1983, 683-684.

На 9 јуни 1945 година Привремената влада на ДФЈ донела *Закон за конфискација на имотот и за извршување на конфискацијата*, со кој било предвидено целосна и делумна конфискација.[772] Според законот, покрај останатото, државата го оневозможила префрлувањето одговорност, односно нанесувањето дополнителен товар на органите на социјалната политика околу издржувањето на членовите на семејството на лицето кое било осудено на конфискација, така што државата предвидувала задржување одреден дел од имотот на истите со цел нивно самостојно издржување.

Од ноември 1946 година индустријата, банкарството и трговијата на големо официјално преминале во рацете на државата. Надвор од тоа останале селското стопанство, занаетчиските претпријатија и станбените згради.

Истовремено, основниот данок за малите претпријатија бил зголемен за десет пати. Исто така, поради новата контрола на цените, производувачите честопати се наоѓале во ситуација да ги продаваат своите продукти по доста ниски цени, поточно цени кои дури не ги надмирувале трошоците за производство. Кога поради таквите воспоставени околности и услови малите претпријатија прогласувале банкрот, тие биле преземани од страна на општествениот сектор.

Преку одземање на приватната сопственост, партиската држава обезбедила материјална основа на своето владеење. Во декември 1946 година на сила стапило решението за спроведување на целосна национализација. Државното раководство на ФНРЈ се определило за општа национализација, со која биле опфатени сите приватни стопански претпријатија во 42 стопански гранки и сите постојни банки по конфискацијата и секвестрацијата. Приватната сопственост во Југославија била ограничена на прилично мал посед, кој не можел да создава акумулација, туку обезбедувал само преживување на населението.

Во периодот меѓу октомври 1944 и август 1945 година настанале значителни демографски промени во внатрешноста на земјата. Големите површини на обработливо земјиште ги замениле сопствениците поради преселбите на населението. Особено забележителна е таквата промена во областите во кои емигрирале италијанско и германско население, особено во Истра, Далмација и

[772] Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Zakon o konfiskaciji imovine i o izvršenju konfiskacije, 9. jun 1945., Beograd, 1983, 684-686.

Војводина. Хрватско население било населено во Далмација, а хрватско и словенечко население било населено во Истра. Голем број на српско[773] и хрватско население било населено на просторот во источна Славонија, Барања и Војводина. Голем број Срби се иселиле од областа околу Книн, а голем број Хрвати истото го сториле од западна Херцеговина. На југословенскиот комунистички кадар му било од големо значење, согласно нивната идеологија и концепт за уредување на општеството, *„со помош на доселениците да создадат нов етнички мозаик кој би станал урнек и поттик за развој на југословенската национална свест“*.[774] На тој начин, *„Војводина станала област на општествен и етнички експеримент со широки размери“*.[775] Меѓутоа, нивниот обид доживеал неуспех.

Процесот на промена на имотно-сопственичките односи имал и политичка позадина, бидејќи преку овој процес имот требало да стекнат учесниците на НОВЈ. Голем број на луѓе учествувале во НОВЈ и антифашистичката војна поради желба и мотив за подобрување на материјалниот статус, што им бил ветуван од страна на организаторите. Со аграрната реформа *„земја добиваа и такви учесници што ниту можеа ниту, пак, сакаа да ја обработуваат“*.[776]

Југословенското комунистичко раководство, раководејќи се од комунистичката идеологија и од поставената цел за воспоставување на општествено социјалистички систем во Југославија, *„од почетокот било крајно доктринирано во однос на прашањето на земјоделството“*.[777]

На 23 август 1945 година бил усвоен *Законот за аграрна реформа и колонизација*. Овој закон се базирал на принципот дека земјата треба да му припаѓа на оној којшто ја обработува. Со овој закон била легализирана конфискацијата. ЗАРИК требало да послужи *„како форма на решавање на т.н. селанско прашање во Југославија“*.[778] Врз основа на ЗАРИК биле експроприрани: големите имоти над 45 хектари, односно 25 до 35 хектари од најдобрата обработли-

[773] Српските колонисти коишто го населиле просторот што претходно го напуштило германското малцинство доаѓале од Лика, Босна и Херцеговина и Црна Гора. (Иво Банац, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016, 22).
[774] Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 41.
[775] *Ibid*, 40.
[776] *Историја на македонскиот народ*, Тодор Чепреганов, Скопје: Институт за национална историја, 2008, 317.
[777] Барбара Јелавич, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999, 449.
[778] Branko Petranović, *AVNOJ, Revolucionarna smena vlasti 1942-1945*, Beograd, 1976, 345.

ва земја; земјишните поседи во сопственост на банки, претпријатија, акционерски друштва и други приватно-правни и правни лица одредени со закон, освен терените кои биле предвидени за индустриски, градежни, научни, културни и други општествени дејности; земјишни поседи во сопственост на цркви, манастири, верски установи и на сите видови добротворни фондации; вишокот од обработлива земја на земјоделските поседи над законскиот утврден максимум; вишокот од обработлива земја над 3 до 5 хектари што ја обработувале надничари; и земјишните поседи кои во текот на војната останале без сопственик и законски наследник. Според законот, не бил предвиден никаков надомест за одземаната земја. Според него, тракторите, машините и крупните земјоделски инструменти требало да бидат предадени во инвентарот на државните земјоделски машински станици. Според ЗАРИК, големината на имотот којшто можел да остане во приватна сопственост зависела од квалитетот на земјиштето, бројот на членови на фамилијата (задругата) и видот на културата, меѓу 20 и 35 хектари, под услов имотот да го обработува цело семејство. На црквите, манастирите и верските установи им биле оставени по 10 хектари, со исклучок на позначајни историски споменици на кои им било дозволено да имаат по 30 хектари обработливо земјиште и по 30 хектари шума, а притоа, државата го задржала правото да одредува кои црковни установи имаат историско значење.[779]

Претставниците од т.н. *„вонфронтовска опозиција“* во овој период развиле пропаганда за *„семоќноста на приватниот дух, за неговата спасоносна улога“*.[780] За Милан Грол, претседателот на Демократската партија, брзината од спроведувањето на ЗАРИК била неспоива со неговата ефикасност, и се залагал црковните имоти да бидат исклучени од ЗАРИК.[781] Водачот на фракцијата на СДС вон НФЈ, д-р Душан Бошковиќ, на 22 август 1945 година се спротивставил на брзината на усвојувањето на ЗАРИК, на *„сецкањето“* на земјата, и настојувал земјишниот максимум да биде поголем.[782]

---

[779] *Треће заседање Антифашистичког веће народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 505-515.
[780] Branko Petranović, *Istorija Jugoslavije 1918-1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija 1941-1945*, Beograd, 1988, 470.
[781] *Ibid.*
[782] Крупниот земјопосопственик од Војводина, д-р Душан Дуда Бошковиќ, предупредил и на големата несразмерност на земјиштето меѓу одделни области, на пример Војводина и Далмација. Имено, еден хектар земјиште во Далмација вредел 10 пати повеќе од еден хектар земјиште во Војводина, па поради тоа била нанесена голема штета на сметка на Војводина. Според него, таа

На 4 септември 1945 година бил формиран Аграрен совет на ДФЈ, составен од сојузните министри за земјоделие и колонизација, претседател на Државната земјоделска комисија и други лица коишто биле именувани од Претседателот на Владата, кој истовремено го именувал и претседателот на Аграрниот совет на ДФЈ. Првиот состав на Аграрниот совет на ДФЈ го сочинувале: Моша Пијаде, во својство на претседател; Васо Чубриловиќ, министер за земјоделство; Сретен Вукосављевиќ, министер за колонизација; Максим Горановиќ, претседател на Државната земјоделска комисија; понатаму Филип Лакуш, Владо Шегрт, Богдан Орешчанин, Јован Веселинов, Јерко Радмиловиќ, Здравко Ромац, Димитрије Бајалица, Ванчо Бурзевски, Милан Бринар и Влајко Беговиќ.[783]

Аграрниот совет на ДФЈ, во согласност и соработка со Стопанскиот совет на ДФЈ, раководел со спроведувањето на ЗАРИК, ја координирал работата при носењето на земските закони и одредби за спроведување на аграрната реформа и колонизација во републиките, како и работата на Одделите за аграрна реформа и колонизација при републичките министерства за земјоделие и шумарство.

Од 2 февруари 1946 година Комисијата за аграрна реформа и колонизација при Владата на ФНРЈ ги презела ингеренциите и работата на Аграрниот совет на ДФЈ околу спроведувањето на аграрната реформа и колонизација. Комисијата, исто така, го презела и раководството со колонизацијата на боречките семејства во Војводина.

Конфискуваните имоти не биле национализирани, туку преминале во сопственост на народниот земјишен фонд, а потоа им биле разделени на безземјашите и на ситните земјосопственици. Била извршена експропријација на 1.600.000 хектари земјиште.[784] Од експропријацијата биле опфатени и погодени банките, фирмите, црквите, манастирите, големопоседниците и фолксдојчерите. Меѓутоа, само 51% од прераспределената земја дошла во рацете на одделни земјоделци, односно меѓу воени ветерани и селската сиромаштија.[785] Оста-

---

разлика би исчезнала доколку во Војводина земјишниот максимум би бил меѓу 50 и 60 хектари земја. (Slobodan Nešović i Branko Petranović, *AVNOJ i revolucija: Tematska zbirka dokumenata 1941-1945*, Dr Duda Bošković protiv rešenja Agrarne reforme, 22. avgust 1945., Beograd, 692-694).

[783] Marijan Maticka, „Organi za provođenje agrarne reforme i kolonizacije u Jugoslaviji (1945-1948)", *Arhivski vjesnik, 31/1987*, Zagreb, 29-37.

[784] Мари-Жанин Чалић, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013, 229.

[785] Имено, од 316.415 семејства кои добиле земја, 136.454 или 43,13% од семејствата претходно биле без имот или, пак, биле колонисти, во главно, но не исклучиво, од Војводина. (Ричард Џ. Кремптон, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012, 42.)

токот од конфискуваните имоти бил доделен на државните земјоделски колективи, за машинско-тракторските станици, за одгледување стока и семе, за задругите и за новите државни претпријатија, кои биле воведени летото 1945 година со друг закон.

Со цел надминување на недостатокот на намирници, заради финансирање на процесот на индустријализација, како и заради воспоставување на социјална еднаквост и правда, во Југославија бил создаден централен систем за откуп на земјоделските производи. Селаните морале на државните органи да им го продадат вишокот од земјоделските и животински производи по фиксни ниски цени под пазарната вредност, определени од страна на државата.

Задолжителниот откуп на земјоделските производи се спроведувал по пат на принудна, а не врз доброволна основа. Оваа обврска претставувала неподнослив товар за селаните од следната причина: тие морале да ги продаваат земјоделските производи по ниски цени, а истовремено купувале занаетчиски производи по високи пазарни цени.

Оваа државна мерка многу дестимулативно се одразила на степенот на производството во Југославија. Голем број селани ја избегнувале оваа обврска, така што шверцувале еден дел од жетвата и го продавале на црниот пазар.

Југословенските комунистички власти се служеле со разни мерки на притисок, во вид на закани со апсење и строги казни, со цел да го натерат населението да ја почитува оваа обврска. Меѓутоа, по големиот отпор на населението, особено на селанството, во летото 1946 година била прогласена амнестија од страна на Владата на ФНРЈ. На тој начин, задолжителниот откуп на земјоделските производи доживеал голем неуспех од следните причини: опаѓала доставката на земјоделските производи во централниот систем за откуп на истите; расцут на црната берза; и растеж на незадоволството, како кај населението, особено селанството, така и кај владата.

- **Заклучок:**

Кралството СХС официјално било формирано на 1 декември 1918 година, а меѓународно-правно било признато на Парискатa мировна конференција во мај 1919 година. Во својата 23-годишна историја, првата југословенска држава се гледала себеси како национална држава на еден единствен југословенски народ, изграден врз основа на индивидуалните слободи, а не врз колективните права. Како што тврди српската историчарка Латинка Перовиќ, диктатурата во првата југословенска држава била латентна, од прикриена или замаскирана со Видовденскиот устав од 1921 година, потоа преминала во отворена форма по државниот удар на кралот Александар I Караѓорѓевиќ од 6 јануари 1929 година, па повторно се вратила во старата прикриена форма со Уставот од 1931 година. И покрај егзистирањето на голем број политички партии, особено со изразена национална политичка програма и стратегија, сепак историјата на првата југословенска држава се карактеризира со псевдо парламентаризам, бидејќи de facto власта била концентрирана во рацете на кралот, кој во голем степен ги застапувал српските интереси, па на тој начин првата југословенска држава наликувала на проширена Србија, со доста изразена српска доминација. Првата југословенска држава никогаш не успеала да се зацврсти како држава. Голем број југословенски влади не успеале да се одржат на власт поради драматичните внатрешните расправии околу српската и хрватската национална политика, коишто на 28 јуни 1928 година кулминирале со крвопролевање во Народното собрание на Кралството СХС, додека пак реакцијата на автократскиот режим на кралот кулминирала со атентатот врз Александар I Караѓорѓевиќ во Марсеј на 9 октомври 1934 година. Кнезот Павле, поучен од примерот со Словачка, се зафатил со компромисна политика, при што бил склучен договорот меѓу Драгиша Цветковиќ и Влатко Мачек, со кој бил формирана Бановина Хрватска, што имало контрареакција во самата држава.

Во поглед на надворешната политика, првата југословенска држава застапувала привидна неутралност. Имено, по победата на националсоцијалистите во Германија, Кралството Југославија се оддалечувало од Франција и се приближило кон нацистичка Германија. Паролата на југословенскиот премиер

Милан Стојадиновиќ гласела *„ниту војна, ниту пакт“*, но по неговото отстранување од позицијата претседател на владата, Кралството Југославија во Виена на 25 март 1941 година пристапило кон Тројниот пакт. Меѓутоа, во Белград бил изведен државен удар, па Вермахтот започнал војна со Кралството Југославија, при што југословенската држава за брзо време била принудена на капитулација. По капитулацијата, југословенската територија била распарчена на шаролик мозаик од анектирани, окупирани и привидно суверени подрачја.

Комунизмот во јужнословенските земји имал солидна потпора уште од XIX век. Во почетокот на дваесеттите години на XX век дошло до подем на комунизмот во Кралството СХС. За конзервативните и екстремно десничарските кругови комунистичката идеологија претставувала најопсна појава. КПЈ била меѓу првите партии кои пристапиле кон Третата интернационала. Во периодот од 1921 до 1941 година КПЈ дејствувала во илегала. Меѓувоениот период на КПЈ е исполнет со голем број фракциски борби, процес кој при крајот на споменатиот период резултирал со извршување на болшевизација на партијата. Во овој период, партијата не се држела за цврсти програмски формулации и оставала отворен простор за евентуална корекција на програмата во согласност до потребите во дадениот момент, меѓутоа цврсто во рамките на општата историска ориентација на комунистичкото движење. Сепак, и покрај бројните проблеми со кои се соочувала партијата и нејзините членови во меѓувоениот период, таа израснала во цврста револуционерна организација, при што по окупацијата на земјата, била подготвена за вооружена борба против окупаторот и неговите домашни соработници и помагачи.

Во почетокот отпорот против окупаторот и домашните колаборационисти во голем степен бил спонтан. По германскиот напад врз СССР, КПЈ веднаш го организирала отпорот во Југославија. Имено, окупацијата на Југославија раководството на КПЈ ја доживеало како револуционерна перспектива за остварување на своите намери за промена на државно-политичкиот и општествено-економскиот систем во Југославија. По неуспехот на соработката меѓу партизанското и четничкото движење на отпорот, наскоро борбата меѓу овие две сопернички движења на отпор добила сличен интензитет како борбата против окупаторот, при што четничкото движење дури стапило во соработка најпрво со фашистичка Италија, а подоцна и со нацистичка Германија. Политичката

иднина на Југославија во голем степен зависела од исходот на граѓанската војна во земјата. Од почетокот на војната комунистите осмислено работеле на промената на политичкиот систем. НОБ претставувала двигател и основ на легитимитетот на нивната социјалистичка револуција, која требала да ја трансформира Југославија во егалитарна држава на слободни работници и селани, во која КПЈ би имала доминантна улога во државата. Големата пресвртница во војната, како на глобален, така и на југословенски план, се случила во 1943 година, особено по успешните борби на партизанското движење во битките кај Неретва и Сутјеска, при што во првата ЈВуО претрпела катастрофален пораз од кој никогаш не закрепнала. Пристигнувањето на советските единици во Југославија како помош на НОВЈ и ослободувањето на Белград и Србија имало своевидно влијание во исходот во граѓанската војна во Југославија. Од голема олеснителна околност за раководството на КПЈ и на ВШ на НОВ и ПОЈ било решението на американскиот воен естаблишмент за отворање на вториот фронт во Европа на француска територија, а не на Балканскиот Полуостров, бидејќи на тој начин своевидно се спасиле од непосредно мешање на западните држави во внатрешните работи во Југославија, кои би го отежнувале и саботирале процесот на имплементирање на политичката концепција и стратегија на КПЈ, или во крајна мера, би ги осуетила истите.

Темелите на федеративната југословенска држава биле поставени во текот на НОБ, особено на Првото и Второто заседание на АВНОЈ во Бихаќ и Јајце. Во Бихаќ, на 26 и 27 ноември 1942 година, на своето основачко заседание, АВНОЈ бил конституиран како општонародно и општопартиско политичко претставништво на НОБ во Југославија. АВНОЈ во Прогласот до југословенските народи повикувал на воено дејствување и го промовирал начелото на федерализам. АВНОЈ покренал иницијатива за создавање на земски антифашистички собранија и народноослободителни одбори, како и проширување на бројот на народни претставници. На заседанието во Бихаќ, всушност, било изведено разграничување на политичките и воените работи на НОБ.

Југословенските комунисти на ослободените територии настојувале да покажат умешност во раководењето со локалната самоуправа, а впрочем имала и голема потреба и полза од создавање на ефикасна организација, која се протегала на разни нивоа.

Создавањето на антифашистичките собранија во југословенските земји претставувало голем чекор напред во федеративната институционализација на Југославија, но во спроведувањето на оваа иницијатива на АВНОЈ од Бихаќ не се отишло далеку, особено поради непријателските напади на слободната територија. Притоа, до Второто заседание на АВНОЈ во Јајце, дошло до формирање само на: Покраински народноослободителен одбор на Далмација, ЗАВНОХ, ИО на ОФ, ЗАВНО на Црна Гора и Бока, ЗАВНОБиХ, ИО за свикување на АСНОМ, Покраински НОО на Војводина и ЗАВНОС.

Состојбите на фронтовите во светот и напредокот на НОВ и ПОЈ овозможиле КПЈ и ВШ на НОВ и ПОЈ да преземат конкретни чекори за преуредување на Југославија. Подготовките и иницијативите за свикување на Второто заседание на АВНОЈ во Јајце временски се поклопувале со напредувањето на Црвената армија на Источниот фронт и со капитулацијата на Италија на запад.

Второто заседание на АВНОЈ било одржано на 29 и 30 ноември 1943 година во Јајце. На заседанието биле усвоени три решенија од конститутивен карактер, и тоа: Решение за врховно законодавно и извршно народно претставничко тело на Југославија и Национален комитет за ослободување на Југославија како привремени органи на врховната народна власт во Југославија за време на НОБ; Одлука за одземање на легитимитетот на југослвоенската влада во егзил, особено правото во меѓународните односи да ги застапува југословенските народи, и за забрана за враќање во земјата на кралот Петар II Караѓорѓевиќ; и Одлука за изградба на Југославија врз федеративен принцип, односно Југославија да се изгради како демократска федеративна држава на рамноправни народи, со федералните единици: Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Македонија и Црна Гора. Развојот на новата југословенска држава се карактеризира со создавање на федерација врз национален принцип, со исклучок на Босна и Херцеговина. Имено, конституитивни народи на федеративна Југославија биле оние народи кои немале своја матична држава надвор од границите на Југославија. На националните малцинства во новата југословенска држава им се признавале националните права. На заседанието во Јајце бил потврден процесот на федеративна институционализација на Југославија. Имено, АВНОЈ станал врховно претставничко тело на Југославија за време на НОБ, а НКОЈ највисок извршен и административен орган на власта, со обележје на

привремена народна влада. Исто така, било решено прашањето околу формата на идната државна власт да го реши народот по ослободувањето на земјата, оставајќи притоа простор за отворени преговори со југословенската влада во егзил, како и за меѓународно признавање на придобивките на НОБ. Големите сојузнички ддржави на Техеранската конференција формално ја признале НОВЈ, меѓутоа што се однесува до АВНОЈ и НКОЈ, нив ниту ги признале, ниту ги оспориле.

Со одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, всушност, дошло до парализам на влади во Југославија: НКОЈ и југословенската влада во егзил, коишто застапувале дијаметрално спротивни интереси и цели. Судирот меѓу двете центри на моќ бил неизбежен. Поради тоа, со арбитражна улога на големите сили, започнале преговори меѓу двете страни кои со извесни прекини траеле од јуни 1944 до март 1945 година. Големите западни сили ја фаворизирале компромисната политика во Југославија, ставајќи притоа акцент на прагматичните воени потреби. Под притисок особено на Велика Британија, компромисната политика во Југославија резултирала со договор меѓу југословенската влада во егзил и НКОЈ. Арбитражната британска политика има прикриени интереси, односно британската дипломатија ги фаворизирала силите на стариот поредок и се обидувала да спречи воспоставување на комунизам во Југославија. Сепак, арбитражната прикриено интересовна политика на сојузничките сили во Југославија немала пресудно влијание врз иднината на државата и дејствувањето на КПЈ, односно во реализирањето на нејзините цели и интереси во Југославија, ниту пак имала трагични последици по придобивките постигнати во дотогашниот тек на НОБ.

На 16 јуни 1944 година бил склучен Вишкиот договор меѓу Иван Шубашиќ, во својство на претседател на југословенската влада во егзил, и Јосип Броз – Тито, во својство на претседател на НКОЈ. Со договорот, двајцата потписници меѓусебно се признале и се обврзале на заедничко дејствување. Притоа, што било од големо значење за југословенските комунисти, биле признати воените и политичките достигнувања на НОВЈ во текот на НОБ, односно администрацијата воспоставена од АВНОЈ и НКОЈ На 7 јули 1944 година ројалистичката влада под претседателство на Иван Шубашиќ била проширена пет членови, од коишто двајца биле на предлог на НКОЈ. На 1 ноември 1944 година бил потпи-

шан Белградскиот договор меѓу Јосип Броз – Тито и Иван Шубашиќ. Белградскиот договор почивал на истите принципи како Вишкиот договор, само што сега било предвидено формирање на кралско намесништво на кое југословенскиот крал требало да му ги пренесе своите ингеренции. Со Белградскиот договор во голем степен било дефинирано идното државно уредување на Југославија до решението на конститутивното собрание. Било решено формирање на заедничка влада и бил утврден нејзиниот состав. Притоа, било уште еднаш потврдено решението за федеративната структура на Југославија од Второто заседание на АВНОЈ. Исто така, со анексите од Белградскиот договор, се одредувал рокот за одржување на избори за конститутивно собрание најдоцна три месеци по ослободувањето на земјата, што подоцна нема да биде испочитувано, потоа се пропишувало АВНОЈ да ја извршува законодавната власт до завршувањето на работата на конститутивното собрание, а владата да ја поседува извршната власт, и така натаму. Со Белградскиот договор бил прифатен, барем привремено, плуралистичкиот политички систем во Југославија, и било дозволено легално дејствување на граѓански политичари и политички партии, идеолошки противници и неистомисленици на југословенските комунисти.

Југословенскиот крал, свесен за ситуацијата и својата позиција, подоцна се обидувал да го саботира и осуети договореното во Вис и Белград, со разни методи меѓутоа, под меѓународен притисок, особено под притисок на Велика Британија, на крајот попуштил. Овие негови непромислени, но сосема оправдани чекори придонеле кон слабеење на неговото влијание, како во Југославија, така и кај меѓународниот фактор.

На конференцијата во Јалта на Крим, одржана од 4 до 11 февруари 1945 година, трите големи сојузнички сили го потврдиле договореното во Белград меѓу Јосип Броз – Тито и Шубашиќ и препорачале брзо имплементирање на договорот. Меѓутоа, било предложено проширување на составот на АВНОЈ и негово преименување во Привремено собрание, како и дека законските акти што ги донел АВНОЈ да бидат поднесени на потврда во Уставотворното собрание. На тој начин, со препораката од Кримската конференција, Белградскиот договор официјално меѓународно бил санкциониран, меѓутоа со гаранции за почитување на основните принципи на демократските слободи и со ветување за спроведување на демократски избори во Југославија во рок од три месеци по

ослободувањето на земјата. Југословенското комунистичкото раководство ги прифатило препораките, особено од причина што било свесно за предноста којашто ја поседува на југословенски терен во однос на силите на стариот поредок, стекната за време на НОБ.

На 7 март 1945 година, врз основа на Белградскиот договор и препораките од Кримската конференција, била формирана Привремената влада на ДФЈ под претседателство на Јосип Броз – Тито. Новата влада била хибридна според својот национален и политички состав. Таа работела врз основа на законите на АВНОЈ. Владата не била ниту монолитна. Мнозинството членови на новиот државен кабинет ги поддржувало вредностите на НОБ и ја спроведувало политиката и концептот на ЈНОФ, подоцна НФЈ. Притоа, федеративната структура била запазена и во составот на новиот кабинет. Владата била меѓународно призната од страна на големите сили уште во текот на март 1945 година. На тој начин, раководството на КПЈ ја реализирало својата замислена цел и ги зацврстило своите позиции во државата. Улогата на граѓанските политичари во државниот кабинет била само од формален карактер. Целата власт, всушност, била концентрирана во рацете на Политбирото на КПЈ, односно околу мала група на луѓе блиска на лидерот на КПЈ, Јосип Броз – Тито. Под контрола на југословенските комунисти биле најважните државни ресори, со исклучок на министерството за надворешни работи, но и со големо влијание и таму.

Во Декларацијата на Привремената влада на ДФЈ биле изнесени основите на внатрешната и надворешната политика, и тоа: продолжување на НОБ до дефинитивен крај на војната, како прва и најважна цел; активности за присоединување на *„националните територии“* на Југославија; рамноправност на југословенските народи; гаранција на демократските права и граѓанските слободи; строго казнување на воените злосторници, агенти на окупаторот и на *„народните предавници“*; проширување на составот на АВНОЈ со претставници кои не биле компромитирани во соработка со непријателот; економска обнова на земјата; обезбедување целосна слобода и помош на приватната иницијатива во стопанството; посветување особено внимание на задругарството; очекување на целосна поддршка од сојузниците со цел надминување на недостигот на продукти, неопходни за живот; решавање на т.н. селанско прашање со спроведување на аграрна реформа и колонизација; решавање на проблемот со дол-

говите; спроведување на социјално осигурување; посветување посебно внимание кон жртвите во војната; решавање на прашањето за законодавството со уредувањето на судовите; изградба на *„народната власт“* во демократски дух; формирање на владите на федералните единици; спроведување на слободни избори за конститутивно собрание врз основа на општо, тајно гласање, по ослободувањето на земјата; и зацврстување и понатамошна соработка со сојузниците.

Во периодот од 5 до 7 август 1945 година во Белград бил одржан Првиот конгрес на ЈНОФ за цела Југославија. На конгресот организациите на Народниот фронт во федералните единици се обединиле во единствена мирновременска организација НФЈ. НФЈ претставувала политичка основа на ДФЈ. НФЈ била составена од следните политички групи: КПЈ, СДС, СЗ, НСС, ХРСС, ЈРС, НРС, СДПЈ, ЈДРС, СПЈ и други. Претседател на НФЈ бил Јосип Броз – Тито, а генерален секретар бил Сретен Жујовиќ. Основната сила на НФЈ била олицетворена во масовните организации ЈСРНЈ, АФЖ и УСАОЈ. Во основните програмски начела на НФЈ спаѓале: зачувување на државната целина и независност на ДФЈ и борба за целосно обединување на сите народи на Југославија, вклучувајќи ги и оние кои дотогаш биле под туѓа власт, потчинети на национално угнетување; братство и единство; целосна рамноправност на народите и федеративно уредување на ДФЈ; јужнословенско братство и балканска солидарност; пријателство со сите слободољубиви народи, во прв ред со Велика Британија, САД и Франција; за мир меѓу народите; одбрана на народната власт; републиканска форма на владеење во ДФЈ; обезбедување на демократски права, како слобода на совест и вероисповед, слобода на собири и договор, слобода на здружување и слобода на печат; социјална правда; за учество на жената во сите области на политичкиот и општествениот живот; обнова и изградба на земјата; поширока примена на техниката и науката во сите области; и друго. Раководна улога во НФЈ имала КПЈ. Всушност, НФЈ ја изразувал широката политичката основа на новиот поредок во Југославија.

По формирањето на народните влади на федералните единици, од 7 до 10 август 1945 година било одржано Третото заседание на АВНОЈ во Белград. На ова заседание, АВНОЈ се конституирал како Привремено народно собрание на ДФЈ. Составот на АВНОЈ, односно Привременото собрание на ДФЈ бил про-

ширен на поразличен начин во однос на препораката од Јалта, така што во составот влегле пратеници од последното собрание на Кралството Југославија, политичари од разни политички групи и организации, како и одреден број поединци. Всушност, проширувањето на АВНОЈ не произлегувало од внатрешни потреби, туку од меѓународни обѕири на победниците спрема големите сојузнички сили. Привременото народно собрание на ДФЈ донело низа важни закони за краток временски период, меѓу кои посебно се истакнуваат: Законот за избирачки списоци, Законот за уставотворно собрание, Законот за избор на народни пратеници за Уставотворно собрание (Сојузно собрание и Собрание на народите), Законот за печат, Законот за здруженија, собири и други јавни групи, Законот за уредување на народните судови, Законот за аграрна реформа и колонизација, Законот за кривични дела против народот и државата и така натаму. На тој начин, биле поставени основите на политичкото закодавство, биле решени прашања од областа на општествено-економските односи, судството било регулирано и биле заштитени основните револуционерни установи и новите односи во Југославија.

Потоа се пристапило кон подготовки за организирање на избори за Уставотворно собрание. Изборната кампања се карактеризирала со следните фактори: општа мобилизација на КПЈ и НФЈ, висок степен на политизација, злоупотреба на државните функции и институции од страна на државно-партиските раководители, особено војската и тајната полиција, општо воодушевување на организираните маси, зголемено избирачко тело, укинување на опозицискиот печат, заплашување на опозициските гласачи и ред други изборни нерегуларности. Изборите за конститутивното собрание биле одржани на 11 ноември 1945 година, меѓутоа со апстиненција на т.н. вонфронтовски партии и политичари. Поради големиот број нерегуларност и злоупотреби од страна на државно-партиските раководители, опозициските партии се повлекле од изборниот процес, а пак граѓанските политичари Милан Грол, Иван Шубашиќ и Јурај Шутеј дале оставки од своите позиции во Привремената влада на ДФЈ. Тие биле оневозможени да сторат нешто од посериозна природа што би можело да ја загрози позицијата и моќта на Политбирото на КПЈ во Југославија.

Листата на НФЈ освоила апсолутна победа на изборите. Уставотворното собрание на ДФЈ се конституирало на 29 ноември 1945 година. За негов претсе-

дател бил именуван Иван Рибар. Уставотворното собрание на ДФЈ усвоило Декларација за прогласување на Федеративна Народна Република Југославија, со која била укината монархијата, а била прогласена република. Кралот Петар II Кара-ѓорѓевиќ и династијата Караѓорѓевиќ биле лишени од сите права, а на кралот му било забрането враќање во земјата. Во Декларацијата било истакнато дека ФНРЈ претставува заедница на рамноправни народи кои слободно ја изразиле својата волја да останат обединети во Југославија. Ова значело дефинитивно ликвидирање на државно-правниот систем кој бил негуван во периодот од 1943 до 1945 година. Со овој чин дефинитивно бил извршен преминот кон воведување на еднопартиски систем во Југославија. На тој начин, во Југославија била извршена револуционерна промена на власта. Со тоа завршила и главната политичка борба меѓу НФЈ, под водство на КПЈ, и силите на стариот поредок. По овој политички пораз, граѓанските партии и политичари ја загубиле основата за политичко организирање и дејствување, па постепено се повлекувале, иако и понатаму продолжиле со ширење на националистички шовинизам и странска пропаганда, меѓутоа не биле способни да организираат сериозен отпор на новиот поредок во понатамошната изградба на општествено-економскиот социјалистички систем.

На Второто заседание на АВНОЈ во Јајце не биле докрај изведени формите на одделни федерални единици и притоа биле оставени на дополнително усогласување и утврдување многу прашања, и тоа: околу границите на федералните единици, трајната положба на одделни региони, како и структурата на одделни членки на сојузот како унитарни или сложени. До дефинитивни решенија околу конечниот изглед на федеративна Југославија и нејзините федерални единици дошло дури во периодот меѓу Второто и Третото заседание на АВНОЈ, од декември 1943 до август 1945 година, со конституирањето на членките на сојузот како државни индивидуалитети врз принципите прогласени во Јајце. Имено, прашањето околу автономија на одредени региони не било разгледано на заседанието на АВНОЈ во Јајце, поради прагматичноста и сензитивноста во дадениот момент, иако станувало збор за круцијално прашање околу идната федеративна структура на југословенската држава.

По заседанието на АВНОЈ во Јајце, продолжило проширувањето и зацврстувањето на највисоките политички претставништва на југословенските

народи, и тоа: набрзо бил формиран и Областен НОО за Косово и Метохија. Словенечкиот НОО бил претворен во СНОС и издвоен од ОФ. ЗАВНО на Црна Гора се претворил во ЦАСНО. ЗАВНОБиХ се претворил во највисок орган на државната власт во Босна и Херцеговина. АСНОМ се конституирал во највисоко законодавно и извршно тело на македонската држава. Исто така, во Србија највисоко извршно и законодавно тело станал АСНОС. Била решена ситуацијата и со Санџак, Војводина и со Косово и Метохија. Притоа, Србија станала сложена федерална единица во рамките на федеративна Југославија, бидејќи кон нејзиниот состав биле приклучени автономната покраина Војводина и автономната област Косово и Метохија.

Уставот на ФНРЈ бил донесен на 31 јануари 1946 година, а Уставотворното собрание се преименувало во Народно собрание на ФНРЈ, составено од два дома. ФНРЈ била составена од 6 републики: Србија, Словенија, Хрватска, Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Војводина добила статус на автономна покраина, а Косово станало автономна област. Белград бил одреден за главен град на Југославија. Значи, со Уставот на ФНРЈ била напуштена доктрината на троплеменски народ, карактеристична за поранешната југословенска држава, бидејќи сега Македонците и Црногорците добиле статус на нација. Поделбата на надлежностите била извршена меѓу сојузната држава, републиките, територијалните самоуправи и локалните самоуправи. Народот во ФНРЈ уживал поширокиграѓански слободи во споредба со народите од останатите источноевропски комунистички држави.

И покрај многуте тешкотии со кои се соочило комунистичкото државно раководство во Југославија, сепак биле реализирани значителни успеси. Имено, федеративната симбиоза од различни етнички групи, јазици, религии, историски врски и економски ресурси придонела за создавање на доста комплексна ситуација во Југославија, особено во споредба со останатите балкански држави. И покрај наведените фактори, државата останала компактна. И не само тоа, истовремено државата била доволно силна за да може да дозволи општествени и економски експериментирања. Меѓутоа, како што констатира историчарката Мари-Жанин Чалиќ, директната демократија и социјалистичкото југословенство наскоро се покажале како химера.

Веднаш по завршувањето на војната, на надворешно-политички план новата југословенска држава била изложена на големи потреси и притисоци, особено во кризата околу Трст и Julijска Краина, првата голема повоена криза, западната притоа во атмосфера на политичка и воена тензичност, со потенцијал за ескалација во одреден момент, соочена со евентуален напад од страна на западните сојузници, особено САД и Велика Британија, а немање притоа поддршка од СССР во истиот чин. Понатаму, поради одредени југословенски акции, големите западни сили не само уште повеќе се оддалечиле од Југославија, туку повторно постоела можност за почеток на нов конфликт. Претседателот на Владата на ФНРЈ и лидер на КПЈ, Јосип Броз - Тито без сомнеж бил најмоќен источноевропски комунистички лидер. Од преголемо значење, особено во однос на останатите источноевропски држави, бил фактот што КПЈ во Југославија не дошла на власт благодарение на помошта од Црвената армија, иако постоела релативно мала помош кон крајот на војната, туку тоа постепено го остварувала и градела во текот на НОБ, а дефинитивно го реализирала по завршувањето на војната. Треба да се напомене и тоа дека не дошло до интегрално решавање на македонското прашање со обединување на целата територија на Македонија кон ДФМ/НР Македонија, односно кон составот на ДФЈ/ФНРЈ.

Борбата против воено-политичките противници и идеолошки неистомисленици на новото државно-партиско комунистичко раководство продолжило и во периодот по ослободувањето на Југославија, посебно во текот на 1945 и 1946 година. Комунистите ги неутрализирале и елиминирале своите воено-политички и идеолошки опоненти. Во бруталната општа чистка на противници биле елиминирани усташи, домобрани, белогардисти, четници, членови на Српскиот доброволечки корпус, фолксдојчери, припадници на т.н. *„вонфронтовска опозиција"* и така натаму. Биле применувани разни видови на средства и методи. Во таквата клима била злоупотребувана моќта на војската, полицијата, особено ОЗН-а, подоцна УДБ-а, како и на обвинителството и судовите, со голем број монтирани судски процеси, со цел да се даде правен легитимитет на постапките на новата власт.

По завршувањето на Втората светска војна, југословенските народи го славеле датумот 29 ноември како државен празник, односно како Ден на републиката во Југославија, со цел да се одбележи чествувањето на годишнината од

Второто заседание на АВНОЈ во Јајце и конституирањето на Уставотворното собрание на ДФЈ.

Револуцијата во Југославија што ја изведе југословенските комунисти била класична револуција водена *„одоздола“*, изведена во името на пролетаријатот. Притоа, таа била изведена со примена на насилство, додека антифашизмот требало да послужи како своевидно оправдание на извршеното насилство.

## ➢ Список на кратенки

**АВНОЈ** – Антифашистичко собрание за народно ослободување на Југославија.

**АМЛ** – Англо-американска воена организација за цивилна помош.

**АНОК** – Акционен народноослободителен комитет.

**АСНОМ** – Антифашистичко собрание за народно ослободување на Македонија.

**АФЖ** – Антифашистички фронт на жените.

**БРП** – Бугарска работничка партија.

**ВАНОСС** – Големо антифашистичко народноослободително собрание на Србија.

**ВМРО** – Внатрешна македонска револуционерна организација.

**ВШ** – Врховен штаб.

**ГНОО** – Главен народноослободителен одбор.

**ГНООВ** – Главен народноослободителен одбор за Војводина.

**ГШ на НОВ и ПОЈ** – Главен штаб на Народноослободителната војска и партизански единици на Југославија.

**ДАГ** – Демократска армија на Грција.

**ДУНД** – Државна управа на народната стока.

**ДФЈ** – Демократска Федеративна Југославија.

**ДФМ** – Демократска Федерална Македонија.

**ЗАВНОБиХ** – Земско антифашистичко собрание за народно ослободување на Босна и Херцеговина.

**ЗАВНОХ** – Земско антифашистичко собрание за народно ослободување на Хрватска.

**ЗАВНОЦГ** – Земско антифашистичко собрание за народно ослободување на Црна Гора.

**ЗАРИК** – Закон за аграрна реформа и колонизација.

**ЗУНД** – Земска управа на народната стока.

**ИО** – Извршен одбор.

**ИНОО** – Извршен народноослободителен одбор.

**ИOOФ** – Извршен одбор на Ослободителниот фронт.

**ЈА** – Југословенска армија.

**ЈВуО** – Југословенска војска во татковината.

**ЈДРС** – Југословенската демократска републиканска партија.

**ЈНОФ** – Единствен народноослободителен фронт.

**ЈРС** – Југословенска републиканска партија.

**ЈСРНЈ** - Единствени синдикати на работниците и службениците на Југославија.

**ККЕ** – Комунистичка партија на Грција.

**КНОЈ** – Корпус на народната одбрана на Југославија.

**КОС** – Контра-разузнавачка служба.

**КП** – Комунистичка партија.

**КПЈ** – Комунистичка партија на Југославија.

**КПМ** – Комунистичка партија на Македонија.

**КПХ** – Комунистичка партија на Хрватска.

**КСХС** – Кралство на Србите, Хрватите и Словенците.

**НДХ** – Независна држава Хрватска.

**НОБ** – Народноослободителна борба.

**НОВ** – Народноослободителна војна.

**НОД** – Народноослободително движење.

**НОВЈ** – Народноослободителна војска на Југославија.

**НО** – Народни одбори.

**НОО** – Народноослободителни одбори.

**НОФ** - Народноослободителен фронт.

**НР** – Народна република.

**НРМ** – Народна Република Македонија.

**НРС** – Народна радикална партија.

**НРХ** – Народна Република Хрватска.

**НСС** – Народна селанска партија.

**НФ** – Народен фронт.

**НФЈ** – Народен фронт на Југославија

**ОЗН** – Одделение за заштита на народот. (Популарно наречено ОЗН-а).

**ООН** – Организација на Обединетите нации.

**ПК** – Покраински комитет.

**САД** – Соединети Американски Држави.

**СДПЈ** – Социјалдемократска партија на Југославија.

**СДС** – Самостојна демократска партија.

**СЗ** – Сојуз на земјоделци или Земјоделска партија.

**СКОЈ** – Сојуз на комунистичката младина на Југославија.

**СКП(б)** - Сѐсојузна комунистичка партија (болшевици).

**СЛС** – Словенечка народна партија.

**СНОО** – Словенечки народноослободителен одбор.

**СНОС** – Словенечки народноослободителен свет.

**СПЈ** – Социјалистичка партија на Југославија.

**СПЦ** – Српска православна црква.

**СРПЈ(к)** – Социјалистичка работничка партија на Југославија (комунисти).

**СССР** – Сојуз на советските социјалистички републики.

**СТТ** – Слободна територија на Трст.

**УДБ** – Управа за државна безбедност. (Популарно наречена УДБ-а).

**УЗС** – Обединета земјоделска партија.

**УНРРА** – Администрација за помош и обнова на Обединетите нации.

**УСАОЈ** - Обединет сојуз на антифашистичката младина на Југославија.

**ФДХ** – Федерална Држава Хрватска.

**ФНРЈ** – Федеративна Народна Република Југославија.

**ХРСС** – Хрватска републиканска селанска партија.

**ХСС** – Хрватска селанска партија.

**ЦАСНО** – Црногорско антифашистичко собрание на народно ослободување.

**ЦК** – Централен комитет.

**ЦНК** – Централен национален комитет.

➢ **Користена литература:**

**Објавени извори и документи:**


1. *I Ванредно заседање Народне скупштине ФНРЈ, 31 јануара – 4 фебруара 1946 године*, Народне скупштине ФНРЈ, Београд, 1946
2. Глигоров Киро, *Македонија е сé што имаме*, Скопје, 2002
3. Đilas Milovan, *Vlast i pobuna*, London, 1983
4. Đilas Milovan, *Susreti sa Staljinom*, London, 1986
5. Кардељ Едвард, *Сеќавања*, Скопје, 1980
6. Nešović Slobodan i Petranović Branko, *AVNOJ i revolucija, Tematska zbirka dokumenata 1941–1945*, Beograd, 1983
7. Nešović Slobodan, *Prvo i Drugo zasjedanje AVNOJa*, Zagreb, 1963
8. Тито – Јосип Броз, *Автобиографски кажувања*, т. 1, Скопје, 1982
9. Тито – Јосип Броз, *Автобиографски кажувања*, т. 2, Скопје, 1982
10. *Треће заседање Антифашистичког већа народног ослобођења Југославије и заседање Привремене народне скупштине 7-26 август 1945 године*, Београд, 1945


**Литература:**

**Монографија и зборници на трудови:**


1. Akmadža Miroslav, *Katolička crkva u komunističkoj Hrvatskoj 1945-1980*, Zagreb-Slavonski Brod, 2013
2. Anić Nikola, Joksimović Sekula i Gutić Mirko, *Narodnooslobodilačka vojska Jugoslavije: Pregled razvoja oružanih snaga Narodnooslobodilačkog pokreta 1941-1945*, Beograd, 1982
3. Ачкоска Виолета и Жежов Никола, *Репресијата и репресираните во најновата македонска историја*, Скопје, 2005
4. Ачкоска Виолета, *Лекции од историјата на современата македонска држава (1944 – 1991)*, Скопје, 2015

5. Банац Иво, *Со Сталин против Тито*, Скопје, 2016
6. Бартл Петер, *Албанци од средњег века до данас*, Београд, 2001
7. Bilandžić Dušan, *Historija Socijalističke Federativne Republike Jugoslavije: Glavni procesi 1918 - 1985*, Zagreb, 1985
8. Bilandžić Dušan, *Hrvatska moderna povijest*, Zagreb, 1999
9. Glišić Venceslav, *Užička Republika*, Beograd, 1986
10. Goldstein Ivo i Goldstein Slavko, *Tito*, Zagreb, 2015
11. Goldstein Ivo, Hrvatska 1918-2008., Zagreb, 2008
12. Dedijer Vladimir, *Istorija Jugoslavije*, Beograd, 1973
13. Ѓокиќ Дејан, *Неостварлив компромис: Југославија во меѓувоениот период*, Скопје, 2016
14. Екмечић Милорад, *Дуго кретање између клања и орања: Историја Срба у новом веку (1492-1992)*, Београд, 2008
15. Зундхаусен Холм, *Историја Србије од 19. до 21. века*, Београд, 2009
16. *Историја на македонскиот народ*, Чепреганов Тодор, Скопје: Институт за национална историја, 2008
17. *Историја на македонскиот народ, том 5. Македонија во Втората светска војна (1941–1945): Народноослободителната антифашистичка војна (1941 – 1945)*, Новица Велјановски, Скопје, 2003
18. Јелавич Барбара, *Историја на Балканот, том 2: Дваесетти век*, Скопје, 1999
19. Кремптон Џ. Ричард, *Балканот по Втората светска војна*, Скопје, 2012
20. Maticka Marijan, „Organi za provođenje agrarne reforme i kolonizacije u Jugoslaviji (1945-1948)", *Arhivski vjesnik, 31/1987*, Zagreb, 29-37.
21. Matković Hrvoje, *Povijest Jugoslavije: hrvatski pogled*, Zagreb, 1998
22. Matković Hrvoje, *Studije iz novije hrvatske povijesti*, Zagreb, 2004
23. Mitrovski Boro, Glišić Venceslav i Ristovski Tomo, *Bugarska vojska u Jugoslaviji 1941-1945*, Beograd, 1971
24. Morača Pero, Bilandžić Dušan i Stojanović Stanislav, *Istorija Saveza komunista Jugoslavije: kratak pregled*, Beograd, 1977
25. Nešović Slobodan, *Diplomatska igra oko Jugoslavije 1944-1945*, Zagreb, 1977
26. Nešović Slobodan, *Jugoslavija-Bugarska, ratno vreme*, Beograd, 1978
27. Nešović Slobodan, *Temelji nove Jugoslavije*, Beograd, 1973

28. Николић Коста, *Једна заборављена историја – Србија у 20. веку*, Београд, 2016
29. Пајовић Љубивоје, Узелац Душан и Џелебџић Милован, *Сремски фронт 1944-1945*, Београд, 1979.
30. Petranović Branko, *AVNOJ – revolucionerna smena vlasti 1942 – 1945*, Beograd, 1976
31. Petranović Branko, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1978*, Beograd, 1980
32. Petranović Branko, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, knj. II: Narodnooslobodilački rat i revolucija*, Beograd, 1988
33. Petranović Branko, *Istorija Jugoslavije 1918 – 1988, knj. III. Socijalistička Jugoslavija 1945-1988*, Beograd, 1988
34. Petranović Branko, *Srbija u Drugom svetskom ratu 1939-1945*, Beograd, 1992
35. Petranović Branko i Zečević Momčilo, *Agonija dve Jugoslavije*, Beograd, 1991
36. Perović Latinka, *Kraljevina Srba, Hrvata i Slovenaca (1918-1929)/Kraljevina Jugoslavija (1929-1941): nastanak, trajanje i kraj*, Beograd, 2015
37. Пирјевец Јоже, *Тито и другарите*, Скопје, 2017
38. Симиќ Перо, *Тито: тајна на столетието*, Скопје, 2010
39. Симчич Миро, *Тито без маска*, Скопје, 2008
40. Terzić Velimir, *Slom Kraljevine Jugoslavije 1941: Uzroci i posledice poraza*, Beograd, 1982.
41. Tomasevich Jozo, *Rat i revolucija u Jugoslaviji 1941-1945: okupacija i kolaboracija*, Zagreb, 2010
42. Tomasevich Jozo, *Četnici u Drugom svjetskom ratu: 1941 – 1945*, Zagreb, 1979
43. Чалић Мари-Жанин, *Историја Југославије у 20. веку*, Београд, 2013
44. Šepić Dragovan, *Vlada Ivana Šubašića*, Zagreb, 1982

**Статии:**

1. Ачкоска Виолета, „Карактеристиките на државно-централистичкото планирање во аграрот 1945 – 1952“, *ГИНИ, XXXV/1-2*, Скопје, 1991, 39-55
2. Ачкоска Виолета, „Колонизацијата и колонистите во Македонија 1945 – 1948“, *ГИНИ, XXXX/2*, Скопје, 1996, 119-140
3. Ачкоска Виолета, „Македонската држава во 1945 (хронологија)“, *Списание: Историја, XLI/1-2*, Скопје, 2005, 187-201

4. Ачкоска Виолета, „Местото и улогата на Владите на Македонија 1945 – 1995“, *ГИНИ, XXXIX/1-2*, Скопје, 15-31
5. Ачкоска Виолета, „Политичките прилики за време на формирањето на првата Народна влада на Македонија“, *Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 59*, Скопје, 2006, 239-254
6. Bakarić Vladimir, „O ulozi i mjestu ‘Bihačke republike’ u narodno-oslobodilačkoj borbi i revoluciji naroda Jugoslavije, *Prvo zasjedanje Antifašističkog vijeća narodnog oslobođenja Jugoslavije, Zbornik radova naučnog skupa, Bihać, 4-6. X 1966.*, Bihać, 7-11.
7. Bećirović Denis, „Zasjedanja ZAVNOBiH-a i Prvi ustav Narodne Republike Bosne i Hercegovine“, *Zbornik radova naučnog skupa: Ustavno pravni razvoj Bosne i Hercegovine (1910.-2010.)*, Univerzitet u Tuzli, Pravni fakultet, Tuzla, 2011, 207-218.
8. Berislav Jandrić, „Položaj Katoličke crkve u Hrvatskoj u poslijeratnim godinama (1945.-1953.)“, *Croatica Christiana periodica, Vol. 22 No. 42, 1998*, 49-62.
9. Bilandžić Dušan, „Međunacionalni odnosi u Jugoslaviji u svjetlu različitih društveno-političkih sistema“, *Politička misao: časopis za politologiju, Vol. 11 No. 1-2*, 1974.
10. Bondžić Dragomir, „Opismenjavanje u Jugoslaviji i Srbiji u periodu 1945-1950: nasleđe, ciljevi, tok, rezultati i nedostaci“, *Andragoške studije, broj I, april 2010*, Beograd, 91-110.
11. Vuletić Dominik, „Kaznenopravni i povijesni aspekti bleiburškog zločina“, *Pravnik, 41*, Zagreb, 2007, 1-31
12. D’Alessio Vanni, „Politika obrazovanja i nacionalno pitanje u socijalističkoj Jugoslaviji: škole s talijanskim nastavnim jezikom u Istri i Rijeci“, *ČSP, br. 2*, Zagreb, 2017, 219-241.
13. Dukovski Vedran, „Problemi opskrbe i trgovine na području Zone B Julijske krajine u Istri 1945.-1947.“, *ČSP, br. 2*, Zagreb, 2014, 277-294.
14. Đuro-Degan Vladimir, „Pravni aspekti i političke posljedice rimskih ugovora od 18. svibnja 1941.“, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 45, 2/2008*, 265-278.
15. Zorić Mirjana, „Balkanska federacija – Istorija jedne ideje“, *Iskustva i pouke iz prošlosti, Vojno delo, 7/2018*, Beograd, 493-564.

16. Zorić Mirjana, „Srbi u nacionalnoj politici KPJ između dva rata i u Drugom svetskom ratu“, *Časopis za društvene i prirodne nauke, Svarog 1/2010*, Beograd, 107-138.
17. Mirković Ena, „Odnos Blagoja Neškovića prema nacionalnom pitanju 1944-1952“, *Istorija 20. veka, god. 36, 2/2018*, Beograd, 101-116.
18. Mihaljević Josip, „Ustavna uređenja temeljnih prava u Hrvatskoj 1946.-1974.“, *ČSP, br. 1*, Zagreb, 2011, 25-51.
19. Radelić Zdenko, „Ozna/Udba: popisi neprijatelja i njihova kategorizacija (1940-ih i 1950-ih)“, *ČSP, br.1*, Zagreb, 2017, 59-99.
20. Rakonjac Aleksandar, „Obnova jugoslovenske industrije 1944-1947.: ideje, planovi, praksa“, *Istorija 20. veka, 2/2018*, 87–100.
21. Rudolf Davorin i Čobanov Saša, „Jugoslavija: unitarna država ili federacija, povijesne težnje srpskoga i hrvatskoga naroda – jedan od uzroka raspada Jugoslavije“, *Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 46, 2/2009*, 287-314.
22. Selinić Slobodan, „Jugoslovenska diplomatija 1945–1950: stvaranje partijske diplomatije“, *Annales. Anali za istrske in mediteranske študije, Series Historia et Sociologia, 24, 2014, 4*, Kopar, 553–562.
23. Schmidt Amy, „Hrvatska i zapadni saveznici“, *Časopis za suvremenu povijest 34, br. 1*, Zagreb, 2002, 71 – 91
24. Heđbeli Živana i Mokrović Nikola, „Pregled uprave u Hrvatskoj od 1945. do 1990. godine“, *TEHNIČNI in vsebinski problemi klasičnega in elektronskega arhiviranja. Materialno varstvo arhivskega gradiva [Elektronski vir] : zbornik mednarodne konference, [Radenci, 15. - 17. april 2015]*, Maribor: Pokrajinski arhiv Maribor, 2015, 207-222.
25. Čulinović Ferdo, „Antifašističko vijeće narodnog oslobođenja Jugoslavije i nacionalno pitanje“, *Prvo zasjedanje Antifašističkog vijeća narodnog oslobođenja Jugoslavije, Zbornik radova naučnog skupa, Bihać, 4-6. X 1966.*, Bihać, 13-18.